РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1348

Скопје, 1 март 2026 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Биљана Ангелова, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Техничко уредување:
Зоран Кордоски

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1348 ОД 1 МАРТ 2026 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Јована Граматикова, Галена Филиповска, Теодора Богданоска, Ружица Илиевска, Ана Габерова, Бојан Шутевски, Петранка Аризановиќ**).....7-8

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Тања Трајковска, Марија Гаврилова, Златка Петреска**).....9

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) математика на Машинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Томи Димовски**).....10-20

2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 2.03.00.09 – автоматика, на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Радмила Колева**).....21-34

3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) моторни возила, на Машинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Васко Чангоски**).....35-50

4. Реферат за избор на двајца наставници во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.03.00.12 – машински материјали, технологии на заварување и заварени конструкции, на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Александра Крстевска, д-р Мартин Петрески**).....51-82

5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (2.03.00.14) мехатроника, на Институтот за механика при Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Дејан Шишковски**).....83-93

6. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област термичко и енергетско инженерство (2.03.00.10), на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Моника Туш Улер-Зефиќ**).....94-106

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хематологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Сања Трајкова**).....107-137
2. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хепатогастроентерологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Елена Цуракова**).....138-157
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пластична хирургија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Маргарита Пенева**).....158-175
4. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пластична

хирургија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Маргарита Пенева**).....176-191
5. Реферат за избор на еден асистент по предметот Социјална медицина, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Моника Стојчевска**).....192-196
6. Реферат за избор на еден асистент по предметот Ортопедија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Милена Богојевска Доксевска**).....197-200
7. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Метаболен синдром кај лица со ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија – преваленца и асоцирани ризик-фактори** од **ас. д-р Билјана Петреска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....201-209
8. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имунохистохемиско тестирање на ендометријалниот ендометроиден аденокарцином од низок градус за MMR, p53, PD-L1 и CD44 и поврзаност со клиничко-патолошките карактеристики и исходот на болеста во ера на молекуларна класификација на ендометријалниот карцином** од **д-р Марија Јоксимовиќ**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....210-223
9. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Апликативна вредност на различни режими на медикаментозен прекин на бременоста во прв триместар и дијагностички параметри за одредување на неговата ефикасност** од **ас. д-р Ева Созовска Белчовска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....224-235
10. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Милош Милутиновиќ, Теодора Тодорова, Ана Спасовска Ѓорговска, Верица Костовска, Александар Отљански**).....236
11. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Деа Каранфиловска, Ана Стоилкова, Давид Здравески**).....237
12. Исправка на грешка во монографијата **Конгенитален хипотироидизам и варијации – клинички и генетски карактеристики** од група автори, објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1347 од 15.2.2026 година.....238

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Постигнувањата по математика и системот на уверувања за математиката на учениците од петто одделение** од **м-р Мирлинда Селам Шаќири**, пријавена на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.....239-251
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Арта Халили Абдурамани, м-р Албана Муји**).....252

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Историското и актуелното значење на полноправното членство на Република Северна Македонија во Советот на Европа, во процесот на нејзиното меѓународно афирмирање како самостојна и независна европска демократска држава** од **м-р Ардијана Стафаи,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....253-256
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: улогата на правните лица во заштитата на старите лица** од **м-р Ана Здравева**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....257-263

3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Стефан Бошњаковски, Горан Митев, Симона Николовска, Елена Бошковска, Натали Китаноска, Димитар Качурков**).....264-265

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економска географија, на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**доц. д-р Горан Китевски**).....266-276
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**Хасиме Јашари, Бојана Димовска Гоновска**).....277
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Јетон Шала**).....278

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Процена на морфолошките карактеристики на sella turcica во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии** од **д-р Маја Наумова-Тренческа**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....279-285
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Д-р Улли Касами, Д-р Нгадхњим Ајети, Д-р Афродита Вангелова, Д-р Јована Димитриевска, Д-р Антоанета Трајковска, Д-р Тања Богоева, Д-р Кристијан Донев, Д-р Теодора Печевска, Д-р Сара Џемаили Салиу**).....286-287

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Ивана Шикоска**).....288

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**вонр. проф. д-р Томислав Шуминоски**).....289-307
2. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање доцент од наставно-научната област системско инженерство, автоматика и роботика, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**ас. д-р Филип Дончевски**).....308-326
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Бојана Темелковска, Мартина Цветановска, Никола Петрески, Сара Јакимовска, Марија Серафимовска, Василка Лалевска, Леа Ласковска, Симона Николовска, Сара Кршинар, Петар Пејовски, Јован Камчев, Димитар Димитров, Ана Плетварец**).....327-329

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Мартин Буровски**).....330

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Применливост и релијабилност на тестовите за проценување на физичкиот и моторичкиот развој кај македонските ученици: Макфит-студија** од **м-р Миодраг Тодоровиќ**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.....331-339

ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија (на македонски и на англиски јазик) за оцена на докторската дисертација **Инфрацрвена спектроскопија во блиско подрачје (NIR) во спрега со хемометриско моделирање за следење на критични атрибути на квалитет при процесирање на цврсти дозирани форми** од **м-р Филип Горачинов**, пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје.....340-356

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: историја на родот и полот (со шифра: 5.09.05.01) и социологија (со шифра: 5.04.00.01), на Филозофскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Стефан Васев**).....357-373
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Кристијан Костов, Марија Џонова, Иво Најдески, Ненад Трајков, Филип Филипоски, Ема Дрпљанин, Константин Соларски, Александар Димчевски, Жаринета Гелевска**).....374-375

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област земјотресно инженерство, на Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје (**вонр. проф. д-р Марија Витанова**).....376-397

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во научноистражувачките области османистика (6.01.17) и историја на Балканот во новиот век (6.01.09), во Одделението за историја на Македонија во време на османско-турското владеење, при ЈНУ Институт за национална историја во Скопје (**д-р Никола Ќириќ**).....398-408

П Р Е Г Л Е Д
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Архитектонскиот факултет - Скопје

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Јована Граматикова	ОД ПАЗАР ДО ГАСТРОНОМСКИ АСЕМБЛАЖ: АРХИТЕКТУРА НА НОВА ЈАВНОСТ НА СТАРО МЕСТО ВО ГОСТИВАР	FROM MARKET TO GASTRONOMIC ASSEMBLAGE: ARCHITECTURE OF NEW PUBLICNESS ON A HISTORIC SITE IN GOSTIVAR	д-р Мери Батакоја, редовен професор	08-6/22 од 16.2.2026 година
2.	Галена Филиповска	ОДРЖЛИВ ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МЕЧКИ	SUSTAINABLE BEAR SANCTUARY AND REHABILITATION CENTER	д-р Александар Радевски, редовен професор	08-6/22 од 16.2.2026 година
3.	Теодора Богданоска	ФАБРИКА ЗА РЕЦИКЛАЖА НА ПЛАСТИКА ВО ГОСТИВАР	PLASTICS RECYCLING IN GOSTIVAR	д-р Горан Мицковски, редовен професор	08-6/22 од 16.2.2026 година
4.	Ружица Илиевска	СОВРЕМЕНА ДРВЕНА АРХИТЕКТУРА – ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС МАНТОВО	MODERN WOODEN ARCHITECTURE – TOURIST COMPLEX MANTOVO	д-р Димитар Папастеревски, редовен професор	08-6/22 од 16.2.2026 година
5.	Ана Габерова	ЗБОГАТУВАЊЕ НА КУЛТУРНИОТ ПЕЈЗАЖ НА ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО: РЕОБМИСЛУВАЊЕ НА АВТОКАМП АЧИКОТ	ENRICHING THE CULTURAL LANDSCAPE OF DOJRAN LAKE: RETHINKING THE ACHIKOT AUTO CAMP	д-р Димитар Папастеревски, редовен професор	08-6/22 од 16.2.2026 година
6.	Бојан Шутевски	СОВРЕМЕН РУРАЛЕН ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС ОД ДРВО – ХАМЗАЛИ, ОГРАЖДЕН	CONTEMPORARY/ MODERN RURAL TOURIST COMPLEX IN WOOD – OGRAZDEN	д-р Димитар Папастеревски, редовен професор	08-6/22 од 16.2.2026 година

7.	Петранка Аризановиќ	НАДМИНУВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИ БАРИЕРИ – ПРИСТАПНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА	OVERCOMING ARCHITECTURAL BARRIERS – AN ACCESSIBLE ELEMENTARY SCHOOL IN THE MUNICIPALITY OF KISELA VODA	д-р Бојан Каранаков, редовен професор	08-6/22 од 16.2.2026 година

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр.На одлукана ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Тања Трајковска	„Влијанието на националната култура врз лидерството“	“The Influence of National Culture on Leadership Styles“	проф. д-р Љубомир Дракулевски	6.2.2026 година Бр.02-175/45
2.	Марија Гаврилова	„Анализа на минималната стапка на сопствени средства и дозволени обврски во Европската унија: регулаторни аспекти, ефекти и импликации за Република Северна Македонија“	„Analysis of the minimum requirement for own funds and eligible liabilities in the European Union: regulatory aspects, effects and implications for the Republic of North Macedonia“	проф. д-р Елена Наумовска	6.2.2026 година Бр.02-175/43
3.	Златка Петреска	„Улогата на менталното здравје на менаџерите во финансискиот сектор во обликувањето на меѓучовечките односи кај вработените“	„ The Role of Manager’s Mental Health in Financial Sector in Shaping Employee Interpersonal Relationship“	проф. д-р Љупчо Ефтимов	6.2.2026 година Бр.02-175/46

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МАТЕМАТИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, Оддел за математика и информатика, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 2.II 2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 1.01.00.01 – математика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-214/2, донесена на 12.II 2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Емилија Целакоска, редовен професор на Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, акад. Дончо Димовски, Македонска академија на науките и уметностите, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, и д-р Алекса Малчески, редовен професор на Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) 1.01.00.01 – математика, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Томи Димовски, вработен како доцент на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје.

1. Биографски податоци и образование

Д-р Томи Димовски е роден на 21.IV 1982 година, во Битола. Средно образование завршил во Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Битола, на 10.VI 2000 година. На студиите по математика на Природно-математичкиот факултет, насока: Теориска математика, се запишал во учебната 2000/2001 година. Дипломирал на 11.VII 2005 година, со просечен успех 8,94.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2006/2007 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за математика, насока: Теориска математика. Студиите ги завршил на 30.VI 2010 година, со просечен успех 10. На 30.VI 2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Обопштени метрики*.

Докторска дисертација пријавил на 20.XII 2011 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Пристапи за индуцирање на топологии од 3-метрики*, ја одбранил на 4.VII 2016 година, пред Комисија во состав: академик Дончо Димовски, Македонска академија на науките и уметностите, редовен професор, Природно-математички факултет – Скопје, д-р Љубиша Кочинац, професор емеритус, ПМФ – Ниш, д-р Костадин Тренчевски, ред. проф., Природно-математички факултет, УКИМ, Скопје, д-р Билјана Крстеска, ред. проф., Природно-математички факултет, УКИМ, Скопје, д-р Ѓорги Марковски, вонр. проф., Природно-математички факултет, УКИМ, Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на математички науки.

На 30.VIII 2018 година е избран во звањето асистент на Машинскиот факултет во Скопје, во областа математика. На 26.VIII 2021 година е избран во звањето доцент на Машинскиот факултет во Скопје, во областа математика.

Во моментот е доцент на Машинскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1240 од 15.VI 2021 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1176 од 14.IX 2018 година и Билтенот бр. 1240 од 15.VI 2021 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Машински факултет, кандидатот д-р Томи Димовски изведува вежби и настава на прв циклус студии на сите студиски програми на Машинскиот факултет во Скопје. Одговорно и совесно ги извршува сите работни обврски што му се доверени. На секој наставен час умешно го истакнува најважниот дел од наставната содржина, усогласувајќи ја со предвидените временски рамки. Со целосна посветеност ги реализира сите зададени задачи, работејќи внимателно, прецизно и педантно.

Од последниот избор во звањето доцент, кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов: *Векторска анализа,* УКИМ, Скопје, 2026, наменет за студентите од Машинскиот факултет, Факултетот за електротехника и информациски технологии, Технолошко-металуршкиот факултет, но и за студентите на математика, физика и другите технички факултети.

Научноистражувачка дејност

Д-р Томи Димовски има објавено вкупно 16 научни трудови од областите математика и топологија, од кои 4 научни труда во научни списанија со фактор на влијание и 12 труда во меѓународни научни списанија. Од последниот избор до денес, кандидатот е автор или коавтор на 8 научни трудови во меѓународни научни списанија и зборници од научни собири, од кои 3 се со фактор на влијание според базата на Web of Science и 5 труда во меѓународни научни списанија.

Д-р Томи Димовски учествувал како член во 7 научни проекти. Од последниот избор до денес, кандидатот учествувал во националните научни проекти: „Тополошко-геоеметриски и алгебарско комбинаторни проблеми“, 2022 – 2024, 2025 – 2027; организирани од Македонската академија на науките и уметностите, и на билатералниот научен проект помеѓу Македонската и Српската академија на науките и уметностите: „Алгебра, анализа и примени“, 2022 – 2024.

Рецензент е во меѓународно научно списание од научното поле математика.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Томи Димовски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Машинскиот факултет во Скопје.

Покажува особена активност во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во создавањето на материјали за учениците кои учествуваат на националните и меѓународните натпревари по математика. Рецензент е на публикации кои содржат задачи од натпревари по математика. Учествувал во стручни редакции за стручни статии на македонски јазик (https://armaganka.org.mk/, https://matematickitalent.mk). Учествувал во меѓународни комисии за математички олимпијади (Азиско-пацифичка математичка олимпијада, Европски математички куп, Финален математички куп, Иранска геометриска олимпијада, Медитеранска математичка олимпијада, Мала македонска математичка олимпијада, Иранска комбинаторна олимпијада). Учествувал во комисиите за реализација на меѓународните математички натпревари „Кенгур“ и „Кенгур – финален круг“.

Кандидатот д-р Томи Димовски бил член на организациониот одбор на две меѓународни конференции и член на програмскиот одбор на една меѓународна конференција.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Томи Димовски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Машински факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Томи Димовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Томи Димовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и

демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област математика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Томи Димовски да биде избран во звањето вонреден професор во научната област математика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Емилија Целакоска, редовен професор, Машински факултет – Скопје, претседател, с.р.

Акад. Дончо Димовски, МАНУ, редовен професор во пензија, Природно-математички факултет – Скопје, член, с.р.

Проф. д-р Алекса Малчески, редовен професор, Машински факултет – Скопје, член, с.р.

Нацрт

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Томи Ѓорги Димовски**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **МАТЕМАТИКА**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,94. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10. Просечниот успех изнесува 9,47 за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: природно-**математички науки;** поле: **математика;** подрачје: **топологија**.	ДА
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование **1.** T. Dimovski, D. Dimovski, *Some fixed point theorems in [3,Δ,2]-metric spaces,* Filomat 39:10 (2025), 3359–3364 (**Impact Factor 0,9**) 1. Назив на научното списание: FILOMAT 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science	

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	3. Назив на трудот: *Some fixed point theorems in [3,Δ,2] - metric spaces* 4. Датум на објава: 2025 **2.** T. Dimovski, D. Dimovski, *Some fixed point theorems in (3,2)-metric spaces,* Asian-European Journal of Mathematics, Vol. 18, No. 3 (2025) 2450108 **(Impact Factor 0,5)** 1. Назив на научното списание: Asian-European Journal of Mathematics 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Назив на трудот: *Some fixed point theorems in (3,2)-metric spaces* 4. Датум на објава: 2024 **3.** T. Dimovski, D. Dimovski, *A fixed point theorem for mappings satisfying cyclical contractive conditions in (3,2)-W-symmetrizable spaces*, Kragujevac Journal of Mathematics, Volume 47(7) (2023), 1021–1028 **(Impact Factor 1)** 1. Назив на научното списание: Kragujevac Journal of Mathematics 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Назив на трудот: *A fixed point theorem for mappings satisfying cyclical contractive conditions in (3,2)-W-symmetrizable spaces* 4. Датум на објава: 2023	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **4.** D. Dimovski, P. Dimovski, T. Dimovski, *On sequence convergence in (3,j)-metric spaces, j∈{1,2},* Bulletin Mathématique, 48 (LXXIV) 1 (2024), 17-25 1.Назив на научното списание: Bulletin Mathématique 2.Меѓународен уредувачки одбор Вкупно 17 члена; Србија (1), САД (2), Австрија (1), Канада (1), Франција (1), Белгија (1), Бугарија (2), Турција (1), Северна Македонија (1), Романија (1), Молдавија (1), Грција (1), Словенија (1), Црна Гора (1), Хрватска (1) 3.Назив на трудот: *On sequence convergence in (3,j)-metric spaces, j∈{1,2}* 4. Датум на објава: 2025	

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	5. T. Dimovski, D. Dimovski, *Common fixed point theorems for pairs of self-mappings on (3,2)-W-symmetrizable spaces,* Bulletin Mathématique, 47 (LXXIII) 1 (2023), 97-104 1.Назив на научното списание: Bulletin Mathématique 2.Меѓународен уредувачки одбор Вкупно 17 члена; Србија (1), САД (2), Австрија (1), Канада (1), Франција (1), Белгија (1), Бугарија (2), Турција (1), Северна Македонија (1), Романија (1), Молдавија (1), Грција (1), Словенија (1), Црна Гора (1), Хрватска (1) 3.Назив на трудот: *Common fixed point theorems for pairs of self-mappings on (3,2)-W-symmetrizable spaces* 4. Датум на објава: 2023	
4	Претходен избор во наставно-научно звање - доцент, датум и број на Билтен: 15.6.2021, 1240	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

****** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Томи Ѓорги Димовски
(име, татково име и презиме)
Институција: Машински факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: 1.01.00.01 – математика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на предавања на прв циклус**	**15**
1.1	Математика 1 (една група по 3 часа), зимски 2025/2026	1,8
1.2	Математика 1 (една група по 3 часа), зимски 2024/2025	1,8
1.3	Математика 1 (една група по 3 часа), зимски 2023/2024	1,8
1.4	Математика 1 (една група по 3 часа), зимски 2022/2023	1,8
1.5	Математика 1 (една група по 3 часа), зимски 2021/2022	1,8
1.6	Компјутерски вештини (една група, 2 часа), летен 2025/2026	1,2
1.7	Компјутерски вештини (една група, 2 часа), летен 2024/2025	1,2
1.8	Компјутерски вештини (една група, 2 часа), летен 2023/2024	1,2
1.9	Основи на програмирање (една група, 2 часа), летен 2022/2023	1,2
1.10	Основи на програмирање (една група, 2 часа), летен 2021/2022	1,2
2	**Одржување на вежби на прв циклус**	**22,5**
2.1	Математика 1 (две групи по 3 часа), зимски 2025/2026	2,7
2.2	Математика 1 (две групи по 3 часа), зимски 2024/2025	2,7
2.3	Математика 1 (две групи по 3 часа), зимски 2023/2024	2,7
2.4	Математика 1 (две групи по 3 часа), зимски 2022/2023	2,7
2.5	Математика 1 (две групи по 3 часа), зимски 2021/2022	2,7
2.6	Основи на програмирање (една група, 2 часа), летен 2025/2026	0,9
2.7	Основи на програмирање (една група, 2 часа), летен 2025/2026	0,9
2.8	Основи на програмирање (една група, 2 часа), летен 2023/2024	0,9
2.9	Основи на програмирање (една група, 2 часа), летен 2022/2023	0,9
2.10	Основи на програмирање (една група, 2 часа), летен 2021/2022	0,9
2.11	Математика во 3Д (една група, 2 часа), летен 2025/2026	0,9
2.12	Математика во 3Д (една група, 2 часа), летен 2024/2025	0,9
2.13	Математика во 3Д (една група, 2 часа), летен 2023/2024	0,9
2.14	Математика во 3Д (една група, 2 часа), летен 2022/2023	0,9
2.15	Математика во 3Д (една група, 2 часа), летен 2021/2022	0,9
3	**Подготовка на предавања на нов предмет**	**2**
3.1	Математика 1, прв пат во 2021/2022	1
3.2	Компјутерски вештини, прв пат во 2023/2024	1

4	**Интерни скрипти од предавања или вежби**	**7**
	Предавање по предметот Математика 1	4
	Вежби по предметот Математика 1	3
4	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	**6**
4.1	Весна Андова, Павел Димовски, Томи Димовски, Бојан Прангоски, *Вектор̄ска анализа*, УКИМ, Скопје, 2026.	6
	Вкупно	**52,5**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија со импакт-фактор индексирани во базата Web of Science**	**23,8**
1.1	T. Dimovski, D. Dimovski, *Some fixed point theorems in [3,Δ,2]-metric spaces,* Filomat 39:10 (2025), 3359–3364 (**Impact Factor 0,9**)	8,0
1.2	T. Dimovski, D. Dimovski, *Some fixed point theorems in (3,2)-metric spaces,* Asian-European Journal of Mathematics, Vol. 18, No. 3 (2025) 2450108 **(Impact Factor 0,5)**	7,7
1.3	T. Dimovski, D. Dimovski, *A fixed point theorem for mappings satisfying cyclical contractive conditions in (3,2)-W-symmetrizable spaces*, Kragujevac Journal of Mathematics, Volume 47(7) (2023), 1021–1028 **(Impact Factor 1)**	8,1
2	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија кои имаат меѓународен уредувачки одбор**	**13,5**
2.1	T. Dimovski, *A survey on (3,1,ρ)-metrics, j∈{1,2}, and topologies induced by them,* "CONTRIBUTIONS, Section of Natural, Mathematical and Biotechnical Sciences" of the Macedonian Academy of Sciences and Arts, **Accepted**	5
2.2	D. Dimovski, P. Dimovski, T. Dimovski, *On sequence convergence in (3,j)-metric spaces, j∈{1,2},* Bulletin Mathématique, 48 (LXXIV) 1 (2024), 17-25	4
2.3	T. Dimovski, D. Dimovski, *Common fixed point theorems for pairs of self-mappings on (3,2)-W-symmetrizable spaces,* Bulletin Mathématique, 47 (LXXIII) 1 (2023), 97-104	4,5
3	**Трудови објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**9**
3.1	T. Dimovski, P. Dimovski, *Cantor's Intersection Theorem in (3,1,∇)-G-metrizable spaces,* Proceedings of the First Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis and Applications CODEMA 2022, 19-26	4,5
3.2	A. Dimovska, T. Dimovski, Писа тестирањето во средните стручни училишта, Proceedings of the First Congress of Differential Equations, Mathematical Analysis and Applications CODEMA 2022, 161-170	4,5
4	**Учество во научни проекти**	**11**
4.1	Учесник во националниот научен проект: „Тополошко-геоеметриски и алгебарско комбинаторни проблеми”, 2025 – 2027, 2022 – 2024, организиран од МАНУ	6

4.2	Учесник на билатералниот научен проект помеѓу Македонската и Српската академија на науките и уметностите: „Алгебра, анализа и примени”, 2022 – 2024	5
5	**Учество на научни собири**	**6**
5.1	Усна презентација на: TAA 2025 наслов на предавањето: *On sequence convergence in (3,j)-metric spaces, j∈{1,2}*	1
5.2	Усна презентација на: ATA 2024 наслов на предавањето: *Some fixed point theorems in [3,Δ,2]-metric spaces*	1
5.3	Усна презентација на: FMNS-2023 наслов на предавањето: *Some fixed point theorems in (3,2)-metric spaces*	1
5.4	Усна презентација на: VII Congress of Mathematicians of Macedonia наслов на предавањето: *Common fixed point theorems for pairs of self-mappings on (3,2)-W-symmetrizable spaces*	1
5.5	Усна презентација на: ATA 2022 наслов на предавањето: *A fixed point theorem for mappings satisfying cyclical contractive conditions in (3,2)-W-symmetrizable spaces*	1
5.6	Усна презентација на: CODEMA 2022 наслов на предавањето: *Cantor's Intersection Theorem in (3,1,∇)-G-metrizable spaces*	1
6	**Рецензија на научен/стручен труд**	**0,4**
6.1	2 научни труда во списанието Mat. Bilten (индексирано во: Mathematical Reviews, Zentralblatt für Mathematik, Реферативный журнал „Математика“ и EBSCO)	0,4
	Вкупно	**63.7**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Коавтор на книги од стручна област**	**98**
1.1	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - BMO 2017,* Скопје, 2021	7
1.2	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - FMC 2019 (категорија Junior),* Скопје, 2021	7
1.3	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - FMC 2019 (категорија Senior),* Скопје, 2021	7
1.4	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - FMC 2020 (категорија Junior),* Скопје, 2021	7
1.5	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - FMC 2020 (категорија Senior),* Скопје, 2021	7
1.6	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - MMO 2017,* Скопје, 2021	7
1.7	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - MMO 2018,* Скопје, 2021	7
1.8	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - MMO 2019,* Скопје, 2021	7
1.9	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - JMMO 2017,* Скопје, 2021	7
1.10	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - JMMO 2018,* Скопје, 2021	7

1.11	Т. Димовски и други автори, *Problem short list - JMMO 2019,* Скопје, 2021	7
1.12	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика во основното образование 2006 – 2019*, Скопје, 2021	7
1.13	Т. Димовски и други автори, *Меѓународен математички натпревар Кенгур 2020*, Скопје, 2021	7
1.14	Т. Димовски и други автори, *Меѓународен математички натпревар Кенгур 2020*, Скопје, 2022	7
2	**Рецензент на учебник за средно или основно образование**	**0,5**
2.1	Р. Малчески, *Збирка задачи по теорија на броеви*, Скопје, 2021	0,5
3	**Учество во работата на комисии за државни натпревари**	**33**
3.1	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар „Кенгур“, 2021 – 2025	5
3.2	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар „Кенгур – финален круг“, 2021 – 2025	5
3.3	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар АПМО, 2021 – 2025	5
3.4	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар Европски математички куп, 2021 – 2022	2
3.5	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар Финален математички куп, 2021 – 2022	2
3.6	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар Иранска геометриска олимпијада, 2021 – 2025	5
3.7	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар Медитеранска математичка олимпијада, 2021 – 2025	5
3.8	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар Мала македонска математичка олимпијада, 2023 – 2025	3
3.9	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар Иранска комбинаторна олимпијада, 2025	1
4	**Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик**	**1**
4.1	Четири стручни статии на страницата https://matematickitalent.mk	1
Дејности од поширок интерес		
1	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	**3**
1.1	Organizing Committee of the IX Seminar Of Differential Equations And 2nd Congress Of Differential Equations, Mathematical Analysis And Applications, Skopje, R.N.Macedonia, September 25 – September 29, 2022	1
1.2	Program Committee of the TAA 2025, International Conference on Topology, Analysis and Applications, Ohrid, Macedonia, September 4 – September 7, 2025	1

1.3	Organizing Committee in the 31st annual meeting of the association kangourou sans frontieres, Ohrid, Macedonia, October 11- October 15, 2023	1
2	**Член на факултетска комисија**	**0,5**
2.1	Член на дисциплинска комисија	0,5
3	**Член на управен одбор на здружение поврзано со струката**	**0,3**
3.1	Здружение за математичка анализа и примена СМАА, Скопје	0,3
	Вкупно	**136,3**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**52,5**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**63,7**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**136,3**
Вкупно	**252,5**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Емилија Целакоска, претседател, с.р.
Акад. Дончо Димовски, член, с.р.
Проф. д-р Алекса Малчески, член, с.р.

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) 2.03.00.09 – АВТОМАТИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 2.2.2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 2.03.00.09 – автоматика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-236/2, донесена на 12.2.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Атанаско Тунески, Машински факултет – Скопје, проф. д-р Дарко Бабунски, Машински факултет – Скопје и проф. д-р Емил Заев, Машински факултет – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) 2.03.00.09 – автоматика, во предвидениот рок се пријави Радмила Колева.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Радмила Колева, дипл. маш. инж., е родена на 7.7.1993, во Гевгелија. Средно образование завршила во Гевгелија. Со високо образование се стекнала на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката Автоматика и управување со системи. Додипломските студии (240 ЕКТС) ги завршила во септември 2016 година, со просечен успех 9,45, за што ѝ е доделена пофалница од Машинскиот факултет како признание за постигнатиот успех.

Кандидатката активно се служи со македонскиот и англискиот јазик.

Во учебната 2016/2017 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Машински факултет – Скопје. Студиите ги завршила во февруари 2019 година, со просечен успех 9,57. Во февруари 2016 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Моделирање и управување на динамички систем при услови на појава на stick-slip ефект“.

Докторска дисертација пријавила во април 2024 година на Машинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Примена на вештачка интелигенција и дигитален близнак при проектирање и идентификација на управувачки системи“ ја одбранила на 26.9.2025 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Лазе Трајковски, редовен професор на УКИМ – Машински факултет – Скопје, проф. д-р Дарко Бабунски, редовен професор на УКИМ – Машински факултет – Скопје, проф. д-р Атанаско Тунески, редовен професор на УКИМ – Машински факултет – Скопје, проф. д-р Емил Заев, редовен професор на УКИМ – Машински факултет – Скопје, д-р Герхард Ратх, вонреден професор во пензија, Катедра за автоматика, Универзитет во Леобен, МУЛ, Леобен. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на техничко-технолошки науки од областа на машинството.

На 15.6.2023 година е избрана во соработничкото звање асистент на Институтот ХИА, во научната областа 21422 – автоматика.

Во моментот е асистент на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика при Машинскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1286 од 15.6.2023 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 и бр. 1286 од 15.6.2023, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Радмила Колева изведува вежби на прв циклус студии на предмети кои ги покрива Институтот за хидраулично инженерство и автоматика при Машинскиот факултет во Скопје. Кандидатката е континуирано ангажирана како соработник-асистент по следниве предмети:

- Системи и управување,
- Управување со динамички системи,
- Дигитални управувачки системи
- Пречистување на отпадни води
- Регулација на хидраулични машини
- Мониторинг на квалитет на вода
- Автоматизација на машини и процеси,
- Програмабилни контролери,
- Флуидни компоненти,
- Управување со роботи,
- Управување со погони
- Компјутерско управување со машини и процеси,
- Реално-временски системи и симулации,
- Управување со хидраулични системи.

Своите наставни обврски кандидатката ги извршуваше редовно, исполнително и на високо образовно-педагошко ниво, за што има позитивно изјаснување од студентите.

Кандидатката учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на 21 дипломски труд.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Д-р Радмила Колева има објавено вкупно 19 научни трудови, од кои 1 научен труд во научни списанија со фактор на влијание, 4 труда во меѓународни научни списанија, 2 труда во меѓународни научни публикации и 12 труда во зборници од научни собири.

Објавените научни трудови покажуваат високо познавање на областа со која се занимава кандидатката, како од теоретски така и од истражувачки карактер. Доказ за тоа се рецензираните и прифатени трудови во еминентни списанија и презентирани на референтни меѓународни собири.

Д-р Радмила Колева била учесник во изработка на апликација на научен/образовен проект – „Дигитално моделирање и управување на постројка за пречистување на отпадни води“, финансиран од МОН на РС Македонија, а исто така е и соработник во истиот проект. Била учесник во изработка на апликација на научен/образовен национален проект – „TEAM 5.0 (Towards Industry 5.0 and Automation Excellence: Transforming Efficiency in Assembly Manufacturing)“, а исто така е и соработник во истиот проект. Била учесник во меѓународен научен проект за изработка на програма за стручно и професионално усовршување во форма на кооперативна обука со наслов „Оператор за автоматизирани хидраулични и пневматски системи во индустријата (Индустрија 4.0)“. Учесник е и во два македонско-австриски билатерални проекта, и тоа: „Development of an index and IoT system for real-time monitoring of surface water quality“ и „Development of concept and control strategies with improved energy efficiency for hydraulic systems in heavy machinery“.

Д-р Радмила Колева учествува во рецензирање на 6 научни труда објавени во зборници со меѓународни уредувачки одбори.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Радмила Колева активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика при Машинскиот факултет во Скопје. Зема активно учество во извршување на обуки во индустрија, но вклучена е и во изведување на експертски активности, како што се: технички извештаи, давање мислења и стручни мислења. Исто така, кандидатката учествувала во тимот за изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект - “Leadership in Eco Awareness and Fostering Sustainable activities in Higher Education Institutions - LEAFS” - ЕРАЗМУС + КА220-HED.

Во сите стручни проекти во кои учествувала, кандидатката покажа високо познавање на областа, темелност и исполнителност.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во промотивните активности на Факултетот, како и во работата на стручни комисии и работни групи при Машинскиот факултет во Скопје.

Кандидатката д-р Радмила Колева остварила експертски активности, како што се давање на стручни и технички мислења согласно со табела 5 од делот Стручно-апликативна дејност од Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Австрија, на Montanuniversität Leoben – Chair of Automation and Measurements.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката Радмила Колева континуирано добива висока позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Радмила Колева.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Радмила Колева поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област 2.03.00.09 – автоматика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Радмила Колева, дипл. маш. инж., да биде избрана во звањето доцент во научната област 2.03.00.09 – автоматика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Атанаско Тунески, с.р.
Проф. д-р Дарко Бабунски, с.р.
Проф. д-р Емил Заев, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Радмила Лазар Колева
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, Институт за хидраулично инженерство и автоматика
Научна област: ***2.03.00.09*** **– АВТОМАТИКА**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,45. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,57.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: автоматика; поле: машинство; подрачје: инженерство и технологија.	да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: TEM Journal 2. Назив на електронската база на списанија:SCImago Journal Rank 3. Наслов на трудот: Artificial Neural Network-based Neuro-controller for Hydropower Plant Control 4. Година на објава: 2022	да
3.2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (1) 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 14th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO’2025) 2. Назив на меѓународниот собир: 14th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO’2025)	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
4.3	Принципи и апликации во мехатрониката	0.5
5	**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска Работа 25x0,1**	**2.5**
6	**Теренска настава со студенти**	**2.4**
	Теренска настава, во период 3 – 7.10 2023 година. Посета: Машински факултет – Белград, Фабрика на брендот	2.4

6.1	Volkswagen, Братислава, Грац, Австрија – Факултет за применети науки, Загреб, Фабрика на брендот Rimac, Технички музеј „Никола Тесла“ 4x15x0,04	
7	Интерна скрипта од предавања и вежби по предметот Микроелектромеханички системи	**4**
	Вкупно	**34.09**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник во национален научен проект**	**3**
1.1	Научноистражувачки проект: „Развој на автономен сензор за собирање енергија од вибрации и негова примена во систем за следење на состојба на машини базиран на машинско учење“ (учесник), финансиран од МОН. Време траење: 2025 – 2027 година.	3
2	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	**/**
2.1	A. Ignjatovska, D. Shishkovski, and D. Pecioski, Classification of present faults in rotating machinery based on time and frequency domain feature extraction, Vibroengineering Procedia, Vol. 51, pp. 22–28, Oct. 2023, https://doi.org/10.21595/vp.2023.23667	/
2.2	M. Anachkova, D. Pecioski, S. Domazetovska, and D. Shishkovski, Design and analysis of experimental adaptive feedback system for active noise control (ANC) in a duct, Journal of Mechanical Engineering, Automation and Control Systems, Vol. 4, No. 1, pp. 1–16, May 2023, https://doi.org/10.21595/jmeacs.2023.23207	/
3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	**12**
3.1	Domazetovska Markovska, S.; Gavriloski, V.; Pecioski, D.; Anachkova, M.; Shishkovski, D.; Angjusheva Ignjatovska, A., Urban Sound Classification for IoT Devices in Smart City	6.54

	Infrastructures, Urban Sci. 2025, 9, 517. https://doi.org/10.3390/urbansci9120517 (Scopus indeks) (8+2.9)*0.6	
3.2	Tasevski Goce, Angjushev Kocho, Petreski Zlatko, Shishkovski Dejan, Experimental measurements of system dynamics between two stages of wire drawing machine, Archive of Mechanical Engineering, Polish Academy of Sciences, Committee on Machine Building, DOI: 10.1515/meceng-2015-0004 (Scopus indeks) (8+1.1)*0.6	5.46
4	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**16**
4.1	Pecioski Damjan, Domazetovska Markovska Simona, Gavriloski Viktor, Anachkova Maja, Shishkovski Dejan, Angjusheva Ignjatovska Anastasija, Design and development of a planar MEMS microphone array, INTER-NOISE and NOISE-CON Congress and Conference Proceedings, INTER-NOISE25, Sao Paulo, Brazil, Pages 995 - 1994, pp. 1443-1454(12), DOI: 10.3397/IN_2025_1074529	/
4.2	Anachkova Maja, Domazrtovska Markovska Simona, Pecioski Damjan, Shishkovski Dejan, Analytical model of an active noise control system for performance analysis of adaptive algorithms in HVAC system, INTER-NOISE and NOISE-CON Congress and Conference Proceedings, Pages 1995 - 2992, pp. 2791-2802(12), Institute of Noise Control Engineering, DOI:https://doi.org/10.3397/IN_2024_3233	/
4.3	Pecioski Damjan, Shaipi Albion, Shishkovski Dejan, Design and Development of a 3D printed gripper;; 2024 International Conference Automatics and Informatics (ICAI) ; IEEE, DOI: 10.1109/ICAI63388.2024.10851679 5*0.8	4
4.4	Shishkovski Dejan, Pecioski Damjan, Ignjatovska, Anastasija, Anachkova Maja, Petreski Zlatko, Modeling and Characterizing of Electrodynamic Shaker ESE 211; 2024 13th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO); IEEE, DOI: 10.1109/MECO62516.2024.1057785	3
4.5	Pecioski Damjan, Shishkovski Dejan, Ignajatovska Anastasija Angjusheva, Markovska Simona Domazetovska, Gavriloski Viktor, Modeling and Simulation of an Electromagnetic Energy Harvesting System; 2024 13th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO), IEEE, DOI: 10.1109/MECO62516.2024.10577847	3
4.6	Shishkovski Dejan, Pecioski, Damjan, Anachkova Maja, Mickoski Hristijan, Pandilov Zoran, Design of a force control gripper using Matlab Simulink, 2023 12th Mediterranean Conference on Embedded Computing (MECO), IEEE, DOI:10.1109/MECO58584.2023.10154982.	3

4.7	Dejan Shishkovski, Damjan Pecioski, Anastasija Ignjatovska, Simona Domazetovska, Maja Anachkova, Analytical and experimental model of an energy harvesting system, 2023 International Conference on Control, Automation and Diagnosis (ICCAD), 10-12 May 2023, IEEE, DOI:10.1109/ICCAD57653.2023.10152439	3
5	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	**29**
5.1	MedinAdemi, Maja Anačkova, Dejan Šiškovski, Real-time vibration analysis and resonance detection of stepper motors, Mechanical Engineering - Scientific Journal, vol. 43 no. 1 (2025), DOI: 10.55302/MESJ2543149a	4
5.2	Marjan Djidrov, Elisaveta Dončeva, Dejan Šiškovski, Kinematics analysis of 6 dof industrial manipulatorand trajectory planning for robotic welding operation, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 42, No. 1, pp. 43–51(2024), https://doi.org/10.55302/MESJ24421043dj	4
5..3	Dejan Šiškovski, Damjan Pecioski, Saško Doninski, Development of current measuring instrument using hall effect, Mechanical Engineering –Scientific Journal, Vol. 42, No.1,pp.27–32(2024), https://doi.org/10.55302/MESJ24421027sh	4
5.4	Anastasija, Ignjatovska; Damjan, Pecioski; Dejan, Šiškovski; Maja, Anačkova; Simona, Domazetovska, Analytical modeling and fem simulations of energy harvesting cantilever beam, Mechanical Engineering –Scientific Journal; https://doi.org/10.55302/MESJ23411661029i	3
5.5	Damjan Pecioski, Anastasija Ignjatovska, Dejan Šiškovski, Simona Domazetovska, Maja Anačkova, Design of an energy harvesting system using piezoelectric materials, Mechanical Engineering –Scientific Journal, Vol. 41, No. 1, pp. 37–42(2023), https://doi.org/10.55302/MESJ23411662037p	3
5.6	Šiškovski Dejan, Petreski Zlatko, Tasevski Goce, Development of system for displacement measurement of a cantilever beam with strain gauge sensor, Mechanical Engineering –Scientific Journal	4
5.7	Goce Tasevski, Zlatko Petreski, Dejan Šiškovski, Simulation of an actuator & drive of a wire drawing machine’s mechatronic system using matlab/simulink, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Vol. 32, No. 1, pp. 1–7 (2014), UDC: 004.942:621.778.1.06–523.	4
5.8	Pandilov Zoran, Shabani Betim, Shishkovski Dejan, Vrtanoski Gligorche, Reverse engineering–An effective tool for design and development of mechanical parts, ACTA TECHNICA CORVINIENSIS, Bulletin of Engineering, Tome XI [2018] | Fascicule 2 [April – June],	3

6	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**4**
6.1	Dejan Shishkovski, Marija Ghosheva Krsteski, Intelligent Transport Systems for Enhanced Road Safety in the Republic of Macedonia, THIRD MACEDONIAN ROAD CONGRESS, NOVEMBER 6 – 7, 2025, Macedonian Association of Road Engineers, ISBN 978-608-66946-4-7, COBISS.MK-ID 67315205.	4
7	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	**1**
7.1	Dejan Shishkovski, Zlatko Petreski, Simona Domazetovska Markovska, Damjan Pecioski, Maja Anachkova, Anastasija Angjusheva Ignjatovska, Modeling and Simulation of a Hybrid Piezoelectric–Electromagnetic System for Vibration Energy Harvesting, Addressing Challenges in Applied Mechanics through Artificial Intelligence Applications, Belgrade, August 27–29, 2025	1
	Вкупно	**65**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија**	**9**
1.1	Учесник во изработка на главен (основен) проект за цевна инсталација во погонот за подготовка на паста за засипување во јама во рудник „Саса“, М. Каменица, 2024	2
1.2	Учесник во изработка на основен проект за управување со контролна филозофија на ветрогенераторите во вец Штип, 2025	2
1.3	Технички извештаи – Козјак	1
1.4	Стручно мислење – РЕК Битола	1
1.5	Проект, Lean 4.0 waste – учесник/соработник	1
1.6	Проект, ФабЛаб Скопје – учесник/соработник	1
1.7	Раководител на лабораторија	1
Дејности од поширок интерес		**4.5**
2.1	Студиски престој во странство	**0,5**
2.2	Присуство на универзитет: Delft University of Technology во Холандија, 2023 година	0.5
3	**Подготовка на национални документи (стратегии, закони и слично)**	**2**
3.1	Стратегија за развој и одржување на државни патишта 2026 – 2036 година“, како член на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП),	2
4	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	**2**
4.1	Кандидатот е член на Советот на Град Скопје и активно учествува во работата на: Комисијата за урбанизам при Советот на Град Скопје	1
4.2	Комисија за комунална хигиена при Советот на Град Скопје	1
	Вкупно	**13.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**34,09**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**65**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**13,5**
Вкупно	**112,59**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Даме Коруноски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Златко Петрески, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Кочо Анѓушев, с.р.
Машински факултет – Скопје

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕРМИЧКО И ЕНЕРГЕТСКО ИНЖЕНЕРСТВО (2.03.00.10) НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 14.2.2026 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област (2.03.00.10) термичко и енергетско инженерство во Институтот за термичко инженерство и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-322/2, донесена на 26.2.2026 година, формирана е Комисија во состав: проф. д-р Доне Ташевски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Ристо Филкоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и проф. д-р Даме Димитровски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област (2.03.00.10) термичко и енергетско инженерство, во Институтот за термичко инженерство, во предвидениот рок е пријавена кандидатката д-р Моника Туш Улер-Зефиќ, дипл. маш. инж.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката Моника Улер-Зефиќ, доктор на техничко-технолошки науки од областа на машинството, е родена на 3 октомври 1991 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ во Скопје, а средно во гимназијата СУГС „Орце Николов“ во Скопје со континуиран одличен успех (5,00). Во текот на средното образование добивала стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука.

На прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 2010/2011 година на студиската програма Енергетика и екологија. Факултетот го завршила со просечна оценка 9,78 и дипломирала на 15.9.2014 година како најдобар студент од својата генерација, за што била одликувана со признание за постигнат одличен успех во текот на дипломските академски студии од Машинскиот факултет, дипломска награда од Фондацијата „Проф. д-р Димитар Стамболиев” за 2014 и признанието „Инженерски прстен“ за најдобар студент на Машинскиот факултет за 2013/2014 година, доделено од страна на Инженерската институција на Македонија. За време на студиите била демонстратор по предметите: Математика 1, Нумеричка анализа, Автоматско управување и Механика на флуиди и посетувала пракса во компанијата Unipart Logistics во Оксфорд, Англија, ХЕЦ Козјак и ОКТА АД - Скопје.

Постдипломските студии (втор циклус) ги запишала во учебната 2014/2015 година на Машинскиот факултет во Скопје, студиска програма: Sustainable Energy and Environment. Како најдобар студент од генерацијата, од Факултетот ѝ била доделена стипендија за целосно покривање на постдипломските студии. Магистерската работа со наслов: „Reducing wastewater load from fish oil production process through recovery of the useful components using membrane technology” ја подготвила на Норвешкиот универзитет за наука и технологија (NTNU), писмено ја приложила на NTNU на 27.3.2017 година, а усно ја одбранила на Машинскиот факултет во Скопје, на 8.5.2017 година. Постдипломските студии ги завршила со просечна оценка 10,00, а од Норвешкиот универзитет за наука и технологија (NTNU) добила уверение за положени испити за магистерската работа со оценка „А“ како највисока оценка.

Докторските студии ги запишала во академската 2021/2022 година на Машинскиот факултет во Скопје, на студиската програма Машинство, при Школата за докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“. Во текот на докторските студии, кандидатката реализирала студиски престој во Полската академија на науките во Краков, Полска, каде што ги реализирала експерименталните истражувања на чија основа се добиени резултатите во докторската дисертација. Докторскиот труд со наслов: „Сеопфатна валоризација на цврст отпад за енергетска примена како RDF и импликации врз околината преку емисијата на стакленѝчки

гасови“ го одбранила на 21.11.2025 година, по што се стекнала со научен назив – доктор на техничко-технолошки науки од областа на машинството.

Во периодот април 2014 до април 2015 година, извршувала практикантска работа во компанијата ОКТА АД – Скопје во Секторот за здравје, безбедност и животна средина (ЗБЖ). Од април 2015 до август 2016 година, кандидатката е вработена во ОКТА АД – Скопје во гореспоменатиот сектор, како одговорна за животна средина во областа на следење на емисии во вода, воздух и почва, управување и третман на отпад и квалитет на вода. Потоа, до декември 2017 година работела на работното место инженер одговорен за системи за квалитет QMS, EMS и OHSAS, а од 2017 до 2020 година работела во Секторот за помошни единици како инженер одговорен за управувањето со работата на пречистителната станица за отпадни води и генераторите за пареа. Воедно, во период од 4 години работела како менаџер за квалитет во Лабораторијата на ОКТА АД – Скопје, за системот ISO 17025. Во текот на работниот стаж во ОКТА АД – Скопје, кандидатката има посетувано курсеви и обуки организирани од страна на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (FAO), Европска комисија, Balkan Green Energy News, Регионалниот центар за животна средина, во областа на заштитата на животната средина, климатските промени и обновливите извори на енергија, и Мотива – Центар за менаџмент, консалтинг, едукација и обука за управување со проекти, презентациски вештини, управување со времето и комуникациски вештини.

Во периодот од декември 2020 година до сега, кандидатката работи како асистент на Машинскиот факултет во Скопје при Институтот за термичко инженерство. На 28.9.2023 година е избрана во соработничко звање – асистент на Машинскиот факултет во Скопје во научната област (20502) теорија и проектирање на енергетски постројки во Институтот за термичко инженерство. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1290 од 1 септември 2023 година.

Од програмските пакети работи во: Microsoft Office, AutoCAD, Solid Works, SAP, Ansys Fluent и ADMS-Urban.

На кандидатката втор мајчин јазик ѝ е полскиот, а дополнително има доставено меѓународен сертификат за познавање на англискиот јазик, како и уверенија за познавање на шпански и грчки јазик.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Машински факултет – Скопје, кандидатката д-р Моника Улер-Зефиќ изведува вежби на прв циклус студии на предмети кои ги покрива Институтот за термичко инженерство при Машинскиот факултет во Скопје. Кандидатката е континуирано ангажирана како соработник – асистент по следниве предмети: Термодинамика, Менаџмент на отпад, Котелски простојки и процеси на енергетска конверзија, Парни и гасни турбини, Обновливи извори на енергија, Термоенергетски постројки, Термичка анализа и CFD, Нуклеарни термоцентрали и Процесна техника. Како дел од тимот од Машинскиот факултет, во периодот од ноември 2022 до декември 2023 година работеше на подготовка на скрипта со примери во Ansys Fluent, на основа на добиениот грант од Ansys. Примерите се имплементирани во наставната програма во учебната 2023/2024 година по предметот Термичка анализа со CFD. Кандидатката учествувала како член во комисија за одбрана на 38 дипломски трудови.

Од септември 2023 година, кандидатката ја извршува функцијата раководител на Лабораторијата за котли и индустриски печки. Во рамките на наставните активности, учествувала во реализација на неколку еднодневни и повеќедневни теренски посети со студенти на објекти од интерес во Македонија и надвор од земјава. Во текот на наставно-образовната дејност, кандидатката редовно одржува консултации со студенти во живо и по електронски пат.

Научноистражувачка дејност

Во периодот од вработувањето до денес, кандидатката има изработено околу 20 научни трудови од областа на енергетиката, а се однесуваат на анализа на енергетскиот потенцијал на комунален цврст отпад, искористување на отпадот во цементна индустрија, анализа на технологии за добивање енергија од отпад и еколошки импликации од нив, примена и

оптимизација на системи за централно греење, оптимирање на дизајн на лопатки за ветерна турбина, моделирање на аерозагадување во урбани средини и други актуелни теми. Од овие научни трудови, 6 се објавени во зборник на рецензирани научни трудови, 5 се објавени во меѓународно научно списание, од кои 2 во списание со фактор на влијание, 6 се презентирани на научен/стручен собир во форма на постер, и 3 се прифатени и во фаза на објавување во меѓународни научни списанија, од кои 2 во списанија со фактор на влијание.

Кандидатката има учествувано во работата на неколку национални и меѓународни научни проекти. Од април 2024 година, кандидатката е член на Адрија секцијата на Институтот за согорување (ASCI). Како резултат на членството, кандидатката учествува на заедничкиот собир помеѓу Адрија секцијата и Полската секција на Институтот за согорување, одржан во Љубљана во април 2024 година, на која презентира дел од истражувањата од областа што се реализираат на Машинскиот факултет во Скопје. Во април 2025 година, кандидатката учествува на Европскиот состанок за согорување во Единбург, Шкотска, на кој го презентира трудот: „Determination of the thermo-physical properties of municipal solid waste from the perspective of its energy utilisation“.

Во академската 2024/2025 година, кандидатката е член на тим од Машинскиот факултет за реализирање на научноистражувачки проект од областите на аеротехника и механика на флуиди, со наслов: „Истражување на дизајнот на лопатките преку нумерички и експериментални методи за подобрување на перформансите на ветерна турбина“. Во 2025/2026 година, кандидатката е координатор на студентскиот проект Project Hub, кој има за цел изработка на центрифугален вентилатор – вакуум-уред за безбедно чистење на компјутерска и лабораториска опрема.

Од октомври 2025 година, учествува во меѓународниот научен проект „Empowering Next-gen Energy LeadeRs for a Green Energy Transition (ENERGET)“, во рамки на програмата Erasmus+, со времетраење од 24 месеци. Од ноември 2025 година, кандидатката е учесник и во меѓународниот проект „Applied Air Quality Modelling and Mitigation Validation for the City of Skopje“, финансиран преку програмата за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за национален развој на United Nations Development Programme (UNDP).

Од октомври 2023 година, кандидатката е дел од COST-акцијата CA22151 “Cyber-Physical systems and digital twins for the decarbonisation of energy-intensive industries (CYPHER)“, каде што е член во две работни групи: WG1 - Renewable synthetic fuels (RSF) combustion и WG2 - High-fidelity combustion simulations and data analytics. Од започнувањето на акцијата, кандидатката има учествувано на два генерални состанока (во Љубљана, Словенија и во Краков, Полска), една обука „Machine Learning methods for reacting flows“ (Солун, Грција) и една работилница „Integrating Renewable Fuels and Advanced Simulations“ (Наполи, Италија). Од октомври 2025 година, кандидатката е член и на COST-акцијата CA24110 “Resource-Inclusive Renewable Materials: Leveraging Global Biomass for Sustainable Innovations (ReInvent)“, каде што е член на Управниот комитет.

Активностите од научноистражувачката дејност во кои се вклучени називите на трудовите и проектите, како и на меѓународните научни собири, наведени се во прилогот Образец 2.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Во академската 2024/2025 година, кандидатката учествува како соработник на Основниот проект, фаза на проектирање – Машинство за пречистителната станица за отпадни води на градот Скопје. Кандидатката д-р Моника Улер-Зефиќ, дипл. маш. инж., е член во Комисијата за промоција на Факултетот, учествувајќи во претставување, промовирање и унапредување на Факултетот на Отворени денови на Факултетот, свечена промоција на дипломирани и магистрирани студенти и други настани. Во периодот од 2021 до 2025, кандидатката неколкупати била член во помошната Комисија за упис на студенти во прва година на студии на Машинскиот факултет. Четири пати била член во изборната Комисија за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје.

Активностите од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес се наведени во прилогот Образец 2 кон овој извештај.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката континуирано добива позитивни оценки и коментари од анонимно спроведените анкети на студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, како и севкупната активност на кандидатката од вработувањето на Машинскиот факултет до денес, Рецензентската комисија ја вреднува и ја оценува многу позитивно наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Моника Улер-Зефиќ. Комисијата е на мислење дека кандидатката работните задачи ги извршува со целосна посветеност, професионалност и совесност и поседува научни и стручни квалитети со што ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област (2.03.00.10) термичко и енергетско инженерство според Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Моника Улер-Зефиќ, дипл. маш. инж., да биде избрана во наставно-научното звање доцент во научната област (2.03.00.10) термичко и енергетско инженерство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Доне Ташевски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Ристо Филкоски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Даме Димитровски, с.р.
Машински факултет – Скопје

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Моника Туш Улер-Зефиќ
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, Институт за термичко инженерство
Научна област: (2.03.00.10) термичко и енергетско инженерство

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,78. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Научна област: термичко и енергетско инженерство; поле: машинство.	да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование Ред. бр. 1 7 Назив на научното списание: Materials 8 Назив на електронската база на списанија: Web of Science 9 Наслов на трудот: Characterization of municipal solid waste as potential fuel for energy needs 10 Година на објава: 2025 Ред. бр. 2 1. Назив на научното списание: Thermal Science 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Наслов на трудот: Sensitivity analysis for integration of renewable energy sources into district heating systems 4. Година на објава: 2025	да
3.2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	да

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	Ред. бр. 1 6. Назив на зборникот: Proceedings of the 26th Conference of Process Integration, Modelling and Optimisation for Energy Saving and Pollution Reduction (PRES23) 7. Назив на меѓународниот собир: 26th Conference of Process Integration, Modelling and Optimisation for Energy Saving and Pollution Reduction (PRES23) 8. Имиња на земјите: Czech Republic, Ukraine, Philippines, India, Spain, France, Taiwan, Malaysia, Slovenia, China, Croatia, Austria, United Kingdom, Norway, Romania, Colombia, Japan, South Korea, USA, Italy, Greece, Poland, Mexico, Kazakhstan, Denmark 9. Наслов на трудот: Energy potential from the municipal solid waste in the Skopje region 10. Година на објава: 2023 Ред. бр. 2 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 20th International Conference on Thermal Science and Engineering of Serbia (SimTerm 2022) 2. Назив на меѓународниот собир: 20th International Conference on Thermal Science and Engineering of Serbia (SimTerm 2022) 3. Имиња на земјите: Serbia, Bulgaria, North Macedonia, Russia, Croatia, Montenegro, Italy, Greece, USA, Bosnia and Herzegovina, Romania, Finland, Germany, Ukraine, Turkiye, Slovenia 4. Наслов на трудот: General overview of the operation, efficiency, and emissions of waste-to-energy technologies 5. Година на објава: 2022 Ред. бр. 3 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 37th International Conference Energy 2022 2. Назив на меѓународниот собир: 37th International Conference Energy 2022 3. Имиња на земјите: Slovenia, Montenegro, Serbia, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Spain, North Macedonia, Bulgaria, Russia, Albania, Romania 4. Наслов на трудот: The importance of district heating systems in periods of energy crisis: Case study for the city of Skopje 5. Година на објава: 2022 Ред. бр. 4 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 15th International Conference on Accomplishments in Mechanical and Industrial Engineering (DEMI 2021) 2. Назив на меѓународниот собир: 15th International Conference on Accomplishments in Mechanical and Industrial Engineering (DEMI 2021)	

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	3. Имиња на земјите: Bosna and Herzegovina, Serbia, Montenegro, Romania, Russia, Slovenia, Croatia, Norway, China, United Kingdom, Turkey, USA 4. Наслов на трудот: Integration of large-scale heat pumps in the district heating system of Skopje 5. Година на објава: 2021	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 17. Странски јазик: англиски јазик 18. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик според First Certificate in English 19. Издавач на документот: University of Cambridge 20. Датум на издавање на документот: 5.8.2008	да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Доне Ташевски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Ристо Филкоски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Даме Димитровски, с.р.
Машински факултет – Скопје

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Моника Туш Улер-Зефиќ
Институција: Машински факултет – Скопје/Институт за термичко инженерство
Научна област: (2.03.00.10) термичко и енергетско инженерство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
Одржување на вежби		
1.	Термоенергетски постројки (Учебни години: летни семестри 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 г., зимски семестар 2025/2026 г.) (2 x 15 x 0,03) x 6	5,4
2.	Термоенергетски постројки и екологија (Учебни години: летни семестри 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 г.) (2 x 15 x 0,03) x 5	4,5
3.	Нуклеарни термоцентрали (Учебни години: летни семестри 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 г.) (2 x 15 x 0,03) x 5	4,5
4.	Термодинамика (Учебни години: летни семестри 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 г.) (2 x 15 x 0,03) x 5	4,5
5.	Процесна техника (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 г.) (2 x 15 x 0,03) x 4	3,6
6.	Технологии за енергетска конверзија (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 г.) (2 x 15 x 0,03) x 3	2,7
7.	Парни и гасни турбини (Учебни години: зимски семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 г., летен семестар 2024/2025 г.) (2 x 15 x 0,03) x 5	4,5
8.	Котелски постројки (Учебни години: летни семестри 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024 г.) (2 x 15 x 0,03) x 3	2,7
9.	Обновливи извори на енергија (Учебни години: зимски семестри 2023/2024, 2024/2025 г., летен семестар 2024/2025 г.) (2 x 15 x 0,03) x 3	2,7
10.	Менаџмент на отпад (Учебни години: зимски семестри 2023/2024, 2024/2025 – 4 часа, 2025/2026 г.) (2 x 15 x 0,03) x 2, (4 x 15 x 0,03) x 1	1,8 1,8
11.	Котелски постројки и процеси на енергетска конверзија (Учебни години: зимски семестри 2024/2025, 2025/2026 г.) (2 x 15 x 0,03) x 2	1,8
12.	Одржување на теренска настава	0,48

	(Учебна година: ТЕ-ТО АД зимски семестар 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026 г., МК летен семестар 2023/2024 г., ЕУ зимски семестар 2024/2025 г.) (3+3+3+3) x 1 x 1 x 0,04 (24 x 3) x 1 x 1 x 0,04 (24 x 3) x 1 x 0,04	2,88 2,88
13.	Консултации со студенти (Учебни години: 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026 г.) (524 x 0,002)	1,048
14.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (44 x 0,1)	4,4
15.	Интерна скрипта од вежби Документ 1: Heat transfer through cross flow heat exchanger Документ 2: Heat transfer through horizontal pipe (1 x 3)	3
	Вкупно	**55,19**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Раководител на национален научен проект Времетраење: ноември 2025 – март 2026 г., студентски проект: Project Hub – 3 (1 x 6)	6
2.	Учесник во национален научен проект Времетраење: цела 2025 година, научноистражувачки проект при УКИМ, наслов: Истражување на дизајнот на лопатките преку нумерички и експериментални методи за подобрување на перформансите на ветерна турбина BLADE2WIN(D) (1 x 3)	3
3.	Учесник во меѓународен научен проект (3 x 5)	
3.1.	Проект: Empowering Next-gen Energy leadeRs for a Green Energy Transition – ENERGET под KA220-HED - Cooperation partnerships in higher education ERASMUS+ Времетраење: 1.10.2025 – 30.9.2027 г. 1 x 5	5
3.2.	Проект: Применето моделирање и валидација на квалитетот на воздухот и мерките за негово подобрување за градот Скопје – SKAIR Времетраење: 1.11.2025 – 31.3.2026 г. 1 x 5	5
3.3.	Проект: Изработка на дел од наставна програма финансиран од Ansys Времетраење: цела 2023 година 1 x 5	5
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago, Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	

4.1.	Shesho, I., Kochov, E., **Uler-Zefikj, M.,** & Filkoski, R. (2025). Sensitivity analysis for integration of renewable energy sources into district heating systems. Thermal Science, 29(2A), 1033–1042. https://doi.org/10.2298/TSCI240528236S IF = 1,1 - Journal Citation Reports™ released by Clarivate in June 2024 (Web of Science) (8 + 1,1) x 0,6	5,46
4.2.	**Uler-Zefikj, M.,** Godyń, K., Tokarczyk, K., & Filkoski, R. V. (2025). Characterization of municipal solid waste as potential fuel for energy needs. Materials, 18(9), 2103. https://doi.org/10.3390/ma18092103 IF = 3,4 - Journal Citation Reports™ released by Clarivate in June 2024 (Web of Science) (8 + 3,4) x 0,6	6,84
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	
5.1.	**Uler-Zefikj, M.,** Filkoski, R., Shesho, I., Dimitrovski, D., Manev, N., & Spirkovska, V. (2022). Ethical dilemmas of renewable energy. Mechanical Engineering – Scientific Journal, 40(2), 265–270. https://doi.org/10.55302/MESJ22402654093u Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 16 - вкупно, 4 - Р. Србија, 1 -Р. Хрватска, 2 - Р. Словенија, 1 - Бугарија, 1 - Австрија, 1 -Германија, 4 – С. Македонија, 1-Канада, 1- САД 5 x 0,6	3
5.2.	**Uler-Zefikj, M.,** Dimitrovski, D., & Mančevski, A. (2025). Exploring the Feasibility of Construction and Demolition Waste Recycling in Skopje through Analyzing Four Different Scenarios. Mechanical Engineering – Scientific Journal, 43(1), 23-30. https://doi.org/10.55302/MESJ2543123uz Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 16 - вкупно, 4 - Р. Србија, 1 -Р. Хрватска, 2 - Р. Словенија, 1 - Бугарија, 1 - Австрија, 1 -Германија, 4 – С. Македонија, 1-Канада, 1- САД 5 x 0,8	4
6.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	
6.1.	Shesho, I., Filkoski, R., Tashevski, D., & **Uler-Zefik, M.** (2021). Assessment of the potential for increasing the renewable energy share into district heating system by integration of decentralized solar assisted heating systems. In Proceedings of Energetika 2021 (pp. 50–55). Zlatibor, Serbia: Savez energetičara. 5 x 0,6	3
6.2.	Shesho, I., Filkoski, R., Tashevski, D., & **Uler-Zefikj, M**. (2021). Integration of large-scale heat pumps in the district heating system of Skopje. In Proceedings of DEMI 2021 (pp. 163–172). Banja Luka, Bosnia and Herzegovina: Faculty of Mechanical Engineering, University of Banja Luka. 5 x 0,6	3
6.3.	Shesho, I., **Uler-Zefikj, M**., Filkoski, R., & Tashevski, D. (2022). The importance of district heating systems in periods of energy crisis: Case study for the city of Skopje. In Proceedings of Energetika 2022 (pp. 40–45). Zlatibor, Serbia: Savez energetičara. 5 x 0,6	3

6.4.	**Uler-Zefikj, M.,** Shesho, I., Filkoski, R., Tashevski, D., & Dimitrovski, D. (2022). General overview of the operation, efficiency, and emissions of waste-to-energy technologies. In Proceedings of SimTerm 2022 (pp. 514–520). Niš, Serbia: Faculty of Mechanical Engineering, University of Niš. 5 x 0,6	3
6.5.	Dimitrovski, D., Manev, N., Jovanovikj, E., & **Uler-Zefikj, M.** (2022). Repurposed EV batteries integration in smart energy grids to facilitate a greener energy sector. In Proceedings of ICIST 2022 (pp. 149–156). Novi Sad, Serbia: Information Society of Serbia – ISOS. 5 x 0,6	3
6.6.	**Uler Zefikj, M**., & Dimitrovski, D. (2023). Energy potential from the municipal solid waste in the Skopje region. In Proceedings of PRES 2023. Thessaloniki, Greece. 5 x 0,9	4,5
7.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или OECD**	
7.1.	**Uler Zefikj, M**., Dimitrovski, D., & Filkoski, R. (2023). Combining different fossil fuel types used in cement industry with RDF as alternative fuel and analyzing the environmental and economic impact. City Health Journal, 4(1), 12–17. https://cityhealthj.org/index.php/cityhealthj/issue/view/9/15 5 x 0,8	4
8.	**Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)**	
8.1.	**Uler Zefikj, M**., Filkoski, R., & Dimitrovski, D. (2023, September). Evaluation of the energy potential of biomass and textile waste for replacing fossil fuels in the cement industry. 8th International Congress Engineering, Environment and Materials in Process Industry (EEM 2023), University of East Sarajevo & Faculty of Technology Zvornik, Bosnia and Herzegovina.	0,5
8.2.	**Uler Zefikj, M**., Filkoski, R., & Tashevski, D. (2024, April). Local biomass potential for syngas production and further conversion into synthetic fuel. Cost Action CYPHER – General Action Meeting, Ljubljana, Slovenia.	0,5
8.3.	**Uler-Zefikj, M**., Filkoski, R., & Shesho, I. (2025, April). Determination of the thermo-physical properties of municipal solid waste from the perspective of its energy utilization. 12th European Combustion Meeting 2025, Edinburgh, Scotland.	0,5
8.4.	**Uler-Zefikj, M**., Argilovski, A. & Filkoski, R. (2025, May). Risk Mitigation Strategy for the Installation of a WtE Cogeneration Plant in the City of Skopje. Cost Action CYPHER – General Action Meeting, Krakow, Poland.	0,5
8.5.	Argilovski, A., **Uler-Zefikj, M**., & Filkoski, R. (2025, May). Multi-Criteria Decision-Making Approaches for Evaluating Waste-to-Energy Scenarios. Cost Action CYPHER – General Action Meeting, Krakow, Poland.	0,5
8.6.	**Uler-Zefikj, M**., & Filkoski, R. (2025, September). Characterization and Comparative Assessment of Exhaust Gas Emissions from Municipal Solid Waste Incineration. Cost Action CYPHER – WG1&WG2 Meeting – Workshop, Napoli, Italy.	0,5
	Вкупно	**69,8**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија	

1.1.	Р. Филкоски, Шешо, И., **Улер-Зефиќ, М.,** Технички извештај за финализирање на Информација до Управниот одбор на АД ЕСМ - Скопје за проектот Когенеративна постројка – Клинички центар „Мајка Тереза“ во Скопје (5.2.2026), во рамки на договор за консултантски услуги АД ЕСМ	1
2.	Главен (основен) проект (учесник/соработник)	
2.1.	Основен проект – пречистителна станица Скопје, Постројка за сушење и согорување на тиња (SDIP) Скопје, С. Македонија	2
3.	Учество во промотивни активности на Факултетот (Учебни 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 г.) 5 x 0,5	2,5
4.	Раководител на Лабораторија за котли и индустриски печки (Учебни 2023/2024, 2024/2025, 2025/2026 г.) 3 x 1	3
5.	Менаџер за квалитет во акредитирани институции Менаџер за квалитет во ОЕ Лабораторија во ОКТА АД – Скопје Времетраење: 21.12.2020 – 21.9.2021 година	3
Дејности од поширок интерес		
6.	Државна награда за научни постигнувања и уметнички постигнувања	
6.1.	Пофалница од УКИМ во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето (16.9.2025 година)	5
6.2.	Признантие „Инженерски прстен“ за најдобар студент на Машински факултет – Скопје за 2013/2014 година од Инженерска институција на Македонија	5
7.	Студиски престој во странство	
7.1.	- до 3 месеци Научен престој во Полската академија на науките во Краков Период: 13 – 31.5.2024	0,5
7.2.	- до 6 месеци Научен престој во Норвешкиот универзитет за наука и технологија (NTNU) Период: 15.8 – 3.12.2016	1
8.	Изготвување и пријавување на научен национален проект	
8.1.	- носител, студентски проект: Project Hub – 3	1
8.2.	- соработник Научноистражувачки проект при УКИМ, наслов: Истражување на дизајнот на лопатките преку нумерички и експериментални методи за подобрување на перформансите на ветерна турбина BLADE2WIN(D)	0,5
9.	Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект	
9.1.	- соработник Меѓународен проект: „Leadership in Eco Awareness and Fostering Sustainable activities in Higher Education Institutions (LEAFS)“ во рамки на повикот на Erasmus+ KA220-HED - Cooperation partnerships in higher education	1
10.	Член на факултетска комисија	
10.1.	Член во пописна комисија за средствата на Машински факултет – Скопје (Години: 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 г., вкупно 5 пати), 5 x 0,5	2,5
10.2.	Член во изборна комисија за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машински факултет – Скопје (Години: 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 г., вкупно 5 пати), 5 x 0,5	2,5
	Вкупно	**30,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**55,19**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**69,8**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**30,5**
Вкупно	**155,5**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Доне Ташевски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Ристо Филкоски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Проф. д-р Даме Димитровски, с.р.
Машински факултет – Скопје

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, ГЕРИЈАТРИЈА, КЛИНИЧКО-БОЛНИЧКА И ОПШТА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА И ХЕМАТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 20.9.2025 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хематологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-7061/5, донесена на 28.11.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Соња Генадиева Ставриќ, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Ирина Пановска Ставридис, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Злате Стојаноски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Деска Димитриевска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Жанина Переска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и хематологија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: вонр. проф. д-р Сања Трајкова.

Д-р Сања Трајкова, вонреден професор

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Вонр. проф. д-р Сања Трајкова е родена во Скопје, каде што завршила основно и средно образование како одличен ученик во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ и се стекнала со образовниот профил медицинска сестра. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала во 1999 година, со просечен успех 8,2. Активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2002/2003 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 10,00. Во 2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Дифузен крупноклеточен Б-лимфом: имунофенотип и биолошки карактеристики и нивно влијание врз прогнозата и тераписката стратегија“, под менторство на проф. д-р Лидија Чевреска од Универзитетската клиника за хематологија. Докторска дисертација пријавила во учебната 2011/2012 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Евалуација на репродуцибилноста на новиот прогностикиот индекс на преживување и номограм во прогнозата, индивидуалниот тераписки избор и исходот на пациентите со хронична лимфоцитна леукемија“ ја одбранила во март 2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Лидија Чевреска, проф. д-р Борче Георгиевски, проф. д-р Оливер Каранфилски, проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ и проф.д-р Александар Димовски, и со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област интерна медицина и хематологија.

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет – Скопје, Катедра за интерна медицина, кандидатката д-р Сања Трајкова изведува практична настава за студентите по медицина, стоматологија, фармација и Високата школа за средно медицински кадар по предметите: Интерна медицина и Клиничко испитување. За помлад асистент по интерна

медицина е избрана во 2003 година, во 2010 година е избрана за асистент по интерна медицина, кога и го продолжува вршењето на наставно-образовната дејност, а од 2015 година е избрана за насловен доцент на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2020 година е избрана за насловен вонреден професор на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2023 година е избрана за вонреден професор.

Од 2015 година одржува предавања од втор циклус студии за специјализанти по интерна медицина од областа хематологија. Кандидатката е едукатор на специјализанти по интерна медицина и ментор на кандидати на специјализација од областа хематологија. Од 2023 година, како вонреден професор е вклучена во одржување на настава од прв и трет циклус студии на Медицинскиот факултет при УКИМ, на Катедрата за интерна медицина.

Научноистражувачка дејност

Д-р Сања Трајкова е учесник во спроведувањето на голем број клинички студии. Во периодот од 2006 до 2025 година, била учесник во неколку меѓународни клинички студии.

Во периодот од 2002 до 2025 година, д-р Сања Трајкова има изработено голем број на апстракти за постерски презентации при учество на домашни и меѓународни конференции и конгреси и голем број на научни трудови со оригинални резултати, објавени во научни списанија. Била предавач на неколку секциски и пленарни предавања на здруженија на лекари, стручни состаноци и конференции.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Сања Трајкова во 2018 година ја завршила супспецијализацијата по хематологија. Од јули 2015 година е назначена за раководител на Отсек за малигни хемопатии на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија, од март 2018 година е назначена за раководител на Оддел за анемии на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија, а од 2023 година е назначена за раководител на оддел – Дневна болница на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија.

Кандидатката д-р Сања Трајкова е член на неколку работни групи при Министерството за здравство на РСМ и Универзитетската клиника за хематологија.

Од 2006 до 2025 година, д-р Сања Трајкова зема учество во бројни меѓународни и национални проекти.

Д-р Сања Трајкова, во периодот од 2002 до 2025, била на шест стручни едукации од областа хематологија.

Кандидатката била член на организациски одбор на сите четири конгреси на Здружението за хематологија на РСМ со меѓународно учество кои се одржаа во Скопје, во 2012, 2017, 2023 и во 2025 година. Била член на организациски одбор на Меѓународната работилница за трансплантација на матични клетки, која се одржа од 12 до 14 април 2019 година во Скопје, како и член на организациски одбор на Првата работилница за трансплантација на солидни органи/ткива и коскена срцевина во Република Северна Македонија: достигнувања и идни перспективи“, која се одржа од 10 до 11.12.2021 година во Скопје. Добитник е на неколку награди, а во 2018 година, добитник е на Плакета од МЛД. На 23.4.2021 година е добитник на наградата „Гоце Делчев“ како автор од група автори за трудот „Интерна медицина“.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: вонр.проф.д-р Сања Александар Трајкова
(име, татково име и презиме)
Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија, Медицински факултет, УКИМ
(назив на факултетот/институтот)
1. Vasilevska H., **Stojchevska M**., Stamenova A., Tozija F. Perception of medical students on commercial determinants of health, ASPHER- Young Researchers Forum, Helsinki, 11 November 2025 – меѓу најдобро оценетите апстракти.
2. **Stojchevska M**., Vasilevska H., Stamenova A., Tozija F., Natural Population Change in European Union country within the period of 40 years- the Case of North Macedonia and Slovenia, 57- Days of Preventive Medicine International Congress, Serbia, 23-26 September 2025, book of abstracts; 39.
3. Vasilevska H., Markova Juzevska M., **Stojchevska M**., Stamenova A. Mortality from malignant neoplasms in North Macedonia (2010-2023), 57 Days of Preventive Medicine Internationa Congress, Nis, 23-26 September 2025, book of abstracts; 116.
4. Vasilevska H**., Stojchevska M.,** Stamenova A., Prevalence of Psychosis in North Macedonia for the period from 2020 to 2023, XXI Congress of the Doctors of the Republic of North Macedonia, Macedonian Medical Association, Skopje 11-14 September, book of abstracts;88.
5. Vasilevska H., **Stojchevska M**., Stamenova A., Filipche M., Tozija F. Health financing and expenditures in Balkan countries: The case of North Macedonia, Serbia, Bosna and Herzegovina and Montenergro, Symposium: Medical Education and Health System in Balkan Country, Macedonian Medical Association, Skopje, 6 April, book of abstracts; Journal of the Macedonian medical association, 2025; 102.
6. Mome Spasovski, Ivan Pangovski, Aleksandra Stamenova, **Monika Stojchevska** Goals and challenges in Macedonia and Slovenia healthcare system, First International Congress of Preventive Medicine, Struga, 31-2 November 2024, book of abstracts;32.
7. **Stojchevska M.**, Burgen of chronic noncommunicable diseases in the Republic of North Macedonia and the Republic of Slovenia, First International Congress of Preventive Medicine, Struga, 31-2 Noverber 2024, book of abstracts; 70.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Ас. д-р Моника Стојчевска и избрана во звањето асистент на Катедрата за социјална медицина од 4.5.2023 година и е активно вклучена во стручно-применувачката дејност на Институтот за социјална медицина при Медицинскиот факултет во Скопје. За потребите на Институтот за социјална медицина, од 17.10.2022 година кандидатката ја започна специјализацијата по социјална медицина и јавно здравје.

Ас. д-р Моника Стојчевска остварила активности во полето на превенција и контрола на ризик-факторите и хроничните незаразни болести преку учество во

работилница од Светската здравствена организација за примена на бихевиорални и културни сознанија за контрола на тутунот.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес, преку активно вклучување во работата на Специјалистичкото здружение на лекарите по Социјална медицина со организација на здравствена дејност.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Моника Слободан Стојчевска
(име, татково име и презиме)
Институција: Медицински факултет – Скопје, Институт за социјална медицина
(назив на факултетот/институтот)
Научна област**:** СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: **8,59.**	ДА
2.	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: **англиски јазик** 2. Назив на документот: **Уверение за познавање на англиски јазик – Level B2** 3. Издавач на документот: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје** 4. Датум на издавање на документот: **4.11.2025 година.**	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.
Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.
Проф. д-р Елена Ќосевска, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на ас. д-р Моника Стојчевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Моника Стојчевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови повторно да биде избрана во звањето асистент по предметот Социјална медицина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Моника Стојчевска да биде повторно избрана во звањето **асистент** по предметот Социјална медицина.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.
Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.
Проф. д-р Елена Ќосевска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ОРТОПЕДИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 20.9.2025 година, за избор на асистент по предметот Ортопедија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-7061/9, донесена на 28.11.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Божиновски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Даниела Георгиева, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Александар Савески, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по предметот Ортопедија, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Милена Богојевска Доксевска.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Милена Богојевска Доксевска е родена на 16.9.1983 год., во Охрид. Средно образование завршила во гимназијата „Св. Климент Охридски” во Охрид, Македонија. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. За време на студиите била стипендист како студент кој постигнал особено висок успех во учењето при Министерството за образование и наука. Дипломирала на 16.7.2008 година, со просечен успех 9,38.

На 10.3.2016 година завршила специјализација по ортопедија во Скопје. Од 2016 година е докторанд на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Од 2023 година е супспецијалист по трауматологија.

Активно се служи со англискиот, германскиот и италијанскиот јазик.

Кандидатката е вработена на Универзитетската клиника за ортопедски болести во Скопје.

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Милена Богојевска Доксевска е асистент по предметот Ортопедија од април 2023 година, а воедно е едукатор на специјализанти по педијатрија и семејна медицина. Авторка е на две книги од стручна област, како и на научно-популарна книга.

Научноистражувачка дејност

Д-р Милена Богојевска Доксевска е авторка и коавторка на научни и стручни од областа на медицината, кои се публицирани во списанија со меѓународен уредувачки одбор:

1. Bogojevska Doksevska M, Todorova T, Popovska D, et al. Conoccurence of extraskeletal osteosarcoma and undiagnosed Paget disease in a 49-year-old female. J Surg Case Rep. 2025;2025(1):rjae826. Published 2025 Jan 9. doi:10.1093/jscr/rjae826
2. Popovska D, Avramov N, Samardziski M, Shabani I, Andonovski A, Bogojevska Doksevska M, Stojmenski S. Influence of vancomycin and meropenem loading on

compressive strength of polymethyl methacrylate bone cement Arch Pub Health 2025; 17 (1) 63 - 72. doi.org/10.3889/aph.2025.6141
3. Komnenovikj M, Bozinovski Z, Georgieva D, Bogojevska-Doksevska M, Damjanovikj D, Atanasovski I. The effect of wide swaddling on alpha hip angle in newborns and infants. Arch Pub Health [Internet]. 2025 Jun. 27;17(1). Available from: https://journals.mk/index.php/aph/article/view/6152
4. Petrusevska-Marinkovic S, Doksevska-Bogojevska M, Jovanovski M, Savin T, Novachkova-Siljanovska B. Avascular Necrosis of the Hip Joint and Femoral Head Related with Long COVID-19 or Post-COVID-19: Case Report Study. Open Access Maced J Med Sci [Internet]. 2024 Jun. 15 12(2):291-7. Available from: https://oamjms.eu/index.php/mjms/article/view/11889
5. Velkovski V, Shabani I, Kamnar V, Gavrilovski A, Todorova T, Bogojevska-Doksevska M, Popovska D, Nikolikj-Dimitrova E. Avascular necrosis of the femoral head in patient with Lyme disease and Devic's optic neuritis. Arch Pub Health [Internet]. 2023 Jun. 30;15(1):126-33. Available from: https://journals.mk/index.php/aph/article/view/6078
6. JOVANOSKI, Slavko et al. HYDATID DISEASE IN MISCULOSCELETAL TISSUES: DIAGNOSIS AND TREATMENT. Journal of Morphological Sciences, [S.l.], v. 6, n. 1, p. 116-120, may 2023. ISSN 2545-4706. Available at: https://www.jms.mk/jms/article/view/490.
7. Velkovski V, Shabani I, Kamnar V, et al. Analysis of Results After Surgical Application of Bone Marrow Aspirate Stem Cell Concentrate in the Treatment of Avascular Necrosis of the Femoral Head. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2023;44(1):79-87. Published 2023 Mar 29. doi:10.2478/prilozi-2023-0009

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Милена Богојевска Доксевска активно е вклучена во стручно-применувачката работа на Клиниката за ортопедски болести во Скопје. Вовела пет клинички методи во државата (КТ во тесен прозорец за евалуација на успехот на некрвава репозиција на колкот при развојна дисплазија на колк, експлантација на мускулно-скелетни ткива од починат дарител, трансплантација на коскен алографт од починат дарител, трансплантација на тетива од починат дарител, трансплантација на менискус од починат дарител) и една во институцијата (перкутана ахилотенотомија кај pes equinovarus во локална анестезија).

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Брисел (2013, EFORT Spring Travelling Fellowship), Барселона (2017, Clinica Nostra Senyora del Remei), Ајова (2019, University of Iowa Stead Family Children's Hospital), Барселона (2022, Banc de Sang i Teixits).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес: болнички координатор за трансплантација и ткивна банка на Клиниката за ортопедски болести од 2020 година.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

Кандидат: **Милена Љубомир Богојевска Доксевска**
Институција: **Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
Научна област: **ортопедски болести**

за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,38.	Да
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: FCE- First Certificate in English, B2 3. Издавач на документот: University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: јуни 2000.	Да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Божиновски, с.р.
Проф. д-р Даниела Георгиева, с.р.
Доц. д-р Александар Савески, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Милена Богојевска Доксевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Милена Богојевска Доксевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избрана во звањето асистент по предметот Ортопедија.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Милена Богојевска Доксевска да биде повторно избрана во звањето асистент по предметот Ортопедија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Божиновски, с.р.
Проф. д-р Даниела Георгиева, с.р.
Доц. д-р Александар Савески, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАЈ ЛИЦА СО ХИВ-ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКАДОНИЈА – ПРЕВАЛЕНЦА И АСОЦИРАНИ РИЗИК-ФАКТОРИ“ ОД АС. Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на XXVII седница одржана на 12.2.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторскиот труд со наслов: МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАЈ ЛИЦА СО ХИВ-ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕВАЛЕНЦА И АСОЦИРАНИ РИЗИК-ФАКТОРИ од кандидатката ас. д-р Билјана Петреска, во состав:

- проф. д-р Марија Цветановска, претседател
- проф. д-р Ирена Кондова Топузовска, ментор
- проф. д-р Марија Димзова, член
- проф. д-р Александар Петличковски, член, и
- проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член.

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторскиот труд на кандидатката ас. д-р Билјана Петреска, со наслов: МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАЈ ЛИЦА СО ХИВ-ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕВАЛЕНЦА И АСОЦИРАНИ РИЗИК-ФАКТОРИ, содржи 196 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 55 табели, 47 слики и 98 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Користената литература е од понов датум, актуелна и релевантна за темата на докторскиот труд.

Трудот ги содржи сите неопходни структурни елементи на докторски труд: апстракт на македонски и англиски јазик, вовед, мотив, цели, материјал и методи, резултати, статистичка анализа, дискусија, заклучок и литература. Деловите се систематизирани во наслови и поднаслови, точки и подточки со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **апстрактот** на трудот, изложени се теоретската рамка, предметот, целите, применетите методи и добиените резултати од истражувањето. Кандидатката го потенцира значењето на одредувањето и следењето на преваленцата на метаболен синдром кај лицата кои живеат со ХИВ, како и идентификувањето на поединечните ризик-фактори за појава на метаболен синдром. Компонентите кои го дефинираат метаболниот синдром се веќе докажани како предиктори за појавата на метаболен синдром, како и одредени демографски и клинички карактеристики, како што се возраста и зголемената телесна тежина. Вредностите на ХИВ РНК >40 copii/ml и повисоките нивоа на С-реактивен протеин и интерлеукин 6 се показател на хроничната инфламација, што ја поддржува хипотезата дека хроничната инфламација и имунолошка дисрегулација предизвикана од ХИВ-вирусот е асоцирана со појавата на метаболен синдром. Во трудот е прикажано и значењето на времетраењето на третманот со антиретровирусни лекови за појавата на метаболен синдром, но, исто така, потенцирано е дека примената на нови генерации антиретровирусни лекови, кои имаат подобар безбедносен профил, го намалуваат ризикот за појава на метаболен синдром. Потребно е континуирано следење од страна на клиничарите при третманот со антиретровирусна терапија. Третманот мора да е индивидуализиран и безбеден преку воведувањето соодветни модалитети на управување за спречување и контрола на метаболните нарушувања.

Во **воведниот дел,** изнесени се најзначајните светски и локални епидемиолошки податоци, како и карактеристиките на епидемијата на ХИВ-инфекцијата во РС Македонија. Со воведувањето на антиретровирусната терапија (АРТ), една фатална болест премина во хронична болест која може соодветно и ефикасно да биде третирана. Со продолжувањето на животниот век на лицата кои живеат со ХИВ (ЛЖХИВ), се зголемува ризикот за појава на кардиоваскуларни заболувања и дијабетес. Повеќе хипотези би можеле да го објаснат ваквиот зголемен ризик од метаболни нарушувања, како што се забрзаниот процес на стареење на популацијата со ХИВ-инфекција, хроничната имунолошка активација или влијанието на антиретровирусните лекови. Кандидатката јасно го потенцира влијанието на некои од факторите поврзани со ХИВ-инфекцијата за кои се смета дека лежат во основата на забрзаната појава на метаболен синдром (МС) кај ЛЖХИВ кои вклучуваат перзистентна виремија, дисбиоза на цревниот микробиом, токсичност на антиретровирусни лекови, хронично воспаление, како и дисрегулиран стекнат и вроден имунолошки систем. Не помалку важни се и генетските индивидуални фактори, традиционалните и социјални влијанија и бихевиоралните ризик-фактори.

Во понатамошниот текст од воведот, детално се прикажани дефинициите на метаболниот синдром дадени од повеќе организации, меѓу кои и дефиницијата која е користена во докторскиот труд дадена од National cholesterol education program (NCEP) Adult Panel Treatment III (ATPIII) од 2005 година.

Прикажани се епидемиолошки податоци за преваленцата на МС во општата популација, како и во популацијата со ХИВ-инфекција на глобално ниво. Патогенезата на овој комплексен клиничко-патолошки феномен е мултифакторијална. Кандидатката дала значаен осврт на сите патогенетски процеси кои би можеле да бидат значаен ризик-фактор за појавата на МС кај ЛЖХИВ. Патофизиолошките механизми на настанување на МС се надоврзуваат и надополнуваат во еден комплексен процес кој ги вклучува хроничната инфламација, постојаната ХИВ-вирусна репликација и инфламација, имунолошката дисрегулација и влијанието на АРТ. Појавата на МС би можела да се должи и на имунолошката реконституција по воведувањето на АРТ, како и токсичните ефекти на некои антиретровирусни лекови. Јасно и прецизно е даден осврт на патогенетските механизми со кои одредени антиретровирусни лекови влијаат на појавата на МС. Објаснета е важноста на проценката на ризикот од кардиоваскуларни заболувања со примена на стандардните ризик скорови.

Во последната точка и подточки кандидатката детално го опишала третманот на МС. Секоја од тераписките мерки е поединечно опишана. Примената на имуномодулаторна терапија, како и генетскиот скрининг како предикативна алатка се нови пристапи во третманот и превенцијата на МС.

Во следната глава кандидатката го изнесува **мотивот** за реализација на истражувањето во докторскиот труд. Во неа е анализиран мотивот и значењето на потребата за регионална проценка на преваленцата на МС и асоцираните ризик-фактори за појава на МС кај ЛЖХИВ во нашата земја. Одредувањето на преваленцата на метаболен синдром кај ЛЖХИВ би овозможило изработка и имплементација на превентивни програми и мерки за спречување на кардиоваскуларни заболувања и дијабетес мелитус. Во клиничката пракса, раното откривање на ризик-предиктивните фактори може да му помогнат на клиничарот во способноста да ги идентификува високо ризичните индивидуи кои би биле таргет за интервенција. Влијанието на АРТ на појавата на МС би можело да игра улога во изборот на најсоодветен безбеден и истовремено ефикасен режим на АРТ. Сите овие мерки ќе овозможат ЛЖХИВ да имаат подолг и поквалитетен живот, со намалување на метаболните компликации.

Кандидатката јасно и концизно ги дефинира **целите** на научноистражувачката работа во докторскиот труд, кои се јасни, дефинирани во 4 точки:

1. да се процени преваленцата на метаболен синдром кај лица со ХИВ-инфекција во РС Македонија;

2. да се одреди асоцираноста на хроничниот инфламаторен процес предизвикан од ХИВ-вирусот врз појавата на метаболен синдром кај лицата со ХИВ-инфекција;
3. да се одреди асоцираноста на одредени режими на АРТ како ризик-фактор за појава на метаболен синдром кај лицата кои живеат со ХИВ;
4. врз база на добиените резултати во оваа студија, да се предвиди оптимален индивидуализиран безбеден антиретровирусен режим, кој би го намалил ризикот за појава на метаболен синдром и, последователно, ризикот за настанување на кардиоваскуларни заболувања и дијабетес мелитус кај ХИВ-инфицираните лица.

Даден е детален опис на **материјалот и методите** кои се користени во истражувањето. Опишан е дизајнот на студијата. Прецизирани се местото и времето на изведување на студијата, како и која е испитуваната популација. Се работи за ретроспективно проспективна студија која се одвиваше на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, во периодот од октомври 2023 до мај 2025 година. Во студијата се вклучени вкупно 249 возрасни (>18 години) пациенти со потврдена ХИВ-инфекција. Во тек на истражувањето, секој учесник вклучен во студијата е следен во период од 12 месеци (една година), при што кај секој пациент се реализирани три контролни прегледи 0, 6 и 12 месеци. Јасно се дефинирани инклузионите и ексклузионите критериуми за учество во студијата и секој учесник има потпишано информирана согласност за учество во студијата. Инклузиони критериуми се: возрасни пациенти (>18 години) со потврдена ХИВ-инфекција со одредување на ХИВ-вирусното оптоварување кои редовно примаат АРТ најмалку 6 месеци. Ексклузиони критериуми се: возраст под 18 години, бремени жени, лица со ХИВ-инфекција кои претходно примале предекспозициона или постекспозициона профилакса за ХИВ-инфекција, како и лицата со активна опортунистичка инфекција или карцином. Присуството на метаболен синдром е одредено според критериумите на National cholesterol education program Adult Treatment Panel ATP III (NCEP ATP III) од 2005 година, со присуство на најмалку три од вкупно пет ризик-фактори, и тоа: ниски вредности на ХДЛ-High density lipoprotein cholesterol, зголемен обем на стомак, хипетриглицеридемија, зголемени вредности на фастинг гликоза и хипертензија. Присуството на МС кај ЛЖХИВ е одредено на почетокот на истражувањето и по 6 и 12 месеци. Дефинирани се две групи на пациенти, и тоа:

-пациенти со ХИВ-инфекција со метаболен синдром, и

-пациенти со ХИВ-инфекција без метаболен синдром.

Во текот на истражувањето, заведени се социјалдемографските варијабли: пол, возраст, пушење и консумација на алкохол, при што податоците се земени од медицинската историја на пациентот. Детално се опишани физичките мерки: крвен притисок, телесна тежина, телесна висина, обем на стомак, обем на колк, индекс на телесна маса (BMI) и начин на нивното мерење. Одредени се ХИВ-вирусното оптоварување, имунолошкиот дефицит и инфламаторните параметри: CRP и IL 6. Опишани се сите групи на АРТ кои се користат во третманот на ЛЖХИВ. Јасно се прикажани времетраењето и комбинациите на АРТ кои се користени во тек на истражувањето според препораките на European AIDS clinical society (EACS guidelines 12.0 October 2023), и тоа: комбинација на два нуклеозидни инхибитора на реверзна транскриптаза (NRTI) во комбинација со еден ненуклеозиден инхибитор на реверзна транскриптаза (NNRTI) или два NRTI со еден интеграза инхибитор (INSTI). Детално се опишани лабораториско-биохемиските анализи, при што земени се примероци на крв во вкупна количина 25,4ml во три епруветки BD Vacutainer CAT Clot Activator tube 6ml за одредување на HDL-холестерол, LDL-холестерол, вкупен холестерол и триглицериди и фастинг гликоза, CRP и IL 6. BD Vacutainer PPT K2E 15.8ml за одредување на ХИВ РНК-вирусното оптоварување и BD Vacutainer K2E 3,6ml за одредување на бројот на CD4+ cell/ml. Примероците на крв се анализирани со стандардни лабораториско-биохемиски тестови. Квантификација на нивоата на ХИВ РНК во хумана плазма е направена со real-time полимеразно верижна реакција (RT-PCR COBAS AMPLIPrep-COBAS TaqMan 48

Roche со долен лимит на детекција <20 cop/ml, Abbot System m2000sp/m2000rt со долен лимит на детекција <40 cop/ml и GeneXpert со долен лимит на детекција <40cop/ml). Имунолошкиот дефицит е одреден со апсолутна фотомикроскопија и светлосна апсорпциона детекција на мултиколорна платформа (Facs Presto-BD) за апсолутна и процентуална детекција на CD4 лимфоцити, изразени во број на клетки во милилитар (cell/ml) секој примерок анализиран со посебен кертриџ.

Резултатите покажаа дека истражувањето е комплетно спроведено кај 202 испитаници, доминираа машки пациенти 94,06 %, со просечна возраст 38.6 ± 8.5 години. Преваленцата на метаболен синдром изнесува 19,31 %, 21,78 % и 17,33 %, на почеток, на 6 месеци и на 12 месеци, соодветно. Во испитуваниот период од една година се бележи намалување на преваленцата на метаболен синдром за 10,25 %. Дефинирани се две групи на пациенти, и тоа првата група пациенти со ХИВ-инфекција со метаболен синдром (n=39) и втората група пациенти со ХИВ-инфекција без метаболен синдром (n=163) кои редовно примаат АРТ повеќе од 6 месеци. Групите со МС на 6 и 12 месеци вклучувале (n=44, n=35, соодветно) пациенти. Не е најдена статистичка сигнификантна разлика во однос на половата дистрибуција, но пациентите со МС се сигнификантно постари p=0.0195. Не е добиена сигнификантна разлика во однос на пушењето, но пациентите во двете групи сигнификантно се разликувале во однос на консумирањето алкохол (p=0.018). Воопшто не пијат алкохол сигнификантно поголем процент на пациенти со МС. Пациентите со МС имале повисок просечен индекс на телесна маса (BMI) на 0, 6 и по 12 месеци (p<0.0001). Сигнификантна била разликата во дистрибуција на пациенти со ниска, нормална, прекумерна телесна тежина и обезни меѓу двете групи на почеток на истражувањето (p<0.0001). Споредбата на двете групи презентира пациенти со низок BMI само во групата без МС во тек на целото истражување, сигнификантно понизок процент на пациенти со нормален BMI во групата со МС на 0, 6 и 12 месеци и сигнификантно повисок процент на пациенти со прекумерна телесна тежина и обезитас во групата со МС на 0,6 и 12 месеци. Застапеноста на критериумите на МС на 0,6,12 месеци покажала сигнификантно почеста застапеност на сите компоненти на метаболен синдром кај пациентите со МС. Пациентите со МС на почеток и на 6 месеци од истражувањето имаа сигнификантно поголем просечен обем на стомак (p<0.0001), обем на колк (p=0.000088), систолен крвен притисок (p<0.0001) и дијастолен крвен притисок (p=0.000081), триглицериди (p<0.0001), и гликемија (p=0.006, p=0.04) и сигнификантно пониски просечни вредности на HDL-холестерол (p<0.0001, p=0.004). Пациентите со МС имале сигнификантно поголем просечен обем на стомак и колк по 12 месеци, слични просечни вредности на систолен и дијастолен крвен притисок, сигнификантно повисоки вредности на гликемија (p=0.000028) и триглицериди (p<0.0001) и сигнификантно пониски просечни вредности на HDL-холестерол (p=0.0004). Пациентите од групата со МС имале сигнификантно повисок просечен холестерол на 0 и 6 месеци (p=0.045, p=0.046, соодветно) и несигнификантно покачен по 12 месеци (p=0.133). Статистички несигнификантна беила разликата во дистрибуцијата на намален, нормален и покачен холестерол меѓу двете групи. Пациентите со и без метаболен синдром на почеток на истражувањето имале слични просечни вредности на LDL-холестерол. Разликата во дистрибуцијата на пациенти со намален, нормален и покачен LDL-холестерол меѓу двете групи била несигнификантна на 0, 6 и 12 месеци. Просечниот број на CD4-клетки бил несигнификантно поголем во групата со МС на почетокот (p=0.208),и на 12 месеци (p=0.146) и сигнификантно поголем по 6 месеци (p=0.0044). Повеќе од 350 CD4 cell/ml биле детектирани на почетокот кај групата со МС, а потоа по 6 месеци и 12 месеци во групата без МС, без сигнификантна разлика. Пациентите со МС имале почесто детектибилни вредности на ХИВ РНК во хумана плазма на почетокот на истражувањето, но разликата не била статистички сигнификантна (p=0.64). Слична била застапеноста на детектибилна ХИВ РНК во хумана плазма кај двете групи по 6 месеци (p=0.76). По 12 месеци, детектибилна ХИВ РНК во хумана плазма имале 2,86 % пациенти со и 2,99 % пациенти без МС. CRP имал сигнификантно повисоки вредности кај пациентите со МС на 0, 6 и на 12 месеци (p=0.0236, p=0.019, p=0.0043, соодветно). Покачени вредности на CRP сигнификантно

почесто имале пациентите со МС на почеток (p=0.016), несигнификантно почесто покачени вредности на CRP имале пациентите со МС по 6 и 12 месеци. Il-6 имаше сигнификантно повисоки вредности кај пациентите кои имаа МС на почеток (p=0.022). По 6 и 12 месеци, IL6 имаше несигнификантно различни вредности. Пациентите со МС на почетокот имале несигнификантно почесто покачен IL6. По 12 месеци од почетокот на истражувањето споредено со почетокот, не била најдена сигнификантна разлика во процентот на пациенти со број на CD4<350 cell/ml, ХИВ РНК >40 copii/ml, CRP >5 mg/l и IL >6 pg/ml. Групите пациенти, со и без метаболен синдром, не се разликувале сигнификантно во однос на режимот на АРТ на 0, 6 и по 12 месеци. Должината на траењето на моменталната терапија била слична во двете групи. Пациентите со метаболен синдром АРТ примаат сигнификантно подолго (p=0.031). Режим со 2NRTI+NNRTI несигнификантно почесто примале пациентите без МС, додека 2NRTI+INSTI несигнификантно почесто примале пациентите со МС. Несигнификантна била разликата меѓу пациентите во двете групи во однос на комбинацијата на АРТ на 0, 6 и 12 месеци. Комбинацијата со TDF/FTC+DOR била најчесто застапена комбинација во двете групи за цело време од истражувањето. Мултиваријантната анализа како независни сигнификантни прогностички фактори за МС ги прикажа: BMI (p=0.024), обем на стомак (p=0.001), хипертензија (p=0.002), триглицериди (p=0.000), HDL-холестерол (p=0.004) и гликемија (p=0.047); зголемувањето на BMI за 1 kg/m2 го зголемува ризикот за МС за 12,6 %, зголемувањето на обемот на стомак за 1 см го зголемува ризикот за МС за 11,4 %, пациентите со висок крвен притисок имаат за 1.501 пати поголем ризик за МС во однос на пациентите без висок крвен притисок, покачувањето на триглицеридите за 1 mm/l го зголемува ризикот за МС за 36,7 %, покачувањето на HDL-холестерол за 1 mm/l го намалува ризикот за МС за 0,02 %, покачувањето на серумското ниво на гликоза за 1 mm/l го зголемува ризикот за МС за 1,371 %. По 12 месеци терапија, статистичка сигнификантна разлика во однос на базичните почетни вредности била добиена за: BMI (p=0.0035), обем на колк (p=0.00014), гликемија (p<0.0001), HDL-холестерол (p=0.0174), LDL-холестерол (p=0.000023) и IL6 (0.000178).

Во **шестата глава** се опишува статистичката обработка на податоците добиени во тек на истражувањето. Статистичката анализа на податоците е направена во статистичкиот софтвер SPSS (вер. 25.0; IBM, SPSS, USA). Kolmogorov-Smirnov тест и Shapiro Wilk's test се користени за тестирање на нормалноста на дистрибуцијата на податоците. Категориските (атрибутивни) варијабли се прикажани со апсолутни и релативни броеви. Нумеричките (квантитативни) варијабли се прикажани со просек, стандардна девијација, минимални и максимални вредности, медијална вредност и интерквартилен ранк. За споредување на групите со и без метаболен синдром, за двете групи во однос на категориските (атрибутивни) варијабли биле користени Fisher exact test и Chi-square test, за споредување на нумеричките (квантитативни) варијабли, во зависност од дистрибуцијата на податоците биле користени непараметарски и параметарски тестови за независни примероци (Student t-test for independent samples и Mann-Whitney test). Разликата во вредностите на анализираните параметри по 12 месеци беше тестирана со Student t-test for dependent samples. Логистичка регресиона анализа со одредување на Odd ratio (OR) и 95% CI е употребена за одредување на независните прогностички фактори асоцирани со метаболен синдром. Статистичката сигнификантност е дефинирана на ниво на p<0.05.

Во **седмата глава,** детално се дискутира за добиените резултати од истражувањето. Дискусијата опфаќа опсежна и критичка споредба на добиените резултати и сознанија, со тие од досега објавените слични студии во достапната библиографија, како и толкувања на можните причини за сличностите и разликите во резултатите. Добиените податоци за преваленцата на метаболен синдром кај лицата со ХИВ-инфекција во нашата земја одговараат на податоците за преваленца на метаболен синдром на глобално ниво која се движи од 20 до 25 %. Потврдена е улогата на компонентите кои го дефинираат метаболниот синдром, како значајни ризик-фактори, но, исто така, поддржана е и хипотезата за улогата на хроничниот инфламаторен процес

предизвикан од ХИВ-вирусот и влијанието на АРТ. Добиените резултати одговараат и на резултатите презентирани во научни публикации објавени во интернационални списанија, а цитирани во докторскиот труд.

Осмата глава ги опишува заклучоците на докторскиот труд. Од докторскиот труд произлегле повеќе заклучоци, меѓу кои: преваленцата на МС кај лицата со ХИВ-инфекција кои редовно примаат АРТ повеќе од 6 месеци, во РС Македонија според критериумите на NCEP ATP III 2005 изнесува 19,31 % на почетокот на истражувањето, 21,78 % по првите 6 месеци и 17,33 % по 12 месеци. Намалувањето на преваленцата на метаболен синдром во период од една година е за 10,25 %. Компонентите на метаболен синдром се веќе докажани како предиктори за појавата на метаболен синдром, при што доминираа хипертриглицеридемијата, хипертензијата и хипергликемијата. Идентификувањето на ризичните индивидуи, преземените тераписки интервенции, како и примената на ефикасна и безбедна АРТ ја намалува преваленцата на метаболен синдром. Вредностите на ХИВ РНК во хумана плазма и бројот на ЦД4-клетки немале предиктивна вредност за појава на метаболен синдром. Детектибилни вредности на ХИВ РНК во хумана плазма и повисоки нивоа на CRP и IL6 се показател на хроничната инфламација. Одржувањето на перзистентна вирусна репликација во резервоарите, како што е масното ткиво, ја поддржува хипотезата дека хроничната инфламација и имунолошка дисрегулација предизвикана од ХИВ-вирусот е асоцирана со појавата на метаболен синдром. Времетраењето на третманот со АРТ е значајно за појавата на метаболен синдром. Примената на нови генерации на АРТ кои имаат подобар безбедносен профил го намалуваат ризикот за појава на метаболен синдром. Третман со INSTI го зголемува ризикот за појава на метаболен синдром, особено преку влијанието на зголемување на телесна тежина. Долгорочните токсицитети на АРТ на функционалноста на адипоцитите и влијанието врз адипоцитната токсичност во отсуство на клинички евидентни промени на дистрибуцијата на масното ткиво треба понатаму да се истражуваат и дефинираат. Појавата на метаболен синдром силно корелира со демографските и клиничките карактеристики, како што се возраста, времетраењето на третманот, BMI и имунолошкиот статус. Потребно е континуирано следење од страна на клиничарите при третманот со АРТ, особено во однос на изборот на режим на почетокот на третманот, но, исто така, и за одлуките за промена на тераписки режим. Клиничарите мора да го земат предвид целокупниот профил на ризик на пациентите, при што третманот со АРТ мора да е индивидуализиран и безбеден преку воведувањето соодветни модалитети на управување за спречување и контрола на метаболните нарушувања. Потребни се дополнителни истражувања за детерминирање на традиционалните и новите стратегии за третман на метаболен синдром кај лицата кои живеат со ХИВ.

Предмет на истражување

Предмет на истражување е преваленцата и асоцираните ризик-фактори за појава на метаболен синдром кај ЛЖХИВ и кои редовно примаат АРТ, како состојба која го зголемува ризикот за појава на кардиоваскуларни заболувања и дијабетес и ја намалува можноста за долг и квалитетен живот на оваа популација.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд

Метаболниот синдром го сочинуваат група на ризик-фактори, како што се: абдоминална здебеленост, хипертензија, дислипидемија и инсулинската резистенција, кои значително го зголемуваат ризикот за кардиоваскуларнии заболувања и дијабетес. Патогенезата на настанување на метаболниот синдром е мултифакторијална и комплексна. Покрај генетските, традиционалните и социјалните влијанија, кај ЛЖХИВ постојат специфични ризик-фактори како ХИВ-вирусната репликација и АРТ, кои предизвикуваат хронична инфламација со продукција на проинфламаторни цитокини и имунолошка дисрегулација и ендотелијална дисфункција и доведуваат до значајни метаболни нарушувања.

Краток опис на применетите методи

Одредени се физички мерки и лабораториско-биохемиски анализи за дефинирање на присуството на метаболен синдром. Реализирани се мерења на обем на стомак, телесна тежина, крвен притисок, телесна висина, индекс на телесна маса. Детално е опишан начинот на мерење на физичките мерки. Одредени се HDL-холестерол, LDL-холестерол, вкупен холестерол и триглицериди и фастинг гликоза. Потоа, одредени се инфламаторните биомаркери: С-реактивен протеин и интерлеукин 6, ХИВ РНК-вирусно оптоварување во хумана плазма и број на CD4+ cell/ml како параметри на хронична инфламација, ХИВ-вирусна репликација и имунолошка реконституција. Применети се стандардни лабораториско-биохемиски тестови. Квантификација на нивоата на ХИВ РНК во хумана плазма е направена со real-time полимеразно верижна реакција (RT-PCR COBAS AMPLIPrep-COBAS TaqMan 48 Roche со долен лимит на детекција <20 cop/ml, Abbot System m2000sp/m2000rt со долен лимит на детекција <40 cop/ml и GeneXpert со долен лимит на детекција <40cop/ml). Одредувањето на бројот на CD4-лимфоцити е со апсолутна фотомикроскопија и светлосна апсорпциона детекција на мултиколорна платформа (Facs Presto-BD) за апсолутна и процентуална детекција на CD4-лимфоцити, изразени во број на клетки во милилитар (cell/ml) секој примерок анализиран со посебен кертриџ.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Преваленцата на метаболен синдром кај лицата со ХИВ-инфекција кои редовно примаат АРТ повеќе од 6 месеци, во РС Македонија, според критериумите на NCEP ATP III 2005, изнесува 19,31 % на почетокот на истражувањето, 21,78 % по првите 6 месеци и 17,33 % по 12 месеци. Забележано е намалување на преваленцата на метаболен синдром во период од една година за 10,25 %. Компонентите на метаболен синдром се веќе докажани како предиктори за појавата на метаболен синдром. Вредностите на ХИВ РНК во хумана плазма и бројот на ЦД4-клетки немале предиктивна вредност за појава на метаболен синдром. Детектибилни вредности на ХИВ РНК во хумана плазма и повисоки нивоа на CRP и IL6 се показател на хроничната инфламација. Времетраењето на третманот со АРТ е значајно за појавата на метаболен синдром. Третман со INSTI го зголемува ризикот за појава на метаболен синдром. Појавата на метаболен синдром силно корелира со демографските и клиничките карактеристики, како што се возраста, времетраењето на третманот, BMI и имунолошкиот статус.

Оцена на трудот

Комисијата оценува дека докторскиот труд со наслов: МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАЈ ЛИЦА СО ХИВ-ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕВАЛЕНЦА И АСОЦИРАНИ РИЗИК-ФАКТОРИ, од кандидатката ас. д-р Билјана Петреска, произлегува од самостојна научна работа.

Во докторскиот труд е обработена една исклучително значајна и актуелна тема од областа на инфектологијата, прва од ваков вид во РС Македонија. Изработката на овој докторски труд има за цел да ја процени преваленцата на метаболен синдром кај лицата со ХИВ-инфекција кои редовно примаат АРТ во РС Македонија. Проценката на преваленцата на метаболен синдром ќе овозможи изработка и имплементација на превентивни програми и мерки за спречување на кардиоваскуларни заболувања и дијабетес. Одредувањето на асоцираноста на хроничниот инфламаторен процес предизвикан од ХИВ-вирусот преку одредувањето на ХИВ-вирусното оптоварување, бројот на CD4-лимфоцити, CRP и IL6 во клиничката пракса ќе овозможи рано откривање на ризик-предиктивните фактори и идентификување на индивидуите кои би биле таргет за одредени тераписки интервенции за спречување на појавата на метаболен синдром. Идентификувањето на асоцираноста на одредени режими на АРТ со појавата на метаболен синдром ја дефинира основната придобивка од овој докторски труд, а тоа е да се предвиди оптимален индивидуализиран безбеден антиретровирусен режим кој би го намалил ризикот за појава на метаболен синдром и, последователно, ризикот за настанување на кардиоваскуларни заболувања и дијабетес, консеквентно на што би се подобрил квалитетот на живот на ЛЖХИВ.

Докторскиот труд ги содржи сите елементи на научен труд со јасно дефинирани цели во согласност со мотивот на истражувањето, кои се во целост реализирани, прецизно се изложени материјалот и методите, и детално се прикажани статистички обработените резултати. Дискусијата и заклучоците се објективни и даваат прецизни одговори на поставените цели. Сумирајќи ги концизно резултатите од ова истражување и заклучоците кои произлегуваат од нив, кандидатката дава значаен придонес во унапредување и оптимизирање на третманот на една особено специфична популација – ЛЖХИВ. Наодите и препораките од овој докторски труд се очекува да имаат имплементација во секојдневната клиничка пракса.

Докторскиот труд е изработен во согласност со стандардите на научноистражувачката работа. Комисијата смета дека докторскиот труд ќе даде особен клинички и научен придонес во областа на инфектологијата, особено за ЛЖХИВ.

Докторскиот труд со наслов: МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАЈ ЛИЦА СО ХИВ-ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕВАЛЕНЦА И АСОЦИРАНИ РИЗИК-ФАКТОРИ, од кандидатката ас. д-р Билјана Петреска, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

1. Petreska B., Stevanovik M., Kondova Topuzovska I, Saveski V., Arsik E., Dimzova M., Toshevski B.” METABOLIC SYNDROME IN ANTIRETROVIRAL THERAPY TREATMENT EXPERIENCED BY PEOPLE LIVING WITH HIV”Academic Medical Journal 2024, 4(2):32-40 UDC:616-008:{616.98:578.828]-085.281.8(497.7) DOI:Original article, Accepted June 14,2024
2. Petreska B., Stevanovik M., Kondova Topuzovska I., Saveski V., Arsik E., “ASSOCIATED RISK FACTORS AND PREVALENCE OF METABOLIC SYNDROME IN PEOPLE LIVING WITH HIVAND RECEIVING ANTIRETROVIRAL TREATMENT”, JMS2025: Vol8(1):93-105

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ас. д-р Билјана Петреска, со спроведувањето на ова истражување и со своето искуство во научноистражувачката работа, како и со објавените научни трудови, ќе даде голем научен придонес во научноистражувачката работа. Преку понатамошен научен, стручен и академски ангажман на кандидатката, добиените резултати и стекнатите знаења од овој докторски труд можат да бидат пренесени на колегите кои се заинтересирани за проблематиката што ја обработува овој докторски труд.

Резултатите од овој докторски труд ќе имаат соодветна примена во секојдневната клиничка пракса, преку рано детектирање на предиктивните фактори за појава на метаболен синдром и преземање на соодветни тераписки интервенции со што ќе се намали можноста за појава на метаболни компликации, кои, воедно, претставуваат и ризик за појава на кардиоваскуларни заболувања и дијабетес.

Добиените резултати од истражувањето, кое кандидатката го спроведе на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, ги оправдуваат претпоставените цели и ја потврдуваат потребата од спроведување на понатамошни истражувања во оваа област потребни за детерминирање на традиционалните и новите стратегии за третман на метаболен синдром кај ЛЖХИВ. Врз основа на анализата, Рецензентската комисија оценува дека докторскиот труд од кандидатката ас. д-р Билјана Петреска, МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАЈ ЛИЦА СО ХИВ-ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕВАЛЕНЦА И АСОЦИРАНИ РИЗИК-ФАКТОРИ, ги исполнува бараните критериуми и претставува придонес во научноистражувачката и клиничко-медицинската дејност во РС Македонија. Трудот ги содржи сите елементи со јасно дефинирани цели, материјал и методи, детално прикажани и статистички обработени резултати, дискусија и заклучоци кои даваат прецизни одговори на поставените цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот совет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд со наслов: МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ КАЈ ЛИЦА СО ХИВ-ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРЕВАЛЕНЦА И АСОЦИРАНИ РИЗИК-ФАКТОРИ, од кандидатката ас. д-р Билјана Петреска, и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да ѝ овозможи на кандидатката јавна одбрана на докторскиот труд.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Цветановска, претседател, с.р.
Проф. д-р Ирена Кондова Топузовска, ментор, с.р.
Проф. д-р Марија Димзова, член, с.р.
Проф. д-р Александар Петличковски, член, с.р.
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИМУНОХИСТОХЕМИСКО ТЕСТИРАЊЕ НА ЕНДОМЕТРИЈАЛНИОТ ЕНДОМЕТРОИДЕН АДЕНОКАРЦИНОМ ОД НИЗОК ГРАДУС ЗА MMR, P53, PD-L1 И CD44 И ПОВРЗАНОСТ СО КЛИНИЧКО-ПАТОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ И ИСХОДОТ НА БОЛЕСТА ВО ЕРА НА МОЛЕКУЛАРНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЕНДОМЕТРИЈАЛНИОТ КАРЦИНОМ“ ОД Д-Р МАРИЈА ЈОКСИМОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 458/2019 и бр. 458/2021-анекс), член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 425 од 28.6.2019) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата редовна XXVIII седница одржана на 12.2.2026 година, формираше Комисија за одбрана на докторскиот труд на кандидатката д-р Марија Јоксимовиќ со наслов: „Имунохистохемиско тестирање на ендометријалниот ендометроиден аденокарцином од низок градус за MMR, p53, PD-L1 и CD44 и поврзаност со клиничко-патолошките карактеристики и исходот на болеста во ера на молекуларна класификација на ендометријалниот карцином“, во состав: проф. д-р Игор Алулоски (претседател), проф. д-р Никола Јанкуловски (ментор), проф. д-р Сашо Стојчевски (член), проф. д-р Ирена Алексиоска Папестиев (член) и проф. д-р Гордана Петрушевска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание го прегледа и оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторскиот труд на кандидатката д-р Марија Јоксимовиќ, со наслов: „Имунохистохемиско тестирање на ендометријалниот ендометроиден аденокарцином од низок градус за MMR, p53, PD-L1 и CD44 и поврзаност со клиничко-патолошките карактеристики и исходот на болеста во ера на молекуларна класификација на ендометријалниот карцином“, содржи 179 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви – 12, 274 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 9 глави, и тоа: вовед, мотив, цели на студијата, дизајн, материјали и методи, статистичка анализа, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава од докторскиот труд е насловена „Вовед“. Воведниот дел на докторскиот труд претставува концепциски цврсто поставена и научно аргументирана синтеза на современите сознанија за ендометријалниот карцином, интегрирајќи епидемиолошки, морфолошки, молекуларни и клиничко-терапевтски аспекти во единствена, кохерентна целина.

Авторката демонстрира солидно познавање на биологијата на болеста и нејзината еволуција од класично хистопатолошко ентитетско разбирање кон молекуларно дефинирана туморска хетерогеност.

Во сегментот посветен на факторите на ризик, анализата не се ограничува на традиционалниот концепт на „естроген-зависен“ карцином, туку ја проширува дискусијата кон метаболичката дисрегулација и естрогената неопонираност, особено поврзана со обезитетот, улогата на инсулин-IGF сигналниот пат во ендометријалната канцерогенеза. Со ова, темата се

поставува во рамките на современата онкометаболичка парадигма, што е особено релевантно во популации со зголемена преваленца на дебелина и метаболен синдром. Авторката соодветно ги обработува наследните форми на ендометријален карцином, со јасен акцент на Линч синдромот како најзначаен хередитарен ентитет поврзан со герминативни мутации во MMR гените. Објаснувањето на микросателитната нестабилност и зголемениот животен ризик, како и појавата на болеста во помлада возраст, е поставено во директна релација со современата молекуларна стратификација. Дополнително, обработката на Cowden синдромот и улогата на PTEN мутациите ја проширува генетската рамка на ризик, со соодветно наведување на процентуалниот животен ризик. Авторката критички се осврнува и на значењето на фамилијарната анамнеза како независен ризик-фактор, како и на контроверзната улога на BRCA мутациите, нагласувајќи ја можната конфузија со тамоксифен-индуцираните случаи. Вклучувањето на овие аспекти ја зајакнува научната целина на воведот и ја оправдува потребата од систематска молекуларна евалуација кај новодијагностицираните пациентки.

Делот за патологијата и традиционалните системи за класификација е аналитички поставен и ја нагласува ограничената прогностичка дискриминаторна моќ на бинарниот модел тип I/тип II, особено кај ендометриоидните форми од висок градус. Авторката со аргументирана критичност ја отвора потребата од молекуларна ре-дефиниција на болеста, подготвувајќи ја сцената за воведување на TCGA (The Cancer Genome Atlas) молекуларната стратификација.

Презентацијата на TCGA-класификацијата е концептуално зрела и медицински продлабочена. Детално се обработуваат четирите молекуларни подгрупи — POLE-ultramutated, MSI-hypermutated (MMRd), copy-number low (NSMP) и copy-number high (p53-aberrant) — со јасно елаборирање на нивната геномска стабилност, мутациски товар и биолошко однесување. Авторката ја истакнува клиничката импликација на POLE мутациите како индикатор за екстремно поволна прогноза, дури и кај морфолошки високоградусните тумори, што суштински го менува адјувантниот терапевтски алгоритам. Во исто време, p53-aberrant поттипот е правилно позициониран како молекуларен сурогат за серозен фенотип со висок ризик од системска дисеминација.

Особено значаен е делот кој ја обработува клиничката имплементација на молекуларната стратификација согласно ESGO–ESTRO–ESP консензусните препораки. Авторката демонстрира јасно разбирање дека интеграцијата на молекуларните поттипови во ризичните групи не претставува само академска класификација, туку има директна импликација врз одлуката за адјувантна радиотерапија, хемотерапија или деескалација на третманот. Притоа се нагласува преминот од логиката на исклучиво анатомско-патолошко одредување на стадиумот на болеста кон биолошки информиран, прогностички пречистен модел на управување со болеста.

Поглавјето за имунохистохемиска анализа на MMR-статусот е прецизно, методолошки коректно и клинички релевантно. Авторката ги објаснува механизмите на дефектот на системот за поправка на ДНК-несовпаѓањата, нивната улога во микросателитната нестабилност и потенцијалот за предикција на одговор на терапијата со инхибитори на имуните контролни точки. Вклучувањето на овој сегмент го позиционира овој труд во контекст на имуноонкологијата како доминантна терапевтска насока во современата гинеколошка онкологија.

Анализата на p53 е научно продлабочена и правилно ја истакнува разликата помеѓу null (негативните) и overexpression (прекумерна експресија) шемите на експресија, како индиректни показатели за TP53-мутациски статус. Овој дел демонстрира разбирање дека p53-аберацијата не е само прогностички маркер, туку и индикатор за потенцијално поагресивен клинички тек и повисок ризик од далечни метастази дури и во услови на низок стадиум на болест и хистолошки поволен тип според традиционалните системи за класификација.

Делот за PD-L1 е интегриран во поширок контекст на туморскиот имуномикромедиум, со осврт на механизмите на имунолошко сокривање и клиничката валидност на комбинираниот позитивен скор (CPS) во селекција на пациенти за имунотерапија. Со ова, авторката демонстрира способност да ја поврзе биолошката основа со терапевтските иновации. Посебно се нагласува

корелацијата помеѓу dMMR/MSI-H статусот, високото мутациско оптоварување и имуногената микросредина, што ја објаснува зголемената чувствителност на овие поттипови кон имунотерапија. Аналитички е прикажана и хетерогеноста на PD-L1 експресијата меѓу различните молекуларни подгрупи, со што се демонстрира разбирање на нејзината прогностичка и потенцијално стратификациска улога. Со ваквиот пристап, дискусијата за PD-L1 надминува дескриптивно ниво и добива јасна премостувачка димензија, поврзувајќи ја молекуларната биологија со современите терапевтски алгоритми.

Особено иновативен и научно амбициозен е делот посветен на канцер стем клетките, каде се разработува концептот на туморска пластичност, потенцијалот за самообновување и терапевтска резистенција. Обработувајќи ја теоријата за канцер стем клетките со јасно разбирање на нејзината импликација во туморската хетерогеност, терапевтската резистенција и рекурентниот потенцијал на болеста, CD44 е правилно позициониран како функционално релевантна адхезивна молекула и потенцијален маркер на стем-клеточен фенотип кај ендометријалниот карцином, при што се нагласува неговата улога во клеточната миграција, инвазивност и интеракција со екстрацелуларниот матрикс. Дополнително, авторката аналитички ги презентира контрадикторните податоци од литературата, демонстрирајќи критички пристап кон неговата прогностичка вредност и потенцијална улога во различни фази од канцерогенезата. Со ваквата аргументирана дискусија, CD44 е интегриран не само како имунохистохемиски маркер, туку како биолошки индикатор на динамиката и еволутивниот капацитет на туморот.

Клиничкиот блок на воведот е систематизиран и прецизен, со јасна дистинкција помеѓу дијагностичките алгоритми, хируршкото стејџирање и адјувантниот третман. Посебна вредност има интеграцијата на молекуларната стратификација во дефинирањето на низок, интермедиерен и висок ризик, согласно европските водичи, што ја рефлектира актуелната пракса на деескалација или интензификација на терапијата врз основа на биолошкиот профил.

Во целина, воведот е научно зрел, концепциски кохерентен и рефлектира значајно ниво на познавање во областа на гинеколошката онкологија. Авторката демонстрира способност за критичка синтеза на литературата и за интеграција на молекуларната биологија во клиничката одлука..

Во втората глава на докторскиот труд е опишан **мотивот на истражување**. Мотивот на овој труд е јасно дефиниран и научно оправдан, произлегувајќи од потребата за подлабоко разбирање на биолошката хетерогеност на ендометријалниот аденокарцином од низок градус во нашата популација. Авторката аргументирано ја нагласува клиничката важност од идентификување на подгрупи со потенцијално поагресивен тек, и покрај нивната припадност кон прогностички поволен хистолошки тип. Посебна вредност претставува фактот што во рамките на трудот за првпат во нашата средина се имплементираат имунохистохемиски маркери кои се дел од современите официјални упатства за молекуларна класификација. Со тоа, мотивот на трудот ја надминува дескриптивната рамка и добива јасна клиничко-апликативна димензија. Ваквиот пристап е во согласност со современите тенденции на онкологијата и ги оправдува актуелноста и значењето на истражувањето.

Во **третата глава** се опишани целите на студијата. Целите на овој труд се јасно структурирани, меѓусебно логично поврзани и методолошки доследни на поставениот истражувачки концепт. Примарната цел – имунохистохемиска евалуација на MMR-протеините, p53, CD44 и PD-L1 кај ендометријален аденокарцином од низок градус – претставува научно релевантна основа за молекуларна стратификација на оваа прогностички хетерогена група тумори. Набројаните цели демонстрираат аналитички пристап преку детална корелација на биомаркерските профили со клиничките и хистопатолошките параметри, вклучително и FIGO-стадиум, миометријална инвазија и лимфоваскуларна инвазија, што овозможува сеопфатна биолошка карактеризација. Вклучувањето на PD-L1 проценка преку комбиниран позитивен скор (CPS), како и анализата на меѓусебната поврзаност помеѓу MMR, CD44 и PD-L1 експресијата, укажува на интегриран пристап кон молекуларниот и имунолошкиот профил на туморот.

Дополнителната анализа на онколошките исходи во подгрупата со следење ја засилува прогностичката димензија на трудот и ја потврдува неговата клиничка применливост во контекст на современата онкологија.

Во четвртата глава на докторскиот труд се обработени **дизајнот, материјалот и методите на студијата.** Овој дел е методолошки јасно структуриран и демонстрира високо ниво на научна дисциплина и истражувачка прецизност. Ретроспективно-проспективниот кохортен аналитички дизајн е соодветно избран во однос на поставените цели, овозможувајќи истовремена дескриптивна карактеризација на молекуларните профили и нивна корелација со клиничко-патолошките параметри и онколошките исходи. Поделбата на испитуваната популација на ретроспективна и проспективна подгрупа е јасно дефинирана, со јасно наведени временски рамки и критериуми за вклучување, што ја зајакнува интерната валидност на студијата. Особено значајно е тоа што сите пациентки се третирани во единствен терцијарен центар, со унифициран хируршки и онколошки протокол, што ја намалува варијабилноста поврзана со различни терапевтски пристапи. Инклузионите и ексклузионите критериуми се прецизно формулирани и овозможуваат формирање на хомогена група пациентки со ендометријален аденокарцином од низок градус, со што се елиминира потенцијалната конфузија од високоагресивни хистолошки форми или од пациенти со напредната, нересектибилна болест. Вклучувањето исклучиво на пациентки кај кои е изведена сентинелна биопсија на лимфни јазли дополнително овозможува пообјективна патолошка стадираност, иако авторката коректно наведува дека ова претставувало лимитирачки фактор во регрутацијата. Ваквата транспарентност придонесува кон научната кредибилност на трудот. Методологијата за прибирање на клиничките податоци е сеопфатна и систематизирана, со јасно дефинирани варијабли кои опфаќаат демографски, антропометриски, клинички и радиолошки параметри. Хистопатолошката анализа е детално опишана, со прецизно наведување на клучните прогностички индикатори (градус, длабочина на миометријална инвазија, лимфоваскуларна инвазија, лимфно-јазолна зафатеност и FIGO стадиум), што овозможува валидна корелација со молекуларните резултати. Имунохистохемиската методологија е опишана со високо ниво на техничка прецизност. Употребата на автоматизиран PT LINK immunoperoxidase систем, валидирани комерцијални антитела и јасно дефинирани критериуми за интерпретација на MMR-статусот, p53-патерните, CD44 IHS скорингот и PD-L1 експресијата преку Combined Positive Score (CPS), ја позиционира студијата во рамките на современите дијагностички стандарди. Особено значајна е стандардизацијата на критериумите за абнормален p53-статус и дихотомната категоризација на CD44-експресијата, што овозможува статистичка обработливост и клиничка интерпретабилност на податоците. Двојната ревизија на имунохистохемиските препарати од независни патолози дополнително ја засилува дијагностичката валидност и ја намалува интеробзерверската варијабилност. Вклучувањето на анализа на преживување и појава на рецидив во ретроспективната подгрупа внесува дополнителна прогностичка димензија во студијата и ја надградува од чисто биолошка кон клиничко-исходна рамка. Етичките аспекти се соодветно регулирани, со експлицитно наведено одобрение од релевантните институционални комисии и примена на принципите на Декларацијата од Хелсинки, што ја потврдува усогласеноста со меѓународните стандарди за истражување кај човечки субјекти. Во целина, методолошката рамка е кохерентна, технички прецизна и целосно усогласена со поставените цели на трудот. Дизајнот овозможува валидна интерпретација на молекуларните и клиничките корелации, а применетите дијагностички и аналитички процедури се во согласност со современите стандарди на гинеколошката онкологија и молекуларната патологија.

Во **петтата глава** е прикажана статистичката обработка на податоците. Статистичката анализа е соодветно планирана и реализирана со употреба на валидиран статистички софтвер (SPSS v25.0), при што претходно е извршена проценка на нормалноста на дистрибуцијата со Kolmogorov–Smirnov и Shapiro–Wilk тестови, што претставува методолошки коректен пристап. Прикажувањето на категоријалните и нумеричките варијабли е стандардизирано и јасно структурирано. За анализа на асоцијации помеѓу категоријални варијабли се користени χ^2 тест и

Fisher exact test, со примена на Yates-корекција кога е индицирано, што е соодветно при помали фреквенции. За споредба на континуирани варијабли се применети Student t-test и ANOVA кај независни примероци, во согласност со проверката на нормалноста. Дефинирањето на статистичката значајност на ниво $p<0.05$ е во согласност со општоприфатените биостатистички стандарди и овозможува валидна интерпретација на добиените резултати.

Шестата глава ги опфаќа **резултатите.** Делот „Резултати“ е поставен со јасна методолошка хиерархија и претставува комплетна аналитичка рамка за кохорта од 71 пациентка со хистолошки потврден ендометријален аденокарцином од низок градус, прикажана низ логички секвенци кои започнуваат со дескрипција на популацијата, продолжуваат со асоцијации на молекуларните и имунохистохемиски маркери (MMR, p53, PD-L1, CD44), потоа ги обработуваат клиничките посредни променливи (дебелина на ендометриум, BMI, утерино крварење), ја нагласуваат тежината на традиционалните хистолошки параметри (миометријална инвазија и лимфоваскуларна инвазија) и завршуваат со исходи (локален рецидив и летален исход). Ваквата структура е соодветна за докторски труд што има цел да идентификува биолошки и клинички релевантни подгрупи во рамките на „нискоградусен“ ендометријален карцином, при што се избегнува мешање на маркери и клинички фактори: секоја потцелина функционира како независна единица, но истовремено е поставена така што овозможува синтетичко читање на резултатите како единствена оска.

Во дескриптивните податоци, кохортата е јасно профилирана: 22 пациентки (30,99 %) се со градус 1 и 49 (69,01 %) со градус 2. Возраста е 45 – 82 години со просек 61.2 ± 8.4 години. BMI во просек изнесува 33.83 ± 7.9 kg/m² (19–62.2), при што 7 (9,86 %) се со нормален BMI, 19 (26,76 %) со прекумерна телесна тежина и 45 (63,38 %) со обезитет. Дебелина на ендометриум <20 mm е почеста, и тоа кај 48 пациентки; (67,61 %), а >20 mm кај 23 пациентки (32,39 %). Нулипари се 5 (7,04 %), додека доминираат пациентки со 2 раѓања – 38 (53,52 %). Менопаузален статус: 59 пациентки (83,1 %) се во менопауза. Абнормално утерино крварење е присутно кај 62 (87,32 %). Коморбидитети: хипертензија е присутна кај 57 (80,28 %), додека, пак, дијабетес мелитус кај 29 случаи (40,85 %). На ниво на исходи за целата кохорта, рецидив е регистриран кај 7 (9,86 %), а летален исход кај 3 пациентки (4,22 %). Хистопатолошки, миометријална инвазија ≥50% имаат 37 пациентки (52,11 %), ЛВСИ 27 пациентки (38,02 %), позитивни карлични лимфни жлезди 8 пациентки (11,27 %). Дистрибуцијата по стадиуми според ФИГО-класификацијата е следна: болест во IA стадиум имаат 30 (42,25 %), во IB 20 (28,17 %), во II стадиум 11 (15,49 %), IIIA 2 (2,82 %), додека, пак, во IIIC1 стадиум 8 пациентки (11,27 %). Меѓу прогностичките групи доминира групата со низок ризик (low risk) со – 29 пациентки (40,84 %), а најмал број случаи имаат болест со карактеристики од висок ризик (H-high risk) – 10 пациентки или 14,08 %. Овој дел е коректно поставен како база за понатамошните асоцијации бидејќи ги дефинира клучните константи на популацијата и го оправдува контекстот на маркерските анализи.

Во делот за асоцијациите на MMR-статусот, резултатите претставуваат централна оска на анализата, со оглед на конзистентните и повеќекратно потврдени статистички сигнали низ неколку независни клиничко-патолошки параметри. MMRp-тумори беа идентификувани кај 48 пациентки (67,61 %), додека MMRd-тумори кај 23 пациентки (32,39 %). Поттипизацијата на MMRd-туморите е јасно и прецизно прикажана: комбиниран MLH1/PMS2 дефицит кај 18 пациентки (25,3 %), комбиниран MSH2/MSH6 дефицит кај 4 пациентки (5,63 %), изолирана загуба на PMS2 кај 1 пациентка (1,41 %), додека изолирана загуба на MSH6 не е детектирана. Возраста не покажува статистички значајна асоцираност со MMR-статусот ($p=0.11$), иако пациентките со MMRd-статус имаат просечна возраст од 63.6 ± 7.5 години (45–74), наспроти 60.2 ± 8.7 години (53–82) кај MMRp- групата. Индексот на телесна маса, исто така, не се разликува значајно помеѓу групите (33.10 ± 6.7 kg/m² кај MMRd наспроти 34.18 ± 8.4 kg/m² кај MMRp; $p=0.592$), ниту распределбата по BMI-категории ($p=0.51$). Статистички значајна е поврзаноста помеѓу MMR-статусот и PD-L1 експресијата ($p=0.047$). PD-L1 CPS >1 е регистриран кај 10 пациентки (43,48 %) со MMRd-тумори, наспроти 10 пациентки (20,83 %) со MMRp-тумори. Во однос на

миометријалната инвазија, инвазија ≥50% е детектирана кај 19 пациентки (82,61 %) со MMRd-статус и кај 18 пациентки (37,5 %) со MMRp-статус, со статистички значајна разлика. Лимфоваскуларна инвазија е значајно почеста кај MMRd групата – 18 пациентки (78,26 %) – наспроти 9 пациентки (18,75 %) кај MMRp (p=0.000001). Дистрибуцијата по стадиуми е статистички значајно различна (p=0.006). Стадиум IA е застапен кај 4 пациентки (17,39 %) со MMRd-статус и кај 26 пациентки (54,17 %) со MMRp-статус (p=0.0033), додека стадиум IIIC1 е почест кај MMRd-туморите – 6 пациентки (26,09 %) – наспроти 2 пациентки (4,17 %) со MMRp-статус (p=0.0063). При групирање на стадиумите, болест во стадиум III е почеста кај MMRd-пациентките – 7 пациентки (30,43 %) – во споредба со 3 пациентки (6,25 %) со MMRp-статус (p=0.0175). Ехосонографски измерената дебелина на ендометриум >20 mm е значајно почеста кај MMRd-групата – 14 пациентки (60,87 %) – наспроти 9 пациентки (18,75 %) со MMRp-статус (p=0.000387). Прогностичките групи статистички значајно се разликуваат (p=0.000078): прогностичката група H е застапена кај 7 пациентки (30,43 %) со MMRd и кај 3 пациентки (6.25%) со MMRp-статус (p=0.0061); групата HI кај 10 пациентки (43,48 %) со MMRd и кај 8 пациентки (16,67 %) со MMRp-статус (p=0.015); групата L кај 2 пациентки (8,7 %) со MMRd и кај 27 пациентки (56,25 %) со MMRp-статус (p=0.0001). Прогностичката група I е застапена кај 4 пациентки (17.39%) со MMRd и кај 10 пациентки (20,83 %) со MMRp-статус (p=0.733).

Во истата целина се прикажани и резултатите кај кои не е достигната статистичка значајност, и тоа: паритет (p=0.411), присуство на утерино крварење (p=0.751), позитивна фамилијарна анамнеза (p=0.913), артериска хипертензија (p=0.51) и дијабетес мелитус (p=0.95). Овој пристап овозможува јасна диференцијација помеѓу статистички потврдените асоцијации и параметрите без значајна поврзаност, со што се нагласува селективниот карактер на наодите и нивната насоченост кон параметри со изразена биолошка и прогностичка релевантност.

Во делот за асоцијациите на p53-статусот, анализата е јасно фокусирана на квантитативните показатели и на ограничувањата поврзани со малата застапеност на абнормална експресија. Абнормален p53-статус е идентификуван кај 5 тумори (7,04 %). Дистрибуцијата по стадиуми не покажува статистички значајна разлика (p=0.693), ниту при дополнителното групирање на стадиум I/II наспроти III (p=0.543). Миометријална инвазија <50% е регистрирана кај 31 пациентка (46,97 %) со див тип на p53, наспроти 3 пациентки (60 %) со абнормална експресија, додека миометријална инвазија ≥50% е присутна кај 35 пациентки (53,03 %) со див тип и кај 2 пациентки (40 %) со абнормален тип (p=0.665). Лимфоваскуларна инвазија е детектирана кај 25 пациентки (37,88 %) со див тип и кај 2 пациентки (40 %) со абнормален тип (p=1.0). Дистрибуцијата на прогностичките групи не покажува статистички значајна разлика (p=0.544). Прогностичката група L е застапена кај 26 пациентки (39,39 %) со див тип и кај 3 пациентки (60 %) со абнормален тип. Прогностичката група HI е регистрирана исклучиво кај див тип – 18 пациентки (27,27 %). Прогностичката група I е застапена кај 13 пациентки (19,7 %) со див тип и кај 1 пациентка (20 %) со абнормален тип. Прогностичката група H процентуално е повисока кај абнормалниот тип, но без статистичка сигнификантност. Позитивни карлични лимфни жлезди се детектирани кај 7 пациентки (10,61 %) со див тип и кај 1 пациентка (20 %) со абнормален тип (p=0.46).Овој сегмент е конзистентно презентиран и јасно покажува дека абнормалниот p53 во оваа нискоградусна кохорта е редок наод, при што малата бројност ја ограничува статистичката моќ и можноста за детектирање на сигнификантни разлики.

Во анализата на PD-L1 асоцијациите, доминираат тумори со PD-L1 CPS <1, регистрирани кај 51 пациентка (71,83 %), додека PD-L1 CPS >1 беше утврден кај 20 пациентки (28.1%). Асоцијацијата помеѓу PD-L1 експресијата и MMR-статусот е статистички значајна (p=0.047). Во групата со CPS >1, MMRd-туморите се почести – 10 пациентки (50 %) – во споредба со 13 пациентки (25,49 %) во групата со CPS <1. Понатаму, PD-L1 CPS >1 е статистички значајно поврзан со миометријална инвазија поголема од 50 %. Миометријална инвазија ≥50% е регистрирана кај 16 пациентки (80 %) со CPS >1, наспроти 21 пациентка (41,18 %) со CPS <1 (p=0.0032). Лимфоваскуларна инвазија исто така е почеста кај пациентките со CPS >1 – 12

пациентки (60%) – во споредба со 15 пациентки (29,41 %) со CPS <1 (p=0.017). Во однос на стадиумот, се забележува тренд кон понапредни стадиуми кај пациентките со CPS >1, но без статистичка сигнификантност (p=0.102). Стадиум IA е застапен кај 26 пациентки (50,98 %) со CPS <1 и кај 4 пациентки (20 %) со CPS >1. Стадиум IIIA е регистриран кај 1 пациентка (1,96 %) со CPS <1 и кај 1 пациентка (5 %) со CPS >1. Стадиум IIIC1 е присутен кај 4 пациентки (7,84 %) со CPS <1 и кај 4 пациентки (20 %) со CPS >1. При групирање на стадиумите во I/II наспроти III, разликата не е статистички значајна (p=0.098). Позитивни карлични лимфни жлезди се детектирани кај 4 пациентки (20 %) со CPS >1 и кај 4 пациентки (7,84 %) со CPS <1, без статистичка сигнификантност (p=0.298). Резултатите јасно ги истакнуваат статистички значајните асоцијации на PD-L1 експресијата со миометријалната и лимфоваскуларната инвазија, додека стадиумската распределба и зачестеноста на позитивни лимфни жлезди покажуваат тренд, но без достигнување на статистичка сигнификантност.

Во анализата на CD44-асоцијациите, дескриптивно доминираат тумори со низок CD44-скор, регистрирани кај 50 пациентки (70,42 %), додека висок CD44-скор е присутен кај 21 пациентка (29,58 %). Возраста на пациентките нема статистички значајно влијание врз експресијата на CD44 (p=0.895), при што просечната возраст изнесува 61.3 ± 9.2 години кај пациентките со низок CD44-скор и 61.1 ± 6.3 години кај пациентките со висок скор. Експресијата на CD44 не е статистички значајно асоцирана со PD-L1 експресијата (p=0.268). Во групата со PD-L1 CPS >1, 16 пациентки (32%) имаат низок CD44-скор, наспроти 4 пациентки (19,05 %) со висок CD44-скор. Исто така, не е утврдена сигнификантна разлика во распределбата на MMR-статусот во зависност од CD44 експресијата (p=0.316); MMRd-тумори се застапени кај 36 % од пациентките со низок CD44-скор и кај 23,81 % од пациентките со висок CD44-скор. Сепак, CD44-експресијата покажува значајна поврзаност со параметрите на локална туморска агресивност. Миометријална инвазија поголема од 50 % е значајно почеста кај пациентките со низок CD44-скор – 32 пациентки (64 %) – во споредба со 5 пациентки (23,81 %) со висок CD44-скор (p=0.00197). Лимфоваскуларна инвазија е регистрирана кај 22 пациентки (44 %) со низок CD44-скор и кај 5 пациентки (23,81 %) со висок скор, но оваа разлика не достигнува статистичка сигнификантност (p=0.11). Стадиумот на болеста се разликува статистички значајно во зависност од CD44-експресијата (p=0.002). Стадиум IA е значајно поретко застапен кај пациентките со низок CD44-скор – 14 пациентки (28 %) – наспроти 16 пациентки (76,19 %) со висок CD44-скор (p=0.0002). Стадиум II е регистриран исклучиво кај пациентките со низок CD44-скор – 11 пациентки (22 %) – додека ниту една пациентка со висок CD44-скор не припаѓа на овој стадиум (p=0.0194). При групирање на стадиумите во I/II наспроти III, разликата не се покажува како статистички значајна (p=0.276). Позитивни карлични лимфни жлезди се детектирани кај 7 пациентки (14 %) со низок CD44-скор и кај 1 пациентка (4,76 %) со висок CD44-скор, без статистичка сигнификантност (p=0.476). Индексот на телесна маса не покажува значајна поврзаност со CD44 експресијата (p=0.238), а распределбата на BMI категориите е блиску до праг на статистичка значајност, но сепак несигнификантна (p=0.053). Дебелина на ендометриум поголема од 20 mm е значајно почеста кај пациентките со низок CD44-скор – 21 пациентка (42 %) – во споредба со 2 пациентки (9,52 %) со висок CD44-скор (p=0.0076). Дистрибуцијата на прогностичките групи се разликува статистички значајно (p=0.01), при што клучната разлика е во прогностичката група L (p=0.0007): 14 пациентки (28 %) со низок CD44-скор наспроти 15 пациентки (71,43 %) со висок CD44-скор. Паритетот (p=0.492), присуството на утерино крварење (p=0.151), менопаузалниот статус (p=0.973), артериската хипертензија (p=0.283), дијабетес мелитус (p=0.71) и позитивната фамилијарна анамнеза (p=0.653) не покажуваат статистички значајна поврзаност со CD44-експресијата. Овој сегмент е аналитички релевантен бидејќи, иако CD44 не покажува значајна поврзаност со MMR или PD-L1 статусот, тој демонстрира независна асоцијација со миометријалната инвазија, стадиумската распределба и прогностичкото групирање, што укажува на негов потенцијален придонес во стратификацијата на локалната туморска агресивност.

Во делот што се однесува на дебелината на ендометриумот, оваа променлива е третирана како клинички релевантен посреден параметар со јасна стратификациска вредност. Пациентките со ендометријална дебелина >20 mm и <20 mm имаат статистички сигнификантно различна стадиумска распределба (p=0.0001). Стадиум I е значајно поретко застапен кај пациентките со дебелина >20 mm – 3 пациентки (13,04 %) – наспроти 27 пациентки (56,25 %) со дебелина <20 mm (p=0.0006). Стадиум IIIA е дијагностициран исклучиво кај пациентките со дебелина >20 mm (8,7 % наспроти 0 %; p=0.038), додека стадиум IIIC1 е почест во истата група (21,74 % наспроти 6,25 %), со гранична статистичка сигнификантност (p=0.053). При групирање на стадиумите, болест во стадиум III е значајно почеста кај пациентките со дебелина >20 mm – 7 пациентки (30,43 %) – во споредба со 3 пациентки (6,25 %) со дебелина <20 mm (p=0.0175), додека стадиум I/II е почест кај пациентките со дебелина <20 mm – 45 пациентки (93,75 %) – наспроти 16 пациентки (69,57 %) со дебелина >20 mm. Прогностичките групи, исто така, покажаа статистички значајна разлика (p=0.00027): прогностичката група H е почеста кај пациентките со дебелина >20 mm – 7 пациентки (30.43%) – наспроти 3 пациентки (6,25 %) со дебелина <20 mm (p=0.0061), прогностичката група HI е застапена кај 10 пациентки (43,48 %) со дебелина >20 mm и кај 8 пациентки (16,67 %) со дебелина <20 mm (p=0.015), додека прогностичката група L е значајно почеста кај пациентките со дебелина <20 mm – 26 пациентки (54,17 %) – во споредба со 3 пациентки (13,04 %) со дебелина >20 mm (p=0.001). Позитивни карлични лимфни жлезди се почести кај пациентките со дебелина >20 mm – 5 пациентки (21,74 %) – наспроти 3 пациентки (6,25 %) со дебелина <20 mm, но без статистичка сигнификантност (p=0.126). Целокупната презентација јасно демонстрира дека ехосонографски измерената дебелина на ендометриумот корелира со стадиумската распределба и со прогностичкото групирање.

Во делот за BMI, резултатите се јасно прикажани со коректно означување на несигнификантните разлики. BMI не се разликува статистички значајно според стадиумот на болеста (p=0.238), ниту пак според дебелината на ендометриумот (p=0.086). Не е утврдена значајна разлика ниту во однос на прогностичките групи (p=0.223), ниту во распределбата на прогностичките групи по BMI категории (p=0.294). Просечниот BMI кај пациентките со позитивни карлични лимфни жлезди изнесува 29.12 ± 4.1 kg/m², наспроти 34.43 ± 8.0 kg/m² кај оние без метастази, без статистичка сигнификантност (p=0.072), а зачестеноста на позитивни карлични лимфни жлезди по BMI-категории, исто така, не е значајна (p=0.194). Овие податоци укажуваат дека, и покрај високата застапеност на обезитет во кохортата, BMI не се однесува како дискриминаторен параметар во однос на анализираните клиничко-патолошки исходи.

Во делот за утерино крварење, резултатите се изложени со јасна стадиумска распределба и соодветно означување на статистичката значајност. Кај пациентките со крварење, стадиум IA е регистриран кај 23 пациентки (37,1 %), наспроти 7 пациентки (77,78 %) без крварење; стадиум IB кај 19 пациентки (30,65 %) наспроти 1 пациентка (11,11%); стадиум II кај 10 пациентки (16.13%) наспроти 1 пациентка (11.11 %); стадиум IIIA кај 2 пациентки (3,23 %) наспроти 0; и стадиум IIIC1 кај 8 пациентки (12,9 %) наспроти 0. Овие разлики не достигнуваат статистичка сигнификантност (p=0.308). При групирање на стадиумите, болест во стадиум III е регистрирана кај 10 пациентки (16.13%) со крварење и кај ниту една пациентка без крварење, но и оваа разлика не е статистички значајна (p=0.431). Дистрибуцијата на прогностичките групи не покажува значајна разлика (p=0.435), ниту пак зачестеноста на позитивни карлични лимфни жлезди – 8 пациентки (12,9 %) со крварење наспроти 0 без крварење (p=0.562). Презентацијата е методолошки конзистентна, со јасно прикажување на трендовите и истовремено нагласување дека тие не се статистички потврдени.

Сегментот што се однесува на традиционалните хистолошки параметри е структуриран како централна аналитичка оска во резултатите и е поддржан со изразено силни статистички сигнали. Болест во стадиум III е регистрирана кај 10 пациентки (27,03 %) со миометријална инвазија >50%, додека ниту една пациентка со инвазија <50% не е во стадиум III, при што разликата останува статистички значајна и при групирање на стадиумите I/II наспроти III

(p<0.0001). Стадиум IIIC1 е застапен кај 8 пациентки (21,62 %) со инвазија >50%, наспроти 0 кај миометријална инвазија инвазија <50% (p=0.004). Прогностичките групи се јасно диференцирани (p<0.0001): групата I е почеста кај пациентките со инвазија >50% – 13 пациентки (35,14 %) – наспроти 1 пациентка (2,94 %) со инвазија <50% (p=0.0007); групата H – 10 пациентки (27,03 %) – наспроти 0 (p=0.0011); групата L е отсутна кај инвазија >50%, а доминира кај инвазија <50% – 29 пациентки (85.29%) (p<0.0001); групата HI е застапена кај 14 пациентки (37,84 %) со инвазија >50% и кај 4 пациентки (11.76%) со инвазија <50% (p=0.0005). Позитивни карлични лимфни жлезди се детектирани исклучиво кај пациентките со миометријална инвазија >50% – 8 пациентки (21,62 %) – наспроти 0 (p=0.0123). Во однос на лимфоваскуларната инвазија, болест во стадиум III е значајно почест кај пациентките со лимфоваскуларна инвазија – 9 пациентки (33,33 %) – наспроти 1 пациентка (2,27 %) без инвазија (p=0.001). Стадиум IIIC1 е регистриран кај 8 пациентки (29,63 %) со лимфоваскуларна инвазија, додека кај пациентките без инвазија, тој не е детектиран (p=0.0001). Позитивни карлични лимфни жлезди повторно се детектирани исклучиво кај пациентките со лимфоваскуларна инвазија – 8 пациентки (29,63 %) – наспроти 0 (p=0.00057).

Во исходите од болеста, трудот коректно го разграничува влијанието на биомаркерите од влијанието на клиничко-патолошките детерминанти (стадиум и инвазивност), со јасно прикажување на ефектите и на „позитивните“ и на „негативните“ асоцијации. MMR-статусот е статистички значајно поврзан со појавата на локален рецидив (p=0.0143), при што рецидив беше регистриран кај 5 пациентки (35,71 %) со MMRd-статус, наспроти 1 пациентка (3,85 %) со MMRp-статус; паралелно, леталниот исход е исто така зависен од MMR-статусот (p=0.0368), бидејќи сите 3 починати пациентки припаѓаат на MMRd-групата – 3 пациентки (21,43 %). Наспроти тоа, CD44 не покажа статистички значајно влијание ниту врз рецидивот (p=1.0), ниту врз исходот (p=0.448): локален рецидив е регистриран кај 5 пациентки (15,15 %) со низок CD44-скор и кај 1 пациентка (14,29 %) со висок CD44-скор, а од трите починати пациентки, 2 се со низок и 1 со висок CD44-скор (2 пациентки; 6,06 % и 1 пациентка; 14,29 %). PD-L1 CPS, исто така, не е асоциран со рецидив и исход (p=0.63 и p=0.56): рецидив е регистриран кај 13,33 % од пациентките со CPS<1 и кај 2 пациентки (20 %) со CPS>1, додека сите 3 починати пациентки се во групата со CPS<1 – 3 пациентки (10 %). За p53, соодветно е наведено дека пациентките со абнормална експресија немаат рецидив и биле живи, додека во групата со див тип p53 рецидив и летален исход се регистрирани кај 6 пациентки (15,79 %) и кај 3 пациентки (7,89 %), соодветно. Дополнително, стадиумот е статистички значајно различен кај пациентките со и без рецидив (p=0.0005). Миометријалната и лимфоваскуларната инвазија покажуваат значајно влијание врз појавата на рецидив (p=0.024 и p=0.0013), при што е јасно потенцирано дека рецидивот се јавува кај пациентките со миометријална инвазија >50% и кај пациентките со ЛВСИ, а не кај оние без овие ризик-фактори. Вака поставен, сегментот за исходите од болеста одржува јасна хиерархија во презентацијата: најнапред се издвојува маркерскиот ефект со најсилен сигнал (MMR), потоа се прикажува клиничко-патолошката тежина (стадиум и инвазивност), а на крај се документираат биомаркерите без статистички потврдена поврзаност со исходите во оваа кохорта (PD-L1, CD44 и p53).

Сумирано, резултатите се презентирани во концепциски правилна форма за докторски труд: доминантната аналитичка оска е MMR-статусот (со јасни врски со PD-L1, инвазивност, стадиум, PLN, прогностички групи и исход), традиционалните хистолошки параметри демонстрираат силна и очекувана прогностичка конзистентност (МИ и ЛВСИ со стадиум, ризик групи и позитивни карлични лимфни жлезди), а дополнителните променливи (ендометријална дебелина, BMI, крварење) се вклучени со коректно документирање на значајните и незначајните наоди.

Седмата глава на докторскиот труд е **дискусијата.** Дискусијата, претставува кохерентно, логички структурирано и академско разработување на добиените резултати. Текстот демонстрира јасна свесност за современата парадигма на ендометријалниот карцином, со соодветно позиционирање на наодите во рамките на молекуларната класификација, интеграцијата на биомаркери и актуелните препораки. Видливо е дека авторката не ги разгледува резултатите

изолирано, туку ги врамува во поширок научен контекст, што ѝ дава на дискусијата концептуална длабочина. Посебна вредност има начинот на кој е развиена аргументацијата околу MMR-статусот како носечка оска на трудот. Дискусијата доследно ја следи логиката на резултатите: од застапеност и поттипизација на MMR-дефицитот, преку корелациите со миометријална и лимфоваскуларна инвазија, стадиумска распределба и прогностички групи, до поврзаноста со исходите. Овој постепен, аналитички пристап создава впечаток на внатрешна конзистентност и ја засилува убедливоста на централната теза. Сопствените податоци се интегрирани со релевантна литература без да бидат автоматски поистоветувани, туку авторката внимателно ги споредува и контекстуализира, што е карактеристика на академски зрела дискусија. Во делот за p53 се препознава балансиран пристап. Иако во конкретната кохорта абнормалната експресија е ретка и без статистички значајни асоцијации, дискусијата правилно ја истакнува неговата теоретска и клиничка тежина според меѓународните препораки. Истовремено, коректно е нагласена ограничената статистичка моќ поради малата застапеност, што сведочи за методолошка самосвесност и научна коректност. Делот за PD-L1 е современ и релевантен, со јасна врска меѓу имунолошкиот профил и молекуларниот статус. Позитивно е што се прави разграничување меѓу статистички потврдените асоцијации и трендовите кои не достигнале сигнификантност, со што се задржува аналитичка дисциплина. Поврзувањето на наодите со актуелните имуноонколошки студии не е претерано експанзивно, туку служи како научна рамка што ја зајакнува клиничката релевантност на резултатите. Анализата на CD44 е детална и аргументирана, со обид да се објасни хетерогеноста во литературата. Авторката успешно го позиционира CD44 како маркер со потенцијална улога во локалната инвазивност и стадиумската распределба, без да пренагласува терапевтски импликации. Дискусијата тука покажува аналитичка широчина и способност за критичко синтетизирање на контрадикторни податоци, што придонесува за научна убедливост. Сегментите за дебелината на ендометриумот, BMI и утериното крварење се соодветно поставени како клинички параметри со посредна улога. Посебно е вредно што дебелината на ендометриумот е дискутирана како потенцијален индиректен индикатор за биолошка агресивност, што покажува интегративен пристап меѓу ехосонографските и патохистолошките параметри. Во исто време, дискусијата за резултаите за BMI и утериното крварење ја објаснува ограничената дискриминаторна вредност во рамките на анализираната кохорта, што сведочи за објективност во интерпретацијата. Традиционалните хистопатолошки параметри се обработени со посебна прецизност и претставуваат стабилна референтна рамка за молекуларните наоди. Дискусијата правилно ја нагласува нивната прогностичка валидност и ја демонстрира внатрешната конзистентност на кохортата. Во делот за исходите од болеста, текстот внимателно ги разграничува биомаркерските ефекти од влијанието на стадиумот и инвазивноста. Поврзаноста на MMR-статусот со рецидив и летален исход е презентирана јасно, но без претерано генерализирање, при што се признава ограниченият број на настани. Овој внимателен тон придонесува за академска кредибилност. Во целина, дискусијата е аргументирана, добро структурирана и научно заснована. Таа демонстрира способност за синтеза на комплексни податоци, со јасна хиерархија на значење – MMR како централна оска, CD44 и PD-L1 како дополнителни молекуларни слоеви и традиционалните хистолошки параметри како стабилна прогностичка подлога. Текстот е методолошки свесен, умерен во интерпретацијата и соодветно позициониран според меѓународниот научен контекст.

Во **осмата глава** се содржани **заклучоците**. Заклучоците се формулирани јасно, прегледно и конзистентно со резултатите и дискусијата. Тие ја задржуваат хиерархијата воспоставена низ трудот – од општ епидемиолошки профил, преку традиционалните хистолошки параметри, до молекуларните маркери и исходите – со што создаваат логичен и методолошки кохерентен завршеток на истражувањето. Позитивна карактеристика е тоа што заклучоците не се сведени на општи формулации, туку се поткрепени со конкретни бројки (возраст, процент на ЛВСИ, зачестеност на MMR-дефицит, PD-L1 позитивност, p53 абнормалност, зачестеност на позитивни лимфни јазли), што им дава емпириска тежина и ја нагласува транспарентноста на

наодите. Ова е особено важно во докторски труд, каде што се очекува директна врска меѓу резултатите и финалните заклучни пораки. Заклучокот дека нискоградусниот ендометријален карцином е хетерогена болест е добро аргументиран и произлегува логично од податоците за распределба по ризични групи, молекуларни профили и традиционални прогностички фактори. Поставувањето на MMR-статусот како најзначаен молекуларен предиктор е во согласност со статистичките сигнали во студијата, а издвојувањето на ЛВСИ како најсилен традиционален индикатор ја одразува внатрешната конзистентност на кохортата. Воедно, диференцираното позиционирање на PD-L1, p53 и CD44 (како терапевтски потенцијал, прогностички импакт и индикатор на локална инвазивност, соодветно) покажува аналитичка зрелост и способност за суптилна стратификација на значењето на секој маркер. Особено е вредно што заклучоците ги интегрираат наодите за лимфните јазли и ја поврзуваат повисоката зачестеност на позитивните карлични лимфни јазли (11.3%) со оправданоста на сентинилната биопсија, што претставува клинички релевантна импликација. Истовремено, финалната препорака за поголеми студии и компаративна анализа со високоградусни тумори покажува научна умереност и свесност за ограничувањата, без да се намали значењето на добиените резултати.Заклучоците успешно ја заокружуваат тезата на трудот, ја нагласуваат научната и клиничката релевантност и остават впечаток на структурирано, добро аргументирано истражување со јасна иднина за понатамошна научна надградба.

Деветтата глава од докторскиот труд ја содржи приложената литература, која е актуелна, сеопфатна, обемна, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

Во заклучните согледувања,

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е биолошката хетерогеност на нискоградусниот ендометријален карцином и поврзаноста помеѓу традиционалните морфолошки карактеристики и современите молекуларни маркери (MMR, p53, PD-L1 и CD44). Анализата е насочена кон разбирање на тоа како овие биомаркери корелираат со длабочината на миометријална инвазија, лимфоваскуларната инвазија, стадиумската распределба и другите патолошки параметри, со цел да се појасни биолошкото однесување на туморот. Истражувањето ја разгледува интеракцијата меѓу генетските, имунохистохемиските и морфолошките обележја како основа за поцелосно разбирање на варијабилноста во клиничката презентација и исходот на болеста.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работен докторскиот труд

Ендометријалниот карцином претставува најчест малигнитет на женскиот генитален тракт во развиените земји, со растечки тренд на инциденца, особено во популации со висока застапеност на метаболни нарушувања и стареење на населението. Во последната деценија, разбирањето на болеста значително се трансформира со воведувањето на молекуларната класификација и интегрираните препораки, кои ја надминуваат традиционалната морфолошка стратификација. Сепак, во многу земји од регионот, вклучително и нашата средина, молекуларната карактеризација сè уште не е целосно имплементирана во рутинската клиничка пракса. Постојат ограничени локални податоци за застапеноста на MMR-дефицит, p53-абнормалност и имунохистохемиски маркери како PD-L1 и CD44, како и за нивната поврзаност со хистопатолошките параметри. Оттука, докторскиот труд се реализира во контекст на потреба за систематизирање и локална валидација на современите биолошки концепти кај нискоградусниот ендометријален карцином.

Краток опис на применетите методи

Студијата е конципирана како ретроспективно-проспективна аналитичка кохорта од 71 пациентка со нискоградусен ендометриоиден ендометријален карцином, со систематска споредбена анализа помеѓу имунохистохемиските маркери (MMR-протеини, p53, PD-L1 CPS и CD44) и клиничко-патолошките карактеристики на туморот. Преку стандардизирана хируршка и патолошка обработка, овозможена е прецизна проценка на FIGO стадиум, миометријална и лимфоваскуларна инвазија и лимфен статус. Методологијата овозможува анализа на асоцијациите помеѓу молекуларните профили и морфолошките параметри, како и нивна поврзаност со ризичната стратификација според ESGO/ESTRO/ESP критериумите и клиничкиот исход кај следената подгрупа.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите укажуваат на хетерогеност кај нискоградусниот ендометриоиден ендометријален карцином, и покрај доминацијата на болест во рани стадиуми. Се констатира дека миометријалната инвазија и лимфоваскуларната инвазија покажуваат силна поврзаност со повисок FIGO стадиум и зафатеност на карличните лимфни јазли, потврдувајќи ја нивната биолошка тежина. MMR дефицитот се издвојува како молекуларен профил асоциран со понеповолни патолошки карактеристики и со појава на понеповолен исход. Во следената подгрупа, рецидивите и смртните исходи се јавуваат исклучиво кај MMRd пациентките и се поврзани со длабока миометријална и лимфоваскуларна инвазија и повисок стадиум. PD-L1 и CD44 ја рефлектираат варијабилноста во туморската биологија, додека p53 влијае врз стратификацијата според ризик групите.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд на кандидатката д-р Марија Јоксимовиќ, со наслов „Имунохистохемиско тестирање на ендометријалниот ендометроиден аденокарцином од низок градус за MMR, P53, PD-L1 И CD44 и поврзаност со клиничко-патолошките карактеристики и исходот на болеста во ера на молекуларна класификација на ендометријалниот карцином“, претставува истражување во областа на гинеколошката онкологија. Изработката на темата на овој докторски труд претставува современо, методолошки конзистентно и научно релевантно истражување во областа на гинеколошката онкологија, насочено кон продлабочено разбирање на биолошката хетерогеност на нискоградусниот ендометријален карцином. Иако оваа форма на болеста традиционално се смета за прогностички поволна, трудот убедливо демонстрира дека во рамките на оваа категорија постојат значајни варијации во молекуларниот профил и патохистолошките карактеристики, кои влијаат врз клиничкото однесување. Посебна вредност на дисертацијата е интегрираниот пристап, кој ги поврзува традиционалните морфолошки параметри (миометријална и лимфоваскуларна инвазија, лимфен статус) со современи имунохистохемиски маркери (MMR, p53, PD-L1 и CD44), во согласност со актуелните ESGO/ESTRO/ESP и други препораки во кои е инкорпорирана молекуларната класификација на ендометријалниот карцином. Авторката успева да покаже дека MMR дефицитот се издвојува како значајна биолошка одредница, поврзана со поизразени инвазивни карактеристики и со појава на рецидив и летален исход, додека останатите маркери придонесуваат за понијансирано разбирање на локалната туморска агресивност и имуниот микромедиум. Трудот има и посебна научна вредност со оглед на тоа што претставува една од првите систематски анализи од ваков тип во нашата средина, со што создава основа за понатамошни мултицентрични и проширени студии. Методологијата е јасно дефинирана, резултатите се статистички обработени и интерпретирани со академска умереност, а дискусијата е современо позиционирана во однос на релевантната литература. Комисијата оценува дека докторскиот труд претставува значаен придонес во областа на гинеколошката онкологија, со јасна научна цел, методолошка зрелост и клиничка применливост, и ги исполнува критериумите за докторски труд од висок академски квалитет.

Докторскиот труд на кандидатката д-р Марија Јоксимовиќ, со наслов: „Имунохистохемиско тестирање на ендометријалниот ендометроиден аденокарцином од низок

градус за MMR, P53, PD-L1 И CD44 и поврзаност со клиничко-патолошките карактеристики и исходот на болеста во ера на молекуларна класификација на ендометријалниот карцином“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Marija Joksimovic, Nikola Jankulovski, Gordana Petrusevska, Biljana Ognenoska Jankovska, Beti Zafirova Ivanovska, Saso Stojcevski, Igor Aluloski, Mile Tanturovski, Vladimir Joksimovic, Relationships of immunohistochemical expression of mismatch repair gene products and clinicopathological features in patients with low grade endometrial cancer, JMS 2024, Vol 7(3) 16-24.

[2]. Marija Joksimovic, Nikola Jankulovski, Gordana Petrusevska, Igor Aluloski, Mile Tanturovski, Cancer stem cell related marker CD44 in low grade endoemtrial cancer“,MEDICUS 2024 Vol 29 (3) 267-272.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Интеграцијата на параметрите на туморска биологија и молекуларните карактеристики на болеста се во согласност со најновите препораки, кои произлегуваат од нанјовите научни сознанија за потреба од стратифицирање по молекуларна основа и надоградување на досега познатите системи за класификација. Оттука, Комисијата оценува дека докторскиот труд претставува значаен придонес во областа на гинеколошката онкологија, со јасна научна цел, методолошка зрелост и клиничка применливост, и ги исполнува критериумите за академски компетентен докторски труд.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатката д-р Марија Јоксимовиќ со наслов: „Имунохистохемиско тестирање на ендометријалниот ендометроиден аденокарцином од низок градус за MMR, p53, PD-L1 И CD44 и поврзаност со клиничко-патолошките карактеристики и исходот на болеста во ера на молекуларна класификација на ендометријалниот карцином“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Игор Алулоски, претседател, с.р.
Проф. д-р Никола Јанкуловски, ментор, с.р.
Проф. д-р Сашо Стојчевски, член, с.р.
Проф. д-р Ирена Алексиоска Папестиев, член, с.р.
Проф. д-р Гордана Петрушевска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АПЛИКАТИВНА ВРЕДНОСТ НА РАЗЛИЧНИ РЕЖИМИ НА МЕДИКАМЕНТОЗЕН ПРЕКИН НА БРЕМЕНОСТА ВО ПРВ ТРИМЕСТАР И ДИЈАГНОСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВАТА ЕФИКАСНОСТ“ ОД АС. Д-Р ЕВА СОЗОВСКА БЕЛЧОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Меидцинскиот факултет во Скопје, на XXVIII седница одржана на 12.2.2026 година, формираше Комисија за одбрана на докторскиот труд со наслов: **АПЛИКАТИВНА ВРЕДНОСТ НА РАЗЛИЧНИ РЕЖИМИ НА МЕДИКАМЕНТОЗЕН ПРЕКИН НА БРЕМЕНОСТА ВО ПРВ ТРИМЕСТАР И ДИЈАГНОСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВАТА ЕФИКАСНОСТ**, од кандидатката ас. д-р Ева Созовска Белчовска, во состав:

- проф. д-р Јадранка Георгиевска (претседател),
- проф. д-р Виолета Василевска Никодиновска (ментор),
- проф. д-р Ана Данева Маркова (член),
- проф. д-р Горан Димитров (член), и
- проф. д-р Бети Зафирова Ивановска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени докторскиот труд и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторскиот труд на кандидатката д-р Ева Созовска Белчовска, со наслов: **Апликативна вредност на различни режими на медикаментозен прекин на бременоста во прв триместар и дијагностички параметри за одредување на неговата ефикасност**, **претставува обемен, систематски и методолошки прецизно изработен научноистражувачки труд од областа на клиничката медицина – гинекологија и акушерство.**

Трудот е изработен во согласност со сите формални и содржински критериуми за докторски труд и содржи 198 страници компјутерски обработен текст, подготвен во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви – 12. Во рамките на трудот се вклучени 81 табела, 16 графикони и 16 слики, како и 144 библиографски единици наведени во делот „Користена литература“. Користената литература е релевантна, актуелна и во согласност со современите научни и клинички сознанија, при што се користени меѓународни препораки и водичи, како и значаен број трудови од понов датум.

Докторскиот труд ги содржи сите неопходни структурни елементи: апстракт на македонски и англиски јазик, вовед, мотив и цели на истражувањето, хипотези, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци, апликативна вредност, ограничувања на студијата, насоки за понатамошни истражувања, користена литература и прилози. Деловите на трудот се јасно систематизирани во поглавја и потпоглавја со соодветни наслови и поднаслови, што овозможува логично и лесно следење на научната мисла и текот на истражувањето.

Апстрактот на докторскиот труд е јасно структуриран, методолошки прецизен и во целост ги исполнува стандардите за научен апстракт од областа на клиничката медицина. Тој концизно ги презентира клучните елементи на истражувањето –

воведната научна проблематика, целите, методолошкиот пристап, главните резултати и заклучоците. Во воведниот дел, соодветно е нагласен клиничкиот и јавноздравствениот контекст на медикаментозниот абортус како глобално прифатена метода, при што кандидатката правилно ја идентификува актуелната научна празнина: варијабилноста на клиничките исходи и недоволната предиктивна сигурност во раната детекција на некомплетен абортус. Со тоа се оправдува потребата од мултипараметарски пристап и развој на нови клинички модели. Целите на истражувањето се формулирани јасно, опфаќајќи компаративна евалуација на терапевтски режими, анализа на биохемиски и ехографски предиктори и развој на интегрален скоринг-систем. Во материјали и методи се дадени доволно информации за дизајнот на студијата, примерокот и главните мерени параметри. Особено позитивно е што се истакнува проспективниот карактер на истражувањето и примената на ROC-анализа за валидација на моделот, што упатува на современ и статистички релевантен пристап. Резултатите се презентирани јасно, со конкретни нумерички показатели и нивоа на статистичка значајност. Наведувањето на процентите на успешност по групи, дијагностичките параметри на ß-hCG и вредноста на AUC значително ја зголемува научната тежина на апстрактот. Кандидатката не се задржува само на описната статистика, туку ги нагласува и дијагностичката вредност и клиничката импликација. Заклучокот е добро изведен од резултатите и правилно ја истакнува супериорноста на комбинираниот режим и клиничката вредност на интегралниот скоринг-систем, со јасно нагласена применлива димензија во реалната клиничка пракса.

Во **воведниот дел,** кандидатката дава сеопфатен и аргументиран приказ на проблематиката на медикаментозниот прекин на бременоста, неговото историско развивање, фармаколошките основи и современите препораки за примена. Започнува со прецизно дефинирање на абортусот како медицински и социо-здравствен феномен, при што проблематиката е позиционирана во современиот контекст на репродуктивното здравје, правата на жената и јавноздравствените политики. Посебен акцент е ставен на глобалните и локалните аспекти на пристапот до безбеден абортус, како и на значењето на стандардизацијата на постапките во секојдневната клиничка пракса. Историскиот осврт на развојот на медикаментозниот абортус е изложен концизно, со јасна еволутивна линија од раните фармаколошки обиди до современите стандардизирани протоколи со мифепристон и мизопростол. Анализата на законската регулатива, здравствените политики и статистичките трендови во Република Северна Македонија ја нагласува практичната релевантност на темата и ја оправдува потребата од локално засновано научно истражување. Кандидатката дава темелна класификација на модалитетите за прекин на бременоста. Оваа структура овозможува логичен премин кон детална обработка на медикаментозниот абортус како централен предмет на истражувањето. Успешно ги интегрира современите препораки на релевантни меѓународни организации и научни тела и детално ги елаборира сите режими на негова примена. Кандидатката покажува темелно познавање на фармакодинамиката и фармакокинетиката на мифепристон и мисопростол, нивната меѓусебна синергистичка улога, како и различните терапевтски режими кои се применуваат во клиничката пракса. Теоретската разработка е поткрепена со релевантни податоци од меѓународната литература, при што јасно се издвојуваат предностите и можните компликации на медикаментозниот абортус. Во рамки на теоретскиот дел, кандидатката детално ги обработува клиничките, ултразвучните и лабораториските параметри кои се користат за проценка на успешноста на медикаментозниот абортус. Особено значајно е систематското прикажување на улогата на дебелината на ендометриумот, васкуларизацијата и динамиката на серумските β-hCG вредности, кои подоцна се користат како основа за сопственото

истражување. Референците се користат не само како поткрепа на изнесените факти, туку и како средство за градење на научна аргументација.

Во **втората глава** на докторскиот труд е опишан **мотивот на истражувањето.** Кандидатката истакнува дека медикаментозниот абортус е одамна етаблиран и научно валидиран метод во светски рамки, но истовремено нагласува дека во Република Северна Македонија тој претставува релативно нова клиничка метода. Фактот дека методата е законски одобрена дури во 2019 година, а клинички имплементирана во 2020 година, создава јасен временски дисконтинуитет во однос на меѓународните искуства. Оваа временска разлика природно резултира со ограничен број национални податоци и недостиг од локално валидирани протоколи. Мотивот за изработка на докторскиот труд произлегува и од сè поголемата примена на медикаментозниот прекин на бременоста во првиот триместар, како и од потребата за унапредување на дијагностичките критериуми за проценка на неговата ефикасност и навремено препознавање на некомплетен абортус. Кандидатката укажува дека, и покрај докажаната безбедност и ефикасност на медикаментозниот абортус, во клиничката пракса сè уште постојат дилеми околу оптималниот терапевтски режим, како и околу изборот на најсоодветни параметри за следење на исходот од постапката. Посебен мотив претставува потребата од развој на интегриран пристап кој ќе ги обедини клиничките, ултразвучните и лабораториските параметри во една практично применлива алатка, со цел навремено донесување одлуки и намалување на потребата од дополнителни инвазивни интервенции. Во национални рамки, постојат ограничен број студии кои систематски ја анализираат оваа проблематика. На овој начин, кандидатката ја поставува основата за унапредување на квалитетот на грижата за пациентките и рационализација на здравствените ресурси.

Во **третата глава** се опишани **целите на студијата.** Целите на научноистражувачката работа се јасно, прецизно и логично дефинирани и во целост кореспондираат со поставениот мотив и со резултатите од истражувањето: да се одреди најефективниот режим на дозирање и администрација на мисопростол, со цел вовведување во клинички протокол, **да се утврди инциденцата, типот и интензитетот на несаканите ефекти** кај секој од испитуваните режими, **да се спореди ефективноста на комбинирана терапија со мифепристон и мисопростол наспроти монотерапија со мисопростол, да се развие и валидира клиничко-ултразвучен бодовен систем за предикција на некомплетен медикаментозен абортус**, со цел рано препознавање на пациентки со зголемен ризик од негов неуспех, **да се испита потенцијалната терапевтска улога на гестагените хормони** во третманот на некомплетен медикаментозен абортус и нивниот капацитет да овозможат целосно фармаколошко завршување на процедурата, **да се креира нов терапевтски протокол** кој интегрира гестагена терапија во третманот на некомплетен медикаментозен абортус, со цел да се намали потребата од хируршка интервенција, **да се креира научно валидиран алгоритам кој може да се интегрира во национални клинички протоколи и да ги унапреди** точноста, сигурноста и стандардизацијата на постабортусната евалуација.

Во **четвртата глава** на докторскиот труд се обработени **хипотезите на студијата,** кои се формулирани согласно со постојните теоретски сознанија и емпириски податоци од областа на медикаментозниот абортус. Особено силен аспект е хипотезата за интегрираниот дијагностички модел што ги комбинира серумските промени на β-hCG со ехографските параметри. Таа е научно оправдана, бидејќи рефлектира актуелни трендови во медицинската дијагностика насочени кон композитни алгоритми наместо изолирани индикатори. Оваа хипотеза логично произлегува од познатите ограничувања на поединечните дијагностички методи. Хипотезата поврзана со оптималниот терапевтски режим (комбинирана вагинално-сублингвална апликација по 36 часа) е иновативна и истражувачки релевантна. Таа се темели на фармакокинетички и

фармакодинамички принципи; хипотезата за 15-тиот ден како оптимална временска точка за проценка е методолошки значајна, бидејќи директно влијае врз клиничките протоколи за следење. Таа ја поврзува биолошката динамика на постабортусната инволуција со практичната дијагностика, што укажува на добро разбирање на физиолошките процеси. Хипотезата за супериорноста на скоринг-системот е особено релевантна од клиничка перспектива. Таа има потенцијал да придонесе кон стандардизација на постабортусниот менаџмент, што претставува значаен практичен импакт. Најиновативен сегмент е хипотезата за улогата на гестагените хормони. Таа го проширува класичниот концепт на медикаментозен абортус и воведува нова терапевтска перспектива базирана на ендокринолошки механизми. Ова укажува на истражувачка храброст и оригиналност, бидејќи се навлегува во релативно недоволно истражена област. Од методолошки аспект, хипотезите се: јасно формулирани, научно засновани, проверливи, клинички релевантни и меѓусебно логички поврзани.

Во **петтата глава** на докторскиот труд се обработени **материјалот и методите на студијата.** Кандидатката дава детален и прецизен опис на дизајнот на студијата, методолошкиот пристап и начинот на обработка на податоците. Студијата е дизајнирана како проспективна, интервенциска, компаративна кохортна студија со паралелни групи. Дополнително на 15-тиот ден од започнување на процедурата била извршена стратификација на пациентките според ризик врз основа на валидиран скоринг-систем за предикција на некомплетен абортус. Кај пациентките со висок ризик била спроведена стратифицирана рандомизирана распределба во интервентна подгрупа (адјувантна гестагенска терапија) и контролна подгрупа (без гестагенска терапија), со цел објективна проценка на клиничкиот ефект од гестагената терапија. Студијата е спроведена во период од една година, од 1.10.2022 до 1.10.2023 година на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје. Ваквиот проспективен пристап овозможил контролирано следење на клиничките, лабораториските и ултразвучните параметри во точно дефинирани временски точки, со што се обезбедува висока валидност на добиените резултати. Во истражувањето биле вклучени вкупно 240 пациентки со рана интраутерина бременост до девет гестациски недели, кои доброволно побарале медикаментозен прекин на бременоста. По добиена детална информација за природата на истражувањето, сите учеснички потпишале информирана согласност, согласно со современите клинички и научни стандарди. Кандидатката прецизно ги дефинира инклузионите и ексклузионите критериуми со кои се обезбедува хомогеност на примерокот. Пациентките се распределени во 4 групи врз основа на применетиот режим, што овозможува компаративна анализа на ефикасноста и безбедноста на секој од нив. Во студијата биле применети четири јасно дефинирани терапевтски протоколи. Кај сите комбинирани режими, дозата на mifepristone била унифицирана и изнесувала 200 mg перорално, по што следела администрација на 800 μg misoprostol по интервал од 36 часа, со варијација во патот на апликација. Четвртата група била третирана со misoprostol монотерапија во вкупна доза од 800 μg сублингвално. Во рамки на методологијата, кандидатката детално ги опишува фазите на студијата со клиничките, ултразвучните и лабораториските процедури кои се користени за следење на исходот од медикаментозниот абортус.

Фази на студијата

Иницијална фаза

Иницијалната фаза на студијата претставува методолошки јасно структуриран сегмент во кој започнува клиничко-истражувачкиот процес. Истражувањето започнувало при прием на пациентки на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, кои доброволно побарале медикаментозен прекин на бременост и ги исполнувале инклузионите критериуми. Секоја пациентка била претходно детално

информирана за постапката, целите и можните исходи, по што следело потпишување писмена информирана согласност, со што се обезбедувала етичка валидност на истражувањето. Иницијалната проценка опфаќала структурирана анамнеза и пополнување стандаризирани прашалници, со регистрација на репродуктивната и акушерската историја, паритет, претходни интервенции и релевантни здравствени податоци. Лабораториската обработка вклучувала крвна слика и базална серумска вредност на β-hCG како почетна референтна точка за понатамошно следење.Трансвагиналната ултрасонографија служела за потврда на витална интраутерина бременост и прецизно одредување на гестациската старост, при што CRL бил користен како стандард за датирање. По комплетирање на евалуацијата, пациентките биле советувани согласно со националната регулатива и потоа била ординирана комбинирана терапија со mifepristone и misoprostol. Распределбата во четири терапевтски групи се вршела последователно, со цел стандардизација и методолошка контрола. Првата доза се администрирала под медицински надзор, а понатамошната терапија во домашни услови. Пациентките добивале писмени инструкции, симптоматска терапија, дневник за следење на симптоми и постојана телефонска достапност на истражувачот.

Втората фаза од студијата – контролна евалуација на 15-тиот ден и валидирање на скоринг-системот

Втората фаза претставува клучен методолошки сегмент на истражувањето, бидејќи овозможува објективна проценка на раниот исход од медикаментозниот абортус и практична проверка на предложениот интегрален скоринг-систем. Сите пациентки биле повикани на контролен преглед 15 дена по администрацијата на мифепристон, временска точка која е во согласност со современите клинички протоколи и овозможува разграничување меѓу нормална постабортусна инволуција и перзистенција на гестациско ткиво. Контролната проценка била мултимодална и опфаќала клиничка, лабораториска и ултразвучна евалуација. Клиничката проценка се однесувала на симптоматологијата и карактерот на крвавењето, при што болката се оценувала со VAS-скала, а гастроинтестиналните симптоми се регистрирале како очекувани фармаколошки ефекти. Лабораториската анализа вклучувала хемограм и серумски β-hCG, при што динамиката на β-hCG имала централна улога како објективен маркер на трофобластна инволуција.Ултразвучната евалуација била насочена кон ендометријалниот ехо-комплекс, со анализа на дебелината, ехо-структурата и доплерската васкуларизација, што овозможува проценка не само на морфологијата, туку и на биолошката активност на резидуалното ткиво. Во оваа фаза е применет и композитен скоринг-систем за предикција на некомплетен абортус, кој интегрира пет параметри: процентуален пад на β-hCG, дебелина и морфологија на ендометриумот, доплерска васкуларизација и статус на крвавење. Максималниот скор изнесува 16 поени, што овозможува фина стратификација на ризикот. Првично хипотетичкиот cut-off бил поставен на 8 поени, а подоцна прецизиран со ROC-анализа. По пресметката на бодовниот резултат, пациентките биле стратифицирани според ризик. Кај високоризичните била спроведена рандомизирана распределба во интервентна подгрупа (со гестагенска терапија) и контролна подгрупа (без терапија), со цел проценка на ефектот од адјувантниот третман. Гестагената терапија со norethisterone била физиолошки аргументирана, со цел индуцирање депривационо крвавење и олеснување на елиминацијата на резидуалното ткиво. Пациентките со низок скор биле следени според стандардизиран протокол до 30-тиот ден. Со овој пристап, истражувањето воведува структуриран и персонализиран модел на клиничко одлучување, наместо униформен третман за сите пациентки.

Трета фаза на студијата – финална контрола и дефинирање на исходот

Третата фаза претставува завршна и клучна етапа во протоколот, насочена кон дефинитивна проценка на исходот од медикаментозниот абортус и финална проверка на предиктивната точност на скоринг-моделот. Контролната посета била реализирана на 30-тиот ден од започнувањето на терапијата, временска точка што овозможува завршување на постабортусната инволуција и стабилизација на хормоналниот статус, со што се намалува ризикот од прерана или неточна проценка. Евалуацијата била мултимодална и вклучувала клиничка, лабораториска и ултразвучна проценка. Покрај трансвагинална ултрасонографија, била одредувана и серумската концентрација на β-hCG, при што значење имала динамиката на неговото опаѓање. Исходите биле јасно дефинирани: комплетен медикаментозен абортус се утврдувал со празна маткина шуплина и негативен β-hCG, додека некомплетен исход се дефинирал со присуство на резидуална содржина и/или перзистентно позитивен β-hCG. Кај овие пациентки било препорачано инструментално довршување согласно со клиничките протоколи, што ја нагласува безбедноста и етичката одговорност како приоритет.

Во шестата глава е прикажана статистичката обработка на податоците добиени од истражувањето. Обработката на податоците е спроведена со користење на софтверскиот пакет **Statistical Package for the Social Sciences (SPSS), верзија 25.0.** Пред примена на параметарски или непараметарски тестови била извршена проверка на нормалноста на дистрибуцијата. За таа цел биле користени: Kolmogorov–Smirnov тест, Shapiro–Wilk тест. Квалитативните варијабли се прикажани преку: апсолутни фреквенции и релативни проценти. Квантитативните варијабли се опишани со: средна вредност, стандардна девијација, минимални и максимални вредности, медијана и интерквартилен ранг. За споредба на четирите терапевтски режими: Chi-square и Fisher's exact test за квалитативни варијабли, ANOVA со post-hoc Tukey тест за параметарски податоци, Kruskal–Wallis со post-hoc Mann–Whitney U за непараметарски податоци. За двогрупни споредби (комбинирана vs монотерапија и со/без гестагени): Student t-test за независни примероци, Mann–Whitney U тест кога дистрибуцијата не е нормална. За следење на промените низ време во рамки на истите групи: Student t-test за зависни примероци и Friedman ANOVA тест. За утврдување на статистичка значајност, користено е ниво на сигнификантност од $p<0.05$. Особено значајна е примената на ROC-анализа за валидација на предиктивниот скоринг-систем. Конструирањето на ROC-кривата и пресметката на AUC (Area Under the Curve) претставуваат златен стандард во процена на дијагностички модели.

Резултати од истражувањето

Во **седмата глава** се прикажани резултатите од анализата на 240 пациентки со бременост во првиот триместар, распределени во четири групи (по 60 пациентки) според применетиот режим на медикаментозен абортус. Ваквата распределба овозможила валидна компаративна проценка на ефикасноста, безбедноста и предиктивната вредност на клиничките, лабораториските и ехографските параметри. Највисока стапка на комплетен медикаментозен абортус била постигната со комбинираниот режим мифепристон – мисопростол, особено во групата со комбинирана вагинално-сублингвална апликација на мисопростол, каде што успешноста изнесувала 96,67 %. Вагиналниот режим постигнал 93,33 %, а сублингвалниот 90 % успешност. Наспроти тоа, монотерапијата со мисопростол покажала значително пониска ефикасност (70 %), што ја потврдува фармаколошката предност на претретманот со мифепристон. Комбинираниот режим се издвојувал и во однос на толеранцијата. Интензитетот на болка бил најнизок во третата група (VAS 3,97), наспроти монотерапијата (VAS 6,43).

Гастроинтестиналните несакани ефекти биле поретки, а крварењето најчесто оскудно и клинички контролирано. Овој профил укажува на стабилна и предвидлива утерина реакција. Почетните лабораториски параметри биле хомогени меѓу групите. Леукоцитите и хемоглобинот останале во референтни граници, без значајни разлики, што го потврдува високиот безбедносен профил на медикаментозниот пристап. Контролата на 15-тиот ден претставува клучна дијагностичка точка. Хемодинамската стабилност е зачувана кај сите групи, без знаци на инфективни компликации. Хомоген ендометриум, како индикатор за комплетна евакуација, најчесто е регистриран во третата група (86,67 %). Серумскиот β-hCG се покажал како најмоќен биохемиски маркер, со значајно повисоки вредности кај монотерапијата. Композитниот скоринг-систем претставува централниот научен придонес. Просечниот скор бил најнизок во најефикасната група, а највисок кај монотерапијата. Со висока статистичка сигнификантност, ROC-анализата покажала одлична дискриминаторска моќ (AUC=0.955; 95% CI 0.931–0.987), со сензитивност од 93,3 % и специфичност од 92,4 %. Cut-off вредноста од 11 поени се покажала како клинички применлив праг за идентификација на ризик за неуспешен абортус. Кај пациентките со висок ризик, гестагенската терапија со норетистерон беше испитана како адјувантен пристап. Согласно со скоринг-сситемот за предикција на неуспешен абортус, кај 48 (20 %) пациентки по 15 дена од прекинот на бременоста биле класифицирани во пациентки со висок ризик за неуспешен абортус. Оваа група на пациентки била поделена во 2 подгрупи: 24 пациентки примиле гестагена герапија, 24 пациентки биле без терапија со гестагени. Иако на 15-тиот ден не била регистрирана разлика во β-hCG, на 30-тиот ден биле утврдени значајно пониски вредности кај третираните пациентки, со медијана од 0 mIU/ml. Ова укажува на побрза биохемиска резолуција и потенцијално намалување на потребата од хируршка интервенција. **Заклучно**, комбинираниот мифепристон – мисопростол режим, особено со комбинирана апликација, обезбедува најдобар баланс меѓу ефикасност, безбедност и толеранција, додека скоринг-системот претставува сигурна алатка за рана стратификација на ризик и клиничко одлучување.

Во **осмата глава** се содржи **дискусијата** во овој докторски труд, која концепциски е добро поставена, логично структурирана и научно аргументирана. Кандидатката ја поставува дискусијата врз три столба: ефикасност и безбедност на различни медикаментозни режими, предиктивна вредност на биохемиските и ехографските параметри и развој на интегрален скоринг-систем. Овој пристап е во согласност со современите тенденции во гинеколошката пракса, каде што се нагласува потребата од индивидуализиран, а не униформен follow-up по медикаментозен абортус. Особено е значајно што дискусијата го надминува класичниот модел „кој режим е подобар“, и се насочува кон прашањето „како рано и сигурно да се препознае некомплетен исход“, што има директна клиничка вредност. Добиените резултати јасно покажуваат супериорност на комбинираните режими со mifepristone и misoprostol во однос на монотерапијата. Стапката на успешност од околу 93 – 97 % во комбинираните групи е во целосна согласност со резултатите на Gemzell-Danielsson, Fiala, Winikoff и Raymond, кои во повеќе мултицентрични студии пријавуваат ефикасност 94 – 98 % во рана гестација. Особено се издвојува хибридниот режим (вагинален + сублингвален misoprostol), кој во оваа студија постигнува највисока успешност. Овој наод е биолошки оправдан и во согласност со фармакокинетичките студии на Fiala и соработници, кои покажуваат дека сублингвалната апликација обезбедува брз плазматски пик, додека вагиналната овозможува подолготрајна апсорпција и стабилна утеротонична активност, но е прво истражување кое симултано ги користи двата начини на апликација. Со тоа, резултатите не само што се совпаѓаат со литературата, туку нудат и практично потврдување дека комбинирањето на патиштата на апликација може да има

синергистички и оптимизиран ефект. Повисоката зачестеност на болка, гадење и дијареа кај монотерапијата е во согласност со податоците од повеќе мета-анализи, каде што е покажано дека повисоките и повторени дози на misoprostol, особено сублингвално, се поврзани со поизразени системски ефекти. Забележаната подобра толеранција во комбинираниот режим (Mifepriston so Misoprostol, наспроти монотерапија со Misoperostol) се поклопува со наодите на Gemzell-Danielsson, каде што се нагласува дека претходната примена на mifepristone ја зголемува чувствителноста на миометриумот и овозможува поефикасен одговор на пониски дози простагландин. Ова ја зајакнува клиничката препорака, комбинираниот режим да се смета за прв избор кога е достапен. Падот на β-hCG ≥80% до 15-тиот ден, со висока сензитивност и специфичност, е во согласност со студиите на Fiala и со препораките на NICE и ACOG, каде што релативниот пад на β-hCG се користи како сигурен индикатор за комплетен абортус. Она што ја издвојува оваа студија е што β-hCG не се анализира изолирано, туку како дел од мултипараметарски модел. Токму оваа интеграција ја зголемува неговата клиничка вредност. Наодите за поврзаноста на задебелен, нехомоген и васкуларизиран ендометриум со некомплетен абортус се во согласност со студиите на Kamaya, Sellmyer и Chen, каде што доплер-васкуларизацијата се наведува како најсилен ехографски предиктор за RPOC. Кандидатката дискутира дека дебелината сама по себе има ограничена дијагностичка вредност — став кој е поддржан и во поновите ехографски студии. Со тоа, дискусијата демонстрира добро разбирање на современата ехографска дијагностика. Најзначајниот научен придонес на трудот е развојот на интегрален скоринг-систем. Во литературата постојат бројни студии кои ги анализираат поединечните параметри (β-hCG, дебелина на ендометриум, васкуларизација, клиничко крварење), но досега не е опишан валидиран систем кој ги интегрира сите овие фактори во единствен модел. Бодовите во овој систем се доделени врз основа на релативната дијагностичка тежина и сензитивност на секој параметар, што го прави моделот научно оправдан, а не произволен. AUC од 0.955 го позиционира овој скор во категоријата на одлични предиктивни модели и ги надминува повеќето еднопараметарски пристапи во литературата. Особено значајно е поместувањето на cut-off вредноста од хипотетички 8 на реални 11 бода. Ова покажува дека моделот не е наметнат теоретски, туку е оптимизиран преку ROC-анализа. Поместувањето кон 11 бода овозможува подобар баланс меѓу чувствителност и специфичност и значајно намалување на лажно позитивните случаи — што е клучно за избегнување непотребни интервенции. Дискусијата правилно нагласува дека конечниот исход на 30-тиот ден е клинички најрелевантен. Дел од пациентките со гранични наоди на 15-тиот ден покажуваат спонтана нормализација до 30-тиот ден. Ова е во согласност со конзервативните пристапи опишани во поновата литература, каде што се препорачува внимателно следење кај хемодинамички стабилни пациентки. Со тоа, трудот поддржува рационален и неинвазивен пристап наместо рана хируршка ревизија. Иако ова поле е слабо истражено во светската литература, кандидатката аргументирано ја дискутира потенцијалната улога на норетистерон. Фактот дека е забележана побрза нормализација на β-hCG до 30-тиот ден претставува интересен клинички сигнал и можен правец за идни истражувања. Овој сегмент ја зголемува оригиналноста на трудот.

Во **деветтата г**лава на докторскиот труд, кандидатката ги претставува заклучните согледувања, кои се коректно формулирани и ги потврдуваат појдовните цели на истражувањето. Ова истражување потврдува дека медикаментозниот прекин на бременоста со комбинирана примена на mifepristone и misoprostol претставува високо ефикасен и безбеден пристап во првиот триместар. Комбинираните режими, особено хибридниот вагинално-сублингвален протокол, покажале најповолни клинички, биохемиски и ехографски исходи, со висок процент на комплетен абортус и добра

толеранција од страна на пациентките. Резултатите конзистентно демонстрираат супериорност на комбинираната терапија во однос на монотерапијата со misoprostol, како во поглед на успешноста, така и во однос на предвидливоста на исходот и профилот на несакани ефекти. Ова ги поддржува современите меѓународни препораки за комбиниран режим како прв избор кога е достапен mifepristone. Посебен научен придонес на студијата претставува развојот и валидацијата на интегрален скоринг систем за предикција на некомплетен абортус. Високата дискриминаторска способност на овој модел овозможува рана и објективна стратификација на ризик, што ја унапредува клиничката одлука и овозможува попрецизно насочување на следењето и терапијата. Адјувантната гестагенска терапија се покажа како потенцијално корисна кај селектирани пациентки со индиции за некомплетен абортус. Иако не претставува примарна терапија, таа може да има улога во финализирање на процесот и намалување на потребата од хируршка интервенција кај одбрани случаи. Севкупно, интеграцијата на оптимален медикаментозен режим, мултимодално следење и скоринг-базиран пристап кон процена на ризик претставува современ, структуриран и персонализиран модел за менаџирање на медикаментозниот абортус. Овој модел има потенцијал да придонесе за рационализација на клиничката пракса и за намалување на непотребните инвазивни процедури. Понатамошни мултицентрични студии би биле корисни за надворешна валидација на предложениот скоринг систем и за прецизирање на улогата на гестагенската терапија.

Во **десеттата глава,** кандидатката ја истакнува апликативната вредност на истражувањето преку **валидирање на клинички алгоритам**. Овој сегмент претставува значајна практична димензија на трудот, бидејќи резултатите се трансформирани од дескриптивни наоди во јасно структуриран модел за клиничко одлучување. Комбинираната терапија со **200 мг *mifepristone перорална апликација* и *misoprostol 400 мцг вагинална апликација и 400 мцг сублингвална апликација* да се смета за стандарден избор** е аргументирано поддржана со добиените резултати и логично поврзана со стремежот за намалување на хируршките интервенции, што кореспондира со современите принципи на минимално инвазивна гинекологија и рационално користење на здравствените ресурси. Особено значајна е примената **на интегралниот скоринг-систем**, кој овозможува премин од субјективна проценка кон објективна стратификација на ризик. Ваквиот пристап ја намалува дијагностичката несигурност во постабортусниот период и обезбедува појасни критериуми за понатамошно менаџирање. **Дефинираните прагови (≤10 бодови – низок ризик; ≥11 бодови – висок ризик)** ја прават алатката практична, едноставна за примена и репродуцибилна во различни клинички услови. Алгоритмот е логично структуриран во три фази. Иницијалната проценка (ден 0) со базален β-hCG, трансвагинален ултразвук, CRL-мерење и потврда на виталитет обезбедува сигурна стартна основа. Контролата на 15-тиот ден се темели на мултимодална проценка (клиничка, биохемиска и ехографска со доплер), што е во согласност со современите препораки. Управувањето според скорот, со селективна примена на гестагенска терапија како интермедијарен чекор, претставува рационален пристап што овозможува продолжување на медикаментозниот третман и намалување на непотребните хируршки интервенции.

Во **единаесеттата глава,** кандидатката ги разгледува ограничувањата и идните насоки на истражувањето. Идните истражувања би можеле да се насочат кон: валидација на моделот во вториот триместар, развој на посебни предиктивни модели за невитални бремености, мултицентрични студии со поголеми примероци и надворешна валидација на скоринг-системот во различни популации.

Дванаесеттата глава од трудот ја содржи приложената литература, која е обемна, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предмет на истражување во овој докторски труд е медикаментозниот прекин на бременоста во првиот триместар, со посебен фокус на ефикасноста на различни терапевтски режими со mifepristone и misoprostol, како и на можноста за објективна проценка на исходот преку интеграција на клинички, лабораториски и ултразвучни параметри. Истражувањето ја разгледува динамиката на серумскиот β-hCG, морфолошките и доплер-карактеристиките на ендометријалниот ехо-комплекс, клиничката симптоматологија и нивната меѓусебна корелација, со цел развој на валидиран скоринг-систем за предикција на некомплетен медикаментозен абортус. Дополнително, трудот ја испитува потенцијалната улога на гестагенската терапија како адјувантен пристап кај пациентки со висок ризик за некомплетен исход.

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕН ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Медикаментозниот абортус е глобално прифатена и научно валидирана метода, но во Република Северна Македонија претставува релативно нов клинички пристап, формално одобрен во 2019 година и имплементиран во клиничка пракса во 2020 година. Поради ова, националните податоци се ограничени, а досега не постоеше домашна студија која систематски ги анализира дијагностичките параметри и терапевтските исходи на медикаментозниот абортус. Во меѓународната литература постојат бројни студии за ефикасноста на поединечни режими, но ретки се истражувањата што истовремено ги интегрираат биохемиските, ехографските и клиничките показатели во унифициран предиктивен модел. Овој докторски труд претставува прва докторска студија во државата која систематски ја обработува оваа проблематика и прва која предлага структуриран клинички алгоритам базиран на објективен бодовен систем.

КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето се вклучени 240 пациентки со рана интраутерина бременост, распределени во четири терапевтски групи со различни медикаментозни режими. Резултатите покажуваат висока вкупна ефикасност на медикаментозниот прекин, со значајни разлики меѓу режимите. Највисока стапка на комплетен абортус е постигната со комбинираната вагинално-сублингвална апликација на misoprostol по mifepristone, со успешност од 96,7 %. Монотерапијата со misoprostol имала значително пониска ефикасност и повисока стапка на некомплетни абортуси. Динамиката на β-hCG покажа силна корелација со клиничкиот исход, при што стрмниот пад на хормонот беше поврзан со комплетен абортус. Ултразвучната процена на ендометријалниот ехо-комплекс потврди дека хомоген и аваскуларен ендометриум е силен индикатор за успешен исход. Развиениот скоринг-систем демонстрираше висока дијагностичка точност (AUC 0.955), со висока сензитивност и специфичност за предикција на некомплетен абортус. Кај високоризичните пациентки, гестагенската терапија придонесе за побрза нормализација на β-hCG и намалена потреба од хируршка ревизија.

Докторскиот труд на кандидатката д-р Ева Созовска Белчовска, со наслов: **Апликативна вредност на различни режими на медикаментозен прекин на бременоста во прв триместар и дијагностички параметри за одредување на неговата ефикасност**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд. Трудот е методолошки коректно изработен, со јасно дефинирани цели, соодветно избрани материјал и методи, детално прикажани и статистички обработени резултати, аргументирана дискусија и јасни, логично изведени заклучоци.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Sozovska Belchovska E, Aleksioska Papestiev I, Georgievska J.
Medicus ISSN 1409-6366 UDC 61. 2025;30(2):171–178.
ФАКТОРИ НА РИЗИК ЗА НЕУСПЕШЕН МЕДИКАМЕНТОЗЕН АБОРТУС СО МИФЕПРИСТОН И МИСОПРОСТОЛ И ДИЈАГНОСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕГОВАТА УСПЕШНОСТ.

[2]. Sozovska Belchovska E, Aleksioska Papestiev I, Pejkovska Ilieva M, Georgievska J, Bejta A, Kalchovski D. *Macedonian Journal of Anaesthesia*. 2025;9(3).45-53
THE ROLE OF ENDOMETRIAL THICKNESS AND SERUM BETA-HUMAN CHORIONIC GONADOTROPIN LEVELS AS PREDICTIVE MARKERS OF DELAYED FAILURE IN MEDICAL ABORTION.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд обработува актуелна и клинички значајна проблематика од областа на гинекологијата и акушерството и нуди иновативен пристап кон проценката и менаџирањето на медикаментозниот абортус во првиот триместар. Посебно се истакнува развојот на сопствен, интегрален скоринг-систем за рана детекција на некомплетен медикаментозен абортус, кој претставува јасен авторски и оригинален научен придонес на кандидатката. Комисијата оценува дека предложениот скоринг-систем, заедно со алгоритмот за понатамошно клиничко постапување и воведувањето на гестагените како дополнителна терапија, има значајна апликативна вредност и потенцијал за директна имплементација во секојдневната клиничка пракса. Со тоа, докторскиот труд придонесува за унапредување на квалитетот на здравствената заштита, оптимизација на следењето и намалување на потребата од непотребни инвазивни интервенции.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторскиот труд на кандидатката **ас. д-р Ева Созовска Белчовска со наслов: Апликативна вредност на различни режими на медикаментозен прекин на бременоста во прв триместар и дијагностички параметри за одредување на неговата ефикасност.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Јадранка Георгиевска, претседател, с.р.
Проф. д-р Виолета Василевска Никодиновска, ментор, с.р.
Проф. д-р Ана Данева Маркова, член, с.р.
Проф. д-р Горан Димитров, член, с.р.
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Милош Милутиновиќ	"Улогата на мобилниот тим за ментално здравје во заедницата и ефикасноста од примената на DIALOG+ кај пациенти кои страдаат од психотични и афективни нарушувања"	„The role of mobile community mental health team and the effectiveness of DIALOG+ in patients suffering from psychotic and affective disorders“	Проф. д-р Антони Новотни	12.02.2026 0905-7650/79
2.	Теодора Тодорова	"Мекоткивни саркоми на екстремитетите и трупот – фактори кои што влијаат на појавата на локален рецидив, метастатска болест и преживување"	„Soft tissue sarcomas of the extremities and trunk – factors affecting the occurrence of local recurrence, distant metastasis and survival in patients“	Проф. д-р Милан Самарџиски	12.02.2026 02-775/80
3.	Ана Спасовска Ѓорговска	"Влијанието на физикалната терапија кај пациентите со дијабетична периферна невропатија"	„The influence of physical modalities in patients with diabetic peripheral neuropathy“	Проф. д-р Валентина Коевска	12.02.2026 02-775/81
4.	Верица Костовска	"Влијанието на цревниот микробиом на клиничката слика и респираторниот морбидитет кај децата со бронхиолитис"	„The impact of the gut microbiome on the clinical presentation and respiratory morbidity in children with bronchiolitis“	Проф. д-р Татјана Јаќовска	12.02.2026 02-775/82
5.	Александар Отљански	"Проценка на кардиоваскуларен ризик кај пациенти со не-срцева операција"	„Cardiovascular risk assessment on patients with non-cardiac surgery“	Проф. д-р Весела Малеска Ивановска	12.02.2026 02-775/83

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1.Магистерски трудови

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Деа Каранфиловска	„Влијанието на социјалните медиуми врз менталното здравје кај младите во Скопје“	„The impact of social media on the mental health of young people in Skopje“	Проф.д-р Фимка Тозија	02-775/32 12.02.2026 год.
2.	Ана Стоилкова	„Превентивни програми за здравствена заштита на населението во Република Северна Македонија и нивна усогласеност со јавно-здравствените приоритети на земјата“	„Preventive health care programs for the population in the Republic of North Macedonia and their alignment with national public health priorities“	Проф.д-р Весна Велиќ Стефановска	02-775/31 12.02.2026 год.
3.	Давид Здравески	„Феноменот на секундарна жртва и достапната поддршка кај здравствените работници во Република С. Македонија“	"The Second Victim Phenomenon and available support among healtcare workers in the Republic of N. Macedonia"	Проф. д-р Драган Мијакоски	02-775/30 12.02.2026 год.

И С П Р А В К А
на грешка во
РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ – МОНОГРАФИЈАТА „КОНГЕНИТАЛЕН ХИПОТИРОИДИЗАМ И ВАРИЈАЦИИ – КЛИНИЧКИ И ГЕНЕТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Во рецензијата на ракописот – монографијата „Конгенитален хипотироидизам и варијации – клинички и генетски карактеристики“ од група автори, објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1347 од 15.2.2026 година, направена е грешка во називот и во првиот дел од ракописот.

Во текстот на рецензијата е направена грешка во насловот и во почетниот дел на ракописот кој се однесува на насловот на ракописот – монографијата, односно тие треба да гласат: **„Конгенитален хипотироидизам и варијации – клинички и генетски карактеристики“ од авторката проф. д-р Николина Здравеска и соработниците: проф. д-р Мирјана Кочова, н. сов. д-р Виолета Анастасовска, проф. д-р Весна Ливринова и доц. д-р Невена Маневска**.

Останатиот текст од рецензијата на ракописот останува непроменет.

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Гордана Пемовска, с.р.
Проф. д-р Александра Јанчевска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОСТИГНУВАЊАТА ПО МАТЕМАТИКА И СИСТЕМОТ НА УВЕРУВАЊА ЗА МАТЕМАТИКАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ“ ОД М-Р МИРЛИНДА СЕЛАМ ШАЌИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на својата седница одржана на 18 јуни 2025 година, со Одлука бр. 02-343/12 од 18.6.2025, формираше Комисија за одбрана на докторската дисертација на тема: ПОСТИГНУВАЊАТА ПО МАТЕМАТИКА И СИСТЕМОТ НА УВЕРУВАЊА ЗА МАТЕМАТИКАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ (THE MATHEMATICS ACHIEVEMENTS AND THE SYSTEM OF MATHEMATICS BELIEFS OF FIFTH GRADE PUPILS) од м-р Мирлинда Шаќири, во состав: проф. д-р Зоран Михајловски (претседател), проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ (ментор), проф. д-р Весна Макашевска (член), проф. д-р Методи Главче (член) и проф. д-р Јасмина Јовановска (член).

Комисијата во наведениот состав, внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација од кандидатката м-р Мирлинда Селам Шаќири, со наслов „Постигнувањата по математика и системот на уверувања за математиката на учениците од петто одделение“, е изработена во согласност со Упатството за изгледот и содржината на докторски труд. Таа содржи 100 страници компјутерски обработен текст во фонтот Times New Roman, со големина на буквите 12, единечен проред, А4-формат. Содржи 34 табели, 31 графикон и 2 прилози (слики од користените мерни инструменти: **Тест за мерење на постигнувањата на учениците во петто одделение основно образование** *и Анкетен прашалник за уверувањата за природата на математика, за учењето математика и за постигнувањата по математика*), како и над 80 библиографски единици – првенствено странски публикации на англиски јазик меѓу кои: научни трудови, статии, книги, монографии, извештаи, национални прописи и интернет извори.

Трудот е структуриран во 6 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, м-р Мирлинда Шаќири го образложува значењето на математиката како моќна алатка за глобално разбирање и комуникација, која ги кодификува и организира квантитативните релации во стварноста, воведувајќи ги категориите на каузалитет, ред и симетрија како противтежа на произволноста, фриволноста и хаосот. На мисловен план, математичкото размислување кај поединецот поттикнува широк опсег на когнитивни процеси и функции, како што се логичкото резонирање, критичкото мислење, креативноста, способноста за апстракција, просторната визуелизација, разните вештини за решавање на проблеми, вклучувајќи и ефективни комуникациски вештини. Математиката е егзактна наука, кохерентна, прецизна, методична, логична, и води до највисоките нивоа на апстракција, но нејзиното изучување како задолжителен предмет низ сите нивоа на образование, почнувајќи од основното, е многу комплексен процес врз кој влијаат многу фактори. Според м-р Мирлинда Шаќири, во текот на школските години, учениците развиваат одредени идеи и уверувања за математиката што може да влијаат на тоа како ја гледаат и ја доживуваат. Верувањата на учениците за математиката се тесно поврзани со емоциите, со чувството на самопочит и вложениот труд за учење. Некои вообичаени уверувања, како што се оние поврзани со идејата за „вроден талент“ или „математиката

е премногу тешка“, можат да создадат големи пречки за развивање позитивен став кон математиката и кон успешно учење. Спротивно на тоа, верувањата на учениците за можноста за подобрување преку вложување напор и посветеност може да поттикнат пофлексибилен и поотворен став кон математичките предизвици, гледајќи ги грешките не како неуспех туку како можност и патоказ за натамошно учење и раст. Еден од најраширените стереотипи за математиката е дека математичкото размислување е специфично погодно за умствениот профил на момчињата. Во академските кругови, исто како и во секојдневниот наратив во училиштата, опстојува мислењето дека генерално момчињата имаат подобри резултати од девојчињата на формалните математички оценувања. Фактите, меѓутоа, не секогаш кореспондираат со ваквите тврдења. На пример, постигнувањата на македонските ученици од двата пола на меѓународната студија TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study) не ги потврдуваат ваквите разлики. Една од целите на ова истражување е вреднувањето на постигнувањата на учениците по предметот математика во однос на броевите и операциите со нив. Друга важна цел е да се фрли светлина врз постоењето поврзаност меѓу уверувањата за математиката и ученичките перформанси и мотивација за учење. Во трудот се испитува во колкава мера учениците со позитивни уверувања за математиката имаат поголем успех и мотивација за учење, споредени со оние кои имаат негативни уверувања.

Во втората глава, **Релевантни емпириски истражувања,** кандидатката презентира куси осврти на резултатите од повеќе релевантни емпириски студии од тематското подрачје кон кое гравитира дисертацијата.

Пред да пристапи кон сеопфатно образложение на предметот, целта и хипотезите на истражувањето, во третата глава кандидатката дава прецизна **Дефиниција на поимите** со кои се оперира во тезата. Постигнувањата по математика се дефинираат како компетентност, знаење, вештини и разбирања по математика демонстрирани од ученикот, обично мерени преку резултати на оценување, тестови и училишни оценки. Тие го одразуваат совладувањето на специфични математички поими, техники и способности за решавање проблеми стекнати во текот на одредена образовна фаза. Когнитивните нивоа (домени) според TIMSS се: 1) *познавање и разбирање факти, поими (концепти) и постапки*; 2) *примена на знаења и концептуални разбирања во решавање задачи*; 3) *логичко размислување (резонирање или расудување) при решавање нерутински задачи во непознати ситуации, комплексни контексти, заклучно со проблеми со повеќе чекори*. Кандидатката прецизира дека на ниво познавање и разбирање, учениците се способни да разберат факти, термини и дефиниции, да ги извршуваат основните аритметички операции, како и да препознаваат броеви и форми. На ниво на примена се проценуваат вештините на учениците за употреба на знаењата во реални ситуации. Логичкото размислување (расудување) е највисокото когнитивно ниво и го мери критичкото и аналитичкото размислување на учениците. На ова ниво, учениците се способни да анализираат и да споредуваат, да решаваат нерутински проблеми, да извлекуваат заклучоци и да генерализираат.

Кандидатката се повикува на општоприфатени дефиниции за категориите од областа на психологијата, како што се: афект, уверувања, ставови и емоции, дадени во Поглавје 7 од книгата Second Handbook of Research in Mathematics Teaching and Learning (Lester (Ed.), 2007). Афект е ,,диспозиција или тенденција или емоција или чувство поврзано со идеја или предмет” (Lester (Ed.), 2007, p.259), базирана врз три компоненти: (1) ставови – начини на дејствување, чувствување или размислување што покажуваат нечија диспозиција или мислење; (2) емоции – чувства или состојби на свест, различни од когницијата; и (3) уверувања – психолошки прифатени разбирања, премиси или тврдења за светот за кои се смета дека се вистинити. Уверувањата влијаат врз перцепцијата и предиспонираат кон акција; се развиваат постепено, при што културните фактори играат клучна улога во нивниот развој; некои уверувања (примарни) служат како основа на други уверувања (изведени) во псевдологичка структура; централните уверувања се цврсто прифатени, периферните уверувања се

поподложни на промени; уверувањата се одржуваат во кластери релативно изолирани од другите кластери; системите на уверувања може да изгледаат контрадикторни или неконзистентни за набљудувачот, бидејќи се специфични за контекстот и за дадената ситуација (Lester (Ed.), 2007).

Ориентација е модел на уверувања што еден наставник може да ги има за математиката и наставата по математика. Надградувајќи ја работата на претходни истражувачи Philipp (Lester, (Ed)., 2007) идентификувал две ориентации кон математиката – концептуална и калкулациска – тежнеејќи да опише важни димензии според кои наставниците се разликуваат. Според Philipp (Lester, (Ed)., 2007), наставната практика на наставник со концептуална ориентација кон математиката се состои од постапки водени од слика на математиката како систем на идеи и начини на размислување што наставникот има намера да ги развива кај своите ученици; слика за тоа како овие идеи и начини на размислување можат да се развијат; идеи за карактеристиките на материјалите и на активностите, како и ангажирањето на учениците со нив што може да го насочи вниманието на учениците на продуктивни начини, како и очекување и инсистирање дека учениците ќе бидат интелектуално ангажирани во задачите и активностите. Од друга страна, постапките на наставник со калкулациска ориентација кон математиката се водени од фундаментална слика за математиката како примена на пресметки и процедури за добивање нумерички резултати. Со калкулациската ориентација е поврзана тенденцијата да се зборува исклучиво на јазикот на броевите и аритметичките операции, предиспозицијата да се сведува решавањето проблеми на добивање нумеричко решение и тенденцијата да се занемари контекстот (Lester, (Ed)., 2007). Разумно е да се очекува дека наставниците што ги имаат овие различни модели на уверувања ќе практикуваат различни наставни приоди во училницата. Степенот до кој овие различни практики влијаат врз резултатите на учениците не е целосно расветлен иако постојат примери на псевдоекспериментални студии посветени на ова прашање.

Когнитивно-конструктивистичка ориентација кон наставата е сеопфатен термин што на знаењето гледа како на активна конструкција на умот, формирана низ активни когнитивни процеси, а не како пасивно пренесена или акумулирана информација. Ориентација кон настава со директна трансмисија се фокусира кон развивање на процедурални вештини преку јасни објаснувања чекор по чекор, репетитивни вежби и практична работа водена од наставник. Акцентот е на постепено совладување на калкулациски вештини и мерливи перформанси. Staub и Stern (2002) ги споредиле постигнувањата на учениците од трето одделение поучувани од наставници со когнитивно-конструктивна ориентација со оние на учениците чии наставници ја преферирале ориентацијата кон настава со директна трансмисија. Наодите сугерираат дека учениците чиишто наставници имаат посилна когнитивно-конструктивистичка ориентација покажуваат повисоки постигнувања во решавањето на тешки текстуални задачи во споредба со оние чиишто наставници имаат поблаг когнитивно-конструктивистички став, придржувајќи се кон педагошки уверувања за содржината што се во согласност со ориентација кон настава со директна трансмисија. Интересно е што Staub и Stern (2002) откриле и дека учениците поучувани од наставници со когнитивно-конструктивистичка ориентација постигнале еднакво добри или подобри резултати во рутинските задачи (математички факти и постапки) споредени со учениците на наставници со калкулациска ориентација и ориентација кон настава со директна трансмисија.

Ваквите наоди сугерираат дека уверувањата на наставникот за математиката и учењето математика може да влијаат врз неговиот наставен простап, следствено и врз тоа како неговите ученици учат. Од таа причина, во студијата TEDS-M (*Teacher Education and Development Study in Mathematics*) (Tatto и сор., 2012) биле собрани податоци за три аспекти на уверувањата на идните наставници поврзани со математиката: уверувања за природата на математиката, уверувања за учењето математика, и уверувања за постигнувањата во математиката. Иако мерите развиени за TEDS-M може да се третираат како слабо поврзани со концептуалната ориентација кон

математиката наспроти калкулацискатa, како и когнитивно-конструктивистичката ориентација кон наставата наспроти ориентацијата преку директна трансмисија, овие мерки не треба да се изедначуваат со нив (Tatto и сор., 2012). Во докторскиот труд се презентирани петте скали на уверувања дизајнирани во студијата TEDS-M (Tatto и сор., 2012).

1. *Уверувања за природата на математиката*. Со тврдењата во овој блок се истражува како испитаниците ја замислуваат математиката како предмет (на пр., математиката како формална, структурна, процедурална или применета). Развиени биле две скали: *Математиката како збир на правила и постапки* и *Математиката како процес на истражување*.

Испитаниците со висок резултат на скалата *Математиката како збир на правила и постапки* имаат тенденција да ја гледаат математиката како збир на постапки што треба да се научат, со строги правила за тоа што е точно, а што неточно. Тие обично се согласуваат со изјави како што се следниве, вклучени во скалата: *Математиката е збир на правила и постапки што пропишуваат како да се реши задача*; *Математиката вклучува запомнување и примена на дефиниции, формули, математички факти и постапки*; *Кога решавате математички задачи, треба да ја знаете точната постапка, во спротивно би биле изгубени* и други.

Испитаниците со висок резултат на скалата *Математиката како процес на истражување* ја гледаат математиката како средство за одговарање на прашања и решавање проблеми. Тие ги гледаат математичките постапки како алатки за истражување, како средства за постигнување цел, но не како цели сами по себе. Тие обично се согласуваат со тврдења како што се следниве: *Математиката вклучува креативност и нови идеи*; *Во математиката многу работи можат да се откријат и испробаат сами*; *Математичките задачи можат да се решат правилно на многу начини*; *Математиката помага во решавањето на секојдневните проблеми и задачи* и други.

При конструирањето на скалите, истражувачкиот тим на TEDS-M очекувал дека идните наставници ќе се приклонат кон едниот или кон другиот поглед за природата на математиката и дека двете скали ќе бидат негативно корелирани, што, генерално, се покажало како точно очекување.

2. *Уверувања за учењето математика*. Истражувачкиот тим на TEDS-M развил две скали поврзани со уверувањата: Учење *математика преку следење на упатствата на наставникот* и *Учење математика преку активно ангажирање/вклучување*.

Испитаниците со високи резултати на скалата *Учење математика преку следење на упатствата на наставникот* имаат тенденција да го гледаат учењето математика како процес во кој наставникот има централна улога: улогата на ученикот е да ги следи упатствата од наставникот и преку тоа да учи математика. Овие испитаници обично се согласуваат со изјави како овие: *Најдобриот начин да се постигне успех во математиката е да се запаметат сите формули*; *Воопшто не е важно дали ја разбирате математичката задача ако можете да го добиете точниот одговор*; *За да бидете добри во математиката, мора да можете брзо да решавате задачи*; *Учениците најдобро учат математика преку слушање на објаснувањата на наставникот*; *Кога учениците работат на математичка задача, поголем акцент треба да се стави на добивањето на точниот одговор отколку на процесот на решавање*; *Нестандардните постапки треба да се обесхрабруваат бидејќи може да пречат во учењето на правилната постапка*; *Практичните математички искуства не се вредни за издвоеното време и трошоците за материјалите*.

Испитаниците со висок резултат на скалата *Учење математика преку активно ангажирање* имаат тенденција да го гледаат учењето математика како активно учење: учениците мора да се ангажираат со математиката и да развиваат начини за решавање проблеми за нивното учење математика да биде ефикасно. Овие испитаници обично се согласуваат со изјави како што се следниве: *Покрај добивањето точен одговор по математика, важно е да се разбере зошто одговорот е точен*; *Корисно е*

учениците да дискутираат за различни начини на решавање на одредени задачи; *Времето потрошено за истражување зошто решението на математичка задача функционира е добро потрошено време*; *Учениците можат да смислат начин за решавање математички задачи без помош од наставникот*.

Идентично како кај скалите што ги одразуваат верувањата за природата на математиката, испитаниците и овде не избираат само еден од двата сета верувања за учењето математика, туку може да ги поддржат двата сета тврдења. Очекувањата на истражувачите во TEDS-M било дека идните наставници ќе се приклонат кон едниот или другиот поглед на учењето, и дека двете скали ќе бидат негативно корелирани, што било потврдено во студијата.

3. *Уверувањата за постигнувањата по математика* се претставени преку скалата *Математиката како фиксна способност*. Испитаниците со високи резултати на оваа скала имаат тенденција да мислат дека постигнувањата по математика директно зависат од способноста на ученикот: училишната математика е нешто што е достапно за некои ученици, а релативно недостапна за други. За оние кои цврсто се држат до овие верувања, клучен елемент на наставата по математика е да се открие кои ученици можат добро да учат математика, а кои не. Овие испитаници обично се согласуваат со изјави како што се следниве, вклучени во скалата: *За да бидете добри во математиката, треба да имате еден вид „математички ум“*; *Математиката е предмет во кој природната способност е многу поважна од вложениот труд*; *Само поспособните ученици можат да учествуваат во активности за решавање проблемски задачи со повеќе чекори*; *Општо земено, момчињата имаат тенденција да бидат природно подобри во математиката од девојчињата*; *Математичката способност е нешто што останува релативно фиксирана во текот на целиот живот на една личност*; *Некои луѓе се добри во математика, а некои не*; *Некои етнички групи се подобри во математика од другите* и други.

Две од петте развиени скали (*Математиката како процес на истражување* и *Учење математика преку активно ангажирање*) во голема мера се во согласност со ориентациите претходно опишани како концептуални (Lester, (Ed.), 2007) и како когнитивно-конструкционистички (Staub & Stern, 2002). Следните две скали (*Математиката како збир на правила и постапки* и *Учење математика преку следење на упатствата на наставникот*) се поконзистентни со ориентациите претходно опишани како калкулациски (Lester, (Ed.), 2007) и настава со директна трансмисија (Staub & Stern, 2002). Петтата скала, математиката како фиксна способност, не е концептуално поврзана со овие ориентации. Сепак, таа одразува поглед на учењето математика кој, ако се одрази директно во постапките на наставниците, веројатно ќе резултира со пониски очекувања за многу ученици. Затоа, експертите по математичко образование го обесхрабруваат овој поглед.

Предметот на истражувањето на оваа дисертација, обработен во четвртата глава, опфаќа мерење на нивоата на постигнувања по математика на учениците од петто одделение основно образование и анализа на системот на нивните уверувања во однос на природата на знаењата по математика, учењето математика, постигнувањата по математика, како и личната подготвеност за учењето математика. Во содржинска смисла, оваа формулација на истражувачкиот предмет подразбира мерење на нивоата на постигнувања по математика на учениците од петто одделение основно образование и експлоративно испитување на уверувањата на учениците на крајот од одделенската настава, во насока на неколку аспекти на учењето математика. Притоа, нивоата на постигнувања по математика на учениците од петто одделение се во согласност со категоризацијата на когнитивни нивоа според студијата TIMSS: познавање и разбирање (факти и постапки), примена на знаења, математичко резонирање. Тврдењата со кои се испитуваат уверувањата на учениците се поврзани, но не се целосно еквивалентни со двете ориентации: концептуална и когнитивно- конструктивистичка ориентација; калкулациска и ориентација кон настава со директна трансмисија.

Концепциски, целта на вкупниот истражувачки зафат е да се утврдат постигнувањата по математика на учениците на крајот од петто одделение основно

образование, односно на крајот од одделенската настава, и тие да се анализираат низ призмата на емпириски фундирани сознанија за поширокиот композит од ставови, мислења и убедувања за природата на математиката, учењето математика и постигнувањата по математика, како и личната подготвеност односно мотивација за учење математика. Во согласност со предметот и целта, формулирани се следниве истражувачки хипотези:

Главна хипотеза А:

X_A: Постојат разлики во постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава во зависност од демографски варијабли.

Посебни хипотези А1 – А3:

X_{A1}: Постојат разлики во постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава во зависност од полот.

X_{A2}: Постојат разлики во постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава во зависност од наставниот јазик.

X_{A3}: Постојат разлики во постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава во зависност од социоекономскиот статус на семејството.

Главна хипотеза Б:

$X_Б$: Постои поврзаност помеѓу постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава и нивните уверувања за математиката, што се компатибилни со концептуалната и когнитивно-конструктивистичката ориентација.

Посебни хипотези Б1 – Б3:

$X_{Б1}$: Постои поврзаност помеѓу постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава и нивните уверувања за *природата на математиката* компатибилни со концептуалната и когнитивно-конструктивистичката ориентација.

$X_{Б2}$: Постои поврзаност помеѓу постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава и нивните уверувања за *учењето математика* компатибилни со концептуалната и когнитивно-конструктивистичката ориентација.

$X_{Б3}$: Постои поврзаност помеѓу постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава и нивните уверувања за *постигнувањата по математика* компатибилни со концептуалната и когнитивно-конструктивистичката ориентација.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во студија (Preckel et.al., 2008) во која се анализирани родовите разлики во постигнувањата и ставовите по математика кај надарени и кај просечни ученици во основно образование (при што надареноста е дефинирана како способност за невербално расудување, мерена на соодветна субскала на когнитивен тест), со употреба на структуриран прашалник биле мерени академскиот селф-концепт, интересирањето и мотивацијата кон математиката. Резултатите покажале дека, иако момчињата постигнале подобри резултати на тестовите по математика во двете групи на способности, не се пронајдени значајни родови разлики во конечните резултати. Сепак, евидентирани се пониски нивоа на академски селф-концепт, интересирање и мотивација во математиката кај девојчињата, особено во надарената група. Додека родовите разлики биле поизразени кај надарените ученици, предностите во самоконцептот и интересот биле забележани само кај момчињата во оваа група. Ваквите наоди ја поддржуваат идејата дека родовите разлики во ставовите и мотивацијата за математика се поочигледни кај учениците со високи способности, нагласувајќи ја потребата од родово сензитивен пристап кон образованието на надарените ученици.

Hargreaves, Homer и Swinnerton (2008) ги испитувале родовите разлики во математичката изведба на 9-годишници и 13-годишници во Англија, фокусирајќи се конкретно врз надарените и изразито надарените ученици. Покрај резултатите од оценувањата по математика, истражувањето ги анализира и ставовите на учениците кон математиката и перцепцијата за математичките способности според полот. Со контрола на повеќе релевантни варијабли (пол, училиште, возраст, претходни резултати), покажано е дека не постојат родови разлики во математичката изведба, кај двете возрасни групи, но затоа идентификувани биле значајни разлики во испитаните

ставови и перцепции, вклучително и стереотипот дека математиката е „предмет за момчињата“. Се чини дека овие стереотипи би можеле да имаат негативно влијание врз девојчињата, кои, без разлика на резултатите споредливи со момчињата, манифестираат пониска доверба во своите способности. Ваквите наоди се особено загрижувачки во контекст на ниското учество на девојчиња во напредни курсеви по математика. Авторите поентираат со укажување на потребата од плански акции во насока на релативизирање на постоечките родовите очекувања, како стратегија во насока на развојот на математичката самодоверба кај девојчињата.

Книгата „Counting girls out: Girls and Mathematics“ (Walkerdine, 1998) претставува длабинско теоретско и десетгодишно емпириско истражување на прашањето за родот и постигнувањата во математиката. Книгата критички ги испитува тврдењата за интелектуалните способности на девојчињата и ги доведува во прашање двојните стандарди на евалуација: Зошто девојчињата, дури и кога покажуваат добри резултати, честопати се сметаат за помалку компетентни, додека на момчињата им се признава дури и кога нивните резултати се ниски?

Boaler (2013) сугерира дека неодамнешните научни откритија укажуваат на пластицитетот на мозокот и позитивното влијание на менталитетот насочен кон раст врз постигнувањата на учениците. Сепак, училишните практики, особено во Англија, честопати сè уште се потпираат врз концептот на фиксни способности, со што се ограничуваат можностите за учење и раст. Клучен аспект на оваа дискусија е третманот на грешките во наставата по математика. Авторите тврдат дека грешките не треба да се гледаат како неуспеси, туку како можности за ментален развој. Во овој поглед, промената на ставот кон грешките во училницата – преку нивно позитивно вреднување – може да поттикне култура на подлабоко и порефлективно учење. Во соработка со наставниците, авторите промовираат практики што ги репозиционираат грешките во насока на вредни ресурси за учење.

Dweck (2006) прави разлика помеѓу фиксен начин на размислување и начин на размислување на раст, тврдејќи дека уверувањето дека способностите се вродени и непроменливи ги спречува учениците да се соочуваат со предизвици и ги тера лесно да се откажуваат. Овие ставови се особено штетни во учењето математика, каде што стравот од грешки, недостатокот на упорност и самоограничувањето го попречуваат развојот. Поткрепени со децении научни истражувања, авторите нагласуваат дека негувањето начин на размислување на раст може да доведе до значителни подобрувања во постигнувањата.

Eccles & Jacobs (1986) во своето истражување се осврнуваат на тековната дебата за родовите разлики во математичките способности што е во фокусот на вниманието во изминатата деценија. Во оваа дискусија се повторуваат три клучни забелешки: адолесцентните момчиња често постигнуваат повисоки резултати од девојчињата на стандардизираните тестови по математика, машките ученици имаат поголема веројатност да се вклучат во опционални активности поврзани со математика, од технички хобија до избор на кариера во области што бараат математички вештини и, генерално, машките адолесценти постигнуваат подобри резултати од женските во одредени математички контексти. Авторките нагласуваат дека очекувањата на родителите, наставниците и социјалните стереотипи играат клучна улога во формирањето на верувањата за (не)способност и влијаат врз академските и професионалните избори на учениците. Овие наоди се предмет на интензивна дебата, покренувајќи прашања за тоа дали овие разлики се резултат на биолошки, социјални или културолошки фактори.

Сумирано, резултатите од други помали студии ги дополнуваат горните наоди од областа, покажувајќи дека меѓу психолошките фактори најзначајни се интелигенцијата, ставот кон математиката, селф-концептот, нумеричките способности и математичката анксиозност; меѓу социјалните фактори доминираат социо-економскиот статус, вклученоста на родителите и образованието на родителите; меѓу демографските фактори, најчесто истражувана е позицијата на полот. Понатаму, покажано е дека самоефикасноста во математиката е посилен предиктор за решавањето

на проблемски задачи во споредба со селф-концептот, перцепираната корисност, претходното искуство или полот. Исто така, самоефикасноста е модератор на ефектите на полот и претходното искуство врз селф-концептот, перцепираната корисност и постигнувањата во решавањето проблеми. Момчињата манифестираат повисок степен на самоефикасност, селф-концепт и на изведба, како и помала анксиозност, но овие разлики во голема мера може да се објаснат со самоефикасноста, која би можела да има позиција на фокусна точка на влијанието на другите фактори. Современите истражувања во образовната психологија и дидактиката на математиката нагласуваат дека епистемолошките верувања на учениците значително влијаат врз начинот на кој тие се вклучуваат во процесот на учење. Ученик кој ја гледа математиката како вредна и поврзана со реалноста, со поголема веројатност ќе се ангажира активно и ќе покаже истрајност при справувањето со тешкотии. Напротив, негативните или погрешни верувања за природата на математиката може да доведат до страв од неуспех, пасивност и последично до ниски резултати.

Краток опис на применетите методи

Во петтата глава, **Методологија на истражувањето**, се претставени примерокот на испитаници, примерокот на варијабли, применетите мерни инструменти и начините на вршење на анализа на добиените реултати.

Примерокот на испитаници е извлечен од популацијата ученици од петто одделение, односно ученици на возраст од 10 – 11 години. Вкупниот примерок опфаќа 188 испитаници од четири основни училиште во Тетово и во Скопје.

Примерокот на варијаблите се состои од три независни променливи (пол, социоекономскиот статус и наставен јазик) и неколку зависни променливи (постигнувањата по математика на крајот од 5 одделение и уверувањата на испитаниците за природата на математиката, за учењето математика и за постигнувањата по математика).

Како инструмент за мерење на постигнувањата по математика на учениците на крајот од петто одделение е користен тест на знаење по математика од темите „Броеви“ и „Операции со броеви“ составен од седум избрани ослободени задачи од студијата TIMSS (Trends in International Mathematics and Study Science), од кои три се ниво на *познавање и разбирање*, а четири задачи се на ниво на *примена на знаења*, во согласност со нивната класификација во рамките на TIMSS. Во почетната верзија на тестот се вклучени и задачи на ниво *математичко резонирање*, но тие се исклучени од тестот пред да биде реализирано тестирањето по сугестија на искусни одделенски наставници дека задачи од овој тип се над нивото на задачи што се решаваат во наставата и го прават тестот претежок за учениците во нашата средина.

Како инструмент за проучување на уверувањата на учениците за природата на математиката, за учењето математика и за постигнувањата по математика е користен анкетен прашалник од Ликертов тип, модификуван врз основа на анкетниот прашалник користен во истражувањето спроведено во рамките на научноистражувачкиот проект „Уверувањата на идните учители и воспитувачи за природата на знаењата, учењето и поучувањето мајчин јазик и математика“ (2018), финансиран од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Анкетниот прашалник во овој проект е преземен и преведен од прашалникот дизајниран во рамките на студијата TEDS-M (Tatto и сор., 2021). За потребите на истражувањето во докторскиот труд, направена е адаптација преку избор на оние тврдења што соодвествуваат на возраста на испитаниците земајќи ја предвид вкупната должина на прашалникот, како и преку благо поедноставување на формулациите без губење на смислата на тврдењата.

Анализите се направени во програмскиот пакет IBM SPSS Statistics 25 со примена на соодветна комбинација на параметриски и непараметарски инференцијални тестови: т-тест за независни примероци, АНОВА (едноставна еднонасочна анализа на варијанса) и Спирманов коефициент на корелација како инференцијални постапки, како и палета од стандардни дескриптивни мерки (фреквенции, проценти, перцентили и слично).

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите на истражувањето се презентирани детално во шестата глава, а дискусијата за нив е изложена во седмата глава. При проверка на Посебната хипотеза A_1 од ова истражување резултатите укажуваат дека не постои статистички значајна разлика во постигнувањата по математика на учениците на крајот од одделенската настава во зависност од полот, што е во согласност со резултатите од Државното тестирање по математика на учениците од 5. одделение, објавени на крајот од декември 2025 година. Момчињата постигнале несигнификантно повисок успех при решавањето на задачите на ниво *познавање и разбирање* и на задачите на ниво *примена на знаења*. Овој наод е во согласност и со резултатите од студијата TIMSS, објавени од страна на Државниот испитен центар. Кај учениците во Република Северна Македонија е забележана родова еднаквост во просечните постигања по математика на оценувањето во TIMSS 2019 и во TIMSS 2023. Врз основа на меѓународните резултати од TIMSS 2019 година, момчињата од четврто одделение имале повисоки просечни постигања од девојчињата во приближно половина од сите 58 земји учеснички. Се поставува прашањето како се толкуваат постоењето, односно непостоењето на значајни полови разлики во постигањата по математика во различни држави, односно во колкава мера социолошки, културни и други фактори влијаат врз овие разлики.

Учениците на македонски наставен јазик покажале нешто повисоко ниво во постигнувањата по математика во споредба со учениците на албански наставен јазик, но утврдената разлика е статистички несигнификантна. Меѓутоа, при тестирањето на разликите во успехот на решавање на задачите од различно когнитивно ниво, утврдена е статистичка значајност на разликата кај задачите на ниво *примена на знаењата,* во корист на учениците на македонски наставен јазик, со што посебната хипотеза A_2 делумно е потврдена.

Споредбата на резултатите на тестот според градот (Скопје и Тетово) покажува дека за задачите на ниво *познавање и разбирање* и за задачите на ниво *примена на знаења* кај учениците од машкиот пол не постои значајна разлика. Кај женскиот примерок, меѓутоа, евидентирана е значајна разлика кај задачите на нивото на *познавање и разбирање* и на нивото *примена на знаењата*, при што ученичките од Скопје постигнале повисоки резултати.

Добиените резултати укажуваат на постоење на статистички значајни разлики меѓу училиштата, и тоа на ниво на *познавање и разбирање* и на ниво *примена на знаењата*. Учениците од скопско училиште од централното градско подрачје покажале најдобри резултати во споредба со учениците од другите училишта во истражувањето, додека учениците од едно од училиштата во Тетово покажале очигледно послаби резултати на задачите на ниво *познавање и разбирање*, како и на задачите на ниво за *примена на знаењата*. Овој наод оди во насока на потврда на посебната хипотеза A_3 за постоење на разлики во постигнувањата по математика на крајот од петто одделение во зависност од социо-економскиот статус. М-р Мирлинда Шаќири посочува дека причините за забележаните разлики тешко може да се идентификуваат без натамошни тематски истражувања. Таа формира претпоставка дека можните фактори се движат од широкиот социо-економски статус на населението во областите каде што се наоѓаат училиштата, до специфични фактори како што се достапноста на приватни часови вон училиштето или напредни курсеви по математика што ги нудат професионални даватели на услуги, како и фактори поврзани со компетенциите по математика и по дидактика на математиката на поединечните наставници и нивните претходни професионални искуства.

Кандидатката забележува дека, во рамките на изјавите поврзани со сегментот *Учење математика преку директни инструкции од наставникот*, најсилна поддршка е дадена на изјавата: *Учениците најдобро учат математика која внимателно ги следат објаснувањата на наставниците*. Сепак, уште посилен впечаток остава многу слабата поддршка на изјавата: *За да бидеш добар во математиката, треба да умееш брзо да решаваш задачи*. Во рамките на сегментот *Учење математика преку активно вклучување*, евидентирана е посилна поддршка на

изјавата *Во математиката, покрај добивањето точен одговор, важно е да се разбере зошто одговорот е точен*.

Во однос на уверувањата за постигнувањата по математика, може да се види дека во сегментот *Математиката како фиксна способност*, изјавата *Некои луѓе „ги бидува“ по математика, а некои не,* има најсилна поддршка. Во рамките на сегментот *Математичката способност може да се развива* постои само една изјава, во која учениците убедливо го поддржуваат мислењето дека математиката може да се научи, со вложување поголем труд и повеќе време.

Утврдена е статистички значајна разлика во исказите помеѓу двете јазични групи во рамките на сегментот *Математика како процес на истражување*, во машкиот и во женскиот потпримерок. Машките ученици што учат на македонски наставен јазик ги поддржуваат овие изјави севкупно значително повисоко од нивните врсници што учат на албански наставен јазик, исто како што е случај и кај ученичките. Не е утврдена значајна разлика во исказите на учениците со различен наставен јазик во сегментот *Математика како збир на правила и постапки*. Гореспоменатите разлики меѓу учениците на македонски и на албански наставен јазик (во рамките на сегментот *Математика како процес на истражување*) може попрецизно да се лоцираат на два (од три) искази, истовремено и кај двата пола: *До точното решение на задача може да дојдам на различни начини*, и *Математиката може да се користи при решавање практични проблеми во секојдневното живеење*. Никаква значајна разлика, како што може да се види, не е забележана на исказот *Во математиката многу нешта може да ги откријам сам/сама*.

Учениците на различен наставен јазик, од двата пола, имаат слични мислења за изјавите што ги одразуваат уверувањата за учењето математика. Може да се забележи прилично видлива разлика (сè уште недоволно проминентна за статистичка значајност) кај женскиот потпримерок, во сегментот *Учење математика преку директни инструкции од наставникот*, кадешто девојчињата кои учат на албански наставен јазик поддржуваат одредени искази во нешто поголема мера.

Утврдена е статистички значајна разлика меѓу двете јазични групи во рамките на сегментот *Математика како фиксна способност*, и во машкиот и во женскиот потпримерок. Кај момчињата, учениците на албански јазик ги поддржуваат овие тврдења вкупно значително повисоко од нивните македонски врсници, како и кај девојчињата. Не е утврдена значајна разлика на искази во сегментот *Математичката способност може да се развива,* при што учениците од двата пола и на двата наставни јазици во поголема мера се согласуваат со тврдењата од овој сегемент во споредба со тврдењата од сегментот *Математиката е фиксна способност*. Јасно е видливо дека албанските ученици, без разлика на полот, навистина ги поддржуваат сите изјави – без исклучок – повисоко од нивните македонски врсници. Во случај на три конкретни изјави, забележаните разлики се покажале статистички значајни без разлика на полот: *За да бидеш добар по математика, потребно е да имаш математички талент во себе*, *Некои луѓе „ги бидува“ по математика, а некои не* и *Некои луѓе не можат да научат да решаваат задачи без оглед колку и да се обидуваат*. Во рамките на машкиот потпримерок, забележани се значајни разлики во две дополнителни тврдења: *Само поспособните ученици можат да учествуваат во решавањето на потешки задачи* и *Генерално, момчињата се природно подобри по математика од девојчињата*. Такво тврдење постои и кај девојчињата: *Математиката е предмет во кој вродената способност има поголемо значење од вложениот труд*. Не се забележани никакви значајни разлики само во изјавата *Математичката способност останува релативно фиксирана во текот на животот на една личност*. Едно од можните објаснувања за ова би можело да лежи во фактот што учениците на рана возраст веројатно имаат тешкотија во разбирањето на тврдење што се однесува на непроменливост на способност во текот на животот.

Резултатите за поврзаноста меѓу вкупниот број поени на тестот и уверувањата за природата на математиката покажуваат позитивна и статистички значајна врска на вкупниот број поени и тврдењата од сегментите *Математиката како систем од*

правила и *Математиката како процес на истражување*. Ова укажува дека степенот на согласување со уверувањата за природата на математиката има директна врска со успехот на тестот во целина: учениците кои искажале поголема согласност со тврдењата поврзани со *Математиката е систем од правила*, исто како и со тврдењата поврзани со *Математиката е процес на истражување,* имаат тенденција да добијат повеќе поени на тестот. Вредноста на коефициентот е релативно ниска, што укажува на слаба јачина на врската., со што посебната хипотеза Б1 добива слаба потврда.

Постигнувањата на учениците на крајот од петто одделение имаат позитивна силна и статистички значајна врска со исказот *Математиката е составена од правила и постапки со кои се решаваат задачи*, како и со исказот *Математиката може да се користи при решавање практични проблеми во секојдневното живеење*. Утврдена е слаба негативна корелација помеѓу уверувањата за *Учењето математика преку директна трансмисија* и постигнувањата на учениците, но оваа врска не е статистички значајна. Од друга страна, утврдена е слаба позитивна корелација помеѓу постигнувањата на учениците на крајот од петто одделение и уверувањата за *Учењето математика по пат на истражување*, а оваа врска е статистички значајна, со што посебната хипотеза Б2 се потврдува.

Непостоењето значајна врска помеѓу двете ориентации: *Учење математика преку директна трансмисија* и *Учењето математика по пат на истражување* значи дека овие две ориентации се релативно добро издиферецирани. Ориентацијата кон традиционалното учење (*Учење математика преку директна трансмисија*) покажа незначително, но негативно влијание врз постигнувањата по математика на учениците на крајот од петто одделение. Од друга страна, *Учењето математика по пат на истражување* има слаба, но значајна позитивна врска со постигнувањата измерени со тестот.

Корелацијата помеѓу постигнувањата на учениците на крајот од петто одделение и тврдењето *Кога учениците решаваат задачи, поважно е да добијат точен одговор отколку правилно да решаваат* е единствената статистички значајна врска во групата искази поврзани со *Учењето математика со директна трансмисија*. Негативната корелација покажува дека учениците кои веруваат дека е важен само точниот одговор, а не начинот на кој е добиен, имаат тенденција да добиваат пониски резултати на тестот.

Утврдена е силна статистички значајна негативна корелација помеѓу уверувањата за *Математиката како вродена и фиксна способност* и постигнувањата по математика на учениците на крајот од петто одделение. Ова значи дека учениците кои во повисока мера го прифаќаат уверувањето дека математичката способност е вродена и на неа не може да се влијае преку образованието постигнуваат значително пониски резултати по математика. При тоа, постои статистички значајна негативна корелација помеѓу постигнувањата на петтодделенците со тврдењето *За да бидеш добар по математика, потребно е да имаш математички талент во себе*, како и со тврдењето *Математиката е предмет во кој вродената способност има поголемо значење од вложениот труд*. Учениците кои веруваат дека талентот е клучниот фактор за успех во математика, а не трудот, имаат тенденција да постигнуваат пониски резултати. Резултатот покажува дека уверувањето дека вродената способност е пресудна, негативно влијае врз постигнувањата по математика.

М-р Мирлинда Шаќири заклучува дека дефинитивни одговори на прашањата поврзани со полот и со математичката способност сè уште не се дадени. Таа посочува и на значењето на правилниот третман на стереотипите и предрасудите на сите нивоа на образование, како и на потребата од едукација на наставниот кадар од одделенска настава, вклучувајќи ги и наставниците по математика во предметната настава во основното и во средното образование. Таквата едукација нужно започнува со експлицитно изложување и прифаќање на различните научни докази за постоењето, односно отсуството на постоење на полови разлики во постигањата на учениците, потенцијалните претпоставени или потврдени причини за нив, во рамките на иницијалното образование на наставници.

Анализата на резултатите од анкетното истражување за личната подготвеност и мотивација за учење математика укажува дека мнозинството ученици ја перцепираат математиката на позитивен начин и покажуваат чувство на компетентност за справување со барањата на наставниот предмет. Поголемиот дел од учениците не манифестираат страв или несигурност при решавањето математички задачи, што укажува на задоволително ниво на самодоверба и позитивни ставови кон математиката. При тоа, Сепак, идентификуван е помал сегмент од учениците кај кои е евидентирана потреба од дополнителна поддршка во процесот на учење. Во овој контекст, се препорачува примена на мотивациски и кооперативни наставни методи, насочени кон зајакнување на самодовербата, зголемување на активното ангажирање и обезбедување рамноправна вклученост на сите ученици во наставниот процес.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Мирлинда Селам Шаќири, со наслов: „Постигнувањата по математика и системот на уверувања за математиката на учениците од петто одделение“, претставува истражување во областа на образованието на наставници (за примарното образование) во подрачјето на природно-математичките науки. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ја реализира целта да се утврдат постигнувањата по математика на учениците на крајот од петто одделение основно образование, односно на крајот од одделенската настава и истите да се анализираат низ призмата на емпириски фундирани сознанија за поширокиот композит од ставови, мислења и убедувања за природата на математиката, за учењето математика и за постигнувањата по математика, како и личната подготвеност односно мотивација за учење математика. Научниот придонес на докторскиот труд се лоцира во доменот на емпириско истражување, што дава извесен увид во поврзаноста на одредени сегменти од комплексот фактори што потенцијално влијаат врз исходите од учењето математика во системот на образование. Истражувањето е спроведено со примерок од популацијата ученици на крајот од одделенската настава, но нуди можност за проширување на истражуавњето на повисоки нивоа на образование и испитување на стабилноста на испитуваните релации со промена на возраста на испитаниците.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Мирлинда Селам Шаќири, со наслов: „Постигнувањата по математика и системот на уверувања за математиката на учениците од петто одделение“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката м-р Мирлинда Шаќири, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во референтна научна публикација, односно меѓународно научно списание) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Shaqiri, M., Jakimovik, S., Mihajlovski, Z. (2024) An Assessment of Fifth Grade Pupils Regarding Number Operations, *Педагошка ревија*, Бр. 2, p.100-109.

[2]. Shaqiri, M., Jakimovik, S., Mihajlovski, Z. (2025) The Achievements of Pupils in the Fifth Grade in Operations with Numbers, *Journal of Educational Research* (*EDUCATION*), Vol.7, No. 13-14, p.118-124.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главниот научен придонес на овој научен труд се состои во утврдување на значењето на релациите меѓу постигнувањата по математика кај учениците на крајот од одделенската настава и нивните уверувања за природата на математиката, за учењето математика и за постигнувањта по математика. Сознанијата од истражувањето даваат дополнителни сознанија во насока на обликување на наставните процеси по математика кон севкупно поквалитетно математичко образование во раната училишна возраст, но и дизајнирање на студиски програми за образование на наставници во кои би биле инкорпорирани сознанијата за врските меѓу уверувањата на учениците за математиката и нивните постигнувања.

Истражувачки наоди врз примерок испитаници што не е репрезентативен за предметната популација (ученици на крајот на одделенската настава) претставува ограничувачки фактор за генерализирање на наодите, но овозможува формирање квалификувани хипотези за натамошни испитувања на посочените врски во рамките на тематски студии, со можен опфат и на повисоките нивоа на образование.

Во согласност со наведеното, Комисијата дава позитивна оценка на приложената докторска дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на **м-р Мирлинда Селам Шаќири** на тема: **Постигнувањата по математика и системот на уверувања за математиката на учениците од петто одделение**.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Михајловски, претседател, с.р.
Проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ, ментор, с.р.
Проф. д-р Весна Макашевска, член, с.р.
Проф. д-р Методи Главче, член, с.р.
Проф. д-р Јасмина Јовановска, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на тема		Име и презиме на менторот	Датум и бр.на Одлука од ННС за прифаќање на темата
		На македонски јазик	На англиски јазик		
1	М-р Арта Халили Абдурамани	„Педагошко-организациските компетенции на менаџментот во ОУ во функција на унапредување на воспитна образовната дејност“	„Pedagogical and Organizational Competencies of Primary School Management for the improvement of Educational Process“	Проф. д-р Розалина Попова Коскарова	02-113/15 од 12.2.2026
2	м-р Албана Мџи	„Имплементација на формативното оценување во природните науки во основното образование“	„Aplication of Formative Assessment in Natural Science in Primary Education“	Проф. д-р Леонора Јегени	02-113/16 од 12.2.2026

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТОРИСКОТО И АКТУЕЛНОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ПОЛНОПРАВНОТО ЧЛЕНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СОВЕТОТ НА ЕВРОПА, ВО ПРОЦЕСОТ НА НЕЈЗИНОТО МЕЃУНАРОДНО АФИРМИРАЊЕ КАКО САМОСТОЈНА И НЕЗАВИСНА ЕВРОПСКА ДЕМОКРАТСКА ДРЖАВА“ ОД М-Р АРДИЈАНА СТАФАИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 30.1.2026 година, по предлог на Советот за докторски студии по Историја на правото, формира Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд на кандидатката м-р Ардијана Стафаи, со наслов: **Историското и актуелното значење на полноправното членство на Република Северна Македонија во Советот на Европа, во процесот на нејзиното меѓународно афирмирање како самостојна и независна европска демократска држава,** во состав: проф. д-р Иванка Василевска, проф. д-р Билјана Поповска (ментор), проф. д-р Мелина Гризо, проф. д-р Елена Михајлова Стратилати и проф. д-р Сами Мехмети.

Комисијата во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот докторски труд и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Приказ на докторскиот труд

Докторскиот труд на кандидатката м-р Ардијана Стафаи со наслов: **Историското и актуелното значење на полноправното членство на Република Северна Македонија во Советот на Европа, во процесот на нејзиното меѓународно афирмирање како самостојна и независна европска демократска држава,** содржи вкупно 187 страници, компјутерски изработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви – 12, со 260 фусноти, со вкупно 67 библиографски единици, и тоа: книги, публикации, статии, прилози, извештаи и интернет-извори, кои опфаќаат официјални соопштенија и релевантни податоци. Трудот е структуриран од три дела и заклучни согледувања.

Деловите се систематизирани во глави, со точки и потточки, со цел да се обезбеди соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во поглед на содржината, докторската дисертација е структурирана во вовед, три дела и заклучок со препораки.

Оправданоста на изработката на докторатот на наведената тема добива дополнително важна димензија во светлина на континуираниот неуспех на нашата држава да го започне процесот на преговори за членство во Европската Унија, која организација (од друга страна) има растечки институционален однос и соработка токму со Советот на Европа, сето видено од перспектива на целосната комплементарност на Копенхашките критериуми за членство во Унијата и *l`acquis* на Советот на Европа.

Првиот дел, насловен *Местото и улоѓата на Советот на Европа како европска меѓувладина орѓанизација,* е организиран во две глави, при што во првата глава е прикажан историскиот контекст на основањето на самиот Совет на Европа, проследено

со приказ на основните цели и карактеристики на оваа организација, а во втората глава е прикажана организационата структура на Советот на Европа.

Вториот дел, насловен *Додадената вредност на договорното право на Советот на Европа,* е организиран во четири глави, и тоа: во првата глава се илустрирани мултилатералните договори како основен правно-политички инструментариум на Советот на Европа, во втората глава – местото и улогата на мекото право на Советот на Европа, во третата глава се објаснува релевантноста на односот на Советот на Европа со другите меѓународни меѓувладини организации и релевантноста на политиката на проширување на Советот на Европа и во четвртата глава е прикажан мониторингот над статутарните и договорните обврски на државите членки.

Третиот дел, насловен *Практичниот ефект на полноправното членство на Република Северна Македонија во Советот на Европа,* е организиран во две глави, при што во првата глава е илустриран процесот на зачленувањето на нашата држава во оваа организација, а во втората глава одделно се прикажани неодамнешното и актуелното место и улога на полноправното членство на нашата држава во Советот на Европа.

Заклучните согледувања се комплетирани со серија на тесно поврзани конкретни препораки, вклучувајќи ја тука посебно препораката со која се реафирмира ургентната потреба за соодветно зајакнување на моменталната законска рамка и институционален капацитет на нашата држава за извршување на сите обврски, кои произлегуваат од нејзното членство во Организацијата на Советот на Европа. Ова, дотолку повеќе што Република Северна Македонија веќе многу одамна очајнички се обидува да ги започне своите преговори за членство во ЕУ, а за кои преговори таа ќе може да ги води во далеку подобра кондиција фактички со доследна имплементација на правото на Советот на Европа во рамките на својот правен систем.

2. Предмет на истражувањето

Предмет на докторскиот труд е институционалната поставеност на организацијата на Советот на Европа, договорното право на оваа организација, како и досегашното практично дејство на и/или влијание Советот на Европа во изградбата и зајакнувањето на принципот на демократска стабилност во нашата држава.

3. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација

На научно ниво, во Република Северна Македонија, темата не е обработувана и не постои доволно литература која е достапна на македонски јазик поради што кандидатката во голема мера се потпира на литература на англиски јазик. Во тој контекст, кандидатката истакнува дека изработката на докторската дисертација претставувало сериозен предизвик, имајќи предвид дека било потребно и да употреби голем број извори на странски јазик и да преведе стручна терминологија. Научната оправданост лежи токму во актуелноста на самата тема.

4. Краток опис на применетите методи

Докторатот е изготвен согласно со квалитативно-кванитативниот истражувачки дизајн, со користење на нормативниот метод, компаративниот метод, догматскиот метод, аналитичкиот метод, индуктивно-дедуктивниот метод, аксиоматскиот метод, хипотетичко-индуктивниот метод, како и стандардните истражувачки процедури, вклучувајќи го тука посебно методот на анализа на содржина – употребен, главно, при анализата на селективната предметно-релевантна документација на Советот на Европа.

5. Краток опис на резултатите од истражувањето

Хипотезата на докторскиот труд е следна: Република Северна Македонија во моментов е должна навремено и правилно да ги изврши сите свои обврски кои произлегуваат од секоја конвенција на Советот на Европа која е ратификувана од нејзина страна, дотолку повеќе што сите тие конвенции, како меѓународни договори, претставуваат составен дел од внатрешниот правен поредок на нашата држава и тие може да се сметаат и како извор на правото согласно со член 118 од македонскиот Устав. Ова истовремено ја вклучува и должноста на нашата држава правилно и навремено да ги изврши сите свои обврски и/или заложби преземени во рамките на тековниот мониторинг процес вршен од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа спрема нашата држава, како и оние во рамките на работата на Конгресот на регионални и локални власти.

6. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација

Кандидатката го има исполнето условот да има објавено 2 (два) труда во референтна научна публикација пред одбраната на докторската дисертација, и тоа:
1.Stafai, A. (2025). THE PROCESS OF MEMBERSHIP OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE COUNCIL OF EUROPE AND THE IMMEDIATE LEGAL AND POLITICAL EFFECTS OF THE MEMBERSHIP. Student’s Social Science Journal Vol.19 No.19(2025) 131-140, UDK 341.176(4:497.7) THE PROCESS OF MEMBERSHIP OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE COUNCIL OF EUROPE AND THE IMMEDIATE LEGAL AND POLITICAL EFFECTS OF THE MEMBERSHIP | Student's Social Science Journal.
2.Ардијана Стафаи, Ардијан Стафаи (2025). Организациона структура на Советот на Европа. The Heritage 29 ISSN 1857-7482, издадено од МУС Nr.29, 2025 стр.23-29. THE-HERITAGE-29-2.pdf .

Претходно наведените 2 (два) труда се објавени во *Student’s Social Science Journal,* значајно академско списание кое нуди платформа за објавување иновативни научни трудови и истражувања во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Зборникот на трудови The Heritage – Секција млади истражувачи во организација на Меѓународниот универзитет во Струга. Овие претходно споменати зборници на трудови спаѓаат во спаѓаат во категоријата на зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји што согласно со Законот за високото образование преставува референтна научна публикација.

Кандидатката има реализирано и меѓународна мобилност на Правниот факултет при Медитеранскиот универзитет во Тирана, Република Албанија, во времетраење од 5 (пет) работни дена, во периодот од 15 до 19.1.2024 год.

7. Заклучок и оцена на трудот

Кандидатката **Ардијана Стафаи** за предмет на својот докторски труд избрала исклучително сложена и актуелна тематика, а која на научно ниво во Република Северна Македонија не е обработувана и не постои доволно достапна научна литература на македонски јазик. Согласно со претходно наведеното, докторската дисертација ќе има големо значење, односно таа ќе даде значен научен придонес и ќе има огромно значење, како теоретско, така и практично. Докторскиот труд на кандидатката **м-р Ардијана Стафаи** претставува самостоен научен труд, со кој за првпат се остварува ваква длабинска, подробна анализа и со еден интердисциплинарен методолошки пристап. Во поглед на научната елаборација, докторскиот труд претставува значаен придонес за развојот на историјата на правото, не само во Република Северна Македонија, туку и на меѓународно ниво, имајќи предвид дека докторската дисертација опфаќа многу аспекти и бројни држави кои се засегнати со конкретната тематика, преку употреба на различни

пристапи за анализа на добиените резултати од научното истражување. Во направеното истражување, кандидатката се служела со релевантна литература од сферата на историја на правото, што ѝ овозможило сеопфатно да го анализира предметот на проучување и да имплементира иновативен пристап при подготвувањето на докторскиот труд. Комисијата смета дека докторската теза на кандидатката **м-р Ардијана Стафаи,** од методолошки аспект, со употреба на интердисциплинарен пристап и употреба на различни научни методи, како историскиот метод, компаративниот метод, методот на анализа на содржина, квантитативниот метод на истражување како и квалитативниот метод на истражување, претставува самостоен и закружен научен труд, што е доказ дека таа успешно ја владее истражувачката проблематика и оти успешно ги имплементирала иновативните методолошки пристапки и техники на научноистражувачката работа. Исто така, кандидатката демонстрира одлична способност за критичка опсервација и анализа, како и умешност за елаборација на сопствените ставови во поглед на предметната истражувачка проблематика. На овој начин, со својата докторска дисертација, кандидатката директно придонесува кон зголемени теоретски и практични познавања за конкретната тематика и проблематика, што, според Комисијата, претставува најзначаен научен придонес на докторскиот труд.

Предлог

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека докторскиот труд на кандидатката под наслов: **Историското и актуелното значење на полноправното членство на Република Северна Македонија во Советот на Европа, во процесот на нејзиното меѓународно афирмирање како самостојна и независна европска демократска држава,** ги задоволува воспоставените стандарди за изготвување на трудови од ваков вид и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да ѝ овозможи на кандидатката Ардијана Стафаи да го брани својот докторски труд.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА

Проф. д-р Иванка Василевска, с.р.
Проф. д-р Билјана Поповска (ментор), с.р.
Проф. д-р Мелина Гризо, с.р.
Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, с.р.
Проф. д-р Сами Мехмеди, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОЖИВОТНА ИЗДРШКА: УЛОГАТА НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО ЗАШТИТАТА НА СТАРИТЕ ЛИЦА“ ОД М-Р АНА ЗДРАВЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 30.1.2026 година, со Одлука бр. 02-116/10 од 30.1.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Здравева со наслов: „Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: улогата на правните лица во заштитата на старите лица“, во состав: проф. д-р Дејан Мицковиќ, проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска (ментор), проф. д-р Горан Коевски, проф. д-р Ненад Гавриловиќ и проф. д-р Неда Здравева. Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Здравева, со наслов: „Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: улогата на правните лица во заштитата на старите лица“, содржи 282 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 589 фусноти, 291 библиографска единица, меѓу нив релевантни научни трудови, книги и статии, домашни и странски правни извори, меѓународни акти, официјални извештаи и стратешки документи, како и значаен корпус на судска пракса од земјата и странство.

Трудот е структуриран во два дела со девет глави и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведниот дел**, кандидатката поставува јасна и логички конзистентна истражувачка рамка, во која прецизно ги дефинира предметот и целите на истражувањето, применетата методологија, хипотезите и очекуваниот научен придонес. Предметот на истражувањето е прецизно дефиниран и насочен кон нормативната и практичната анализа на договорот за доживотна издршка, со посебен акцент на можноста правни лица да се јават како даватели на издршка, прашање кое досега не е систематски обработено во домашната правна литература. Целите на трудот се јасно поставени и ориентирани кон идентификување на нормативните празнини и недоследности во македонското законодавство, критичка евалуација на постојната регулатива и формулирање конкретни предлози за нејзино унапредување, особено во насока на зајакнување на правната сигурност и заштитата на ранливите категории лица. Поставените хипотези се логично изведени од истражувачкиот проблем и се насочени кон проверка на тезата дека постојната правна рамка не обезбедува доволно јасни критериуми во однос на статусот, правата и обврските на правните лица како даватели на издршка, што создава простор за правна несигурност и различна пракса. Очекуваниот научен придонес е реално поставен и се огледа во

систематизација и критичка анализа на ова прашање, како и во формулирање препораки за нормативно уредување и институционално унапредување на примената на договорите за доживотна издршка во контекст на современите демографски и социјални предизвици.

Во првиот дел од дисертацијата, кандидатката ја поставува теоретско-нормативната рамка на договорот за доживотна издршка.

Во **Глава I,** насловена „Поим и правна природа на договорот за доживотна издршка“, прикажани се историскиот развој и еволуцијата на неговото уредување во македонското законодавство, како и правната природа на договорот и неговото разграничување од сродни институти.

Во **Глава II,** насловена „Карактеристики на договорот за доживотна издршка“, кандидатката ги обработува суштинските карактеристики на договорот, при што го дефинира како облигационен однос со социјална функција и ги разработува неговите основни обележја: двострано-обврзувачки и товарен карактер, алеаторност, формални услови на склучување и личниот елемент (intuitu personae), како и консензуалниот карактер на договорот.

Во **Глава III,** насловена „Страни на договорот за доживотна издршка“, се разработува правната положба на страните во договорот за доживотна издршка и нивната способност за негово склучување. Посебен акцент е ставен на деловната способност на примателот на издршката, како и на механизмите за негова заштита во случаи кога станува збор за лица со ограничена или одземена деловна способност. Во рамките на главата се разгледува и можноста за склучување договор меѓу членови на семејството, при што се оценува односот меѓу законската и договорната обврска за издржување, како и прашањата поврзани со наследните права и посебниот имот. Со тоа се поставува јасна правна рамка за обезбедување сигурност и заштита во примената на овој институт.

Во **Глава IV,** насловена „Содржина на договорот за доживотна издршка“, се обработува содржината на договорот преку анализа на меѓусебните права и обврски на страните, со акцент на обврските на давателот на издршката, нивниот обем и правните последици од неисполнување или неуредно исполнување, како и на обврските што можат да настанат по смртта на примателот.

Во **Глава V,** насловена „Престанок на договорот за доживотна издршка“, кандидатката ги анализира основите за престанок на договорот, неважност и раскинување на договорот, поткрепени со релевантна домашна судска пракса, преку која се оценуваат практичните предизвици и се дава критички осврт на усогласеноста на судските ставови со законските решенија и теоретските начела.

Вториот дел е посветен на централното прашање на трудот – правните лица како даватели на издршка.

Во **Глава VI,** насловена „Правното лице како давател на издршка кај договорот за доживотна издршка“, кандидатката ги разгледува можноста и правната оправданост правните лица да се јавуваат како даватели на издршка, анализирајќи ги домашната нормативна рамка и дилемите што произлегуваат од личниот карактер на договорот. Посебен сегмент е посветен на улогата на центрите за социјална работа: нивната надлежност, постапката на склучување и спроведување на договорите, условите и законските ограничувања (вклучително и претходна согласност). Во истата глава е вклучен и компаративен преглед на решенијата во земјите од регионот и одделни држави членки на ЕУ, со цел идентификување модели што обезбедуваат поголема правна сигурност и транспарентност.

Во **Глава VII,** насловена „Престанок на договорот за доживотна издршка кога како давател на издршката се јавува правно лице“, се анализира правната судбина на договорот во ситуации кога давателот е правно лице, со фокус на ризиците што произлегуваат од стечај, ликвидација и статусни промени, и на прашањето за можноста договорот да продолжи со правен следбеник, имајќи го предвид елементот intuitu personae.

Во **Глава VIII,** насловена „Споредбеноправни искуства за иновативните и нови начини на заштита и грижа за стари лица и лица на кои им е потребна нега и грижа“, кандидатката ја проширува анализата со разгледување на современи европски модели на грижа и долготрајна нега, преку преглед на стандарди и политики и нивната врска со автономијата и достоинството на старите лица. Посебно се обработуваат иновативните модели на специјализирано домување и меѓугенерациско живеење во Германија и Франција, како и можностите и ограничувањата за нивна адаптација во македонски услови, при што е вклучен и предлог за нова форма на заедничка грижа инспирирана од принципите на задруга/ортаклак.

Во **Глава IX,** насловена „Истражување – практика на склучување договори за доживотна издршка: анализа на улогата на центрите за социјални работи како даватели на издршка“, се презентира емпириските дел на истражувањето, посветен на практиката на склучување договори за доживотна издршка со центрите за социјална работа како даватели на издршка. Анализата се темели на примарни податоци прибрани преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и полуструктурирани интервјуа со вработени во повеќе ЦСР и со надлежното министерство, со цел да се утврди реалната примена, практичните предизвици и усогласеноста меѓу нормативната рамка и институционалната практика.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката ги синтетизира клучните наоди од истражувањето, критички се осврнува на постојната нормативна рамка и идентификуваните празнини во однос на учеството на правните лица како даватели на доживотна издршка, и нуди конкретни нормативни и практични препораки за унапредување на законската регулатива и институционалната пракса, со цел зајакнување на правната сигурност и заштитата на старите и ранливи лица.

На крајот од докторската дисертација е приложен преглед на цитираната и консултираната домашна и странска литература, правни извори, судска пракса и релевантни официјални и електронски извори.

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во делот што се однесува на предметот на истражувањето, кандидатката го определува договорот за доживотна издршка како централен предмет на научна анализа, со посебен акцент на можноста правните лица да се јават како даватели на издршка. Истражувањето е насочено кон анализа на нормативната рамка во Република Северна Македонија, со оценка на нејзината јасност, доследност и евентуалните нормативни празнини во однос на ова прашање.

Истражувањето опфаќа и анализа на практичната имплементација на договорите за доживотна издршка кога како даватели се јавуваат правни лица, особено центрите за социјална работа, при што се разгледуваат институционалните капацитети, процедурите и можните правни и етички ризици во однос на заштитата на старите и ранливите лица. Предмет на

истражувањето претставува и компаративната анализа на решенијата во земјите од регионот и одделни држави членки на Европската Унија, со цел идентификување на различни модели на уредување на ова прашање.

Покрај класичниот договорен модел, предметот на истражувањето ги опфаќа и современите форми на заштита и издршка на старите лица, преку разгледување на иновативни модели на домување и колективна грижа како можни правни алтернативи или надополнувања на договорот за доживотна издршка во рамките на системот на социјална заштита.

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Институтот на договорот за доживотна издршка е традиционално присутен во домашната правна литература, при што анализите, главно, се насочени кон неговата правна природа, формалните услови, правата и обврските на договорните страни и прашањата на престанок и раскинување. Меѓутоа, прашањето за можноста правните лица да се јавуваат како даватели на издршка и нивниот правен статус не е систематски обработено во македонската правна наука.

Во позитивното законодавство не постои експлицитна одредба која прецизно ги утврдува категориите правни лица што можат да настапуваат како даватели на издршка, што создава простор за различни толкувања и потенцијална правна несигурност. Истовремено, во практиката на центрите за социјална работа се забележува ограничена и неунифицирана примена на овие договори, што дополнително ја нагласува потребата од научна анализа и нормативно прецизирање. Дополнително, современите демографски трендови и зголемената потреба од долготрајна нега ја актуализираат потребата од нормативно уредување и развој на нови модели на грижа за старите лица.

Имајќи го предвид наведеното, подрачјето претставува актуелна и научно релевантна област за истражување и понатамошно нормативно унапредување.

КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Во рамките на истражувањето, кандидатката применува повеќе научни методи, интегрирани на начин што овозможува темелна нормативна и практична анализа на договорот за доживотна издршка.

Позитивноправниот метод е применет преку систематска анализа на важечката нормативна рамка во Република Северна Македонија, со посебен фокус на одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за социјална заштита, Законот за наследување и другите релевантни прописи. Овој пристап овозможува идентификување на нормативните празнини, недоследности и потребата од прецизирање на статусот и улогата на правните лица како даватели на издршка.

Компаративниот метод е користен за анализа на решенијата во земјите од регионот и во одделни држави членки на Европската Унија, со цел согледување на различните модели на уредување на договорот за доживотна издршка и можноста правните лица да настапуваат во оваа улога, како и идентификување на добри практики применливи во националниот правен систем. Во рамките на компаративниот пристап се анализираат и современите форми на домување и грижа за старите лица што се развиваат во европските правни системи.

Историскиот метод е применет со цел прикажување на развојот и еволуцијата на договорот за доживотна издршка, од неговите појавни облици до современото законско регулирање, што овозможува подлабоко разбирање на неговата правна природа и социјална функција.

Истражувањето се темели и на анализа на секундарни извори, вклучително судска пракса, научни и стручни трудови, институционални извештаи и официјални документи, со што се обезбедува критичка процена на примената на позитивното право. Дополнително, кандидатката користи и примарни податоци, прибрани преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку спроведување полуструктурирани интервјуа со претставници на центрите за социјална работа и надлежното министерство, со цел согледување на практичната примена на договорите кога давател е правно лице.

Комбинираната примена на наведените методи овозможува интегриран пристап, кој ги поврзува теоретските поставки со институционалната пракса и придонесува кон објективно и аргументирано разгледување на поставениот истражувачки проблем.

КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Спроведеното истражување ја потврди сложеноста и актуелноста на договорот за доживотна издршка, особено во делот што се однесува на можноста правните лица да се јавуваат како даватели на издршка.

Анализата на позитивното право и судската пракса покажа дека во Република Северна Македонија не постојат доволно јасни и прецизни законски норми што ги утврдуваат условите под кои правните лица можат да склучуваат договори за доживотна издршка, ниту, пак, се дефинирани нивните конкретни права и обврски. Со тоа, главната хипотеза е потврдена – постои нормативна празнина која создава правна несигурност и ризик од различна практична примена.

Истражувањето утврди дека договорот по својата природа претставува договор intuitu personae, заснован врз лична доверба, но дека овој карактер може да се задржи и кога давател е правно лице, доколку се обезбедува персонализирана и професионална грижа.

Компаративната анализа покажа дека европските правни системи воспоставуваат појасни критериуми, регистри и механизми на контрола во однос на учеството на правните лица, што обезбедува повисоко ниво на правна сигурност и заштита на примателите на издршката.

Емпирискиот дел од истражувањето, преку анализа на практиката на центрите за социјална работа, укажа на институционални и процедурални слабости, ограничена примена на договорите и потреба од систематско унапредување на механизмите за надзор и управување.

Врз основа на добиените резултати се предлага прецизирање на законската рамка, дефинирање на категориите правни лица кои можат да бидат даватели на издршка, воведување механизми за претходна институционална контрола и воспоставување појасни стандарди за заштита на старите и ранливите лица.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација претставува самостојно, систематично и научно засновано истражување на договорот за доживотна издршка, со посебен фокус на улогата на правните лица како даватели на издршка – прашање кое во домашната правна литература досега не е целосно и сеопфатно обработено.

Трудот се одликува со јасна структура, логична композиција и доследна методолошка поставеност. Кандидатката демонстрира високо ниво на теоретска информираност, аналитичност и способност за критичко согледување на позитивното право и судската пракса. Особено значајна е интеграцијата на нормативната анализа со компаративниот пристап и емпириското истражување, што му дава на трудот дополнителна научна вредност.

Научниот придонес на дисертацијата се огледа во идентификувањето на нормативните празнини во македонското законодавство, во аргументираното утврдување на потребата од прецизирање на правниот статус на правните лица како даватели на издршка, како и во формулирањето конкретни и применливи законодавни и институционални препораки.

Трудот е актуелен и општествено релевантен, особено во контекст на демографските промени, стареењето на населението и зголемената потреба од долготрајна грижа и социјална заштита. Со својата содржина, тој претставува значаен придонес кон развојот на облигационото и социјалното право, како и кон унапредувањето на системот на заштита на старите и ранливите лица.

Врз основа на наведеното, може да се констатира дека докторската дисертација ги исполнува критериумите за оригинално научно дело и претставува релевантен придонес во научната област на граѓанското право.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

- Termination of the contract for lifetime support due to changed circumstances. In: *Proceedings of the Tenth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World" – Young Researchers*, Vol. 1, No. 10, 2023, September 28, 2023. Stip: University „Goce Delcev“, 2023.

- **Ensuring Elderly Rights: Exploring Lifetime Support Contracts in EU Member States.** In: *Proceedings of the Eleventh International Scientific Conference "Social Changes in the Global World" – Young Researchers*, Vol. 11, No. 11, 2024, September 25, 2024. Stip: University „Goce Delcev“, 2024.

- **Legal entities in the contract of lifetime support – a comparative analysis**, *Yearbook – Faculty of Law*, Vol. 15, No. 15 (2025), Shtip: Goce Delcev University, Faculty of Law, 2025

Покрај наведените научни трудови, кандидатката реализирала и академска мобилност на Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, во периодот од 1 до 10.10.2023 година (10 дена), во рамки на која остварила научна соработка и размена на искуства во областа на облигационото и наследното право.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложениот приказ и дадената оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ана Здравева** со наслов: **Правни аспекти на договорот за доживотна издршка: улогата на правните лица во заштитата на старите лица**.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

Д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор ментор, с.р.
Д-р Горан Коевски, редовен професор претседател, с.р.
Д-р Дејан Мицковиќ, редовен професор, с.р.
Д-р Ненад Гавриловиќ, редовен професор, с.р.
Д-р Неда Здравева, редовен професор, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Наставно Научен Совет од 30.01.2026 година

Кандидат	Тема	Ментор	Датум	Одлука број
1. Стефан Бошњаковски	„Влијанието на болестите на зависност врз безбедноста во патниот сообраќај (Influence of the Addictive Diseases to the Safety of the Road Traffci)“	проф.д-р Гордана Лажетиќ	30.01.2026 година	02-116/24 од 02.02.2026 година
2. Горан Митев	„Правни прописи за водење на информативен разговор (Legislative Provisions for Implication of Informative Interrogations)“	проф.д-р Гордан Калајџиев	30.01.2026 година	02-116/25 од 02.02.2026 година
3. Симона Николовска	„Сајбер-криминал – казненоправни аспекти и меѓународна соработка (Cybercrime – Criminal Law Aspects and International Cooperation)“	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	30.01.2026 година	02-116/26 од 02.02.2026 година
4. Елена Бошковска	„Препораки за комуникациски менаџмент на криза: теорија и актуелни примери (Recommendations for Crisis Communication Management: Theory and Current Examples)“	проф.д-р Јасна Бачовска Недиќ	30.01.2026 година	02-116/27 од 02.02.2026 година
5. Натали Китаноска	„Односите со јавност како интерен концепт во малите бизниси: практики во Северна Македонија (Public Relations as an Internal Concept in Small Businesses: Practices in North Macedonia)“	проф.д-р Јасна Бачовска Недиќ.	30.01.2026 година	02-116/28 од 02.02.2026 година

6. Димитар Качурков	„Влијанието на Уставот на Соединетите Американски Држави врз современите правни системи (The Influence of the Constitution of the United States of America on the Contemporary Legal Systems)“	проф.д-р Мишо Докмановиќ	30.01.2026 година	02-116/29 од 02.02.2026 година

Скопје, 03.02.2026 година

Декан

Проф.д-р Сашо Георгиевски

Изработил: м-р Илија Манасиев, советник за студентски работи

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 30.12.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област економска географија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3258/3, донесена на 5.2.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, и д-р Билјана Апостоловска Тошевска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област економска географија, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Горан Китевски.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Горан Китевски е роден на 9 јануари 1988 година, во Охрид. Средно образование завршил во гимназијата „Св. Климент Охридски“ во Охрид. Завршил два додипломски циклуса: во октомври 2010 година, дипломирал на насоката Наставна географија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, и во октомври 2020 година, на насоката Демографија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, со просечен успех 9,19.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2010/2011 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2012, со просечен успех 9,75. На 2.7.2012 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Геоīрафски аспекти на īеополиīичкиīе проблеми и проīеси на XX и XXI век.*

Во академската 2015/2016 година, се запишал на докторски студии на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Докторска дисертација пријавил на 19.6.2018 година. Дисертацијата на тема: *Инīеīраīивнаīа функција на īеоīрафскиīе услови при формирањеīо на социјалниоī, културниоī, економскиоī и полиīичкиоī идеīиīеī на Балканскиоī Полуосīров* ја одбранил на 19.11.2020 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, проф. д-р Никола Панов, редовен професор во пензија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, проф. д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, проф. д-р Даворин Трпески, вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, и проф. д-р Дејан С. Милетиќ, вонреден професор на Високата академска школа „Доситеј“ во Белград, Р Србија, а под менторство на проф. д-р Ристо Мијалов, редовен професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на географски науки.

На 2.7.2021 година е избран во звањето доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, по група предмети од научните области: општествена географија (економска) (предмет: Политичка географија) и туризмот и културното наследство (предмет: Културолошки туризам).

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1239 од 1.6.2021 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ бр. 1092 од 15.1.2015 година, Билтенот на УКИМ бр. 1157 од 15.11.2017 година и Билтенот на УКИМ бр. 1227 од 1.12.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Горан Китевски изведува настава (настава и вежби) на прв и втор циклус студии на студиските програми Наставна географија и Туризам.

Кандидатот бил ментор на 10 дипломски труда, а бил и член во Комисија за одбрана на 14 дипломски труда.

Научноистражувачка дејност

Во периодот од избор во звањето доцент до објавувањето на конкурсот, д-р Горан Китевски има објавено вкупно шест научни труда од областа на економската географија, од кои пет труда се објавени во меѓународни научни списанија, а еден труд е објавен во зборник од меѓународен научен собир.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес и во рамките на стручните организации. Учествувал во организацијата на повеќе регионални и државни натпревари по географија за средните училишта, во организација на Македонското географско друштво, чиј претседател е од 2025 година.

Кандидатот остварил значајни експертски активности како член на работни групи за изработка на наставни програми по предметот Историја и општество за 6., 7., 8. и 9. одделение, како и наставни програми по предметот Географија за прва и втора година гимназиско образование.

Доц. д-р Горан Китевски бил член на организациони и програмски одбори на меѓународни научни и стручни собири, меѓу кои VI конгрес на македонските географи со меѓународно учество, организиран од Македонското географско друштво (Охрид, мај 2024 година), како и Меѓународната научна конференција „Геобалканика“ (Скопје, 2023 година).

Активно е вклучен и во работата на институтски, факултетски и универзитетски тела и комисии: член на пописна комисија при Институтот (2021 – 2025), заменик-член во Комисија за самоевалуација при Факултетот и член на Комисија за избор на ректор на Универзитетот (мандат 2023 – 2026). Стручно усовршување во странство кандидатот остварил со студиски престој на Универзитетот во Мостар (SUM), Босна и Херцеговина, реализиран преку CEEPUS-програмата за мобилност (октомври и ноември 2021 година).

Кандидатот е автор на стручно-популарната монографија *Привремена реалност*, објавена во 2023 година.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Горан Китевски, во 2025 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Горан Китевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Горан Китевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област економска географија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Горан Китевски да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област економска географија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ристо Мијалов, с.р.
Проф. д-р Благоја Маркоски, с.р.
Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Горан Митко Китевски
Институција:
Институт за географија, Природно-математички факултет – Скопје
Научна област: ***ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА*** **(**1.05.00.04)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,19. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,75.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: (1.05.00.04) економска географија; поле: (1.05.) науки за земјата и сродни науки за животната средина; подрачје: природно-математички науки.	да
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	да
3.2.1.	1.Назив на научното списание: Geographical Reviews, Scientific Journal for Geography 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):19 членови: 10 од БиХ, 3 од Србија, 3 од Словенија, 1 САД, 1 Шпанија, 1 Хрватска 3. Наслов на трудот: *The French Proposal and North Macedonia's European perspective: a political geography* 4. Година на објава: 2025	
3.2.2.	1.Назив на научното списание: Geographical Reviews 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 20 членови: 6 од Македонија, 4 од Србија, 3 од Словенија, 2 од Хрватска, 2 од БиХ, 1 од Обединетото Кралство, 1 од Италија, 1 од Полска 3. Наслов на трудот: *The Arts and Politics: The state of Yugoslav society through the lyrics of Azra and Zabranjeno Pušenje* 4. Година на објава: 2025	
3.2.3.	1.Назив на научното списание: UTMS Journal of Economics	

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 49 членови: 7 од Хрватска, 4 од Македонија, 4 од Грција, 3 од Обединетото Кралство, 3 Романија, 3 САД, Србија 3, Полска 2, БиХ 2, Бугарија 2, Турција 2, Словачка 2, Финска 2, Италија 2, Индија 1, НР Кина 1, Либан 1, Нов Зеланд 1, Словенија 1, Ирска 1, Шведска 1, Египет 1, Узбекистан 1 3. Наслов на трудот: *Beyond Political: Tourism (re)shaping the image of the Balkans* 4. Година на објава: 2024	
3.2.4.	1.Назив на научното списание: UTMS Journal of Economics 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 49 членови: 7 од Хрватска, 4 од Македонија, 4 од Грција, 3 од Обединетото Кралство, 3 Романија, 3 САД, 3 Србија, Полска 2, Бих 2, Бугарија 2, Турција 2, Словачка 2, Финска 2, Италија 2, Индија 1, НР Кина 1, Либан 1, Нов Зеланд 1, Словенија 1, Ирска 1, Шведска 1, Египет 1, Узбекистан 1 3. Наслов на трудот: *Ohrid between identities: Image, experience and tourist perception* 4. Година на објава: 2025	
3.2.5.	1.Назив на научното списание: UTMS Journal of Economics 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 49 членови: 7 од Хрватска, 4 од Македонија, 4 од Грција, 3 од Обединетото Кралство, 3 Романија, 3 САД, 3 Србија, Полска 2, Бих 2, Бугарија 2, Турција 2, Словачка 2, Финска 2, Италија 2, Индија 1, НР Кина 1, Либан 1, Нов Зеланд 1, Словенија 1, Ирска 1, Шведска 1, Египет 1, Узбекистан 1 3. Наслов на трудот: *North Macedonia in the Western Balkans: Between regional and European integration* 4. Година на објава: 2025	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Geobalcanica Proceedings 2023 2.Назив на меѓународниот собир: 9th International Scientific Conference Geobalcanica 3.Имиња на земјите: Србија, Романија, Хрватска, Словенија, Австрија, Полска, НР Кина, СР Германија, Грција, Обединетото Кралство, Италија, Турција, Норвешка, Македонија, Албанија, Шведска, БиХ 4. Наслов на трудот: The Prespa Agreement: A Political geography 5. Година на објава: 2023	
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен:	1.6.2021, бр. 1239
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Горан Митко Китевски
Институција: Природно-математички факултет – Институт за географија
Научна област: економска географија (1.05.00.04)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Одржување на настава	
1.1.	Одржување на настава на прв циклус студии	**28.8**
	2021-2022, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Основи на туризмологијата (2 часа неделен фонд) Вкупно: 4*15*0,04= 2,4 2021 – 2022, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) Вкупно: 2*15*0,04=1,2 2022 – 2023, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Аграрот во функција на туризмот (3 часа неделен фонд) Вкупно: 7*15*0,04=4,2 2022 – 2023, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) 2. Туристичка географија (2 часа неделен фонд) Вкупно: 4*15*0,04= 2,4 2023 – 2024, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Аграрот во функција на туризмот (3 часа неделен фонд) Вкупно: 7*15*0,04=4,2 2023 – 2024, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Култура на однесување во туризмот (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,04=3,6 2024 – 2025, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Спортски туризам (2 часа неделен фонд) 3. Агротуризам (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,04=3,6 2024 – 2025, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Култура на однесување во туризмот (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,04=3,6 2025 – 2026, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Спортски туризам (2 часа неделен фонд) 3. Агротуризам (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,04=3,6 28.8	
1.2.	Одржување настава на втор циклус студии	**3**

	2023 – 2024, зимски семестар 1. Туризмот и глобализацијата Вкупно: 4*15*0,05= 3	3
1.3.	Одржување вежби на прв циклус студии	**26,5**
	2021 – 2022, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Основи на туризмологијата (2 часа неделен фонд) 3. Аграрна географија (2 часа неделен фонд) 4. Туристичко право (2 часа неделен фонд) Вкупно: 8*15*0,03=3,6 2021 – 2022, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) 2. Географија на Азија (2 часа неделен фонд) 3. Туризмот и меѓународното стопанство (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,03=2,7 2022 – 2023, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Аграрот во функција на туризмот (2 часа неделен фонд) 4. Географија на Азија (2 часа неделен фонд) Вкупно: 8*15*0,03= 3,6 2022 – 2023, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) 2. Туристичка географија (2 часа неделен фонд) 3. Туризмот и меѓународното стопанство (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,03= 2,7 2023 – 2024, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Аграрот во функција на туризмот (2 часа неделен фонд) Вкупно: 7*15*0,03=3,15 2023 – 2024, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Култура на однесување во туризмот (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,03=2,7 2024 – 2025, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Спортски туризам (2 часа неделен фонд) 3. Агротуризам (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,03=2,7 2024 – 2025, летен семестар 1. Политичка географија (2 часа неделен фонд) 2. Туристичко право (2 часа неделен фонд) 3. Култура на однесување во туризмот (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,03=2,7 2025 – 2026, зимски семестар 1. Културолошки туризам (2 часа неделен фонд) 2. Спортски туризам (2 часа неделен фонд) 3. Агротуризам (2 часа неделен фонд) Вкупно: 6*15*0,03=2,7 26.5	
2.	**Подготовка на нов предмет**	**3**
2.1.	Подготовка на предавања	
	Агротуризам Култура на однесување во туризмот 2*1=2	2

2.2.	Подготовка на вежби	
	Агротуризам Култура на однесување во туризмот 2*0,5=1	1
3.	**Консултации со студенти**	0,3
	2021/2022 65*0,002 2022/2023 30*0,002 2023/2024 32*0,002 2024/2025 26*0,002 2025/2026 22*0,002	
4.	**Член на комисија за оценка или одбрана на дипломски труд**	**3,4**
4.1.	Ментор на дипломска работа (вкупно 10 дипл. работи) 10*0,2=2	2
4.2.	Член во комисија за одбрана на вкупно 14 дипломски работи 14*0,1 = 1,4	1,4
5.	**Пакет материјали за предмет**	**3**
	1. Политичка географија 2. Култура на однесување во туризмот 3. Агротуризам 3*1=3	
	Вкупно	**68**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Монографија	**8**
	1. Привремена реалност (Стоби Трејд, Скопје, 2023) 1*8=8	
2.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	**23**
	1. Kitevski, G. (2025): The French Proposal and North Macedonia's European perspective: a political geography, Geographical Reviews, Scientific Journal for Geography, n. 52, Geographical Society in Bosnia and Herzegovina & Department of geography, University of Sarajevo 2. Kitevski, G. & Mijalova, K. (2025): North Macedonia in the Western Balkans: Between regional and European integration, *UTMS Journal of Economics, vol. 16, n.2* 3. Kitevski, G. (2025): The Arts and Politics: The state of Yugoslav society through the lyrics of Azra and Zabranjeno Pušenje, *Geographical Reviews, vol. 58, Macedonian Geographical Society* 4. Kitevski, G et al. (2025): Ohrid between identities: Image, experience and tourist perception, *UTMS Journal of Economics, vol. 16, n.1* 5. Kitevski, G. & Mijalova, K. (2024): Beyond Political: Tourism (re)shaping the image of the Balkans, *UTMS Journal of Economics, vol. 15, n.2*	

2.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	**5**
	1. Kitevski, G. (2023): The Prespa Agreement: A Political geography, 9th International Scientific Conference Geobalcanica, Skopje, North Macedonia	5
3.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	**5**
	Kitevski, G. (2025): Politics imitates life: Towards a New theory of Political Practices. ‘Macedonia in Ethnological and Anthropological science-from within and beyond“, International Scientific Conference, Institute of Ethnology and Anthropology	1
	Kitevski, G., Zlatanoski, V. (2025): Being Macedonian: Language, Iconography, and the Politics of Contested Identity, 4th International scientific and professional conference Digitalization, archiving, preservation, and promotion of intangible cultural heritage, Široki Brijeg, Bosnia and Herzegovina	1
	Kitevski, G. (2024): (No) More change: the French proposal and North Macedonia’s EU perspective. The 5TH Congress of Slavic Geographers and Ethnographers, Geographical Institute Jovan Cvijic, Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade	1
	Kitevski, G. (2024): The Arts and Politics: The state of Yugoslav society through the lyrics of Azra and Zabranjeno Pušenje, VI Congress of Macedonian Geographers with International Participation, Ohrid	1
	Kitevski, G. (2023): The Prespa Agreement: A Political geography, 9th International Scientific Conference Geobalcanica, Skopje, North Macedonia	1
4.	**Апстракт објавен во зборник на конференција**	**1**
	Kitevski, G. (2024): (No) More change: the French proposal and North Macedonia’s EU perspective. The 5TH Congress of Slavic Geographers and Ethnographers, Geographical Institute Jovan Cvijic, Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade	1
5.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	**6**
	- Предавање на научната конференција под наслов: *The Importance of Geography in Shaping the Foreign Policy and National Security*, организирана од Дипломатскиот клуб – Скопје и Универзитетот „Американ колеџ“ – Скопје, април 2025. - Предавање со наслов: *Геоīрафија на облици на владеење и државно уредување*, на пролетниот семинар за професорите и наставниците од основните и средните училишта, организиран од Македонското географско друштво, ноември 2021 г. - Предавање со наслов: *Херцеīовина како исшорио-īрафски, ешноīеоīрафски и полишичко-īеоīрафски ūоим*, на есенскиот вебинар за професорите и наставниците од основните и средните училишта, организиран од Македонското географско друштво, ноември 2021 г.	
	Вкупно	**48**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Вкупно	

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Учество во работата на комисии за државни натпревари	**5,5**
	Учество во работата на комисии за државни натпревари по географија, Скопје: 2022, 2023, 2024, 2025 $4^{*}1=4$	4
	Учество во промотивни активности на Факултетот	**1,5**
	Учество во манифестацијата „Ноември – месец на наука“, 2025 година $1^{*}0,5=0,5$	0,5
	Учество на Отворен ден на УКИМ 2022, 2024 $2^{*}0,5=1$	1
Дејности од поширок интерес		
1.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**	**1**
	Меѓународен научен собир под наслов: VI конгрес на македонските географи со меѓународно учество, организиран од Македонското географско друштво, Охрид, мај 2024 година 9. Меѓународна научна конференција „Геобалканика“, Скопје, 2023 година	1
2.	**Член на факултетска комисија**	**3,5**
	Комисија за самоевалуација при Факултетот, заменик-член Комисија за избор на ректор на Универзитетот, 2023 – 2026, член $2^{*}0,5=1$	**1**
	Член на пописна комисија, 2021, 2022, 2023, 2024, 2025 - $5^{*}0,5=2,5$	2,5
3.	**Студиски престој во странство**	**0,5**
	Престој на Универзитетот во Мостар (СУМ), Босна и Херцеговина, преку CEEPUS-програмата за мобилност, октомври – ноември 2021 год.	0,5
4.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**	**1,5**

	Работна група за изготвување на наставна програма за предметот Историја и општество за 6., 7., 8. и 9. одделение, член Работна група за изготвување на наставна програма за предметот Географија за прва година гимназиско образование, член Работна група за изготвување на наставна програма за предметот Географија за втора година гимназиско образование, член	
Спортска дејност		
	Вкупно	**10**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**68**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**48**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**10**
Вкупно	**126**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Ристо Мијалов, с.р.
Проф. д-р Благоја Маркоски, с.р.
Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска, с.р.

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 05.02.2026 година.

1. **ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Хасиме Јашари, магистер по биологија - ботаника	„ВИДОВО РАЗНООБРАЗИЕ И ЕКОЛОГИЈА НА МАКРОМИЦЕТИ ВО ИГЛОЛИСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ШАР ПЛАНИНА“	„DIVERSITY AND ECOLOGY AND OF MACROMYCETES IN CONIFEROUS COMMUNITIES ON SHAR PLANINA MOUNTAIN“	д-р Катерина Русевска, редовен професор на ПМФ – Скопје	02-2844/6 од 10.02.2026
2.	Бојана Димовска Гоновска, магистер по хемиски науки	„МУЛТИПАРАМЕТАРСКА КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПОЧВИ ПРЕКУ АНАЛИЗА НА МАКРО- И МИКРОЕЛЕМЕНТИ И ДИТИОКАРБАМАТНИ ПЕСТИЦИДИ“	„MULTIPARAMETER CHARACTERIZATION OF AGRICULTURAL SOILS THROUGH ANALYSIS OF MACRO- AND MICROELEMENTS AND DITHIOCARBAMATE PESTICIDES “	д-р Трајче Стафилов, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија)	02-3141/6 од 18.02.2026

П Р Е Г Л Е Д

на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 05.02.2026 година.

1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД

	Име и презиме на кандидатот	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Јетон Шала, дипломиран фармацевт	„МИКРОПРОПАГАЦИЈА НА ХИБРИД ОД ПАУЛОВНИЈА (*Paulownia tomentosa x Paulownia fortunei*) И ПРОДУКЦИЈА НА СЕКУНДАРНИ МЕТАБОЛИТИ ВО *in vitro* УСЛОВИ“	„MICROPROPAGATION OF PAULOWNIA HYBRID (*PAULOWNIA TOMENTOSA* X *PAULOWNIA FORTUNEI*) AND SECONDARY METABOLITE PRODUCTION *IN VITRO* CONDITIONS“	д-р Соња Симиќ, редовен профе-сор на ПМФ – Скопје	02-2886/5 од 09.02.2026

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНА НА МОРФОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА SELLA TURCICA ВО РЕЛАЦИЈА СО ПОЈАВАТА НА ДЕНТАЛНИ АНОМАЛИИ И СКЕЛЕТНИ МАЛОКЛУЗИИ“ ОД Д-Р МАЈА НАУМОВА-ТРЕНЧЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.1.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Маја Наумова-Тренческа со наслов: „Процена на морфолошките карактеристики на sella turcica во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии“, во состав: проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова (претседател), проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска (ментор), проф. д-р Лидија Кануркова (член), проф. д-р Ирена Гавриловиќ (член) и проф. д-р Силвана Георгиева (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Маја Наумова-Тренческа, со наслов: „Процена на морфолошките карактеристики на sella turcica во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии“, содржи 105 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 85 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вклучувајќи вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кој ја претставува **првата глава** на докторската дисертација, изложени се предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека Sella Turcica-СТ претставува исклучително важна коскена структура која е испитувана како можен показател за предвидување на скелетниот раст и развој на денталните и скелетните малоклузии кај луѓето. Како резултат од нејзината комплексна анатомска положба, како и сложен ембрионален развој, постојат повеќе форми на СТ и нивна соодветна класификација. Извршено е детално прикажување на анатомските структури и варијациите во формата на села турцика. Големиот број класификации укажуваат дека СТ е предмет на интерес на многу истражувачи. Поголемиот број од нив ја анализираат токму калцификацијата на интерклиноидниот лигамент на СТ што би ја создала формата на СТ со премостување. Морфологијата на СТ не се менува значајно по 12-тата година и се смета дека по овој период нејзината големина е скоро иста и кај двата пола. Поврзаноста меѓу промените во морфологијата на СТ и појавата на денталните аномалии се темели на заедничкиот ембрионален развој на овие структури. Абнормалната големина на СТ е индикатор за понатамошни испитувања на индивидуите кај кои може да постојат и неоткриени болести. Отстапувањето од нормалната големина и форма на села турцика може да биде индикација и за присуство на патолошки состојби на хипофизата.

Втората глава е насловена „Преглед на достигнувањата поврзани со предметот на истражување“. Оваа глава претставува сеопфатен и критички литературен преглед на досегашните сознанија поврзани со формата и морфолошките карактеристики на села турцика во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии кај луѓето. Кандидатката истакнува дека во литературата се среќаваат големи разлики во нормалните димензии на СТ меѓу различни популации што најверојатно се должи на употребата на различни точки, радиографски техники и степен на радиографско проширување. Прикажани се резултати од студии на автори

кои во своите истражувања утврдиле поврзаност помеѓу морфолошките карактеристики и појавата на дентални аномалии. Истражувајќи ја светската литература, кандидатката забележала мал број автори кои ја испитувале поврзаноста меѓу димензиите и морфолошките варијации на СТ со скелетните малоклузии во сагитален правец, при што утврдиле зголемени вредности на длабочината и дијаметарот на СТ кај испитаниците со малоклузија III класа за разлика од испитаниците со малоклузија II класа.

Третата глава е насловена „Образложение на работните хипотези и тези“. Во оваа глава се поставени следните хипотези: Постои поврзаност на формата и морфологијата на села турцика со појавата на дентални аномалии; постои поврзаност на формата и морфологијата на села турцика со појавата на скелетни малоклузии во сагитален правец; постојат разлики во формата и морфологијата на села турцика меѓу двата пола. Нулта хипотеза е дека не постои поврзаност меѓу формата и морфологијата на села турцика со појавата на дентални аномалии и скелетни неправилности во сагитален правец.

Во оваа глава, кандидатката ја формулира и целта на истражувањето: да се испита поврзаноста на формата и морфологијата на села турцика со појавата на дентални аномалии и скелетни неправилности во сагитален правец, но поставува и специфични цели: да се одреди формата и морфологијата на села турцика кај испитаници со различни дентални аномалии; да се одреди формата и морфологијата на села турцика кај испитаници со скелетни малоклузии во сагитален правец; да се процени половиот диморфизам во формата и морфологијата на села турцика; да се процени корелацијата меѓу формата и морфологијата на села турцика и појавата на дентални аномалии; да се процени корелацијата меѓу формата и морфологијата на села турцика и појавата на скелетни неправилности во сагитален правец; да се процени степенот на калцификација на села турцика и да се одреди доминантниот тип на села турцика кај македонските деца.

Четвртата глава е насловена „Применети научни методи и начин на работа“. Во ова поглавје, кандидатката ги опишува методолошката рамка и дизајнот на истражувањето. Истражувањето било направено по добивање на одобрување од страна на Етичката комисија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, а спроведено кај 109 испитаници на возраст од 8 до 17 години од двата пола. Кај сите испитаници биле направени ортопантомограмска снимка, телерендген-снимка на краниофацијалните структури и интраорални фотографии. Преку интраорален клинички преглед и анализа на ортопантомографска снимка била извршена евалуација на денталните аномалии: хиподонција, хипердонција, палатинално поставен канин, транспозиција и импакција на заби, врз основа на што испитаниците биле поделени во 2 групи, испитаници со и без дентални аномалии. На телерендген-снимка биле проценети скелетните сагитални интермаксиларни соодноси и формата и морфологијата на села турцика при што, врз база на вредностите на ANB и W-аглите, сите испитаници биле поделени во три групи: прва група испитаници со малоклузија I класа, втора група со малоклузија II класа и трета група испитаници со малоклузија III скелетна класа. Формата на СТ била одредувана според класификацијата на Axelsson и сор. (нормална форма на СТ, кос преден sид, двојна контура на дното на СТ, СТ со премостување, неправилно испакнување на задниот sид на СТ и пирамидална форма на dorsum sellae), а морфолошките карактеристики биле одредувани според методот на Silverman преку анализа на должината, длабочината и антеро-постериорниот дијаметар на СТ. На телерендген-снимката (според методот на Leonardi и сор.) била направена и анализа на степенот на калцификација на интерклиноидниот лигамент.

Статистичката обработка е адекватно опишана, со примена на соодветни тестови за споредба на групите, што ја зајакнува валидноста на резултатите и обезбедува објективност во нивната интерпретација. Во целина, методолошкиот пристап во дисертацијата е детално презентиран, описот е јасен и во согласност со научноистражувачките стандарди во стоматологијата.

Петтата глава е насловена „Добиени резултати и нивно значење“. Во оваа глава, кандидатката ги презентира наодите добиени од истражувањето. Резултатите покажале дека доминантен тип на села турцика кај македонските деца е нормалната форма на СТ, втора по застапеност е СТ со премостување, а најретко застапена форма е СТ со кос преден sид. Кај 55,3 %

од испитаниците со нормална форма на СТ, забележано било присуство на хиподонција, како најчеста дентална аномалија утврдена кај оваа форма. Најзастапена форма на СТ со премостување била тип 1 без калцификација на интерклиноидниот лигамент. Испитаниците кои имале форма на СТ со премостување имале за 19,145 пати поголем ризик за калцификација на СТ од испитаниците кои имале нормална форма. При зголемување на возраста за единечна вредност (1 година) ризикот за калцификација на села турцика се намалувал за 3,8 %. Испитаниците од машки пол имале помал ризик за калцификација на СТ од женските испитаници. Резултатите од анализата на морфолошките карактеристики на СТ покажале значајни разлики меѓу групите испитаници со и без дентални аномалии. Длабочината и антеро-постериорниот дијаметар на СТ имале значајно помали вредности кај испитаниците со дентални аномалии, додека должината на СТ не покажала статистички значајна разлика меѓу двете испитувани групи. При утврдување на значајноста на придонесот за предвидување на денталните аномалии, најголемо влијание имал АП дијаметарот на СТ, а најслабо влијание длабочината на СТ. При зголемување на АП дијаметарот за единечна вредност (1 мм) ризикот за појава на дентални аномалии се намалувал за 36,6 %. Во извршената кростабулација не се утврдила значајна поврзаност помеѓу формата на СТ и возрасните интервали на испитаниците. Во однос на половиот диморфизам, машките испитаници имале поголема должина на СТ и помал АП дијаметар во однос на женските испитаници, но овие разлики не биле статистички значајни. И покрај тоа што најголема должина, длабочина и АП дијаметар на СТ било утврдено кај испитаниците со малоклузија II класа, а најмали димензии во групата испитаници со III класа, сепак овие разлики не биле значајни, што укажало на фактот дека не постои значајна поврзаност меѓу морфолошките карактеристики на СТ и појавата на скелетни малоклузии во сагитален правец. При утврдување на значајноста на придонесот за предвидување на III класа малоклузија, најголемо влијание имала двојната контура на подот на СТ, а најслабо влијание неправилното испакнување на задниот sид. При зголемување на АП дијаметарот на СТ за единечна вредност (1 мм), ризикот за појава на малоклузија III класа се намалил за 11,3 %.

Шестата глава е насловена „Примена на резултатите од истражувањето и можни насоки за натамошно истражување“. Ова поглавје ги интегрира добиените наоди во поширок научен контекст. Истражувањата извршени во рамките на овој докторски труд ја потврдија хипотезата дека постои поврзаност помеѓу формата и морфологијата на СТ и појавата на дентални аномалии. Одредувањето на формата на СТ во раното детство претставува корисна дијагностичка алатка за предвидување на појавата на дентални аномалии кај децата. Фактот што СТ е предмет на истражување на голем број студии, ја покажува важноста од познавањето на нејзините морфолошки карактеристики. Резултатите од оваа студија ја остварија својата цел и го трасираа патот за идни истражувања, кои ќе се насочат кон поголема испитувана група и со поголем ранг на возрасни групи на испитаници, ќе опфатат поголем број дентални аномалии и скелетни малоклузии, со цел да се добие поопширна слика за нејзината важност како анатомска структура, особено што овие истражувања како додатен ефект овозможуваат и откривање на евентуални патолошки состојби на хипофизата.

Седмата глава е насловена „Заклучок“. Во оваа глава, кандидатката ги изнесува заклучоците од истражувањето, поточно истакнува дека постои поврзаност помеѓу формата и морфологијата на СТ и појавата на дентални аномалии. И покрај тоа што најголема должина, длабочина и АП дијаметар на СТ било утврдено кај испитаниците со малоклузија II класа, а најмали димензии во групата испитаници со III класа, сепак овие разлики не биле значајни, што укажува на фактот дека не постои значајна поврзаност меѓу морфолошките карактеристики на СТ и појавата на скелетни малоклузии во сагитален правец. Заклучоците се јасно напишани и логично произлегуваат од резултатите.

Осмата глава е насловена „Список на користена литература“. На крајот е приложен актуелен библиографски список, кој опфаќа научни трудови, книги и извори од старата и современата литература. Наведените референци се систематизирани и потврдуваат дека трудот е заснован на релевантна, современа и меѓународно прифатена научна база.

Во заклучните согледувања, кандидатката ги сумира клучните резултати и нивното значење во контекст на поставените цели и хипотези. Истражувањето утврдило дека доминантен тип на села турцика кај македонските деца била нормалната форма на СТ, втора по застапеност била СТ со премостување, а најретко застапена форма била СТ со кос преден sид. Кај најголем дел

од испитаниците со нормална форма на СТ, било забележано присуство на хиподонција, како најчеста дентална аномалија утврдена кај оваа форма. Најзастапена форма на СТ со премостување била тип 1 без калцификација на интерклиноидниот лигамент а испитаниците кои имале форма на СТ со премостување имале за 19 пати поголем ризик за калцификација на СТ од испитаниците кои имале нормална форма. Испитаниците од машки пол имале помал ризик за калцификација на СТ од женските испитаници. Резултатите од анализата на морфолошките карактеристики на СТ покажале значајни разлики меѓу групите испитаници со и без дентални аномалии. При утврдување на значајноста на придонесот за предвидување на денталните аномалии, најголемо влијание имал АП дијаметарот на СТ, а најслабо влијание длабочината на СТ. Во извршената кростабулација не била утврдена значајна поврзаност помеѓу формата на СТ и возрасните интервали на испитаниците. Во однос на половиот диморфизам, и покрај тоа што машките испитаници имале поголема должина на СТ и помал АП дијаметар во однос на женските испитаници, сепак овие разлики не биле статистички значајни. Резултатите покажале и дека не постои значајна поврзаност меѓу морфолошките карактеристики на СТ и појавата на скелетни малоклузии во сагитален правец. При утврдување на значајноста на придонесот за предвидување на III класа малоклузија, најголемо влијание имала двојната контура на подот на СТ, а најслабо влијание неправилното испакнување на задниот sид. Кандидатката укажува и на важноста за познавањето на морфолошките карактеристики на СТ во одредена популација поради можноста за преземање на рани превентивни мерки, но и ран ортодонтски третман со цел спречување на појава на подоцнежни потешки нарушувања во краниофацијалниот комплекс. Истовремено, кандидатката укажува на потребата од понатамошни истражувања со поголем примерок, поголем ранг на возрасни групи, вклучување на поголем број дентални аномалии и скелетни малоклузии, со цел да се добие поопширна слика за нејзината важност како анатомска структура, особено што овие истражувања како додатен ефект овозможуваат и откривање на евентуални патолошки состојби на хипофизата.

Предмет на истражување

Целиот спектар од варијации на СТ и комплексноста во нејзината градба говорат за нејзината исклучителна важност како анатомска структура, но и како скапоцена дијагностичка алатка во ортодонтската практика. Оттаму, предмет на истражување во овој докторски труд е поврзаноста на формата и морфологијата на села турцика со појавата на дентални аномалии и скелетни неправилности во сагитален правец, процена на половиот диморфизам, како и одредување на доминантниот тип на села турцика кај македонските деца.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во светската литература се среќаваат големи разлики во нормалните димензии на СТ меѓу различни популации, што најверојатно се должи на употребата на различни точки, радиографски техники и степен на радиографско проширување. Со оглед на фактот дека во стручната литература не постојат податоци за поврзаноста на морфолошките карактеристики на СТ со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии во РС Македонија, добиените резултати од ова истражување ќе ги збогатат сознанијата во врска со оваа проблематика и ќе претставуваат корисна информација за ортодонтите во нивната секојдневна пракса. Со тоа, трудот на кандидатката се вклучува во современите истражувачки насоки насочени кон познавање на различните форми на СТ, но и разликите во вредностите на морфолошките карактеристики на СТ со цел уште при првата анализа на пациентот да може брзо да се разликува нормалниот од абнормалниот изглед и соодветно да се планира ортодонтскиот третман. Одредувањето на формата на СТ во раното детство претставува корисна дијагностичка алатка за предвидување на појавата на дентални аномалии кај децата.

Краток опис на применетите методи

За реализација на поставените цели, кандидатката испитувањата ги спровела кај 109 испитаници на возраст од 8 до 17 години од обата пола, пациенти на Клиниката за ортодонција при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Скопје. Кај сите испитаници бил направени ортопантомограм, телерендген-снимка на краниофацијалните структури и интраорални фотографии и била потпишана писмена согласност за учество во оваа студија.

Преку интраорален клинички преглед и анализа на ортопантомографска снимка била извршена евалуација на денталните аномалии: хиподонција, хипердонција, палатинално поставен канин, транспозиција и импакција на заби, врз основа на што испитаниците беа поделени во 2 групи, испитаници со и без дентални аномалии. На телерендген-снимка биле проценети скелетните сагитални интермаксиларни соодноси и формата и морфологијата на села турцика при што, врз база на вредностите на ANB и W-аглите, сите испитаници биле поделени во три групи: прва група испитаници со малоклузија I класа, втора група со малоклузија II класа и трета група испитаници со малоклузија III скелетна класа. Формата на СТ била одредувана според класификацијата на Axelsson и сор. (нормална форма на СТ, кос преден sид, двојна контура на дното на СТ, СТ со премостување, неправилно испакнување на задниот sид на СТ и пирамидална форма на dorsum sellae), а морфолошките карактеристики биле одредувани според методот на Silverman преку анализа на должината, длабочината и антеро-постериорниот дијаметар на СТ. На телерендген-снимката (според методот на Leonardi и сор.) била направена и анализа на степенот на калцификација на интерклиноидниот лигамент.

Добиените податоци биле обработени со STATISTICA 7.1 и SPSS Statistics 23.0, при ниво на значајност $p<0.05$. Применетата методологија овозможила сеопфатна проценка на морфолошките карактеристики на села турцика во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии и обезбедила сигурна основа за формулирање на валидни научни заклучоци.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите добиени во овој докторски труд покажале дека доминантен тип на села турцика кај македонските деца е нормалната форма на СТ, втора по застапеност е СТ со премостување, а најретко застапена форма е СТ со кос преден sид. Кај 55,3 % од испитаниците со нормална форма на СТ, забележано било присуство на хиподонција, како најчеста дентална аномалија утврдена кај оваа форма. Најзастапена форма на СТ со премостување е тип 1 без калцификација на интерклиноидниот лигамент. Испитаниците кои имаат форма на СТ со премостување имаат за 19,145 пати поголем ризик за калцификација на СТ од испитаниците кои имаат нормална форма. При зголемување на возраста за единечна вредност (1 година) ризикот за калцификација на села турцика се намалува за 3,8 %. Испитаниците од машки пол имаат помал ризик за калцификација на СТ од женските испитаници. Резултатите од анализата на морфолошките карактеристики на СТ покажале значајни разлики меѓу групите испитаници со и без дентални аномалии. Длабочината и антеро-постериорниот дијаметар на СТ имаат значајно помали вредности кај испитаниците со дентални аномалии, додека должината на СТ не покажала статистички значајна разлика меѓу двете испитувани групи. При утврдување на значајноста на придонесот за предвидување на денталните аномалии, најголемо влијание има АП дијаметарот на СТ, а најслабо влијание длабочината на СТ. При зголемување на АП дијаметарот за единечна вредност (1 мм) ризикот за појава на дентални аномалии се намалува за 36,6 %. Во извршената кростабулација не се утврдила значајна поврзаност помеѓу формата на СТ и возрасните интервали на испитаниците. Во однос на половиот диморфизам, машките испитаници имале поголема должина на СТ и помал АП-дијаметар во однос на женските испитаници, но овие разлики не биле статистички значајни. И покрај тоа што најголема должина, длабочина и АП-дијаметар на СТ е утврдено кај испитаниците со малоклузија II класа, а најмали димензии во групата испитаници со III класа, сепак овие разлики не биле значајни, што укажува на фактот дека не постои значајна поврзаност меѓу морфолошките карактеристики на СТ и појавата на скелетни малоклузии во сагитален правец. При утврдување на значајноста на придонесот за предвидување на III класа малоклузија, најголемо влијание имала двојната контура на подот на СТ, а најслабо влијание неправилното испакнување на задниот sид. При зголемување на АП-дијаметар на СТ за единечна вредност (1 мм) ризикот за појава на малоклузија III класа се намалува за 11,3 %.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Маја Наумова-Тренческа, со наслов: „Процена на морфолошките карактеристики на sella turcica во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии“, претставува истражување од областа ортодонција. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е со цел да се утврди поврзаноста на формата и морфолошките карактеристики на села турцика со појавата на дентални аномалии и скелетни неправилности во сагитален правец кај македонската популација. Одредувањето на формата на СТ во раното детство претставува корисна дијагностичка алатка за предвидување на појавата на дентални аномалии кај децата, а со тоа и преземање ран ортодонтски третман со цел спречување појава на подоцнежни потешки нарушувања во краниофацијалниот комплекс. Исто така, добиените податоци претставуваат драгоцена информација и за медицинските лица во нивната пракса, со оглед на фактот дека малформациите на СТ се можен индикатор за постоење евентуални патолошки состојби на хипофизата. Со спроведеното истражување, кандидатката остварила релевантен и оригинален научен придонес во областа на ортодонцијата, но и во областа на медицината.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Маја Наумова-Тренческа, со наслов: „Процена на морфолошките карактеристики на sella turcica во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[3]. **Maja Naumova-Trencheska**, Cvetanka Bajraktarova Misevska, Venera Kocinaj Emini, Arif Arifi, EVALUATION OF THE MORPHOLOGICAL CHARACTERISTICS OF THE SELLA TURCICA WITH THE APPEARANCE OF SKELETAL MALOCCLUSIONS AND DENTAL ANOMALIES - A REVIEW. KNOWLEDGE - International Journal, 2023; 56(3):319–322.

[4]. **Maja Naumova-Trencheska**, Cvetanka Bajraktarova Misevska, Venera Kocinaj Emini, Arif Arifi, ASSESSMENT OF THE MORPHOLOGICAL CHARACTERISTICS OF THE SELLA TURCICA IN RELATION TO THE OCCURRENCE OF DENTAL ANOMALIES. KNOWLEDGE - International Journal, 2024; 62(4):415-419.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката. Со оглед на фактот дека во стручната литература не постојат податоци за поврзаноста на морфолошките карактеристики на СТ со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии во Република Македонија, добиените резултати од ова истражување ќе ги збогатат сознанијата во врска со оваа проблематика и ќе претставуваат корисна информација за ортодонтите во нивната секојдневна пракса. Одредувањето на формата на СТ во раното детство претставува корисна дијагностичка алатка за предвидување на појавата на дентални и скелетни аномалии кај децата, а со тоа и преземање ран ортодонтски третман со цел спречување појава на подоцнежни потешки нарушувања во краниофацијалниот комплекс. Испитувањата извршени во рамките на овој докторски труд ја потврдија хипотезата дека постои поврзаност помеѓу формата и морфологијата на СТ и појавата на дентални аномалии, а нудат и податоци за застапеноста на формите на СТ кај македонската популација. Исто така, добиените податоци претставуваат драгоцена информација и за медицинските лица во нивната пракса, со оглед на фактот дека малформациите на СТ се можен индикатор за постоење евентуални патолошки состојби на хипофизата.

Со тоа, трудот на кандидатката се вклучува во современите истражувачки насоки насочени кон познавање на различните форми на СТ, но и разликите во вредностите на морфолошките карактеристики на СТ со цел уште при првата анализа на пациентот да може брзо да се разликува нормалниот од абнормалниот изглед и соодветно да се планира ортодонтската терапија.

Подрачје на примена и ограничувања. Целиот спектар од варијации на СТ и комплексноста во нејзината градба говорат за нејзината исклучителна важност како анатомска структура, но и како скапоцена дијагностичка алатка во ортодонтската практика. Ортодонтите треба да ги познаваат различните форми на СТ, но и разликите во морфолошките карактеристики на СТ со цел да можат брзо да го разликуваат нормалниот од абнормалниот изглед и соодветно да го планираат ортодонтскиот третман.

Можните понатамошни истражувања се однесуваат на потребата од истражувања со поголем примерок, поголем ранг на возрасни групи и вклучување на поголем број дентални аномалии и скелетни малоклузии, со цел да се добие поопширна слика за нејзината важност како анатомска структура. Понатаму, проширување на истражувањето во областа на формите и морфологијата на СТ користејќи пософистицирани 3D-компјутерски снимки кои ќе овозможат елиминирање на евентуалните грешки. Имајќи го предвид фактот што во неа е сместена хипофизата, како и доказите за нивно меѓусебно влијание, се отвора патот за понатамошни испитувања во поглед на ендокринолошки нарушувања и рано откривање на патолошки состојби од оваа област.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **д-р Маја Наумова-Тренческа** со наслов: **Процена на морфолошките карактеристики на sella turcica во релација со појавата на дентални аномалии и скелетни малоклузии.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова, претседател, с.р.
Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска, ментор, с.р.
Проф. д-р Лидија Кануркова, член, с.р.
Проф. д-р Ирена Гавриловиќ, член, с.р.
Проф. д-р Силвана Георгиева, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

На теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 25. 2. 2026 година

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1	**д-р Улли Касами**	,,Влијанието на различните протоколи за прпарација на лежиштето на имплантите врз нивната дефинитивна позиција (in vitro студија)”.	,,Influence of different drilling protocols on the definitive dental implants insertion (in vitro study)”.	Проф. д-р Едвард Јанев	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026
2	**Д-р Нгадхњим Ајети**	,,Процена на дијагностичката вредност и прогностичката улога на пресепсинот (sCD14-ST) во раното откривање и при мониторинг на инфекциите во максилофацијалната регија ”.	,,Assesment of the diagnostic value and prognostic role of presepsin (sCD14-ST) in the early detection and monitoring of infections in the maxillofacial region”.	Доц. д-р Санела Идоска	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026
3	**Д-р Афродита Вангелова**	,,Компаративна анализа меѓу различни видови безметална керамика”	,,Comparative analysis between different types of metal-free ceramics”	Виш науч. соработник д-р Весна Јуруковска Шотаровска	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026
4	**Д-р Јована Димитриевска**	,,Проспективна клиничка анализа на врска помеѓу примарна стабилност на имплантот (Insertion torque и ISQ) и магинална коскена ремоделација кај остеоинтегрирани импланти со акцент на имедијатна имплантација ”.	,,Prospective Clinical Analysis of Relationship Between Primary Implant Stability (insertion Torque and ISQ) and Marginal Bone Remodeling in Osseointegrated Implants with Accent on Immediate Implantation”.	Проф. д-р Даниела Велеска Стевковска	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026
5	**Д-р Антоанета Трајковска**	,,Антимикробното дејство на растворите за испирање на устата врз кариогените бактерии streptococcus mutans и lactobacillus acidophilus”.	,,Antimicrobal effect of mout rinses on cariogenic bacteria streptococcus mutans and lactobacillus acidophilus”.	Научен сор. д-р Марија Андоновска, коментор проф. д-р Јулијана Николовска	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026
6	**Д-р Тања Богоева**	,,Ефекти на симвастатин врз преживувањето и диференцијацијата на	,,Effects of Simvastatin on the Survival and	Проф. д-р Соња Апостолска	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026

		денталните пулпални матични клетки”.	Differentiation of Dental Pulp Stem Cells”.		
7	**Д-р Кристијан Донев**	,,Саливарен лактат како биомаркер на физички напор: може ли плунката да ја замени крвта кај спортистите?”.	,,Salivary Lactate as a Biomarker of Physical Effort: Can Saliva Replace Blood in Athletes?”.	Проф. д-р Ќиро Ивановски	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026
8	**Д-р Теодора Печевска**	,,Проценка на задоволството на пациентите носители на метал-керамички и целосно–керамички фиксно-протетички реставрации”.	,,Assessment of patient satisfaction with metal-ceramic and all-ceramic fixed prosthetic restorations”.	Проф. д-р Наташа Ставрева	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026
9	**Д-р Сара Џемаили Салиу**	,,Проценка на мастикаторната ефикасност кај пациенти со тотални протези преку примена на тест со џвакање и viewgum софтвер”.	,,Assessment of masticatory efficiency on complete denture wearers using chewing tests and viewgum software”.	Проф. д-р Анета Мијоска	бр. 02-/2 од 25. 2. 2026

Прилоī бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА – Скопје

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Ивана Шикоска	Антимикробна резистенција кај Staphylococcus spp. и Escherihia coli изолирани од кучиња во Република Северна Македонија	Antimicrobial resistance in *Staphylococcus* spp. and *Escherichia coli* isolated from dogs in the Republic of North Macedonia.	Проф. д-р Искра Цветковиќ	Бр. 0202- 145/6 од 13.02.2026 год.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКО И ИНФОРМАЦИСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 4.2.2026, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област (дисциплина) 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, бр. 02-339/3, донесена на 18.2.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Тони Јаневски, претседател, проф. д-р Александар Ристески, член и проф. д-р Владимир Атанасовски, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство, во предвидениот рок се пријави д-р Томислав Шуминоски, дипл. ел. инж., вработен како вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Томислав Шуминоски е роден на 18.4.1985 во Струга. Основното образование го завршил во ОУ „Св. Кирил и Методиј“, с. Луково, со одличен успех, а потоа своето средно образование го продолжил во природно-математичката гимназија ДСУ „Нико Нестор“ во Струга. Средното образование го завршил во јуни 2004 год., со просек 5,00, воедно прогласен за првенец на својата генерација. Истата година, тој се запишал на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, на насоката Електроника и телекомуникации, модул: Телекомуникации. За време на студирањето бил постојано наградуван од Факултетот за постигнатиот одличен успех. Во јули 2008 год., со одбрана на дипломската работа „Анализа и обработка на KPI (Key Performance Indicators) во мобилните безжични мрежи“, под менторство на проф. д-р Тони Јаневски, ги завршил додипломските студии со просечна оценка 10,00, како најдобар студент во генерацијата на својата насока. Истата 2008 година, во октомври се запишал на магистерски студии (втор циклус студии по ЕКТС) на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, насока: Комуникациски и информациски технологии, една од насоките при Институтот за телекомуникации. Во септември 2010 година, успешно ги завршил двегодишните магистерски студии со просек 10,00, со насловот на магистерската теза „Адаптивни механизми за квалитет на сервисот за мобилни и безжични IP мрежи”, под менторство на проф. д-р Тони Јаневски. Во учебната 2011/2012 година се запишал на трет циклус – докторски студии на студиската програма Електротехника и информациски технологии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторските студии ги завршил со одличен успех и просек 10,00. Докторскиот труд со наслов: „Механизми за квалитет на сервисот и вертикален multi-homing за 5G мобилни и безжични мрежи“ го одбранил на 30.8.2016 година.

Веднаш по неговото дипломирање, стапил во работен однос, на 15 јули 2008 година, во АД Македонски Телеком – Скопје, каде што работел како администратор на SQL-бази на податоци. Подоцна, во текот на своите магистерски студии е избран од Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, за демонстратор на Институтот за телекомуникации, при што од април 2009 година останува во наставно-научната работа на Факултетот. Од декември 2015 година (Билтен на УКИМ бр. 1112 од 1.12.2015) е избран во звањето помлад асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Од октомври 2016 година (Билтен на УКИМ бр. 1133 од 1.11.2016 година), д-р Томислав Шуминоски е избран од страна на Наставно-научниот совет на ФЕИТ – Скопје за доцент во наставно-научната област телекомуникации, на Институтот за телекомуникации при ФЕИТ – Скопје, Универзитет

„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговите активности вклучуваат раководење на практични проекти и координација на студенти на додипломски и магистерски студии при изведување на истражувачки активности во областите: телекомуникации и информациски технологии, широкопојасни безжични мрежи, следна генерација на мобилни мрежи, Мобилен Cloud, пресметки во облак, безбедност на телекомуникациските мрежи и системи, квантни комуникации и квантни пресметки, широкопојасен интернет, радио и сателитски комуникации, WEB-апликации, програмирање и алгоритми и друго.

Во рамките на наставните активности за додипломските, магистерските и докторските студии, има изведувано и изведува предавања, аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети од областа на телекомуникациите и информациското инженерство, како и компјутерското инженерство, вклучувајќи: Радио и сателитски комуникации, Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи, Програмирање и алгоритми, Библиотеки и програмирање, Дигитални телекомуникации 2, Интернет-технологии, Квантни комуникации и квантни пресметки, Сервиси за мобилен и фиксен облак, Телекомуникациски системи, Комутација и рутирање, Безжични IP-мрежи и други предмети од оваа област.

Во доменот на научноистражувачката дејност, се занимавал со истражувања во областа на широкопојасните безжични и мобилни мрежи, при што има објавено 67 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија, во кои се вбројуваат и седум труда објавени во списанија со фактор на влијание. Автор е и на поглавја од две книги издадени од издавачката куќа „Springer“ и по едно поглавје во книга од издавачката куќа „Nova Publications“ и во „IOS Press“. Исто така, д-р Томислав Шуминоски бил член на организациски и програмски одбор на неколку меѓународни научни и стручни конференции од друштвото ЕТАИ, IWSSIP и на првата ЕАИ-конференција – Fabulous. Покрај тоа, активно учествувал во единаесет истражувачки проекти (пет меѓународни (од кои два Erasmus+ и еден Interreg IPA) и шест домашни) и еден апликативен проект за АД ЕСМ – Скопје.

На полето на стручно-применувачката дејност, како соработник учествувал во изработка на информациско-комуникациски системи и сервиси, голем број извештаи и анализи од испитувања, експертски мислења и др.

Во однос на дејностите од поширок интерес, го издвојуваме активното учество на кандидатот како Senior Member во IEEE и континуирано членството во IEEE ComSoc-одделот при Македонската секција на IEEE. Од септември 2009, па сè до декември 2022, учествува како тутор на многу e-Learning курсеви од областа Mobile Broadband Networks and Next Generation Networks, развиени од страна на ФЕИТ – Скопје, заедно со ITU Centre of Excellence за Европа, одржани на веб-страницата на ITU Academy. Освен тоа, активно е вклучен во организација и предавање на курсеви од Cyber Security – основен курс, изведувани на ФЕИТ – Скопје, како и на два курса во рамките на ИНОФЕИТ ЕДИХ за дигитални вештини и обуки за потребите на Министерството за дигитална трансформација.

Автор е на две рецензирани учебни помагала.

Во моментов, кандидатот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1241 од 1.7.2021 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот и рускиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор за вонреден професор, а врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот д-р Томислав Шуминоски, во изминатиот период, како вонреден професор на ФЕИТ, држел предавања по повеќе предмети од прв циклус студии: Програмирање и алгоритми, Податочни структури и програмирање, Радио и сателитски комуникации, Библиотеки и програмирање и WEB- сервиси. Исто така, во тој период држел и вежби по следните предмети од прв циклус студии: Дигитални телекомуникации 2, Податочни структури и програмирање, Интернет технологии,

Телекомуникациски системи, Библиотеки и програмирање, Безжични IP мрежи, Комутација и рутирање и Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи. За предметите: WEB-сервиси, Радио и сателитски комуникации, Податочни структури и програмирање и Дигитални телекомуникации 2, кандидатот подготвил пакет материјали за предавања и/или аудиториски вежби. Дополнително, кандидатот бил автор на две рецензирани учебни помагала за предметите Дигитални телекомуникации 2 и Податочни структури и програмирање: „Збирка решени задачи по предметот Дигитални телекомуникации 2“ и „Податочни структури и програмирање во C++“ соодветно.

На втор циклус студии, д-р Томислав Шуминоски вовел сет од предмети за кои одржувал настава: Напредни техники за обработка на комуникациски податоци во мобилни и безжични мрежи и Проектирање на паметни уреди за Интернет на нешта.

На трет циклус студии, кандидатот одржувал настава по предметот Напредни квантни комуникации.

Д-р Томислав Шуминоски бил ментор на шест дипломски труда.

Од последниот избор во звање, кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 46 дипломски работи и девет магистерски работи.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

<u>Научноистражувачка дејност</u>

Д-р Томислав Шуминоски има објавено вкупно 67 научни трудови, од кои 7 научни труда во научни списанија со фактор на влијание, 11 труда во меѓународни научни списанија и 43 труда во зборници од меѓународни научни собири. Автор е и на поглавја од две книги издадени од издавачката куќа „Springer“, едно поглавје во книга од издавачката куќа „Nova Publications“ и едно поглавје од книга во сериите „NATO Science for Peace and Security Series - D: Information and Communication Security“ во „IOS Press“, кои важат за реномирани меѓународни издавачки куќи.

По изборот во звањето вонреден професор, кандидатот има објавено 21 рецензиран научен труд во референтни научни публикации и една монографија согласно со Законот за високото образование, од кои еден научен труд во научно списание со фактор на влијание, 6 труда во меѓународни научни списанија и 15 труда во зборници од меѓународни научни собири.

Подолу се дадени детали за трудовите по изборот во звањето вонреден професор (претходно објавените трудови се наведени во Билтен бр. 1241 од 1.7.2021).

[1] Monika Kachurova, **Tomislav Shuminoski**, Mitko Bogdanoski, “Lattice-Based Cryptography: A Quantum Approach to Secure the IoT Technology”, pps.: 122 – 133, Research Article in Ebook: “Building Cyber Resilience against Hybrid Threats”, part of the Series: “NATO Science for Peace and Security Series - D: Information and Communication Security”, Vol. 61, 2022, IOS Press, ISBN 978-1-64368-292-1 (print)| 978-1-64368-293-8 (online), DOI: 10.3233/NICSP220023.

Во ова поглавје од книга е изложена научна студија за придобивките од криптографијата базирана на решетки и нејзините имплементации за IoT-уреди, како еден модерен квантен пристап на сигурност и заштита на современите телекомуникациски уреди и системи.

[2] S. Pejoski, Z. Hadzi-Velkov, **T. Shuminoski**, “Lyapunov Drift-Plus-Penalty Based Resource Allocation in IRS-Assisted Wireless Networks with RF Energy Harvesting”, in Radioengineering, vol. 31, no. 3, pp. 382-389, Sep. 2022. (IF = 0.5).

Во трудот е предложена полиса за доделување на ресурси во безжично напојувана комуникациска мрежа, потпомогната од интелигентни рефлектирачки површини каде што корисниците имаат конечни бафери за податоци и енергија, а стабилизацијата и доделувањето на ресурсите се изведуваат со drift-plus-penalty оптимизациска техника на Љапунов.

[3] **Tomislav Shuminoski**, Bojana Velichkovska, Toni Janevski, “A Mobile Edge Computing services with QoS support model for Next Generation Mobile Networks”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, Vol. 7, No. 1, pp. 23 – 31 (2022).

Во трудот е предложена рамка водилка за квалитет на услуга во следна генерација на мобилни и безжични мрежи, која би обезбедувала висок квалитет на услуга за мобилни edge-computing услуги.

[4] Branko Peševski, **Tomislav Šuminoski**, Borislav Popovski, ”DAB+ Radio Services with Quality Support in North Macedonia”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT), Vol. 8, No. 1, pp. 19–27 (2023).

Трудот дава историски преглед на развојот на дигиталното радио, преглед и анализа на европските и светските трендови денес, како и дополнителните услуги кои гинуди системот DAB+. Исто така, се разгледуваат предностите и предизвиците на стандардот DAB+ во споредба со аналогното FM-радио и интернет-технологиите за слушање радио, како и кои земји го развиле стандардот и нивниот начин на пристап кон планирањата. Главен фокус на трудот е претставување на планирање на DAB+ фрекфентнции во нашата земја, други планирања и случаи на користење, како и пилот-проект за имплементација на DAB+.

[5] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Šuminoski**, "Digital Development Board For Short Range Object Detection With Steganographic Data Hiding Techniques", Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT), Vol. 9, No. 1, pp. 63–70 (2024).

Во трудот е дадена примена на дигитална развојна електронска плоча во изведување на разни проекти, фокусирани на практичен развој на радарски систем за откривање објекти на кратки растојанија со користење на дигиталната развојна електронска плоча Arduino Mega 2560, што придонесува за развој на електронска технологија, микрокомпјутери и микропроцесори и нивна примена за образовни цели.

[6] Mustafovski, R., Risteski, A. ., & **Shuminoski, T.**, “Simulating Security and Speed: A Comparative Evaluation of the MobileSecureComm Platform against Legacy Tactical Communication Systems”, Spectrum of Engineering and Management Sciences, 3(1), 147-157. (2025).

Трудот дава компаративна анализа базирана на симулации помеѓу предложена MobileSecureComm платформа и други постојни телекомуникациски системи, фокусирајќи се на доцнењето, ефикасноста на пропусниот опсег, интероперабилноста и отпорноста од сајбер напади. Воедно, во трудот се прикажани симулации водени од сценарија, почнувајќи од координација на бојното поле, па сè до операции за помош при катастрофи, во кои се оценети перформансите на предложената платформа во реално време, скалабилноста под оптоварување на мрежата и одговорот на симулирани сајбер напади.

[7] Mihajloska, E., Velichkovska, B., Dimkovski, A., Stojovska, M., Vasilevska, A., Antova, D., **Shuminoski, T.**, Grozdanova, A., Suturkova, L., “Machine learning approaches for DAS28 score prediction after rituximab treatment in rheumatoid arthritis patients”, Journal of Medical Artificial Intelligence, Vol. 8, ISSN: 2617-2496, December 30, (2025).

Во трудот се дадени различни пристапи на машинско учење за предвидување на резултатот од DAS28 по третман со rituximab кај пациенти со ревматоиден артритис. Овој пристап ја истакнува способноста на машинското учење во подобрувањето на управувањето со третманот на хронични заболувања, како што е ревматоидниот артритис.

[8] David Nunev, **Tomislav Shuminoski**, Bojana Velichkovska and Toni Janevski, “Mobile Edge Computing Services with QoS Support for Beyond 5G Networks – Use Cases”, XV International Conference ETAI 2021, Online Conference, September 23-24, 2021.

Во трудот се дадени кориснички сценарија и употреба на мобилните Edge Computing сервиси со висок квалитет на услуга во постојните 5G и идните мобилни мрежи.

[9] Zivko Kokolanski, Bodan Velkovski, **Tomislav Shuminoski**, Dušan Gleich, Andrej Sarjaš, Ana B. Kokolanska, Anita K. Mijovska, Matjaž Šegula, Matic Podobnik, Zlatko Ruščić and Tibor Kratofil, “Design and Evaluation of Collaborative Learning Platform with Integrated Remote Laboratory Environment”, XV International Conference ETAI 2021, Online Conference, September 23-24, 2021.

Во трудот се презентирани дизајнот и евалуацијата на компјутерски базирана далечинска виртуелна лабораторија со интегрирана колаборативна средина во стручното образование. Далечинската виртуелна лабораторија беше имплементирана како заеднички напор на неколку институции учеснички од универзитетите и стручното образование во рамките на проектот CORELA на Erasmus+.

[10] Poposka M., Hadzi-Velkov Z., **Shuminovski T.**: Design Optimization of Wireless Powered Mobile Edge Computing Systems, 2022 30th Telecommunications Forum (TELFOR), Belgrade, Serbia, (2022).

Во трудот се предлага мобилен edge computing систем потпомогнат од безжичен пренос на енергија, кој се состои од базна станица интегрирана со мобиле edge computing сервер, која емитува радиофреквентна енергија до корисниците кои собираат енергија. Тука се разгледува оптимизациски проблем кој заеднички ги оптимизира преносните моќности и брзините на процесорите на корисниците кои собираат енергија, како и временските траења за собирање енергија и растоварување на информации.

[11] M. Poposka, Z. Hadzi-Velkov and **T. Shuminoski**, "Proportional Fairness in Wireless Powered Mobile Edge Computing Networks," 2023 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), Ohrid, North Macedonia, 2023, pp. 1-5, doi: 10.1109/IWSSIP58668.2023.10180308.

Во трудот, за прв пат во литературата е развиена ефикасна онлајн алокација на ресурси, свесна за праведност, за безжични мобилни edge computing (MEC) мрежи со временска поделба (TDMA) и делумно растоварување. Предложената шема ги оптимизира во секоја состојба на слабеење времетраењето на преносите за собирање енергија и растоварување, моќностите на пренос на корисниците кои собираат енергија и тактните фреквенции на нивните процесори.

[12] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Šuminoski**, “Ethical Aspects in Building a Short-Range Object Detection Radar System with Arduino Mega 2560”, 16th International Conference ETAI 2024, Struga, N. Macedonia, September 21-23, 2024.

Овој труд ги разгледува етичките аспекти во градењето и примената на практичниот развој на ултразвучен радарски систем за откривање објекти на кратки растојанија во радиус од 360 степени со користење на дигиталната развојна електронска плоча Arduino Mega 2560.

[13] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Šuminoski**, “The use of Digital development board for development of ultrasonic radar system for short distance detection in a 360-degree”, 16th International Conference ETAI 2024, Struga, N. Macedonia, September 21-23, 2024.

Трудот го опишува развојот на ултразвучниот радарски систем за детекција на објекти на кратки растојанија во радиус од 360 степени, кој е извршен со програмирање на ултразвучниот радарски систем со помош на алатките Arduino IDE и Processing PDE.

[14] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "The Security Vulnerabilities and Challenges on the IoT technologies", 12th student conference ‘’Energy efficiency and sustainable development” SCEESD 2024, Skopje, R. N. Macedonia, 29 Oct -1 Nov 2024.

Овој труд ја нагласува важноста на IoT-технологиите во денешниот свет, истакнувајќи го нивниот трансформативен потенцијал и значајните безбедносни предизвици со кои се соочуваат поради брзиот технолошки напредок. Воедно, ги испитува безбедносните цели, пречките и аспирациите на IoT, разгледувајќи различни видови напади и контрамерки насочени кон подобрување на безбедноста и приватноста.

[15] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "Biothreat Early Assist and Response Command System (BEAR-CS)", XVII International Scientific and Practical Conference "Information Technologies and Automation - 2024" (online), Odessa National Technological University (Ukraine), October 31 - November 1, 2024.

Трудот предлага комуникациски систем за команда за рана помош и одговор при биолошки закани (на англиски кратко: BEAR-CS), кој е напредно технолошко решение развиено за справување со современите воени предизвици поврзани со биолошките закани. Системот е првенствено дизајниран да детектира опасни биолошки агенси, како што се: вируси, бактерии и токсини во воздухот, пред воениот персонал да биде распореден во потенцијално контаминирани средини.

[16] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski and **Tomislav Shuminoski**, "Biothreat Early Assist and Response Command System (BEAR-CS): A State-of-the-Art Analysis and Comparative Study with Existing Bio surveillance and Incident Management Systems", Information Technologies and

Security (ITS-2024), Extended Abstracts of the XXIV International Scientific and Practical Conference ITS-2024, Kyiv, Ukraine.

Во трудот е дадена анализа на најсовремената технологија и компаративна студија со постојните системи за биолошки надзор и управување со инциденти, споредени со предложен комуникациски систем за команда за рана помош и одговор при биолошки закани (BEAR-CS), кој е напредно технолошко решение развиено за справување со современите воени предизвици поврзани со биолошките закани.

[17] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "Integrated Control and Monitoring System (ICMS) Using Digital Electronic Boards for Object Monitoring and Detection at Short Distances", Annual conference on Challenges of Contemporary Higher Education, Serbia, Kopaonik, 03.02.2025. – 08.02.2025.

Овој научен труд ја истражува употребата на дигиталните електронски плочи во различни проекти, особено фокусирајќи се на практичниот развој на Интегриран систем за контрола и следење (ICMS), дизајниран за следење и откривање на објекти на краток дострел. Резултатите од оваа студија го нагласуваат потенцијалот на ICMS технологијата за подобрување на паметните апликации и автоматизацијата во различни индустрии, а воедно го отвораат патот за понатамошен напредок во откривањето на објекти, безбедноста и решенијата за следење во реално време.

[18] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "State-of-the-Art Comparison of the Secudronecomm Platform with Existing Secure Drone Communication Systems", Annual conference on Challenges of Contemporary Higher Education, Serbia, Kopaonik, 03.02.2025. – 08.02.2025.

Трудот дава преглед на постојните иновации и ограничувања, претставувајќи ја платформата SecuDroneComm како можно напредно решение. Оваа предложена платформа ги подобрува можностите за следење на животната средина со интегрирање на алгоритми за избегнување на судири и хибриден систем за насочување на локалниот облак. Компаративната анализа ја потврдува предноста на SecuDroneComm за воено извидување, одговор при катастрофи и надзор на големи размери, поставувајќи нов стандард во комуникациските системи за беспилотни летала.

[19] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "State-of-the-Art Research and Analysis of Active and Passive Radar Reflectors and Ultrasonic Radar Systems", Annual conference on Challenges of Contemporary Higher Education, Serbia, Kopaonik, 03.02.2025. – 08.02.2025.

Овој труд претставува компаративна анализа на активни, пасивни и ултразвучни радари, фокусирајќи се на оперативни параметри како што се опсегот на детекција, аголот на покриеност и прилагодливоста на временските услови.

[20] Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "MobileSecureComm: A Next-Generation Tactical Communication Platform for Land, Sea and Air Operations", 32nd International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), 24 - 26 June 2025, Skopje, North Macedonia.

Трудот ја претставува MobileSecureComm комуникациската платформа, која интегрира вештачка интелигенција, квантно-отпорно енкрипција и интероперабилност на домени, дизајнирана за одбрана, помош при катастрофи и одржување на мирот. Симулациските резултати ја покажуваат нејзината подготвеност за безбедна, скалабилна и критична комуникација во еволуирачки оперативни терени.

[21] Darko Koloski, Toni Janevski, and **Tomislav Shuminoski**, “Analysis of Use Cases in 6G Mobile Networks”, TELFOR 2025, 33rd telecommunication forum, Belgrade, Serbia, November 25-26, 2025.

Трудот претставува сеопфатна анализа на главните трендови на 6G. При тоа, навлегува во развојот и анализата на 6G-мобилната технологија, опфаќајќи ги и нејзините придобивки и

предизвици, и придонесувајќи со анализа на перформансите на избрани важни случаи на употреба во 6G-мобилните мрежи.

[22] Zlate Bogoevski, Danijela Efnusheva, Ana Cholakoska Cilakova, **Tomislav Shuminoski**, and Hristijan Gjoreski, “High-Performance IP-over-WDM Networking: Fixed-Wavelength, Programmable 10G SFP, and Passive WDM Implementation”, TELFOR 2025, 33rd telecommunication forum, Belgrade, Serbia, November 25-26, 2025.

Трудот ги оценува перформансите на примопредавателите со мал формат-фактор (SFP) со фиксна бранова должина од 10G во рамките на IP-over-WDM архитектура со користење на пасивни WDM-компоненти. Резултатите претставени во овој труд потврдуваат дека SFP-ите со фиксна бранова должина од 10G нудат стабилни перформанси со ниско доцнење, со минимални стапки на грешки и висока отпорност на оптички оштетувања.

Д-р Томислав Шуминоски е активен рецензент во поголем број меѓународни списанија од областа на телекомуникациите, а рецензирал и поголем број на трудови за неколку меѓународни конференции.

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Томислав Шуминоски бил учесник во еден меѓународен проект (каде што бил негов национален координатор) и два национални научни проекта (на еден бил раководител, а во другиот учесник).

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Од аспект на стручно-апликативната дејност, кандидатот д-р Томислав Шуминоски има реализирано бројни активности.

Д-р Томислав Шуминоски континуирано учествувал во промоција на Факултетот и Универзитетот пред средношколците и идни студенти.

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Томислав Шуминоски бил дел од програмскиот одбор на три меѓународни научни собири.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Кандидатот учествувал во работата на пет факултетски комисии, како и во изработката на повеќе елаборати за извршени мерења како дел од неколку експертски активности.

Во изборниот период, д-р Томислав Шуминоски учествувал во изготвување и пријавување на еден меѓународен научно-истражувачки проект.

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

<u>Оценка од самоевалуација</u>

Кандидатот д-р Томислав Шуминоски континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Томислав Шуминоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Томислав Шуминоски поседува извонредни научни, стручни и педагошки квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, д-р Томислав Шуминоски да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство.

Скопје, 19.2.2026

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Тони Јаневски, претседател, с.р.
Проф. д-р Александар Ристески, член, с.р.
Проф. д-р Владимир Атанасовски, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Томислав Миодраг Шуминоски
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус Просечниот успех на прв циклус изнесува: ____10_____ Просечниот успех на втор циклус изнесува: ____10_____	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: 2.02.00.22 – телекомуникациско и информациско инженерство; поле: електротехника, електроника и информациско инженерство: подрачје: инженерство и технологија.	Да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Radioengineering 2. Назив на електронската база на списанија: Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: "Lyapunov Drift-Plus-Penalty Based Resource Allocation in IRS-Assisted Wireless Networks with RF Energy Harvesting" 4. Година на објава: 2022	Да
3.2	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1.Назив на зборникот: Зборник на трудови на 16-та меѓународна конференција ЕТАИ 2024 2.Назив на меѓународниот собир: ЕТАИ 2024 3.Имиња на земјите: Македонија, САД, Србија, Италија, Канада, Данска, Турција, Германија, Холандија, Словенија, Хрватска, Шветска, Австралија, Обединето Кралство 4. Наслов на трудот: „The use of Digital development board for development of ultrasonic radar system for short distance detection in a 360-degree“ 5. Година на објава: 2024	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Journal of Medical Artificial Intelligence 2. Назив на електронската база на списанија: Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: "Machine learning approaches for DAS28 score prediction after rituximab treatment in rheumatoid arthritis patients" 4. Година на објава: 2025	Да
3.4	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing 2. Назив на меѓународниот собир: IWSSIP 2023 3. Имиња на земјите: Босна и Херцговина, Бразил, Словенија, Полска, Швајцарија, Хрватска, Кореја, Обединето Кралство,... 4. Наслов на трудот: „Proportional Fairness in Wireless Powered Mobile Edge Computing Networks“ 5. Година на објава: 2023	Да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 32nd International Conference on Systems, Signals and Image Processing 2. Назив на меѓународниот собир: IWSSIP 2025 3. Имиња на земјите: Босна и Херцговина, Бразил, Словенија, Полска, Швајцарија, Хрватска, Кореја, Обединето Кралство,... 4. Наслов на трудот: „MobileSecureComm: A Next-Generation Tactical Communication Platform for Land, Sea and Air Operations“	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	5. Година на објава: 2025	
3.6	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 33rd telecommunication forum 2.Назив на меѓународниот собир: TELFOR 2025 3.Имиња на земјите: Србија, САД, Босна и Херцеговина, Полска, Обединето Кралство, Шпанија, Хрватска, Црна Гора ... 4. Наслов на трудот: „Analysis of Use Cases in 6G Mobile Networks“ 5. Година на објава: 2025	Да
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: „Збирка решени задачи по предметот Дигитални телекомуникации 2“ 2. Место и година на објава: Скопје, 2024	Да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.7.2021, број 1241	Да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Томислав Миодраг Шуминоски**
Институција: **Факултет за електротехника и информациски технологии** **Научна област:** 2.02.00.22 **– телекомуникациско и информациско инженерство**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава од прв циклус студии**	**18**
1.1.	Програмирање и алгоритми, предавања, зимски семестар (2021/22, 2022/23, 2023/24, 2024/25, 2025/26), 5*2*15*0.04	6
1.2.	Податочни структури и програмирање, предавања, летни семестри (2022/23, 2023/2024, 2024/25), 3*2*15*0.04	3.6
1.3.	Библиотеки и програмирање, предавања, летни семестри (2022/2023 и 2023/2024), 2*2*15*0.04	2.4
1.4.	WEB сервиси, зимски семестар (2021/2022, 2022/23, 2024/2025), 3*2*15*0.04	3.6
1.5.	Радио и сателитски комуникации, зимски семестар (2023/24 и 2024/2025), 2*2*15*0.04	2.4
2.	**Одржување на настава од втор циклус студии**	**4.5**
2.1.	Напредни техники за обработка на комуникациски податоци во мобилни и безжични мрежи, зимски семестар, 2022/2023, 1*3*15*0.05	2.25
2.2	Проектирање на паметни уреди за Интернет на нешта, летен семестар, 2022/2023, 1*3*15*0.05	2.25
3.	**Одржување на настава од трет циклус студии**	**5.4**
3.1.	Напредни квантни комуникации, зимски семестар (2021/2022 и 2024/2025), 2*3*15*0,06	5.4
4.	**Одржување на вежби (аудиториски – АВ, лабораториски – ЛВ)**	**19.8**
3.1.	Интернет технологии (АВ+ЛВ = 1+1), (зимски семестар, 2021/2022 и 2022/2023, летен семестар 2023/24 и 2024/25) 4*2*15*0.03	3.6
3.2.	Телекомуникациски системи (АВ+ЛВ = 1+1), зимски семестар (2021/2022, 2022/23 и 2024/25), 3*2*15*0.03	2.7
3.3.	Дигитални телекомуникации 2 (АВ+ЛВ=1+1), летен семестар (2021/2022, 2023/2024, 2024/25), 3*2*15*0.03	2.7
3.4.	Библиотеки и програмирање (АВ+ЛВ=2+0), летен семестар (2022/2023, 2023/2024), 2*2*15*0.03	1.8
3.5.	Податочни структури и програмирање (АВ+ЛВ=2+0), летен семестар (2023/2024, 2024/25), 2*2*15*0.03	1.8
3.6.	Безжични IP мрежи (АВ+ЛВ = 1+1), летен семестар (2021/22, 2022/23, 2023/24. 2024/25) 4*2*15*0.03	3.6

3.7	Комутација и рутирање (АВ+ЛВ = 1+1), летен семестар 2022/23 и зимски семестри 2023/24 и 2025/26, 3*2*15*0.03	2.7
3.8.	Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи (АВ+ЛВ = 1+1), зимски семестар 2025/26, 1*2*15*0.03	0.9
5.	**Настава во школи и работилници (учесник)**	**3**
5.1.	Дигитални вештини и обуки за Министерство за дигитална трансформација, ФЕИТ-ИНОФЕИТ ЕДИХ курс за „HTML и CSS”, 15.10.2025- 12.11.2025	1
5.2.	Дигитални вештини и обуки за Министерство за дигитална трансформација, ФЕИТ-ИНОФЕИТ ЕДИХ курс за „JavaScript”, 26.11.2025- 24.12.2025	1
5.3.	Стручно усовршување на наставниот кадар од СЕТУГС „Михајло Пупин“ – Скопје, 21-23 Октомври 2023, Солун	1
6.	**Консултации со студенти**	**2.53**
6.1.	1266*0.002	2. 53
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 46* 0.1**	**4.6**
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа 9* 0.3**	**2.7**
9.	**Ментор на дипломска работа 6* 0,2**	**1.2**
10.	**Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум**	**8**
	Збирка решени задачи по предметот Дигитални телекомуникации 2 (автор)	4
	Податочни структури и програмирање во C++ (автор)	4
11.	**Пакет материјали за одреден предмет**	**2.5**
11.1	WEB-сервиси (делен предмет)	0.5
11.2	Податочни структури и програмирање (предавања и аудиториски вежби)	1
11.3	Радио и сателитски комуникации (аудиториски вежби)	0.5
11.4	Дигитални телекомуникации 2 (аудиториски вежби)	0.5
12.	**Подготовка на нов предмет**	**1**
12.1.	Практикум по инженерски алатки (делен предмет)	0.5
12.2.	Сателитски комуникации и системи	0.5
	Вкупно	**73.23**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во меѓународен научен проект**	**6**
1.1.	Национален координатор (за НП Пелистер) на меѓународен научен проект: Modern Tools for wildfires' and Floods' Risk punctual forecast and monitoring and innovative techniques for citizens' safeguard awareness and preparedness/PREVEN-T (PREVEN-T – CN2 – SO2.4 – SC049), IPA II: Interreg IPA Cross-border Cooperation Programme, 2022-2023	6
2.	**Раководител на национален научен проект**	**6**
2.1.	Подигнување на капацитетот на Дигиталниот Иновациски Хаб-ИНОФЕИТ, ИНОФЕИТ ДООЕЛ Скопје, за проект финансиран од ФИТР, 2022-2023	6
3.	**Учесник во национален научен проект**	**3**
3.1	Персонален е-советник за сајбер-безбедност, ИНФОРСЕК КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје, за проект финансиран од ФИТР, 2024-2025	3
4.	**Дел од монографија објавен во странство**	**4.8**
4.1	Monika Kachurova, **Tomislav Shuminoski**, Mitko Bogdanoski, "Lattice-Based Cryptography: A Quantum Approach to Secure the IoT Technology", pps.: 122 – 133, Research Article in Ebook: "*Building Cyber Resilience against Hybrid Threats", part of the Series: "NATO Science for Peace and Security Series - D: Information and Communication Security*", Vol. 61, 2022, IOS Press, ISBN 978-1-64368-292-1 (print)| 978-1-64368-293-8 (online), DOI: 10.3233/NICSP220023. 0.8*6	4.8
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор**	**7.28**
5.1.	Pejoski Slavche, Hadzi-Velkov Zoran, **Shuminoski Tomislav**,. "Lyapunov Drift-Plus-Penalty Based Resource Allocation in IRS-Assisted Wireless Networks with RF Energy Harvesting", Radioengineering. 31. 382-389. 10.13164/re.2022.0382. September 2022. (IF = 1.105) 0.8*9.105	7.28
6.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	**19**
6.1	**Tomislav Shuminoski**, Bojana Velichkovska, Toni Janevski, "A Mobile Edge Computing services with QoS support model for Next Generation Mobile Networks", *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT)*, Vol. 7, No. 1, pp. 23 – 31 (2022)	4

	0.8*5	
6.2	Branko Peševski, **Tomislav Šuminoski**, Borislav Popovski, ”DAB+ Radio Services with Quality Support in North Macedonia”, *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT)*, Vol. 8, No. 1, pp. 19–27 (2023) 0.8*5	4
6.3	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Šuminoski**, "Digital Development Board For Short Range Object Detection With Steganographic Data Hiding Techniques", *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT)*, Vol. 9, No. 1, pp. 63–70 (2024) 0.8*5	4
6.4	Mustafovski, R., Risteski, A. ., & **Shuminoski, T**., “Simulating Security and Speed: A Comparative Evaluation of the MobileSecureComm Platform against Legacy Tactical Communication Systems”, *Spectrum of Engineering and Management Sciences*, 3(1), 147-157. (2025), DOI: https://doi.org/10.31181/sems31202542m 0.8*5	4
6.5	Mihajloska, E., Velichkovska, B., Dimkovski, A., Stojovska, M., Vasilevska, A., Antova, D., **Shuminoski, T.**, Grozdanova, A., Suturkova, L., “Machine learning approaches for DAS28 score prediction after rituximab treatment in rheumatoid arthritis patients”, *Journal of Medical Artificial Intelligence*, Vol. 8, ISSN: 2617-2496, December 30, (2025) 0.6*5	3
7.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**57**
7.1.	David Nunev, **Tomislav Shuminoski**, Bojana Velichkovska and Toni Janevski, “Mobile Edge Computing Services with QoS Support for Beyond 5G Networks – Use Cases”, *XV International Conference ETAI 2021*, Online Conference, September 23-24, 2021 0.6*5	3
7.2.	Zivko Kokolanski, Bodan Velkovski, **Tomislav Shuminoski**, Dušan Gleich, Andrej Sarjaš, Ana B. Kokolanska, Anita K. Mijovska, Matjaž Šegula, Matic Podobnik, Zlatko Ruščić and Tibor Kratofil, “Design and Evaluation of Collaborative Learning Platform with Integrated Remote Laboratory Environment”, *XV International Conference ETAI 2021*, Online Conference, September 23-24, 2021 0.6*5	3
7.3.	Poposka M., Hadzi-Velkov Z., **Shuminovski T.**: Design Optimization of Wireless Powered Mobile Edge Computing Systems, *2022 30th Telecommunications Forum (TELFOR)*, Belgrade, Serbia, (2022). 0.8*5	4

7.4.	M. Poposka, Z. Hadzi-Velkov and **T. Shuminoski**, "Proportional Fairness in Wireless Powered Mobile Edge Computing Networks," *2023 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, Ohrid, North Macedonia, 2023, pp. 1-5, doi: 10.1109/IWSSIP58668.2023.10180308 0.8*5	4
7.5.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Šuminoski**, “Ethical Aspects in Building a Short-Range Object Detection Radar System with Arduino Mega 2560”, *16th International Conference ETAI 2024*, Struga, N. Macedonia, September 21-23, 2024 0.8*5	4
7.6.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Šuminoski**, “The use of Digital development board for development of ultrasonic radar system for short distance detection in a 360-degree”, *16th International Conference ETAI 2024*, Struga, N. Macedonia, September 21-23, 2024. 0.8*5	4
7.7.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "The Security Vulnerabilities and Challenges on the IoT technologies", *12th student conference ‘’Energy efficiency and sustainable development’’ SCEESD 2024*, Skopje, R. N. Macedonia, 29 Oct -1 Nov 2024. 0.8*5	4
7.8.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "Biothreat Early Assist and Response Command System (BEAR-CS)", *XVII International Scientific and Practical Conference "Information Technologies and Automation - 2024"* (online), Odessa National Technological University (Ukraine), October 31 - November 1, 2024 0.8*5	4
7.9.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski and **Tomislav Shuminoski**, "Biothreat Early Assist and Response Command System (BEAR-CS): A State-of-the-Art Analysis and Comparative Study with Existing Bio surveillance and Incident Management Systems", *Information Technologies and Security (ITS-2024)*, Extended Abstracts of the XXIV International Scientific and Practical Conference ITS-2024, Kyiv, Ukraine. 0.8*5	4
7.10.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "Integrated Control and Monitoring System (ICMS) Using Digital Electronic Boards for Object Monitoring and Detection at Short Distances", *Annual conference on Challenges of Contemporary Higher Education*, Serbia, Kopaonik, 03.02.2025. – 08.02.2025 0.8*5	4
7.11.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "State-of-the-Art Comparison of the Secudronecomm Platform with Existing Secure Drone Communication Systems", *Annual conference on Challenges of*	4

	Contemporary Higher Education, Serbia, Kopaonik, 03.02.2025. – 08.02.2025 0.8*5	
7.12.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "State-of-the-Art Research and Analysis of Active and Passive Radar Reflectors and Ultrasonic Radar Systems", *Annual conference on Challenges of Contemporary Higher Education*, Serbia, Kopaonik, 03.02.2025. – 08.02.2025 0.8*5	4
7.13.	Rexhep Mustafovski, Aleksandar Risteski, **Tomislav Shuminoski**, "MobileSecureComm: A Next-Generation Tactical Communication Platform for Land, Sea and Air Operations", *32nd International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, 24 - 26 June 2025, Skopje, North Macedonia. 0.8*5	4
7.14.	Darko Koloski, Toni Janevski, and **Tomislav Shuminoski**, “Analysis of Use Cases in 6G Mobile Networks”, TELFOR 2025, *33rd telecommunication forum*, Belgrade, Serbia, November 25-26, 2025. doi: 10.1109/TELFOR67910.2025.11314485 0.8*5	4
7.15.	Zlate Bogoevski, Danijela Efnusheva, Ana Cholakoska Cilakova, **Tomislav Shuminoski**, and Hristijan Gjoreski, “High-Performance IP-over-WDM Networking: Fixed-Wavelength, Programmable 10G SFP, and Passive WDM Implementation”, TELFOR 2025, *33rd telecommunication forum*, Belgrade, Serbia, November 25-26, 2025. 0.6*5	3
3.	**Рецензија на научен/стручен труд (*0,2)**	**9**
3.1.	45 труда (ETAI 2021 - 2, ETAI 2024 - 5, JEEIT - 10, IWSSIP 2023 - 12, IWSSIP 2025- 16)	9
4.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	**1**
4.1	ETAI 2021, Виртуелна конференција – усна презентација	1
	Вкупно	**113.08**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	**3.5**
1.1.	Отворен ден на ФЕИТ, 2022 – 2025, 4 * 0.5	2
1.2	Член на организацискиот тим за првиот хакатон на Телекомуникации при ФЕИТ (ТЕЛЕХАК@ФЕИТ), 12.12.2025	0.5
1.3.	Координатор на дел од студентските пракси во Seavus (за делот од Cloud), 22-25.3.2022	0.5

1.4.	Кампања и презентација на промотивни материјали и предавања за ФЕИТ на средношколци (во средните училишта „Раде Јовчевски-Корчагин“ и „Орце Николов“ во Скопје), во 2025.	0.5
2.	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија**	**4**
2.1.	Владимир Димчев, Живко Коколански, Томислав Шуминоски, Кирил Демирџиев, ЕЛАБОРАТ за извршени мерења на отпорноста на заземјување и напон на допир и чекор во трафостаниците на ДПТУ „БУЧИМ“ и издвоените објекти, Радовиш, мај 2025, арх. бр. 03-1314/4 од 20.10.2023.	1
2.2.	Владимир Димчев, Благоја Марковски, Томислав Шуминоски, Кирил Демирџиев, Бодан Велковски. ЕЛАБОРАТИ за извршени мерења на специфичен отпор на земја во ветерен парк Штип, јун. 2025, арх. бр. 03-957/8, арх. бр. 03-957/9 и арх. бр. 03-957/10 од 3.7.2025 3x1=3	3
Дејности од поширок интерес		
3.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	**3**
3.1.	Програмски одбор на ЕТАИ 2021	1
3.2.	Програмски одбор на IWSSIP 2023	1
3.3.	Програмски одбор на IWSSIP 2025	1
4.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – соработник**	**1**
4.1.	„Next-Gen Cybersecurity and Generativ AI with Open Challenge for Next Generation Internet“, NGI-Sargasso, funded by the European Union’s Horizon Europe Research and Innovation programme under Grant Agreement No. 101061548, 2023	1
6.	**Член на факултетска комисија**	**4.5**
6.1.	Член на Конкурсна комисија за спроведување на упис на прв и втор циклус студии (на ФЕИТ) во учебните 2021/2022, 2022/23, 2023/24, 2024/25 и 2025/26, 5*0.5	2.5
6.2.	Претседател на Комисија за дисциплински мерки на студентите на ФЕИТ (Одлука бр. 02-135/8 од 24.1.2024)	0.5
6.3.	Член на Централна комисија за попис на имотот на ФЕИТ за 2022 (Одлука бр. 03-2011/2 од 29.11.2022)	0.5
6.4.	Член на пописна комисија (2024, Одлука бр. 03-1836/5)	0.5
6.5.	Член на Комисија за прием на опрема (Одлука бр. 05-82/10 од 18.1.2021)	0.5
7.	**Член на комисија за избор во звање**	**0.2**
	Член на Комисија за избор во звање на ас. м-р Наташа Димоска (2024)	0.2
	Вкупно	**16.2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**73,23**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**113,08**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**16,2**
Вкупно	**202,51**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Тони Јаневски, претседател, с.р.
Проф. д-р Александар Ристески, член, с.р.
Проф. д-р Владимир Атанасовски, член, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СИСТЕМСКО ИНЖЕНЕРСТВО, АВТОМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ФЕИТ), објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 4.2.2026 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област 2.02.00.21 – системско инженерство, автоматика и роботика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-339/4, донесена на 18.2.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, претседател, проф. д-р Миле Станковски (професор во пензија), член, и вонр. проф. д-р Горјан Наџински, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област 2.02.00.21 – системско инженерство, автоматика и роботика, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, ас. д-р Филип Дончевски, дипл. ел. инж., вработен како асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, по предмети од наставно-научната област системско инженерство, автоматика и роботика.

1. Биографски податоци

Филип Дончевски е роден на 4.8.1994 година во Скопје. Основно училиште завршил во 2009 година, а во 2013 година завршил средно училиште – гимназија со континуиран одличен успех.

Во учебната 2013/2014 година се запишал на редовни студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, на насоката Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика. Во текот на факултетското образование, постојано е наградуван за успешно завршување на студиите во секоја студиска година со просек над 9. На истиот факултет се стекнува со диплома на дипломиран инженер по електротехника и информациски технологии, насока: Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, на 12 декември 2017 година, завршувајќи со просечна оценка на положените испити 9,73 и дипломска работа со наслов: „Анализа, симулација и подобрување на работата на индуктивен сензор за мерење на ротациона позиција кој работи врз принцип на фукоови струи“.

Во учебната 2018/2019 се запишал на постдипломските студии на ФЕИТ, на насоката Автоматика, роботика и системско инженерство. По едногодишно студирање, се стекнува со диплома на магистер по електротехника и информациски технологии, насока: Автоматика, роботика и системско инженерство, на 3 октомври 2019 година, завршувајќи со просечна оценка на положените испити 10,00 и магистерска работа со наслов: „Фазни интеракции кај индуктивен сензор за мерење на ротациона позиција на мотори кај возила на електричен погон“.

Во учебната 2019/2020, зимски семестар, се запишал на трет циклус студии на Докторската школа при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на програмата Електротехника и информациски технологии, и ги положил сите испити со највисока оценка 10,00. Докторската дисертација на тема „Развој на нов индуктивен сензор за мерење на аголна позиција со примена на нови методи за моделирање на спрегнати осцилатори“ ја одбранил на 29 декември 2025 година, под менторство на проф. д-р Миле Станковски и пред Комисија во состав: проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, претседател, проф. д-р Миле Станковски, член (професор во пензија при УКИМ – ФЕИТ), проф. д-р Даме Димитровски, член (професор при УКИМ – МФ), проф. д-р Живко Коколански, член (професор при УКИМ-ФЕИТ), вонр. проф. д-р Горјан

Нацински, член (професор при УКИМ – ФЕИТ). Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки од областа системско инженерство, автоматика и роботика.

Во текот на неговите студии, извршувал повеќемесечна практична работа во компанијата Алес ДООЕЛ – Скопје, каде што земал учество во повеќе проекти од областа на проектирање на електрични инсталации и автоматизација. Од 2016 е демонстратор по лабораториски вежби на ФЕИТ на предметите од наставно-научната област автоматика и системско инженерство. Истовремено активно волонтира во организацијата на натпревари и конференции како RoboMac и ЕТАИ. Во јули 2017 година, Филип Дончевски заминува за Германија, каде што ја извршувал својата шестмесечна практична работа во компанијата „Robert Bosch GmbH“ во одделот „Chassis Systems Control“, каде што работел на развој на електронски сетила наменети за автомобилската индустрија.

Од 2018 година започнува да работи како демонстратор при ФЕИТ, каде што активно учествувал во одржување лабораториски вежби во рамките на Институтот за автоматика и системско инженерство, а истовремено и соработувал на апликативни проекти. Од 2020 година работи како асистент при ФЕИТ, извршувајќи ги своите наставно-научни активности во одржување на аудиториски вежби и учество во повеќе проекти. Истовремено е активен член во организација на натпреварот за роботика RoboMac, активен член во организација на меѓународната конференција ЕТАИ, активен член во организација и спроведување на обуки за програмабилни логички управувачи, предавач на локални и учесник во меѓународни работилници во областа на сајбер-безбедност на индустриски системи.

По дипломирањето, своето професионално искуство го искористувал за соработка со приватни компании во областа на индустриската автоматизација, фотонапонските централи, изработката на електронски печатени кола и развојот на нови производи, работејќи на повеќе од 20 проекти. Филип Дончевски бил учесник во два успешно завршени проектаи, финансирани од ФИТР, наменети за развој на нов производ: CNC-плазма машина и електричен топловоден уред за централно греење. Кандидатот е член на Комората на овластени архитекти и инженери на РСМ и поседува овластување Б за проектирање и изведба.

Течно зборува англиски јазик, а поседува и основни познавања од германскиот јазик. Неговите компјутерски способности опфаќаат познавање на: програмските јазици: Python, C, C++, C; специјализираните јазици: SQL, Latex; софтверските пакети: Microsoft Office, Matlab & Simulink, Altium Designer, Solidworks, AutoCAD, AutoCAD Electrical, EPLAN, Ansys Maxwell, Ansys Twinbuilder; софтверските пакети за програмирање на програмабилни логички управувачи како: GX Works, 1Tool, WinCC, Step7, TIA portal, MAPS; софтверските алатки за машинско учење и процесирање на податоци: sklearn, keras, pandas, nltk, OpenCV.

Рефератот за избор во звањето асистент е објавен во Билтен бр. 1287 од 1.7.2023 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, а врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, ФЕИТ, кандидатот д-р Филип Дончевски изведувал лабораториски вежби на прв циклус студии на предметите Системи на автоматско управување (во летните семестри од учебните 2016/2017 и 2019/2020 – 2024-2025), Роботика 1 (во летните семестри од учебните 2015/2016 - 2016/2017), Теорија на системи (во зимскиот семестар од учебната 2016/2017), Компјутерско водење на процеси (во летниот семестар од учебната 2016/2017), Дистрибуирани системи и SCADA (во летните семестри од учебните 2017/2018 – 2024/2025), Машинско учење (во летните семестри од учебните 2020/2021 – 2025/2026), Програмабилни логички управувачи (во зимските семестри од учебните 2018/2019 – 2025/2026), Автоматизација на производни постројки и процеси (во зимските семестри од учебните 2020/2021 – 2021/2022), Операциони истражувања (во летните семестри од учебните 2017/2018 – 2021/2022), Програмирање и алгоритми (во зимските семестри од учебните

2018/2019 – 2019/2020 и 2023/2024 – 2024/2025), Податочни структури и програмирање (во летниот семестар од учебната 2018/2019).

Кандидатот изведувал аудиториски вежби на прв циклус студии на студиската програма Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, на предметите Системи на автоматско управување (во летните семестри од учебните 2019/2020 – 2024-2025), Дистрибуирани системи и SCADA (во летните семестри од учебните 2017/2018 – 2024/2025), Машинско учење (во летните семестри од учебните 2020/2021 – 2025/2026), Автоматизација на производни постројки и процеси (во зимските семестри од учебните 2020/2021 – 2021/2022), Операциони истражувања (во летните семестри од учебните 2017/2018 – 2021/2022), Програмабилни логички управувачи (во зимските семестри од учебните 2018/2019 – 2025/2026).

Во периодот на работа како соработник на ФЕИТ/УКИМ, ас. д-р Филип Дончевски активно учествувал во воведување или ажурирање на упатства за аудиториски и лабораториски вежби по поголемиот број предмети на кои бил соработник. Имено, кандидатот учествувал во изработка на нови материјали поврзани со аудиториските и лабораториските вежби на предметите: Дистрибуирани системи и SCADA, Операциони истражувања, Програмабилни логички управувачи, Автоматизација на производни постројки и процеси, Системи на автоматско управување и Машинско учење, како и изработка на ново упатство за лабораториски вежби по предметот Компјутерско водење на процеси.

Д-р Филип Дончевски земал активно учество во држење настава и во низа летни школи и работилници. Имено, тој учествувал како предавач во 5 работилници за роботика - RoboMac, 3 обуки за програмабилни логички управувачи и 1 курс за безбедност на SCADA-системи.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

Научноистражувачка дејност

Д-р Филип Дончевски има објавено вкупно 7 научни трудови, од кои 1 труд со оригинални научни резултати во референтно научно списание со фактор на влијание (IF=1,6) и меѓународен уредувачки одбор, 1 труд со оригинални научни резултати во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор и 5 труда со оригинални научни резултати објавени во зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири. Подолу се дадени детали за трудовите.

1. Donchevski, Filip, et al. "Effects of Inductor Parasitics on Loop Gain in Single-Ended Common-Drain Colpitts Oscillator." *International Journal of Circuit Theory and Applications* (2025), https://doi.org/10.1002/cta.70124, (IF: 1.6)

Во овој труд е прикажано изведување на карактеристичната равенка на еднокрак Колпицов осцилатор со конфигурација на заеднички дрејн и со паразитни ефекти на калемот. Изведувањето е реализирано во режим на мали сигнали. Индуктивноста на LC-резонантното коло е моделирана со помош на паразитна еквивалентна сериска отпорност (ESR) и паразитна еквивалентна паралелна капацитивност (EPC). Со примена на карактеристичната равенка се изведуваат изрази за фреквенцијата на осцилациии, како и условот за појава на самообновливи осцилации. Според резултатите прикажано е дека, иако и двете паразитни величини се појавуваат во изразите за фреквенцијата на осцилации и условот за појава на осцилации, со разумни апроксимации може да се заклучи дека нивното влијание е селективно. Имено, се покажува дека паразитната отпорност, и покрај нејзината мала вредност, во одредени случаи може значително да влијае врз условот за појава на осцилации. Од друга страна, паразитната капацитивност може да влијае врз фреквенцијата на осцилации кога нејзината вредност е од ист ред на големина како капацитивноста на LC резонантното коло.

2. Donchevski, Filip, et al. "DESIGN OF CARTESIAN ROBOT TEST RIG FOR ANGULAR POSITION SENSORS." *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies* (2024): 13-20, https://doi.org/10.51466/JEEIT2491215013d

Во трудот е претставено проектирано решение за експериментална платформа наменета за експериментирање со сензори за мерење на аголна позиција. Експерименталната платформа

користи Декартов робот со дополнителна оска за имплементирање на кружно движење. Понатамошно, ќе биде претставен систем за надзорно управување (СНУ) за намена на: посредување со корисникот, прибирање и зачувување на мерни резултати од осцилоскоп, координација помеѓу движењето на роботот и мерните дејства на осцилоскопот. Експерименталната маса ќе нуди далечински пристап со видео приказ во реално време така што ќе се овозможат управувачки и надзорни активности од регионална мрежа (WAN). Проектот цели економично решение со задоволителна прецизност во движењето на роботот, применливо за најчесто користените сензори за аголна позиција. Дополнително, решението е проектирано да биде модуларно и доволно флексибилно за идна пренамена за образовни цели во полето на роботиката. Проектот е предвиден да користи минимален број на самостојно изработени технологии така што ќе искористи веќе пристапни и широко користени: машински и електрични хардверски компоненти, софтверски алатки и библиотеки.

3. Ana Sofronievska, Filip Donchevski, *Modelling, Simulation and Development of a Test Rig for Comparative Analysis of Temperature Controllers*, ETAI XVI International Conference, 2024

Овој труд опфаќа математичко моделирање на термички процес, хардверски дизајн и развој на експериментална платформа, како и евалуација на перформансите на два управувачи: вклучи-исклучи (on-off) со хистереза и временски пропорционален (TP) ПИД управувач. Компаративната анализа е извршена и преку симулација во Simulink и преку експериментално тестирање на експерименталната платформа. Управувачите беа споредени користејќи неколку различни метрики, како што се: стандардна девијација, интеграл на апсолутна грешка, време на смирување (settling time) и енергетска потрошувачка на грешката и управувачкиот сигнал. Крајните резултати покажуваат дека еден од управувачите ја достигнува зададената вредност побрзо, но по цена на помала точност, додека другиот управувач ја подобрува точноста по цена на подолго време на одзив.

4. Kalendar, Marija, Zivko Kokolanski, Branislav Gerazov, Gorjan Nadzinski, Marija Poposka, Aleksandra Zlatkova, Filip Donchevski et al. "The UbiLAB Framework for Remote Laboratories." In 2023 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), pp. 1-5. IEEE, 2023

Почнувајќи од периодот на пандемијата со Covid-19, кога присуството на студентите во универзитетските лаборатории беше многу ограничено, истражувачката работа во областа на далечинските лаборатории значително се зголеми. Најпогодениот аспект од студентското искуство во тој период беа лабораториските експерименти кои беа наменети да се изведуваат со физичко присуство во универзитетските лаборатории. Рамката UbiLAB е замислена како дигитален простор за имплементација и изведување лабораториска работа и експерименти кои ретко можат целосно да се пренесат во дигиталниот свет. Тука се идентификувани два најголеми предизвици: постигнување речиси реалистична замена за искуството на учење во реалните физички лаборатории и речиси реалистична замена за социјалниот елемент на колаборативно учење и „создавање пријателства“ во тој процес. Иновативната cloud-базирана рамка UbiLAB се справува со двата предизвика, дигитализирајќи различни и разновидни реални лабораториски експерименти преку едноставна и широко достапна платформа, истовремено подобрувајќи ја реалистичноста на студентското искуство во текот на процесот.

5. Sapeha, A., Zlatkova, A., Poposka, M., Donchevski, F., Karpov, K. B., Todorov, Z., Efnusheva, D., Kokolanski, Z., Sarjas, A., Gleich, D., Kalendar, M., & Siemens, E. (2022). Learning Management Systems as a platform for deployment of remote and virtual laboratory environments, proceedings of the 10th International Conference on Applied Innovations in IT, (ICAIIT) Sachsen-Anhalt. https://doi.org/10.25673/76944

Трудот се фокусира на преглед на различни LMS (Learning Management System)-платформи и споредба на нивните можности за имплементација на далечински и виртуелни лаборатории, обезбедувајќи аналитички и емпириски истражувања. Целта е да се процени можноста за имплементација и воспоставување далечински пристап, прво до постојни лаборатории на кампусот кои изведуваат лабораториски вежби базирани на реален хардвер, и второ до виртуелни софтверски платформи кои обично се достапни во лабораториите.

6. M. Belichovski, D. Stavrov, F. Donchevski, and G. Nadzinski, “Unsupervised machine learning approach for anomaly detection in E-coating plant,” in 2022 IEEE 17th International Conference on Control & Automation (ICCA), 2022, pp. 992–997

Целта на овој труд е да се тестираат неколку ненадгледувани (unsupervised) алгоритми за машинско учење за детекција на аномалии во необележани податоци собрани од реална e-coating фабрика што користи IoT-технологија. Податочното множество користено за тренирање и тестирање се состои од податоци во реално време собрани од сензорите на постројката во период од 15 дена. За потребите на детекција на аномалии беа користени следните ненадгледувани алгоритми за машинско учење: Interquartile Range (IQR), Isolation Forest и Elliptic Envelope. Алгоритмите беа споредени според времето потребно за тренирање и вкупниот број детектирани аномалии. Според добиените резултати, покажано е дека IQR бара значително помалку време за тренирање и детектира трипати повеќе аномалии во споредба со другите два алгоритма.

7. Zhivko Apostolovski, Filip Donchevski, Ognen Poposki, Ilin Toloski, Petar Totic, Stefan Zlatinov, Goran Stojanovski, Predicting Demand Supply Gap for Taxi Service, ETAI XIII International Conference, 2016

Трудот има за цел да ја подобри предвидливоста на идната разлика помеѓу побарувачката и понудата на возила на една компанија за конкретни географски области. Компанијата располага со огромно податочно множество кое се искористува за тренирање на модел на машинско учење за предвидување. Овој труд претставува компаративна анализа помеѓу повеќе модели кои можат да се користат за подобрување на предвидувањето во разликата помеѓу побарувачката и понудата на возила за определена географска област.

Д-р Филип Дончевски бил учесник и во 1 меѓународен научноистражувачки проект, финансиран од Erasmus+ програмата на Европската Унија, 2 национални научноистражувачки проекта финансирани од ФЕИТ и 1 национален научноистражувачки проект финансиран од ФИТР.

Кандидатот дополнително бил рецензент на вкупно 4 научни/стручни трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називи на трудови, проекти и слично), се наведени во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Од аспект на стручно-применувачката дејност, кандидатот учествувал во повеќе од 16 стручно-применувачки проекти, од кои 14 претставуваат основни проекти, 1 претставува идеен проект, а 1 претставува ревизија. Во рамки на оваа дејност, кандидатот дополнително учествувал и во 2 стручно-применувачки проекта финансирани од ФИТР, наменети за развој на нови производи, како CNC-плазма машина и електричен топловоден уред за централно греење. Дополнително, кандидатот изработил и 3 софтверски пакети за автоматизација и визуелизација на производни постројки.

Д-р Филип Дончевски активно учествувал и во активности за промоција и афирмирање на Факултетот, како што се членство во Центарот за нови студенти на ФЕИТ, како и активно учество во подготовките на отворени денови на ФЕИТ/АСИ во периодот од 2017 до 2025 година.

Особена активност кандидатот покажува и во дејностите од поширок интерес.

Во текот на кариерата, кандидатот бил два пати член на организационите одбори на меѓународната конференција ЕТАИ и четири пати член на организацискиот тим на меѓународниот натпревар за роботика RoboMac. Кандидатот бил член на повеќе факултетски комисии, а исто така е член на Комората на овластени архитекти и инженери на РСМ.

Други активности кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес (со датуми и други релевантни податоци), релевантни за изборот, се наведени во табелата од Образец 2 во рамките на овој извештај.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот Филип Дончевски континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот д-р Филип Дончевски совесно и одговорно ги извршува сите зададени обврски и покажува одлични резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Како студент постигнал одличен успех, а во текот на работата како асистент покажал големо залагање учествувајќи во изведувањето на аудиториските и лабораториските вежби. Д-р Филип Дончевски има објавено 1 труд со оригинални научни резултати во референтно научно списание со фактор на влијание и меѓународен уредувачки одбор, 1 труд со оригинални научни резултати во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор и 5 труда со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји. Исто така, тој бил учесник во 1 меѓународен научноистражувачки проект и 3 национални научноистражувачки проекти.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Филип Дончевски поседува високи педагошки, научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научната област 2.02.00.21 – системско инженерство, автоматика и роботика. Детали околу исполнетоста на општите услови, според ЗВО, како и посебните услови, се наведени во табелите од Образец 1 и Образец 2 во рамките на овој извештај.

Врз основа на изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје”, ас. д-р Филип Дончевски да го избере во звањето доцент по предметите од наставно-научната област 2.02.00.21 – системско инженерство, автоматика и роботика.

Скопје, 20.2.2026

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Миле Станковски, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Горјан Нацински, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Филип Славчо Дончевски
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: 2.02.00.21 – системско инженерство, автоматика и роботика

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,73.** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00.**	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **2.02.00.21 – системско инженерство, автоматика и роботика;** поле: **2. – инженерство и технологија;** подрачје: **2.02. – електротехника, електроника и информациско инженерство**.	Да
3	Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 3 Назив на научното списание: International Journal of Circuit Theory and Applications 4 Назив на електронската база на списанија: **Clarivate - Web of Science** (Journal Citation Report) – **Journal Impact Factor 1.6** 5 Наслов на трудот: **Donchevski, Filip**, et al. “Effects of Inductor Parasitics on Loop Gain in Single-Ended Common-Drain Colpitts Oscillator”	

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	6 Година на објава: 2025	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Journal of Electrical Engineering and Information and Technologies 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 22 члена од кои 8 од Р.С. Македонија, 1 од Канада, 2 од Словенија, 3 од САД, 1 од Украина, 1 од Франција, 1 од Турција, 2 од Србија, 1 од Хрватска, 1 од Холандија, 1 од Австрија, 3. Наслов на трудот: **Donchevski, Filip**, et al. “Design of Cartesian Robot Test Rig for Angular Position Sensors” 4. Година на објава: 2024	
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing - IWSSIP 2023 2. Назив на меѓународниот собир: 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing 3. Имиња на земјите: Босна и Херцеговина, Бразил, Белгија, Словенија, Полска, Швајцарија, Хрватска, Јужна Кореа, Обединето Кралство, Грција, САД, Австрија, Обединети Арапски Емирати, Словачка, Шпанија, Чешка, Полска, Р.С. Македонија 4. Наслов на трудот: Kalendar, Marija, Zivko Kokolanski, Branislav Gerazov, Gorjan Nadzinski, Marija Poposka, Aleksandra Zlatkova, **Filip Donchevski** et al. “The UbiLAB Framework for Remote Laboratories” 5. Година на објава: 2023	
3.4	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	1. Назив на зборникот: Proceedings of the 10th International Conference on Applied Innovations in IT, (ICAIIT) 2. Назив на меѓународниот собир: 10th International Conference on Applied Innovations in IT (ICAIIT) 3. Имиња на земјите: Германија, Русија, Иран 4. Наслов на трудот: Sapeha, A., Zlatkova, A., Poposka, M., **Donchevski, F.**, Karpov, K. B., Todorov, Z., Efnusheva, D., Kokolanski, Z., Sarjas, A., Gleich, D., Kalendar, M., & Siemens, E.Learning Management Systems as a platform for deployment of remote and virtual laboratory envrionments 5. Година на објава: 2022	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 17th IEEE International Conference on Control and Automation (ICCA) 2. Назив на меѓународниот собир: 17th IEEE International Conference on Control and Automation (ICCA) 3. Имиња на земјите: Шведска, Канада, Австралија, САД, Германија 4. Наслов на трудот: M. Belichovski, D. Stavrov, **F. Donchevski**, and G. Nadzinski, “Unsupervised machine learning approach for anomaly detection in E-coating plant,” 5. Година на објава: 2022	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 21. Странски јазик: англиски, ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 22. Назив на документот: уверение 23. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 24. Датум на издавање на документот: 16.1.2026	Да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

1.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Филип Славчо Дончевски
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: 2.02.00.21 – системско инженерство, автоматика и роботика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на вежби (аудиториски и лабораториски)**	**86,40**
	Роботика 1, (ЛВ=2), летен сем. 2015/2016	0,9
	Роботика 1, (ЛВ=2), летен сем. 2016/2017	0,9
	Теорија на системи, (ЛВ=2), зимски сем. 2016/2017	0,9
	Компјутерско водење на процеси, (ЛВ=2), летен сем. 2016/2017	0,9
	Системи на автоматско управување, (ЛВ=4), зимски сем., 2016/2017	1,8
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=1+2), летен сем. 2017/2018	1,35
	Операциони истражувања, (АВ+ЛВ=2+2), летен сем. 2017/2018	1,8
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+2), зимски сем. 2018/2019	1,8
	Автоматизација на производни постројки и процеси, (АВ+ЛВ=2+1), зимски сем. 2018/2019	1,35
	Програмирање и алгоритми (ЛВ = 4), зимски сем. 2018/2019	1,8
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=1+2), летен сем. 2018/2019	1,35
	Операциони истражувања, (АВ+ЛВ=2+2), летен сем. 2018/2019	1,8
	Податочни структури и програмирање (ЛВ = 4), летен сем. 2018/2019	1,8
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+2), зимски сем. 2019/2020	1,8
	Автоматизација на производни постројки и процеси, (АВ+ЛВ=2+1), зимски сем. 2019/2020	1,35
	Програмирање и алгоритми (ЛВ = 4), зимски сем. 2019/2020	1,8
	Операциони истражувања, (АВ+ЛВ=2+2), летен сем. 2019/2020	1,8
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=1+2), летен сем. 2019/2020	1,35
	Системи на автоматско управување, (ЛВ = 3), летен сем. 2019/2020	1,35
	Машинско учење, (АВ+ЛВ = 2+2), зимски сем. 2020/2021	1,8
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+3), зимски сем. 2020/2021	2,25

	Автоматизација на производни постројки и процеси, (АВ+ЛВ=2+1), зимски сем. 2020/2021	1,35
	Операциони истражувања, (АВ+ЛВ=2+1), летен сем. 2020/2021	1,35
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=2+2), летен сем. 2020/2021	1,8
	Системи на автоматско управување, (ЛВ = 4), летен сем. 2020/2021	1,8
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+5), зимски сем. 2021/2022	3,15
	Машинско учење, (ЛВ = 1), зимски сем. 2021/2022	0,45
	Автоматизација на производни постројки и процеси, (АВ+ЛВ=2+1), зимски сем. 2021/2022	1,35
	Системи на автоматско управување, (АВ+ЛВ = 2+6), летен сем. 2021/2022	3,6
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=2+1), летен сем. 2021/2022	1,35
	Операциони истражувања, (АВ+ЛВ=2+1), летен сем. 2021/2022	1,35
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+3), зимски сем. 2022/2023	2,25
	Машинско учење, (АВ+ЛВ = 2+1), зимски сем. 2022/2023	1,35
	Теорија на автоматско управување 2, (ЛВ = 2), зимски сем. 2022/2023	0,9
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=2+1), летен сем. 2022/2023	1,35
	Системи на автоматско управување, (АВ+ЛВ = 4+8), летен сем. 2022/2023	5,4
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+3), зимски сем. 2023/2024	2,25
	Машинско учење (АВ+ЛВ=2+1), зимски сем. 2023/2024	1,35
	Програмирање и алгоритми (ЛВ=2), зимски сем. 2023/2024	0,9
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=2+1), летен сем. 2023/2024	1,35
	Системи на автоматско управување, (АВ+ЛВ=4+7), летен сем. 2023/2024	4,95
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+4), зимски сем. 2024/2025	2,7
	Машинско учење (АВ+ЛВ=2+1), зимски сем. 2024/2025	1,35
	Програмирање и алгоритми (ЛВ=2), зимски сем. 2024/2025	0,9
	Дистрибуирани системи и SCADA, (АВ+ЛВ=2+2), летен сем. 2024/2025	1,8
	Системи на автоматско управување, (АВ+ЛВ=4+7), летен сем. 2024/2025	4,95
	Програмабилни логички управувачи, (АВ+ЛВ=2+2), зимски сем. 2025/2026	1,8
	Машинско учење (АВ+ЛВ=2+1), зимски сем. 2025/2026	1,35
2	**Подготовка на нов предмет (аудиториски вежби)**	3,00

	Дистрибуирани системи и SCADA	0,5
	Операциони истражувања	0,5
	Програмабилни логички управувачи	0,5
	Автоматизација на производни постројки и процеси	0,5
	Системи на автоматско управување	0,5
	Машинско учење	0,5
3	**Консултации со студенти**	**2,526**
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2017/2018 (23 с.)	0,046
	Операциони истражувања, летен сем. 2017/2018 (36 с.)	0,072
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2018/2019, (48 с.)	0,096
	Автоматизација на производни постројки и процеси, зимски сем. 2018/2019 (26 с.)	0,052
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2018/2019 (14.)	0,028
	Операциони истражувања, летен сем. 2018/2019 (33 с.)	0,066
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2019/2020 (34 с.)	0,068
	Автоматизација на производни постројки и процеси, зимски сем. 2019/2020 (16 с.)	0,032
	Операциони истражувања, летен сем. 2019/2020 (34 с.)	0,068
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2019/2020 (9 с.)	0,018
	Машинско учење, зимски сем. 2020/2021 (45 с.)	0,09
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2020/2021 (43 с.)	0,086
	Автоматизација на производни постројки и процеси, зимски сем. 2020/2021 (4 с.)	0,008
	Операциони истражувања, летен сем. 2020/2021 (6 с.)	0,012
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2020/2021 (16 с.)	0,032
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2021/2022 (36 с.)	0,072
	Автоматизација на производни постројки и процеси, зимски сем. 2021/2022 (8 с.)	0,016
	Системи на автоматско управување, летен сем. 2021/2022 (126 с.)	0,252
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2021/2022 (9 с.)	0,018
	Операциони истражувања, летен сем. 2021/2022 (2 с.)	0,004
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2022/2023 (45 с.)	0,09
	Машинско учење, зимски сем. 2022/2023 (25 с.)	0,05
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2022/2023 (9 с.)	0,018
	Системи на автоматско управување, летен сем. 2022/2023 (151 с.)	0,302
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2023/2024 (44 с.)	0,088

	Машинско учење, зимски сем. 2023/2024 (20 с.)	0,04
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2023/2024 (11 с.)	0,022
	Системи на автоматско управување, летен сем. 2023/2024 (144 с.)	0,288
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2024/2025 (49 с.)	0,098
	Машинско учење, зимски сем. 2024/2025 (21 с.)	0,042
	Дистрибуирани системи и SCADA, летен сем. 2024/2025 (36 с.)	0,072
	Системи на автоматско управување, летен сем. 2024/2025 (129 с.)	0,258
	Програмабилни логички управувачи, зимски сем. 2025/2026 (35 с.)	0,07
	Машинско учење, зимски сем. 2025/2026 (24 с.)	0,048
	Настава во летни школи и работилници	**9**
	International Robotics Competition Robomac 2019 (тема: Control of mobile robots in simulated environments)	1
	International Robotics Competition Robomac 2020 (тема: Design and control of a CNC machine)	1
	International Robotics Competition Robomac 2023 (тема: AI Football)	1
	International Robotics Competition Robomac 2024(тема: AI Football)	1
	International Robotics Competition Robomac 2025(тема: AI Football)	1
	Предавач на обука за Mitsubishi програмабилни логички управувачи (15-19-ти Март 2021г.)	1
	Предавач на обука за Mitsubishi програмабилни логички управувачи (16-ти август - 13-ти септември 2021г.)	1
	Предавач на обука за Mitsubishi програмабилни логички управувачи (30-ти јануари - 17-ти февруари 2023)	1
	Предавач на курс по безбедност на SCADA системи (тема: Историски преглед на безбедносни напади и инциденти кај SCADA системи)	1
	Пакет материјали за одреден предмет	**7**
	Дистрибуирани системи и SCADA	1
	Операциони истражувања	1
	Програмабилни логички управувачи	1
	Автоматизација на производни постројки и процеси	1
	Системи на автоматско управување	1
	Машинско учење	1
	Компјутерско водење на процеси	1
	Вкупно	**107.926**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учесник во национални научни проекти	**9**
	Душко Ставров, Филип Дончевски, et al. „Развој на нов индуктивен сензор за мерење на аголна позиција кај	3

	возила на електричен погон и истражување на фазни интеракции помеѓу електрични осцилатори кај сензорот“, научноистражувачки проект финансиран од УКИМ-ФЕИТ, 2021-2023	
	Горјан Наџински, Благој Христов, Филип Дончевски, et al. „Реализација на миоелектрична роботска протеза за рака со способност за индивидуална флексија на прстите“, научноистражувачки проект финансиран од УКИМ-ФЕИТ, 2023-2024	3
	Димитар Ташковски, Филип Дончевски, et al. „Лабораторија за производство ФЕИТ ФабЛаб“, научноистражувачки проект финансиран од ФИТР, 2022-2023	3
	Учесник во меѓународен научен проект	**5**
	Марија Календар, Филип Дончевски, et al., “A ubiquitous virtual laboratory framework - Call 2020 Round 1 KA2 - Cooperation for innovation and the exchange of good practices”, научноистражувачки проект финансиран од Erasmus+, 2021-2023	5
	Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	**6.4**
	Filip Donchevski, Zivko Kokolanski, Mile Stankovski, Vesna Ojleska Latkoska "Effects of Inductor Parasitics on Loop Gain in Single-Ended Common-Drain Colpitts Oscillator." *International Journal of Circuit Theory and Applications* (2025), https://doi.org/10.1002/cta.70124, (IF: 1.6)	8*0.6+1.6=6.4
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	**3**
	Filip Donchevski, Dushko Stavrov, Gorjan Nadzinski, Mile Stankovski, "DESIGN OF CARTESIAN ROBOT TEST RIG FOR	5*0.6=3

	ANGULAR POSITION SENSORS." *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies* (2024): 13-20, https://doi.org/10.51466/JEEIT2491215013d	
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	**16.5**
	Ana Sofronievska, Filip Donchevski, *Modelling, Simulation and Development of a Test Rig for Comparative Analysis of Temperature Controllers*, ETAI XVI International Conference, 2024	5*0.9=4.5
	Kalendar, Marija, Zivko Kokolanski, Branislav Gerazov, Gorjan Nadzinski, Marija Poposka, Aleksandra Zlatkova, Filip Donchevski et al. "The UbiLAB Framework for Remote Laboratories." In *2023 30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, pp. 1-5. IEEE, 2023	5*0.6=3
	Sapeha, A., Zlatkova, A., Poposka, M., Donchevski, F., Karpov, K. B., Todorov, Z., Efnusheva, D., Kokolanski, Z., Sarjas, A., Gleich, D., Kalendar, M., & Siemens, E. (2022). Learning Management Systems as a platform for deployment of remote and virtual laboratory environments, proceedings of the 10th International Conference on Applied Innovations in IT, (ICAIIT) Sachsen-Anhalt. https://doi.org/10.25673/76944	5*0.6=3
	M. Belichovski, D. Stavrov, F. Donchevski, and G. Nadzinski, “Unsupervised machine learning approach for anomaly detection in E-coating plant,” in 2022 IEEE 17th International Conference on Control & Automation (ICCA), 2022, pp. 992–997	5*0.6=3
	Zhivko Apostolovski, Filip Donchevski, Ognen Poposki, Ilin Toloski, Petar Totic, Stefan Zlatinov, Goran Stojanovski, *Predicting Demand Supply Gap for Taxi Service*, ETAI XIII International Conference, 2016	5*0.6=3
	Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	**2**
	Filip Donchevski, “Introducing IACS security course to N. Macedonia’s higher education system”, 2022 Balkans International Cybersecurity Fellowship, Ljubljana, 2022	2
	Рецензија на научен/стручен труд	**0,8**
	Martin Milanoski et al., “Assistive Keyboard for Children With Ataxia”, ETAI XVI International Conference, 2024	0,2
	Nikola Jovanovski and Josif Kjosev, “Integrated Hybrid Manufacturing: Design, Control and Implementation of a Dual-Function CNC Machine”, ETAI XVI International Conference, 2024	0,2
	Stefan Boshkovski et al., “Modern SCADA Solution for Mitigation of Water Losses in Water Distribution Network”, ETAI XVI International Conference, 2024	0,2

	Hugo Pereira et al., “An Augmented Reality Application with EasyAR for Spatial Mapping in Museums”, *30th International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, pp. 1-5. IEEE, 2023	0,2
	Вкупно	**42.7**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија	**3**
	Надзор над изведба – фаза електротехника за шестоседна жичара на Попова Шапка – соработник	1
	Учесник на проект финансиран од ФИТР со наслов „Развој и изработка на енергетски ефикасен електричен систем за греење Evolve 2.0“	1
	Учесник на проект финансиран од ФИТР со наслов „Интелигентна CNC плазма“	1
	Идеен проект	**1**
	Изработка на идеен проект за систем за мерење, визуелизација и автоматско водење на водоснабдителниот систем во Општина Ресен – соработник (IPA INTERREG проект – Smart Water Save 2018-2022)	1
	Главен (основен) проект	**42**
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 5.7kW, датум: ноември 2022, инвеститор: физичко лице, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 14.8kW, датум: ноември 2022, инвеститор: ОР-КО, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 950.4kW, датум: декември 2022, инвеститор: ДТУ Регион Брандс, локација: Ресен, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 39.77kW, датум: декември 2022, инвеститор: Кувајт Петрол, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 19.68kW, датум: март 2023, инвеститор: физичко лице, локација: Св. Николе, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 39.77kW, датум: март 2023, инвеститор: физичко лице, локација: Св. Николе, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 24.75kW, датум: мај 2023, инвеститор: ДТУ Медапром, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4

	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 23.1kW, датум: јуни 2023, инвеститор: ПУЗС Хармонија, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: соработник	2
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 5.7kW, датум: јуни 2023, инвеститор: физичко лице, локација: Миравци, компанија: Архитектор, позиција: соработник	2
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 3x6kW, датум: јуни 2024, инвеститор: физичко лице, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: проектант	4
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 35.1kW, датум: февруари 2024, инвеститор: Минт Инженеринг, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: соработник	2
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 39.6kW, датум: април 2024, инвеститор: Графоден, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: соработник	2
	Проектирање и изведба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 319.7kW, датум: февруари 2025, инвеститор: Фиса Комерц, локација: Скопје, компанија: Архитектор, позиција: соработник	2
	Ревизија	**0.5**
	Ревизија на Основен проект за реставрација на систем за управување и сигнализација на железничка делница Куманово - Бељаковце од Коридор 8 - соработник	0.5
	Изработка на нов софтверски пакет	**6**
	Надградба на софтвер за автоматизација и визуелизација на дел од постројка за производство на CO2, инвеститор: Геогас, локација: Битола, компанија: Алес	2
	Изведба на SCADA софтвер за прибирање и архивирање на податоци од лабораторија за испитување на CO2 гас, инвеститор: Геосонда, локација: Битола, компанија: Алес	2
	Изведба на софтвер за автоматизација на постројка за рециклирање на стакло, инвеститор: Акрон, локација: Скопје, компанија: Алес	2
	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот	**6.5**
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2017	0.5
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2018	0.5
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2019	0.5
	Презентација и промоција на ФЕИТ во СУГС „Орце Николов“, 2019	0.5
	Презентација и промоција на ФЕИТ во СУГС „Никола Карев“, 2019	0.5
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2020	0.5
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2021	0.5
	Училиштата на Град Скопје со отворени врати за факултетите, 2022	0.5
	Отворен ден Coffee@FEIT, 2022	0.5
	Отворен ден на УКИМ, 2022	0.5
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2023	0.5
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2024	0.5
	Отворен ден на УКИМ/ФЕИТ, 2025	0.5
Дејности од поширок интерес		

	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир	**3**
	Меѓународна конференција ЕТАИ 2017, Струга, РС Македонија	0.5
	Меѓународна конференција ЕТАИ 2024, Струга, РС Македонија	0.5
	International Robotics Competition Robomac 2016, организатор на категорија на тема Autonomous quadcopter control using V-rep and Python	0.5
	International Robotics Competition Robomac 2023, организатор на категорија на тема AI Football	0.5
	International Robotics Competition Robomac 2024, организатор на категорија на тема AI Football	0.5
	International Robotics Competition Robomac 2025, организатор на категорија на тема AI Football	0.5
	Член на факултетска комисија	**2**
	Претседател на пописна комисија на ФЕИТ (2021)	0.5
	Член на централна пописна комисија на ФЕИТ (2022)	0.5
	Член на централна пописна комисија на ФЕИТ (2024)	0.5
	Координатор на Центар за нови студенти на ФЕИТ (2024)	0.5
	Член на орган на професионална комора	0.3
	Член на Комора на овластени архитекти и инженери на РС Македонија	0.3
	Вкупно	**64.3**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**107,926**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**42,7**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**64,3**
Вкупно	**214,926**

2.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Миле Станковски, член, с.р.
Вонр. проф. Горјан Нацински, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски труд Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии

1. Обновливи извори на енергија

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Бојана Темелковска	Пасивни методи за ладење на фотоволтаични модули	Passive methods for photovoltaic modules cooling	Проф. д-р Димитар Димитров	02-124/13 од 28.1.2026 год.
2	Мартина Цветановска	Карактеристики и можности за примена на Перовскитните соларни ќелии кај фотоволтаичните системи	Characteristics and Application Potential of Perovskite Solar Cells in Photovoltaic Systems	Проф. д-р Димитар Димитров	02-124/14 од 28.1.2026 год.
3	Никола Петрески	Улогата на обновливите извори на електрична енергија во електроенергетскиот систем со новите енергетски услови	The role of renewable energy sources in the power system with the new energy conditions	Проф. д-р Антон Чаушевски	02-124/15 од 28.1.2026 год.

2. Проектен менаџмент

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Сара Јакимовска	Анализа на можностите за модернизација и проширување на мрежата за снабдување со топлинска енергија во град Скопје	Analysis of the Potential for Modernization and Expansion of the District Heating Energy Supply Network in Skopje	Проф. д-р Атанас Илиев	02-124/16 од 28.1.2026 год.
2	Марија Серафимовска	Анализа на влијанието од примената на вештачката интелигенција врз ефикасноста, квалитетот и успешноста на инженерските проекти	An Analysis of the Impact of Artificial Intelligence on the Efficiency, Quality, and Success of Engineering Projects	Проф. д-р Атанас Илиев	02-124/17 од 28.1.2026 год.
3	Василка Лалевска	Анализа на влијанието на екстерното окружување и зрелоста на проектниот менаџмент врз подготвеноста на	Analysis of the Impact of External Factors and Project Management Maturity on Companies´ Readiness for	Проф. д-р Невенка Китева Роглева	02-124/18 од 28.1.2026 год.

		компаниите за известување за одржливост	Sustainability Reporting		
4	Леа Ласковска	Анализа на оптимизирано енергетско портфолио од обновливи извори на енергија за продажба на електрична енергија	Analysis of an optimized portfolio of renewable energy sources for electricity sales	Проф. д-р Атанас Илиев	02-124/19 од 28.1.2026 год.

3. Наменски компјутерски системи

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Симона Николовска	Дизајн и имплементација на систем за интерпретација на форензички DNA примероци	Design and Implementation of a Forensic DNA Sample Interpretation System	Доц. д-р Бојана Величковска	02-124/20 од 28.1.2026 год.
2	Сара Кршинар	Дизајн и имплементација на наменски систем за поддршка на лица со загуба	Design and Implementation of a Dedicated Support System for Individuals Experiencing Loss	Вон. проф д-р Данијела Ефнушева	02-124/21 од 28.1.2026 год.
3	Петар Пејовски	Развој на автономен систем за мерење и мониторирање на бучава базиран на Интернет на нешта	Development of an autonomous noise measurement and monitoring system based on the Internet of Things	Вон. проф д-р Данијела Ефнушева	02-124/22 од 28.1.2026 год.

4. Машински вид

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Јован Камчев	Полунадгледувана проценка на состав на купови од старо железо од повеќе погледи	Weakly Supervised Composition Analysis of Scrap Steel Piles from Multiple Views	Проф. д-р Зоран Ивановски	02-124/23 од 28.1.2026 год.

5. Електрични машини и автоматизација

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Димитар Димитров	Подобрување на енергетската ефикасност во објекти со примена на	Improving energy efficiency in buildings by using automation systems	Проф. д-р Влатко Стоилков	02-124/24 од 28.1.2026 год.

		системи за автоматизација базирани на напредни расклопни и управувачки елементи	based on advanced switchgear and control elements		

6. Применета математика

Ред. бр.	Студент	Назив на тема		Предложен ментор	Датум и бр. на Одлука
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Ана Плетварец	Ансамбл алгоритми во машинското учење: теоретска анализа и експериментална евалуација	Ensemble Algorithms in Machine Learning: Theoretical Analysis and Experimental Evaluation	Вон. проф. д-р Христијан Ѓоресќи	02-124/25 од 28.1.2026 год.

Прилог 1

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми на ННУС на Факултет за ликовни уметности во Скопје за изработка на магистерски труд одржан на ден 12.02.2026 година

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	ментор	индекс бр.	Одлука број
1.	Мартин Буровски	Етнолошко сликарство	Ethonogical painting	Проф. м- р А.Мазневски	344	02-97/5 од 12.2.2026

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНЛИВОСТ И РЕЛИЈАБИЛНОСТ НА ТЕСТОВИТЕ ЗА ПРОЦЕНУВАЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ И МОТОРИЧКИОТ РАЗВОЈ КАЈ МАКЕДОНСКИТЕ УЧЕНИЦИ: МАКФИТ-СТУДИЈА“ ОД М-Р МИОДРАГ ТОДОРОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 25.2.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Миодраг Тодоровиќ со наслов: **Применливост и релијабилност на тестовите за проценување на физичкиот и моторичкиот развој кај македонските ученици: Макфит-студија**, во состав: проф. д-р Жарко Костовски, претседател, проф. д-р Серјожа Гонтарев, ментор, проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, член, проф. д-р Борче Даскаловски, член, и проф. д-р Влатко Неделковски, член.

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го прегледа и оцени проектот за докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Миодраг Тодоровиќ, со наслов: „Применливост и релијабилност на тестовите за проценување на физичкиот и моторичкиот развој кај македонските ученици: Макфит-студија“, содржи 160 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви – 12 и 81 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 10 глави, вовед, досегашни истражувања, проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето, методи на истражувањето, резултати, дискусија, заклучоци теоретска и практична важност на истражувањето, литература и прилог. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првата глава, кандидатот јасно ја истакнува физичката кондиција како важен здравствен индикатор кај децата и адолесцентите и ја објаснува нејзината поврзаност со кардиометаболичките ризици. Концизно се прикажува дека системското и објективно тестирање во училиштата може да помогне во рано откривање неповолни трендови и во насочување на програмите за здрав раст и развој.

Понатаму, аргументирано се посочува дека во Република Северна Македонија недостига национален, стандардизиран мониторинг со јасни нормативи, што ја прави проценката на фитнесот фрагментирана и тешко споредлива. Во тој контекст се разгледуваат релевантните меѓународни батерии (FITNESSGRAM®, EUROFIT, ALPHA) и се нагласува дека теренските тестови, кога се администрираат по стандарден протокол и со обука, можат да обезбедат стабилни резултати.

На крај, кандидатот нагласува дека доколку МАКФИТ-тестовите ја потврдат својата применливост и релијабилност во училишни услови преку современи психометриски показатели (ICC, SEM, MDC), тие ќе можат да се користат како доверлив инструмент за систематско следење на физичкиот и моторичкиот развој на македонските ученици и за унапредување на националните програми по физичко образование.

Во втората глава, кандидатот концизно ги сумира релевантните меѓународни истражувања за тест ретест релијабилноста на теренските фитнес-тестови и антропометриските мерења кај деца и адолесценти. Прегледот укажува дека 20-

метарскиот тест со прогресивно зголемување на брзината вообичаено покажува висока релијабилност, додека тестовите со трчање на однапред определено растојание се посоодветни и постабилни кај постари деца, но помалку сигурни кај помладите, што јасно упатува на возрасна условеност на мерната стабилност.

Понатаму, се истакнува дека динамометријата на дланка и скокот во далечина од место во повеќе студии демонстрираат многу висока релијабилност, а тестот чунесто трчање 4 × 10 m покажува стабилни резултати при стандарден протокол. За тестовите на мускулна издржливост и флексибилност се нагласува дека, генерално, се прифатливи, но можат да бидат чувствителни на обука, критериуми на оценување и запознавање на испитаниците со процедурата.

Во делот за морфолошките мерки се наведува дека висината, тежината, БМИ, обемот на половината, кожните набори и проценките на телесните масти обично имаат висока стабилност при повторено мерење. Заклучно, кандидатот укажува дека повеќето тестови се релијабилни и применливи во училишни услови, но за одредени мерки доказите се ограничени поради мал број студии и мали примероци.

Во третата глава, кандидатот јасно го дефинира истражувачкиот проблем како потреба од систематска, објективна и доверлива процена на физичкиот и моторичкиот развој кај адолесцентите во реални училишни услови. Посебно е нагласено дека во македонскиот контекст недостига батерија на тестови која е не само научно заснована, туку и емпириски проверена од аспект на релијабилност, објективност, безбедност и практична изводливост кога ја администрираат наставници по физичко и здравствено образование.

Предметот на истражувањето е прецизно насочен кон антропометриските мерки и моторичките тестови вклучени во МАКФИТ-батеријата кај средношколска популација, со фокус на нивните метриски карактеристики и можноста да се користат за скрининг, мониторинг и педагошка дијагностика. Целите се формулирани јасно и логично, при што опфаќаат процена на релативната и апсолутната релијабилност, проверка на систематски разлики меѓу првото и второто мерење, утврдување на согласноста на индивидуално ниво преку Bland Altman пристап, како и испитување на половите разлики со контрола на возраста.

Хипотезите се методолошки коректно поставени и директно произлегуваат од проблемот и целите. Тие ги опфаќаат очекуваните нивоа на релијабилност и мерна грешка, можниот ретест ефект кај дел од моторичките тестови, задоволителната согласност меѓу мерењата, како и постоењето на полови разлики во антропометриските и моторичките показатели. На тој начин, третата глава обезбедува јасна и функционална истражувачка рамка врз која доследно се надградува методолошкиот и аналитичкиот дел на трудот.

Во четвртата глава, кандидатот детално и транспарентно ја прикажува методолошката поставеност на истражувањето, со јасно дефинирани примерок, варијабли, инструменти и протоколи за мерење во реални училишни услови. Примерокот опфаќа 102 средношколци од Скопскиот Регион, структуриран по пол, при што се прецизирани критериумите за вклучување и исклучување, постапката за информирана согласност и етичката усогласеност со Хелсиншката декларација, што ги засилува валидноста и оправданоста на истражувањето.

Во поглавјето се наведуваат и јасно се операционализираат 11 варијабли, групирани како антропометриски мерки и моторички тестови од МАКФИТ-батеријата. Детално се опишани техниката и условите на мерење, користените инструменти, стандардизацијата и бројот на повторувања, со повикување на релевантни меѓународни методолошки упатства (EUROFIT и сродни проекти), што обезбедува компарабилност и мерна точност.

Посебно внимание е посветено на оцената на применливоста и безбедноста на тестовите во училишна средина преку структуриран прашалник и директно набљудување, како и на дизајнот за тест ретест мерење во интервал од 7 до 10 дена под исти услови. Во делот за статистичка обработка се прикажува соодветен и современ аналитички пристап: дескриптивна статистика и проверка на распределби, процена на релативна и апсолутна релијабилност преку ICC, SEM, MDC и CV, тестирање на систематски разлики со парни t-тестови и големина на ефект, процена на согласност со Bland Altman анализа, како и испитување на полови разлики со MANCOVA/ANCOVA со контрола на возраста. На тој начин, четвртата глава обезбедува методолошки цврста основа за сигурна интерпретација на резултатите и нивна практична применливост во наставата по физичко и здравствено образование.

Во петтата глава, „Резултати“, се изведува детална анализа и интерпретација на добиените податоци преку применетите статистички процедури. Во согласност со дефинираните проблем, предмет и цели на истражувањето, реализирана е современа и методолошки коректна обработка која обезбедува исцрпна и објективна слика за испитуваните појави. Резултатите се систематски прикажани во табели и графикони, што овозможува јасна визуелизација и целосен увид во емпириските наоди.

Во шестата глава, „Дискусија“, кандидатот дава јасна и аргументирана интерпретација на резултатите од тест ретест проценката и покажува дека антропометриските мерки и поголемиот дел од моторичките тестови од МАКФИТ-батеријата имаат висока релијабилност и добра практична применливост во училишни услови. Наодите се разгледани и во споредба со релевантни меѓународни истражувања и препораки за теренски фитнес-тестови кај деца и адолесценти, при што се истакнува дека добиените параметри се во согласност со доминантните трендови во литературата за стабилноста на антропометријата и на стандардизираните тестови за сила, агилност и експлозивност. Посочува дека кај дел од тестовите (скок од место, подигнување на трупот, претклон) постои умерен ретест ефект поради запознавање со задачата, додека 4×10 м чунесто трчање се издвојува како тест со исклучително висока повторливост и минимална пристрасност меѓу мерењата.

Дискусијата ги објаснува и половите разлики како очекуван развоен феномен поврзан со пубертетскиот развој и телесниот состав: момчињата се супериорни во мускулна сила, експлозивност и агилност, додека разлики во флексибилноста и BMI не се потврдуваат. Дополнително, се нагласува дека батеријата е временски и организациски изводлива, но дека за одредени мерни техники е потребна дополнителна обука на наставниците за да се минимизираат варијациите во изведбата и интерпретацијата. Поглавјето реално ги наведува ограничувањата на студијата и предлага насоки за идни истражувања, особено преку поширок возрасен опфат, вклучување индикатори за биолошка зрелост и подолгорочни следења за процена на стабилноста и чувствителноста на тестовите низ време.

Во седмата глава, „Заклучоци“, систематски и концизно се извлечени, формулирани и презентирани најважните заклучоци, кои се однесуваат на сите поставени цели на истражувањето. Тие даваат одговори на поставените научни хипотези во докторската дисертација. Заклучоците се логички, синтетизирани, интерпретабилни и очекувани, така што ги задоволуваат научните, методолошките и концепциските потреби на истражувањето. Тие, исто така, можат да послужат како основа за генерализација на добиените резултати и за конципирање нови слични истражувања.

Во осмата глава, кандидатот концизно го истакнува теоретското и практичното значење на истражувањето. Теоретски, студијата го продлабочува националното знаење за метриките на МАКФИТ-батеријата, бидејќи релијабилноста, објективноста,

безбедноста и применливоста се оценуваат со современи показатели, што создава основа за идни лонгитудинални и компаративни истражувања и развој на референтни норми.

Практично, се нагласува дека батеријата е изводлива во училишни услови и може да се користи за рутински мониторинг, рано препознавање на ризични профили и индивидуализација на наставата и интервенциите. На ниво на политики, резултатите нудат аргументи за национален систем за следење на фитнесот и телесниот состав кај младите.

Во главата „Литература“, кандидатот ги почитува основните логички и методолошки начела при изборот на научни и стручни извори, при што доминираат публикации што директно кореспондираат со предметот и целите на истражувањето. Референците во најголем дел се од понов период и се оформени според APA-стил. Вклучени се сите библиографски единици што се цитирани во проектот на докторската дисертација, а нивната структура и распоред јасно упатуваат на целисходна и методолошки оправдана употреба при разработката на темата. Од методолошко и техничко гледиште, библиографијата е јасно, прегледно и соодветно презентирана.

Во последната глава, „Прилог“, кандидатот прикажува табеларна споредба на релијабилноста на применетите тестови со наодите од релевантната меѓународна литература. Прилогот покажува дека релијабилноста во студијата е, генерално, усогласена со претходните истражувања: антропометриските мерки и тестот за агилност се најстабилни, додека кај дел од моторичките тестови се забележува очекуван ретест ефект поврзан со запознавање со задачата. На тој начин, прилогот ја зајакнува аргументацијата дека користената батерија е методолошки оправдана и применлива во училишни услови.

Предмет на истражувањето

Предмет на оваа докторска дисертација е метричка и практична евалуација на батеријата МАКФИТ за процена на антропометрискиот статус и физичкиот фитнес кај адолесценти во училишни услови, со фокус на релијабилноста при повторено мерење, објективноста и изводливоста во рамки на наставата.

Проблемот на истражувањето произлегува од потребата училиштата да располагаат со научно заснован и организациски применлив протокол што обезбедува сигурни и споредливи резултати, и покрај ограничувањата во време, опрема и искуство на наставниците. Оттука, клучното прашање е дали МАКФИТ може да функционира како оперативна алатка за скрининг и мониторинг, а не само како истражувачки сет тестови.

Целите се насочени кон утврдување на релијабилноста и мерната прецизност на избраните показатели, процена на објективноста и безбедноста на администрацијата и оценување на практичната изводливост, при што наодите се интерпретираат и преку компарација со релевантни меѓународни истражувања и стандарди

Податоди за состојбата на подрачтето во кое е работена дисертанијата

Следењето на физичкиот и моторичкиот развој на учениците претставува суштински предуслов за навремено препознавање на ризици и за осмислување поефективни училишни програми што го поддржуваат здравиот раст и развој. Во идеална образовна и здравствена рамка, тоа подразбира редовни, стандардизирани фитнес-проценки со јасни референтни вредности и споредливост по возраст и пол, врз чија основа може да се следат трендовите и да се насочат интервенции. Сепак, во Република Северна Македонија сè уште недостига систематизиран национален мониторинг; проценките најчесто се сведуваат на поединечни истражувања или ограничени училишни иницијативи, без унифицирани протоколи и нормативи, што ја прави проценката фрагментирана и тешко споредлива.

Во меѓународната практика, ваквите потреби се адресираат преку развиени теренски батерии и системи (како FITNESSGRAM, EUROFIT и ALPHA/HELENA), кои

комбинираат антропометриски мерења со тестови на сила, агилност, флексибилност и кардиореспираторна издржливост, со цел училиштата и здравствените служби да добијат доверлива слика за здравствено-релевантниот фитнес на учениците. Во таа логика, МАКФИТ-батеријата се позиционира како национален одговор што ги интегрира меѓународно проверените пристапи со специфичностите на локалниот образовен контекст.

Оттука, актуелната состојба на подрачјето ја оправдува потребата од метричка и применета проверка на батеријата МАКФИТ во реални училишни услови, со фокус на релијабилноста, мерната прецизност и практичната изводливост. Особена важност има користењето современи психометриски показатели, бидејќи тие овозможуваат да се разграничи вистинската промена во фитнес-статусот од варијациите поради мерна грешка и услови на администрација, а воедно пополнуваат празнина во националните докази за ваков тип стандардирано тестирање.

Краток опие на применетите методи

Истражувањето е спроведено како теренско, квантитативно и конфирмативно истражување со повторено мерење, со цел да се процени тест ретест релијабилноста, објективноста, применливоста и безбедноста на батеријата МАКФИТ при процена на антропометрискиот статус и физичкиот фитнес кај средношколски адолесценти во реални училишни услови. Податоците се прибрани во два термина, со интервал од една недела, преку стандардизирани процедури на мерење и тестирање на редовните часови по физичко и здравствено образование.

Примерокот на варијабли е дефиниран во согласност со предметот на истражувањето и опфаќа основни антропометриски мерки (телесна висина, телесна тежина, обем на половината и BMI) и избрани моторички тестови (претклон во сед, рачен стисок, скок во далечина од место, лежење сед за 30 секунди и чунесто трчање 4×10 m). Мерењата се реализирани со баждарена опрема и по меѓународно препорачани протоколи, со цел да се обезбеди споредливост со релевантни европски и светски истражувања.

За статистичката обработка се применети дескриптивни параметри и тестови за проверка на распределбата, како и индикатори за релативна и апсолутна релијабилност. Релијабилноста е проценета преку интракласни корелациски коефициенти и мерки на типична грешка и најмала детектибилна промена, додека систематските разлики меѓу првото и второто мерење се проверени со тестови за зависни примероци и анализа на согласност. Паралелно, половите разлики во антропометриските и моторичките показатели се интерпретирани преку соодветни споредбени модели, со контрола на возраста, а применливоста и безбедноста се проценети преку структуриран прашалник и набљудување во училишна средина.

Со ваков методолошки пристап се обезбедува цврста основа за процена на МАКФИТ-батеријата како научно заснован и практично изводлив инструмент за стандардиран скрининг и мониторинг на физичкиот развој кај адолесцентите во национален контекст.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето покажуваат дека батеријата МАКФИТ обезбедува стабилни и репродуктивни мерења во училишни услови: антропометриските мерки и поголемиот дел од моторичките тестови демонстрираат добра до одлична тест ретест релијабилност кај двата пола, со мала мерна грешка и задоволителна согласност меѓу првото и повтореното мерење.

Истовремено, кај дел од моторичките тестови е забележан мал, но систематски ефект на запознавање со задачата, што упатува дека при мониторинг треба да се применат

јасни процедури за стандардизација и внимателна интерпретација кај тестовите што се почувствителни на учење.

Резултатите дополнително го потврдуваат очекуваниот полов диморфизам во корист на момчињата во силовите и брзинско експлозивните способности, а во практична смисла, батеријата се издвојува како изводлива и безбедна: тестирањето е временски рационално, лесно спроведливо од наставници, добро прифатено од учениците и без сериозни несакани настани, со потенцијал да послужи како основа за систематско следење, изработка на норми и планирање таргетирани интервенции во образовниот и јавноздравствениот систем.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, реализирал меѓународна мобилност во времетраење од 7 (седум) дена и ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Todorovic, M., Gontareva, N., & Gligorovski, A. (2024). Test-Retest Reliability Of The Hand Grip Dynamometry Test in Macedonian Adolescents. *Research in physical education, sport and health*, 13(1), 91-98.
2. Todorovic, M. (2025). Test-Retest Reliability Of Standing Long Jump Test In Adolescents. *Research in physical education, sport and health*, 14(21), 35-140.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатот се согледуваат во неколку поврзани аспекти што ја засилуваат научната и апликативната вредност на дисертацијата. Најнапред, трудот обезбедува систематска метричка верификација на батеријата МАКФИТ во реални училишни услови, при што се потврдува дека антропометриските мерки и поголемиот дел од моторичките тестови покажуваат добра до одлична тест ретест стабилност кај момчиња и девојчиња.

Понатаму, значаен методолошки исчекор е интегрираното користење на показатели за релативна и апсолутна релијабилност и поврзани индикатори, со што се добива понијансирана и попрактична процена на мерната прецизност и на границите на реална промена кај поединецот, што претставува важно проширување на националната база на знаење во оваа област.

Дополнително, дисертацијата обезбедува конкретни, локално релевантни податоци за половите разлики во одредени компоненти на физичкиот фитнес и ја нагласува потребата од половосензитивно планирање на наставните содржини и тренажните програми.

Конечно, истражувањето има јасен општествен придонес, бидејќи нуди основа за развој и имплементација на национален систем за мониторинг на физичкиот фитнес и моторичкиот развој, со директна применливост во образовен, спортски и здравствен контекст.

Подрачје на примена и ограничувања. Добиените наоди имаат директна и широка примена во наставата по физичко и здравствено образование и во поширокиот јавноздравствен контекст. Бидејќи МАКФИТ-батеријата се покажа како релијабилна, безбедна и организациски изводлива во училишни услови, таа може да се користи како практична алатка за редовен скрининг и мониторинг на антропометриските статус и клучните компоненти на физичкиот фитнес кај учениците, како и за индивидуално следење, изработка на норми по пол и возраст и планирање таргетирани интервенции во образовниот систем.

Сепак, при толкувањето и генерализацијата на резултатите треба да се имаат предвид и одредени ограничувања. Истражувањето е реализирано на релативно скромен примерок од адолесценти од Скопскиот Регион, што ја ограничува преносливоста на наодите кон популации од други средини и возрасни групи, а за поширока применливост потребни се дополнителни студии со поголем и поразновиден примерок.

Дополнително, кај дел од моторичките тестови е евидентиран мал систематски ефект на запознавање со задачата, што упатува дека за максимална прецизност е корисно стандардизирано воведување и кратка подготовка пред првото тестирање.

Препорачуваме, идните студии да се: проширување на истражувањето на поширок возрасен опсег, особено со вклучување претпубертетски деца и адолесценти во раните пубертетски фази, со цел да се мапира континуумот на развојните промени и да се провери дали релијабилноста и половите разлики се менуваат со возраста. Истовремено, неопходно е во такви анализи да се вклучат и објективни индикатори на биолошка зрелост, за да се разграничи ефектот на календарската возраст од ефектот на пубертетскиот развој и да се избегнат погрешни интерпретации на варијансата во резултатите.

Понатаму, идните истражувања би требало да тестираат целни интервенции насочени кон редуцирање на воочените функционални разлики, како што се: програми за унапредување на мускулната сила кај девојчињата и програми за подобрување на

флексибилноста кај момчињата, со систематско следење на ефектите преку повторени мерења.

Воедно, препорачливо е секое идно тестирање да вклучи структуриран протокол за запознавање со тестовите (кратка обука, демонстрација и пробни обиди), за да се минимизира ретест пристрасноста и да се добијат попрецизни процени на стабилноста на мерките.

Конечно, потребно е да се испита долгорочната стабилност на резултатите и мерните инструменти во подолги временски интервали од краткорочниот ретест, како и да се провери колкава дополнителна варијабилност се јавува кога тестирањата ги администрираат различни наставници во реални училишни услови.

Ова директно упатува на потребата од добро стандардизиран прирачник, јасни протоколи и континуирана едукација на наставниот кадар, како предуслов за споредливи резултати и за одржлива имплементација на МАКФИТ во поширок, национален мониторинг-систем.

Можните понатамошни истражувања се насочени кон проширување на примерокот и опфатот на МАКФИТ-тестирањето во поголеми и демографски поразновидни популации, од различни региони и типови училишта, со вклучување поширок возрасен распон и контрола на биолошката зрелост. Таквиот пристап би овозможил порепрезентативни национални заклучоци и прецизно утврдување дали метричките својства на тестовите се стабилни низ различни развојни фази и контексти на примена.

Потребни се и лонгитудинални и интервенциски студии кои ќе ја следат динамиката на физичкиот фитнес низ подолг период и ќе утврдат како наставните програми, структурираното вежбање и целните тренинг-интервенции влијаат врз промените во резултатите, надвор од мерната грешка. Особено е важно идните анализи да ја вклучат и проценката на меѓумерителска објективност, односно стабилноста на резултатите кога тестовите ги администрираат различни наставници, како и да се стандардизира протокол за запознавање со задачите за да се минимизира ретест ефектот кај тестови чувствителни на „учење“. Дополнително, корисно е да се интегрираат пообјективни техники и дигитални решенија (прецизни тајмери, фотоќелии, валидирани уреди за процена на активност), како и психосоцијални фактори (мотивација, ставови и навики), со цел да се добие подлабока и попрактична слика за варијациите во фитнесот и за оптималната примена на МАКФИТ како рутинска алатка за училиштен скрининг и мониторинг.

Со оглед на презентираните резултати и севкупната научна и методолошка разработка, Комисијата оценува дека дисертацијата на кандидатот м-р Миодраг Тодоровиќ претставува релевантен и значаен придонес во областа на кинезиологијата. Истражувањето е спроведено на високо методолошко, аналитичко и интерпретативно ниво, со што се обезбедени доверливи и научно валидни резултати. Добивките од студијата имаат јасна теоретска тежина и изразена практична применливост, а добиените сознанија суштински ја збогатуваат научната мисла во доменот на кинезиологијата, физичкиот развој и јавното здравје.

Врз основа на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје да ја прифати позитивната рецензија и да донесе одлука за закажување јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: „Применливост и релијабилност на тестовите за проценување на физичкиот и моторичкиот развој кај македонските ученици: Макфит-студија“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Жарко Костовски, претседател, с.р.
Проф. д-р Серјожа Гонтарев, ментор, с.р.
Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, член, с.р.
Проф. д-р Борче Даскаловски, член, с.р.
Проф. д-р Влатко Неделковски, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНФРАЦРВЕНА СПЕКТРОСКОПИЈА ВО БЛИСКО ПОДРАЧЈЕ (NIR) ВО СПРЕГА СО ХЕМОМЕТРИСКО МОДЕЛИРАЊЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КРИТИЧНИ АТРИБУТИ НА КВАЛИТЕТ ПРИ ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ЦВРСТИ ДОЗИРАНИ ФОРМИ“ ОД М-Р ФИЛИП ГОРАЧИНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 12.2.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Горачинов со наслов: *Инфрацрвена спектроскопија во блиско подрачје (NIR) во спрега со хемометриско моделирање за следење на критични атрибути на квалитет при процесирање на цврсти дозирани форми,* во состав: проф. д-р Марија Главаш Додов (претседател), проф. д-р Никола Гешковски (ментор), проф. д-р Маја Симоноска-Црцаревска (член), проф. д-р Tamás Sovány (член) и проф. д-р Петре Макрески (член).

Комисијата, во наведениот состав, внимателно ја разгледа и ја оцени докторската дисертација и до Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Горачинов, со наслов: *Инфрацрвена спектроскопија во блиско подрачје (NIR) во спрега со хемометриско моделирање за следење на критични атрибути на квалитет при процесирање на цврсти дозирани форми*, содржи 80 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12-точки. Дисертацијата е изработена јасно и технички конзистентно, со добро структурирани целини и соодветно прикажани слики и табели. Списокот на литература содржи 170 библиографски единици, претежно оригинални научни трудови од меѓународно признати списанија, дополнети со книги, фармакопејски извори и регулаторни водичи релевантни за процесната аналитичка технологија (PAT), хемометријата, инфрацрвена спектроскопија во блиско подрачје и производството на цврсти дозирани форми.

Трудот е структуриран во две истражувачки поглавја (Истражување I и Истражување II), кои следат по воведот, а по нив следува поглавје кое ја обработува значајноста/применливоста на истражувањето и главните заклучоци. Оваа организација е логична и кохерентна: воведот ја поставува научната и регулаторната потреба за имплементација на PAT, ги дефинира аналитичките и хемометриските концепти потребни за толкување на последователните студии и јасно ги позиционира истражувачките цели во современиот контекст на квалитетот во дизајн и управувањето со модели во текот на животниот циклус. Двете истражувања потоа даваат комплементарни екстензивни експериментални студии на случај, филм-обложување на таблети и сува гранулација со ролер-компактирање, опфаќајќи процесни чекори кои се индустриски релевантни и каде што интермедијарните критични атрибути на квалитет често пренесуваат варијабилност во следните чекори од производниот процес.

Во **воведот**, кандидатот дава ригорозен преглед на современите парадигми за фармацевтски развој и производство засновани на квалитет во дизајнот и PAT, нагласувајќи ја еволуцијата од тестирање на финалниот производ кон научно- и ризик-

базирано разбирање на контрола на процесите. Посебно внимание се посветува на дефинирањето и поврзувањето на критичните атрибути на квалитет и критичните процесни параметри при производство на цврсти дозирани форми, како и на улогата на мултиваријантните анализи, и спектроскопските мерења како технологии кои се применуваат во спрега за мониторирање на процесите во реално време. Кандидатот ја дискутира инфрацрвената спектроскопија во блиско подрачје (NIR) од перспектива и на хемиската информациска содржина (овертонови и комбинациски ленти) и на физичките ефекти (расејување на светлина, поместувања на базната линија), со што ја нагласува потребата од хемометриски методи способни да ги деконволуираат овие испреплетени извори на варијанса. Значајна предност на воведот е акцентот на животниот циклус на хемометриските модели: развојот и валидацијата не се третираат како еднократни активности, туку како континуиран процес што бара верификација, управување со варијациите и проценка на робусноста низ различни услови на снимање и инструментални конфигурации (вон-линија/покрај-линија/во процесна линија во реално време), како и во рутинска процесна варијабилност. Во овој контекст, кандидатот соодветно го истакнува практичниот јаз помеѓу лабораториски калибрирани модели и индустриска имплементација и го воведува калибрацискиот трансфер (со фокус на директна стандардизација) како научно втемелен пат за намалување на деструктивното тестирање и потрошувачката на материјал при имплементација на моделите.

Од методолошки аспект, воведот обезбедува избалансиран пристап за аналитичкиот работен тек потребен за успешна примена на PAT: избор на мерен принцип соодветен за намената; развој на референтни методи и стратегии за земање примероци; спектрална обработка и интерпретација; изградба на квантитативни модели (на пр., анализа на парцијални најмали квадрати, PLS и анализа на ортогонални проекции кон латентни структури, OPLS) и валидација преку соодветни пристапи. Кандидатот експлицитно ги дискутира клучните индикатори за перформанси на мултиваријантните модели (коефициент на регресија, R^2; предиктивна способност потврдена со вкрстена валидација, Q^2; корен од средната квадратна грешка на вкрстена валидација, RMSEcv; корен од средната квадратна грешка на предвидувањето, RMSEP) и ризикот од генерирање на неробусни модели кога комплексноста на моделот не е усогласена со информациската содржина на податоците. Ова е дополнето со јасен опис на стратегии за обработка на NIR спектри, вклучително обработка со деривати, мултипликативна корекција на расејување (MSC), стандардна нормална варијанса (SNV), детрендирање и методи за корекција на базната линија, секој разгледан во поглед на потеклото на спектралната варијација во рибони од компримирани честички и обложени системи. Кандидатот, исто така, воведува практични теми за имплементација кои често се занемаруваат во академски тези, но се критични за индустриски успех, како разлики од инструмент до инструмент, ефекти од геометријата при снимање и потребата од калибрациски трансфер кога се менуваат условите на мерење. На тој начин, дисертацијата ја поставува сцената за две применети студии каде овие принципи не само што се дискутираат, туку и се демонстрираат преку експериментални податоци.

Првата глава (истражување I) од дисертацијата е насловена: *FT-NIR модели за предвидување на параметрите за квалитет на филмот кај облоѓи на таблети без титан диоксид* и обработува навремена и практично важна проблематика: развој на објективни пристапи за мониторирање на системи за филм-обложување на таблети кои не содржат титан диоксид (TiO_2). Отстранувањето на TiO_2 од филм-облогите ги менува оптичките својства и може да ја зголеми варијабилноста во изгледот, потенцијално барајќи поголемо зголемување на маса на облогата и построга процесна контрола за да се обезбеди конзистентен квалитет на производот. Во овој контекст, кандидатот поставува јасна цел: да развие и да евалуира PAT-методи базирани на инфрацрвена

спектроскопија во блиското подрачје со Фуриева трансформација (FT-NIR) во комбинација со хемометриско моделирање за следење на прогресијата на обложувањето и предвидување на критичните атрибути на квалитет (CQAs) релевантни за квалитетот и за определување на крајната точка на процесот на филм-обложување.

Експерименталната поставеност во истражувањето I, интегрира индустриски реалистични услови на филм-обложување со внимателно одбрани референтни мерења. Испитувана е филм-облога без TiO_2 базирана на поли(винил алкохол) (PVA) кој содржи талк и железни оксиди (E172) како агенси за непровидност и пигменти. Дебелината на филмот измерена со оптичка микроскопија е користена како деструктивен референтен метод, додека CIELAB a* координатата на боја, добиена преку скенер-базиран колориметриски пристап, е воведена и евалуирана како недеструктивна сурогатна референтна мерка. Оваа двојна референтна стратегија има висока практична вредност: додека микроскопијата ја обезбедува неопходната метролошка основа за дебелината, употребата на колорна координата како сурогат може значајно да ги поедностави рутинските работни текови за калибрација и мониторирање каде што деструктивното секционирање е непрактично или пребавно.

Клучен научен придонес на истражувањето I е толкувањето базирано на познањање на спектралната варијанса за време на прогресијата на филм-обложувањето и експлицитното поврзување на специфични апсорпциски региони со состојките на облогата и процесно-индуцираните промени. Кандидатот ја идентификува апсорпциската лента околу 7185 cm^{-1}, припишана на првиот овертон на структурните –OH вибрации на талкот ($2\nu Mg_3OH$), како и регионот 4324 cm^{-1} со придонеси од повеќе компоненти на филмот, како информативни маркери за растот на филмот. Наспроти тоа, регионот 5290–5000 cm^{-1} (со лента близу 5141 cm^{-1}) покажува спротивен тренд од останатите апсорпциски ленти; ваквото однесување веројатно се припишува на промени во содржината на вода и –OH комбинациските ленти кои потекнуваат и од јадрото и од состојките на облогата. Понатаму, апсорпциската лента околу 9000 cm^{-1} е истакната како клучна карактеристика, веројатно одразувајќи комбинација од електронски транзиции и придонеси од овертонови/комбинации поврзани со физичките и кристалографските својства на железно оксидните пигменти. Овие асигнации потоа се поткрепуваат преку експлораторна и надгледувана хемометриска анализа.

Хемометриската обработка е најнапред изведена со анализа на главни компоненти (PCA) за истражување на структурата на спектралниот сет на податоци и со OPLS за квантитативно предвидување на дебелината на филмот и на параметарот a*. Кандидатот го евалуира влијанието на спектралната обработка и демонстрира дека комбинацијата на прв извод со MSC дава робусни предиктивни модели. Особено важно е дека OPLS дијаграмите на тежинските фактори и на коефициентите наликуваат на спектралниот потпис на филмот без TiO_2, што укажува дека хемиските значајни сигнали се клучни за предвидувањето, потврдувајќи значајна наместо артефактна корелација. Пријавените перформанси на моделите се добри и можат да се имплементираат во реалистични услови: надворешната валидација постигнува грешки на предвидување RMSEP 7.0–7.6 μm за дебелината на филмот, и 1.2–1.35 за CIELAB a* параметарот, со RMSEcv околу 5.8–6.2 μm, и 1.0 a* единица, соодветно, како и со високи R^2 за двете променливи. Севкупно, овие резултати ја демонстрираат изводливоста на објективно мониторирање на филм обложување и определување на крајната точка на обложувањето со филмови без TiO_2, и обезбедуваат модели засновани на фундаментално знаење и методологија која може да информира понатамошен развој.

Комисијата забележува дека истражувањето I е изведено со ниво на аналитичка и статистичка ригорозност соодветно за развој на PAT-методи. Кандидатот не го третира хемометрискиот модел како „црна кутија“; напротив, го интерпретира преку односот

помеѓу тежинските фактори, спектралните асигнации и очекуваните трендови во процесот. Таквата интерпретација е особено важна во регулирани средини, каде што научното оправдување за моделот и неговата осетливост на релевантната варијабла мораат да бидат оправдани. Усвојувањето на стратегија за надворешна валидација ја зајакнува довербата дека пријавените перформанси не се артефакт само од вкрстената валидација, додека истражувањето на опциите за обработка на спектрите покажува свесност дека спектрите од филм-обложувањето ја одразуваат и хемиската композиција и физичките ефекти од расејувањето. Дополнително, преку дискутирање на практичните ограничувања, како максимална длабочина на пенетрација на NIR-зрачењето, потенцијалната зависност од составот на пигментите и потребата моделот да се одржува во текот на животниот циклус на производот преку континуирана верификација, кандидатот соодветно ги карактеризира развиените модели како алатки што можат да еволуираат од развој кон производство, под услов да се имплементира управување во текот на животниот циклус.

Втората глава (истражување II) е насловена: *DoE-базирано и PAT-поддржано истражување на процесот на сува гранулација со ролер-компакција при развој на таблети со метформин и HPMC, со NIR-модел за предвидување на порозноста на рибоните и калибрациски трансфер од at-line во in-line мерења*. Оваа студија опфаќа еден од најважните интермедијарни CQAs во ролер-компактирањето, порозноста на рибоните како и нејзината просторна хетерогеност, и ја поврзува со понатамошните перформанси на гранулите и на добиените таблети. Темата е високо релевантна за современото производство, имајќи ја предвид сè поголемата примена на континуирани и полуконтинуирани процесни стратегии и потребата за контрола во реално време на интермедијарните атрибути на квалитет кои делуваат на квалитетот на производите од понатамошните фази на производство.

Кандидатот применува дизајн на експерименти (DoE) за систематско испитување на влијанието на клучните процесни параметри при ролер-компактирање врз својствата на рибоните, гранулите и таблетите. Избрана е високодозна формулација со продолжено ослободување која се состои од метформин хидрохлорид /хидроксипропил метилцелулозна (HPMC) матрица случај кој што е чест во индустријата. Со варирање на притисокот на ваљаците, брзината на ваљаците и параметрите на шнекот/дозирањето во рамките на DoE простор при ролер-компактирање, кандидатот квантифицира како овие параметри ја обликуваат дензификацијата и порозноста на рибоните, како влијаат на својствата на гранулите, меѓу кои и распределбата на големина на честичките (PSD) по мелење, и како на крај процесот и интермедијарните CQAs влијаат на брзината на навлегување на вода во таблетите и ослободувањето на лекот во раните временски точки. Значајна предност е употребата на микро-компјутерска томографија (MicroCT) како техника за структурна верификација на резултатите: MicroCT се користи за мапирање на просторната распределба на порите, со што се обезбедува механистички увид во потеклото на хетерогеноста на порозноста на рибоните и нејзиното влијание врз својствата на гранулите.

Механистичките увиди добиени од MicroCT, како и комплементарната карактеризација (на пр., карактеризација со скенирачка електронска микроскопија, SEM), ги засилуваат резултатите добиени од DoE. Кандидатот покажува дека притисокот помеѓу ваљаците има доминантен ефект на порозноста како и на механичката цврстина на рибоните, додека односот помеѓу брзината на хоризонталниот шнек за хранење и брзината на ваљаците ја модулира униформноста на хранењето и, следствено, хетерогеноста на порозноста рибоните. При субоптимални услови на хранење, настануваат локализирани региони со висока порозност кои понатаму делуваат како преферирани линии на кршење при мелењето, што пак има потенцијал да влијае на

PSD и на фракцијата на фини честички. Овие врски помогу микроструктурата и процесот се особено релевантни за HPMC матрикс таблети: промените во својствата и микроструктурата на гранулите влијаат на раното бабрење и формирањето на гел-слојот, а ова може да се манифестира како разлика во ослободување на лекот во раните фази.

Врз основа на разбирањето на процесот, кандидатот развива хемометриски NIR-модели за квантитативно предвидување на порозноста на рибоните како интермедијарен CQA погоден за мониторирање со PAT. Имајќи ја предвид геометријата на ребрестите ваљаци и поврзаните артефакти на расејување индуцирани од оваа специфична топографијата, студијата соодветно се фокусира на спектрална обработка насочена кон базната линија. Моделите со мерења до процесната линија се развиени со отстранување на тренд од нулти ред (ZOD), корекција на базната линија во две точки (LBC) и корекција на базната линија со асиметрични најмали квадрати (AsLS), при што сите ја зголемуваат робусноста преку елиминација на варијансата на базната линија/расејување која не е поврзана со физичката структура (порозност). Моделите се изградени со примена на OPLS, додека квалитетот на моделите е оценет преку вкрстена валидација и предвидување на сет од надворешни примероци. Од евалуираните стратегии на спектрална обработка, кандидатот забележува робусно предвидување на порозноста, со типични грешки на моделите покрај производната линија околу RMSEcv 0.47–0.52% и RMSEP 0.52% (додека нормализацијата на расејување сама по себе, како SNV, покажува инфериорни предиктивни перформанси за сетот од надворешни примероци). Клучно за ова истражување е тоа што работата не запира со изградба на моделите со снимање покрај производната линија: туку со примена на директна стандардизација, калибрацијата на моделите покрај производната линија се пренесува во предвидувања во вистинско време во процесната линија, притоа намалувајќи ја потребата од обемни нови калибрациски сетови за развој на нови модели во процесната линија притоа ограничувајќи ја потрошувачката на материјал.

Калибрацискиот трансфер претставува особено вреден и индустриски применлив придонес од оваа докторска дисертација, поради надминување на практичната бариера при имплементација на PAT и потребата од повторно развивање на калибрациите при промена на конфигурација на снимање. Со демонстрација на директната стандардизација како ефикасен метод за трансфер и со постигнување грешки на предвидување во реално време во опсег од приближно RMSEP 0.45–0.55% по трансферот, кандидатот обезбедува тек што го поврзува развојот и производството со јасни придобивки во ефикасноста. Овој пристап е особено релевантен за високодозни формулации и системи ограничени при развојот, каде генерирањето на големи деструктивни референтни сетови на податоци за секоја инструментална конфигурација/услови на мерење е скапо и може да биде неизводливо. Покрај тоа, експлицитната дискусија на аспектите од животниот циклус на моделот, континуирана верификација и одржување на валидноста на моделите во текот на нивната примена покажува силна свесност за тоа што е потребно за одржлива индустриска употреба на овие модели.

Во однос на стратегијата за мултиваријантно моделирање во истражување II, Комисијата го истакнува добро оправданиот избор на обработката на спектрите со примена на методите насочени кон корекција на базната линија (ZOD, LBC, AsLS) бидејќи можат да ја презервираат физички значајната варијанса, избегнувајќи притоа прекумерно засилување на шумот кое може да се јави при снимање на груби, ребрести површини. Дисертацијата обезбедува компаративна евалуација на опциите за спектрална обработка и пријавува дека снимањето покрај линијата и поврзаните OPLS-модели даваат ниски и конзистентни грешки на предвидување, типично RMSEP = 0.52% низ неколку стратегии за корекција на базната линија, додека пристапи што се потпираат

главно на нормализација на расејување (на пр., SNV) покажуваат инфериорна грешка при предвидување на надворешни примероци. Ваквиот компаративен доказ е од исклучително значење бидејќи демонстрира дека робусноста на моделот кај ролер-компактирање не е само функција на изборот на алгоритам, туку критично зависи од усогласувањето на спектралната обработка со физичките механизми кои доминираат во спектралната варијанса. Понатаму, трансферот со директната стандардизација (DS) е претставена како прагматичен пристап за трансформирање на спектри добиени од една конфигурација кон друга, со што се одржува валидноста на воспоставената калибрација. Со демонстрација дека DS овозможува споредлива изведба во линија без повторно креирање на целосна калибрација од почеток, кандидатот обезбедува конкретно решение за добро познато „тесно грло“ при имплементација во PAT-проекти.

Од перспектива на процесна контрола, истражување II обезбедува добра основа за дефинирање на оперативен дизајн-простор и за градење на контролна стратегија. Откако порозноста на рибоните е утврдена како интермедијарен CQA и е поврзана со PSD, % фини честички и перформансите на матрикс таблетите, покажано е дека NIR моделите за порозност во производна линија можат да служат како контролна стратегија во тек на животниот циклус на производот. DoE резултатите појаснуваат кои критични процесни параметри (CPPs) се најважни, додека MicroCT обезбедува механистичко оправдување за генерирање на хетерогеност во рибоните. Во индустриски контекст, ваквите докази можат да бидат подршка при проценка на ризик, оправдување на контролни стратегии и регулаторна комуникација бидејќи предложените контроли не се само емпириски, туку се засноваат на воочливи структурни промени. Комисијата, исто така, забележува дека мониторирањето на порозноста за време на животниот циклус, со планирана верификација на моделот и периодична рекалибрација/стандардизација, е добро усогласено со актуелните регулаторни очекувања за мултиваријантни модели кои што се користат во GMP средини.

Во **поглавјето за значење, применливост на изтражувањето и заклучок,** кандидатот ги интегрира наодите од двете студии во кохерентна QbD/PAT рамка за производство на цврсти дозирани форми. Дисертацијата убедливо аргументира дека и филм-обложувањето и ролер-компактирање се единични операции каде квалитетот често се управува преку индиректни индикатори (емпириски критериуми за крајна точка) наместо преку директно мониторирање на интермедијарните CQAs кои пренесуваат варијабилност кон финалниот производ. Во истражување I, кандидатот предлага и валидира објективна стратегија за мониторирање на прогресијата на филмови без TiO_2, комбинирајќи FT-NIR со хемометрија и користејќи деструктивен (микроскопија) како и недеструктивен (CIELAB a*) референтен метод. Во истражување II, кандидатот демонстрира дека процесно разбирање во рамките на DoE, MicroCT/SEM верификација и робусно NIR моделирање (вклувајќи и калибрациски трансфер) можат да се интегрираат во практична контролна стратегија за ролер-компактирање, при што порозноста на рибоните е позиционирана како критичен интермедијарен CQA кој може да се следи во (квази) реално време за да се стабилизира особините на гранулатите и перформансите на матрикс таблетите. Комисијата смета дека заклучоците се добро поткрепени со презентираните експериментални докази, научно се издржани и имаат јасна применливост во индустриски фармацевтски развој и производство.

Двете истражувачки студии демонстрираат конзистентна и генерализирана методологија за развој на PAT-алатки: избор на аналитички чувствително мерење (FT-NIR), дизајн на информативни експериментални сетови на податоци, воспоставување на референтни мерења соодветни за намената (вклучително и иновативни недеструктивни сурогати), развој на хемометриски модели со експлицитно внимание на спектралната обработка и интерпретабилноста и, особено важно,

транслација на моделите кон реалистични сценарија на имплементација преку калибрациски трансфер. Комисијата го смета овој интегративен пристап за клучна предност на дисертацијата, бидејќи ги надминува можностите на изолирани модели и наместо тоа го адресира поширокото прашање, како PAT-алатките можат да бидат лесни за имплементација, одржливи и научно одбранливи во текот на животниот циклус на производот и процесот.

Поглавјето **ЛИТЕРАТУРА** содржи 170 библиографски единици, од кои најголем дел се оригинални научни трудови објавени во меѓународно признати списанија. Наведените извори се актуелни и релевантни за темата на дисертацијата и опфаќаат упатства за PAT и QbD, инфрацрвена спектроскопија во блиското подрачје, хемометриско моделирање, калибрациски трансфер, наука за филм-обложување, ролер-компактирање, техники за микроструктурна карактеризација и матрикс системи со контролирано ослободување.

Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Горачинов, со наслов: *Инфрацрвена спектроскопија во блиско подрачје (NIR) во спрега со хемометриско моделирање за следење на критични атрибути на квалитет при процесирање на цврсти дозирани форми*, претставува значаен и оригинален научен придонес во областа на фармацевтската технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологии. Истражувањето е концептуално добро утврдено и методолошки издржано, комбинирајќи знаење за фармацевтските процеси со напредна примена на спектроскопски алатки и мултиваријантна анализа на податоци. Дисертацијата ја демонстрира способноста на кандидатот да идентификува индустриски релевантни проблеми, да дизајнира робусни експериментални студии користејќи DoE принципи, да примени соодветни аналитички и техники за визуелизација и да изгради и критички да ги евалуира хемометриските модели во согласност со современите научни знаења и практики за PAT-алатките.

Оригиналноста и научната вредност на истражувањето се поткрепени со неколку елементи: (i) развој на практичен работен тек FT-NIR/хемометрија за процесот на обложување со филмови без TiO_2, вклучително и иновативна употреба на CIELAB a* параметарот како сурогат на референтна мерка измерена со недеструктивна техника; (ii) интеграција на микроструктурна анализа (MicroCT) со DoE-базирани испитувања на процес кај ролер-компактирање за да се објасни како процесните параметри влијаат на порозноста и генерираат хетерогеност и како таа хетерогеност се рефлектира на CQAs на гранулите и таблетите; и (iii) демонстрација на калибрациски трансфер од снимање покрај производната линија кон снимање во линијата, што директно премостува голема бариера при имплементација на PAT во индустриски услови. Овие придонеси формираат научно кохерентен корпус на работа со јасен потенцијал за унапредување на контролата на процесите, намалување на деструктивното тестирање и поддржување на стратегии за ослободување на производот во реално време (RTRT).

Според мислењето на Комисијата за оцена, докторската дисертација на кандидатот е напишана јасно, со соодветен научен стил и терминологија. Резултатите се презентирани систематски и критички интерпретирани, а има и адекватна поврзаност со релевантната литература и регулаторниот контекст. Комисијата смета дека дисертацијата ги исполнува високите критериуми за докторски труд и обезбедува силна основа за понатамошен научен развој и за практична имплементација на PAT-алатки во фармацевтскиот процесен развој и производство.

Покрај научните резултати, Комисијата ја препознава интердисциплинарната компетентност која ја демонстрира кандидатот. Дисертацијата ги интегрира

фармацевтската технологија (разбирање на единичните операции, ограничувања на формулацијата и релации CQA/CPP), аналитичката спектроскопија (инструментална конфигурација, ограничувања на мерењето и спектрална интерпретација), хемометријата (изградба, валидација и трансфер на модели) и напредната карактеризација на материјали (MicroCT и SEM) во кохерентна истражувачка целина. Оваа широчина, комбинирана со јасна индустриска ориентација кон PAT-решенија кои може да се имплементираат во индустрите производствени процеси, укажува дека кандидатот е добро подготвен за самостојна научна работа во средини на фармацевтски развој и производство.

Исполнување на законските критериуми за одбрана на дисертацијата

Во рамките на докторските студии, кандидатот објавил (како прв автор, во меѓународно признати научни извори, вклучително и списание со фактор на влијание) научни трудови кои тематски се усогласени со темата на дисертацијата. Следните публикации и конференциски придонеси се поврзани со спроведеното истражување:

[1] Filip Gorachinov, Katerina Tnokovska, Monika Koviloska, Ana Atanasova, Packa Antovska, Jelena Lazova, Nikola Geskovski. “FT-NIR as a technique for objective measurement of film quality parameters”, *Macedonian Pharmaceutical Bulletin*, 69 (Suppl 1):137–138 (2023). DOI: 10.33320/maced.pharm.bull.2023.69.03.067.

[2] Filip Gorachinov, Monika Koviloska, Katerina Tnokovska, Ana Atanasova, Packa Antovska, Jelena Lazova, Nikola Geskovski. “FT-NIR models for predicting film quality parameters in titanium dioxide-free tablet coatings”, *European Journal of Pharmaceutical Sciences*, 205, 106992 (2025). DOI: 10.1016/j.ejps.2024.106992. Фактор на влијание: 4.7 (Journal Citation Reports).

[3] Filip Gorachinov, Ana Atanasova, Nikola Geskovski. “Development of an in-line NIR monitoring PAT tool for a roller-compacted metformin formulation”, *VII. Symposium of Young Researchers on Pharmaceutical Technology, Biotechnology and Regulatory Science*, 29–31 јануари 2025, Szeged, Унгарија. DOI: 10.14232/syrptbrs.2025.52.

[4] Filip Gorachinov, Ana Atanasova, Packa Antovska, Jelena Lazova, Riste Popeski Dimovski, Ádám Tóth, Ákos Kukovecz, Katalin Kristó, Tamás Sovány, Nikola Geskovski. “At-Line to In-Line Calibration Transfer of an NIR PAT Model via Direct Standardization for Ribbon Porosity Monitoring in DoE-Driven Roller Compaction of an Extended-Release Formulation”, *International Journal of Pharmaceutics*. Фактор на влијание: 5.2 – во фаза на рецензија.

Заклучок и предлог

Врз основа на анализата на докторската дисертација на кандидатот м-р Филип Горачинов, Комисијата за оцена утврдува дека дисертацијата е самостојна, целосна и научно добро втемелена работа. Поставените цели се постигнати преку соодветен експериментален дизајн и методологија, а прикажаните резултати и заклучоци се конзистентни со податоците и со актуелното научно знаење во областа.

Добиените резултати имаат значајна научна и практична вредност, особено за фармацевтски процесен развој и технолошки трансфер во производството на цврсти дозирани форми. Дисертацијата обезбедува робусна методолошка рамка за имплементација на PAT-алатки во две критични единични операции, филм-обложување и ролер-компактирање, преку комбинирање на спектроскопија, хемометриско моделирање, DoE и микроструктурна карактеризација. Резултатите од дисертацијата имаат јасна применливост за унапредување на разбирањето на процесите, како и за реализација на стратегии базирани на ризик за контрола и поддршка на идни концепти за RTRT во фармацевтската индустрија.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка на докторската дисертација со наслов: *Инфрацрвена спектроскопија во блиско подрачје (NIR) во спрега со хемометриско моделирање за следење на критични атрибути на квалитет при процесирање на цврсти дозирани форми* на кандидатот м-р Филип Горачинов и да закаже јавна одбрана на дисертацијата.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Главаш-Додов, претседател, с.р.
Проф. д-р Никола Гешковски, ментор, с.р.
Проф. д-р Маја Симиноска-Црцаревска, член, с.р.
Проф. д-р Tamás Sovány, член, с.р.
Проф. д-р Петре Макрески, член, с.р.

R E V I E W

FOR THE EVALUATION OF THE DOCTORAL THESIS “*NEAR-INFRARED (NIR) SPECTROSCOPY COUPLED WITH CHEMOMETRIC MODELLING FOR MONITORING CRITICAL QUALITY ATTRIBUTES DURING THE PROCESSING OF SOLID DOSAGE FORMS*” BY MSc FILIP GORACHINOV, SUBMITTED TO THE FACULTY OF PHARMACY IN SKOPJE

The Teaching-Scientific Council of the Faculty of Pharmacy in Skopje, at its meeting held on 12.02.2026, formed an evaluation committee for the assessment of the doctoral thesis of the candidate MSc Filip Gorachinov entitled “Near-infrared (NIR) spectroscopy coupled with chemometric modelling for monitoring critical quality attributes during the processing of solid dosage forms” composed of: Prof. Dr. Marija Glavas-Dodov (Chair), Prof. Dr. Nikola Geskovski (supervisor), Prof. Dr. Maja Simonoska-Crcarevska (member), Prof. Dr. Tamás Sovány (member) and Prof. Dr. Petre Makreski (member).

The Committee in the stated composition carefully reviewed and evaluated the doctoral dissertation and submits to the Teaching-Scientific Council of the Faculty of Pharmacy the following

R E P O R T

Analysis of the dissertation

The doctoral dissertation of the candidate MSc Filip Gorachinov, entitled “Near-infrared (NIR) spectroscopy coupled with chemometric modelling for monitoring critical quality attributes during the processing of solid dosage forms”, comprises 80 pages of computer-processed text in Times New Roman, single spacing, 12-point font. The dissertation is prepared in a clear and technically consistent manner, with well-structured sections and appropriately presented figures and tables. The reference list contains 170 bibliographic units, predominantly original scientific papers from internationally recognized journals, complemented by books, pharmacopeial/compendial sources, and regulatory guidance documents relevant to PAT, chemometrics, near-infrared spectroscopy and solid dosage form manufacturing.

The work is structured in two chapters (Research I and Research II), preceded by an extensive introduction and theoretical framework, and followed by a chapter addressing the significance/applicability of the research and the main conclusions. This organization is logical and coherent: the introduction establishes the scientific and regulatory rationale for PAT implementation, defines the analytical and chemometric concepts required to interpret the subsequent studies, and clearly positions the research objectives within the contemporary context of Quality by Design (QbD) and lifecycle model management. The two studies then deliver complementary case studies, PAT implementation in tablet film coating and dry granulation by roller compaction, covering processing steps that are industrially relevant and where intermediate product CQAs often propagate downstream variability.

In the **introduction**, the candidate provides a rigorous overview of contemporary pharmaceutical development and manufacturing paradigms centered on Quality by Design (QbD) and Process Analytical Technology (PAT), emphasizing the evolution from end-product testing toward science- and risk-based process understanding and control. Particular attention is given to the definition and linkage of critical quality attributes (CQAs) and critical process parameters (CPPs) in solid dosage manufacturing, as well as to the role of multivariate, spectroscopy-based measurements as enabling technologies for real-time process monitoring. The candidate discusses near-infrared (NIR) spectroscopy from the perspective of both chemical information content (overtone and combination bands) and physical effects (light

scattering, baseline shifts), thereby motivating the need for chemometric methods capable of deconvoluting these intertwined sources of variance. A notable strength of the introduction is the emphasis on the lifecycle of chemometric models: model development and validation are framed not as one-time activities, but as a continuous process requiring verification, drift management, and robustness assessment across instrument configurations (off-line/at-line/in-line) and routine process variability. In this context, the candidate appropriately highlights the practical gap between laboratory-calibrated models and industrial implementation, and introduces calibration transfer (with a focus on direct standardization) as a scientifically grounded route to reduce redundant destructive testing and material consumption during model deployment enabling in-line deployment of at-line models.

